Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 399, 2 ноември 2026 година

ноември 2026 година
Штип

Издавач
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Сашо Коцески, д-р Билјана Цоневска Гуњовска
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: м-р Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

С О Д Р Ж И Н А

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НЕВРОЛОГИЈА (3.02.00.11) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 5
Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 24
Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ - НАСЛОВЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПСИХИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 44
Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 65
Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 5.03.00.11 ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 79
Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА (5.09.01.02) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП 86
Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 98
Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРАЛНА МЕДИЦИНА И ПАРОДОНТОЛОГИЈА (3.05.01.07) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 112
Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 140
Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО И ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 154
Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИГИТАЛЕН БИЗНИС (5.02.00.04) НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 169
Р Е Ф Е Р А Т
НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПРЕДИКТИВЕН МОДЕЛ НА МЕТАСТАЗИРАЊЕ НА МАЛИГНИ ТУМОРИ ВО МАКСИЛОФАЦИЈАЛНАТА РЕГИЈА КОЈ Е БАЗИРАН НА НИВНИТЕ КЛИНИЧКО-ПАТОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП 181
Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПРЕДИКТИВНА УЛОГА НА TNF-α ВО ПОЈАВА НА МАЈОРНИ НЕСАКАНИ СРЦЕВИ НАСТАНИ ПРИ ПАЦИЕНТИ СО АКУТЕН МИОКАРДЕН ИНФАРКТ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП 190
Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „КЛИНИЧКА ВАЖНОСТ НА ELF-ТЕСТОТ (THE ENHANCED LIVER FIBROSIS BLOOD TEST) СПОРЕДБЕНО СО ФИБРОСКЕН ЗА РАНА ДИЈАГНОСТИКА И НЕИНВАЗИВНА ПРОЦЕНКА НА ФИБРОЗА НА ЦРН ДРОБ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 194

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПРЕТКЛИНИЧКА ОРАЛНА ХИРУРГИЈА” ОД РЕДОВЕН ПРОФЕСОР Д-Р ЦЕНА ДИМОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП 200
П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3 204
П Р Е Г Л Е Д
НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА 205
И С П Р А В К А
НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА 207

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НЕВРОЛОГИЈА (3.02.00.11) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-304/21 од 23.9.2026 година донесена на 364. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 23.9.2026 година, определени се за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област неврологија (3.02.00.11) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **проф. д-р Анита Арсовска**, редовен професор за наставно-научната област неврологија, вработена на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, претседател;
- **проф. д-р Иван Барбов,** вонреден професор за наставно-научната област неврологија, вработен на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, член;
- **проф. д-р Татјана Чепреганова-Чанговска**, вонреден професор за наставно-научната област неврологија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 5.9.2026 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

доц. д-р Елена Симеоновска-Јовева, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на неврологијата.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката д-р Елена Симеоновска-Јовева, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:

- Пријава за Конкурсот;
- Кратка биографија;
- Диплома за завршен научен степен доктор на науки (еден примерок оригинал и една копија заверени кај нотар);
- Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство;
- Уверение за положен специјалистички испит (еден примерок оригинал и копија заверена кај нотар);
- Диплома за завршени додипломски студии на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје (еден примерок оригинал и копија заверена кај нотар);
- Уверение за положени испити од додипломски студии на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје (еден примерок оригинал и копија заверена кај нотар);
- Примерок од докторската дисертација;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Примерок од објавените трудови;
- Сертификат за познавање на англиски јазик;
- Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатката **д-р Елена Симеоновска-Јовева** е родена на 10 септември 1979 година во Струмица, Р. Македонија. Основно и средно образование завршила во Струмица (Гимназија „Јане Сандански", насока природно-математичка, 1994-1998 година), со одличен успех. На Медицински факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Р. Македонија, се запишала во учебната 1998/1999 година и дипломирала на 12 јули 2004 година, со просечен успех 8,90 и се здобила со стручен назив - доктор на медицина. По положувањето на стручен државен испит на 28 февруари 2005 година се здобила со работна лиценца. По дипломирањето работи како лекар во Службата за вакцинации и Детски диспанзер (2005 – 2006 година) и Службата за итна медицинска помош (2006 – 2008 година) при Здравствениот дом во Штип.

Во октомври 2008 година се вработила како лаборант на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Од 5 март 2009 година се здобила со звање помлад асистент за научното поле фундаментални медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. На 15 октомври 2009 година започнала со специјализација по неврологија на Клиниката за неврологија при Медицинскиот факултет во Скопје и завршила на 24 јануари 2014 година и се стекнала со назив - специјалист по неврологија. На 16.9.2011 година се здобила со соработничко звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки. На 12.8.2014 година д-р Елена Симеоновска-Јовева била избрана во звање асистент-докторанд од областа на неврологијата. На 9.3.2022 година д-р Елена Симеоновска-Јовева била избрана во звање насловен доцент од областа на неврологијата. Од 24.1.2024 година била избрана во наставно-научно звање доцент од областа неврологија.

Од 1.3.2015 година д-р Елена Симеоновска-Јовева започнала да работи како специјалист по неврологија на РЕ Неврологија при ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Од 8.1.2018 до 20.1.2018 година реализирала студиски престој за стручно усовршување за тинитус и сомнологија при Универзитетска клиника во Нирнберг, Германија, под менторство на проф. д-р Кнегиња Рихтер.

Во 2013 година се запишала на трет циклус студии од областа клиничка медицина при Универзитетот во Ниш, Р. Србија. Во 2018 година и била одобрена изработка на докторската дисертација со наслов „Влијание на атеросклеротските промени и фактори на ризик на когнитивниот статус кај пациенти со асимптоматска каротидна стеноза", работена под менторство на проф. д-р Гордана Ѓорѓевиќ и коментерство на проф. д-р Анита Арсовска. Јавно ја одбранила докторската дисертација на 5.3.2021 година на Медицински факултет при Универзитетот во Ниш и се стекнала со титула доктор по клинички медицински науки со просечен успех 9,56.

Со нострификацијата на докторската диплома во Министерството за образование на Република Северна Македонија се стекнала со титулата доктор по медицински науки (Решение за признавање и еквиваленција на високообразовна квалификација стекната во странство од Министерство за образование).

Активно се служи со англиски, бугарски, српски и хрватски јазик.

Д-р Елена Симеоновска-Јовева има голем придонес во научноистражувачката дејност на Факултетот за медицински науки и активно учество во наставно-образовната дејност и едукација.

Автор и коавтор е на 55 трудови публикувани во домашни и меѓународни списанија и зборници од научни манифестации.

(https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Simeonovska_Joveva=3AElena=3A=3A.html)

Во текот на нејзината наставно-научна кариера активно учествувала на многу домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и едукативни манифестации за што сведочат и сите рецензирани трудови, како и сите оние кои се во постапка на рецензија.

Кандидатката е член на Лекарска комора на Македонија и на Македонското лекарско друштво од 2005 година. Од 2012 година е член на Здружението „Алцхајмер плус“ и Здружението на невролози на Република Северна Македонија. Од 2013 година е член на ЕФНС. Од 2021 година е секретар на Македонска асоцијација за мозочен удар на Република Северна Македонија. Од 2023 година е дел од Управниот одбор на Здружението на невролози на Република Северна Македонија.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор

Општи услови за избор:

Кандидатката д-р Елена Симеоновска-Јовева ги исполнува сите услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање вонреден професор, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.23 Чек листа за избор на вонреден професор, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија и тоа:

1. ***Просечен успех од прв и втор циклус студии.*** Кандидатката ги завршила интегрираните студии на Медицински факултет во Скопје (300 кредити) со просечен успех 8,90.
2. ***Научен степен доктор на науки од областа во која се избира***. Кандидатката има научен степен доктор по медицински науки од областа неврологија, со кој се стекнала по одбраната на докторската дисертација со наслов „Влијание на атеросклеротските промени и фактори на ризик на когнитивниот статус кај пациенти со асимптоматска каротидна стеноза“ на Катедрата за неврологија на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Ниш, Р. Србија.
3. ***Претходен избор во звање*** – Со Одлука број 2002-35/5 од 24.1.2024 година на 313. седница на Наставно-научниот совет кандидатката е избрана во доцент за наставно-научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

4. Објавени најмалку пет научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години.

Бр.	Автор	Наслов на трудот		Година на излегување на списанието
1	Serafimov, Aleksandar and **Simeonovska Joveva, Elena** and Jovev, Marijan (2023)	Dynamic of left ventricular systolic function during medium-term follow-up period of patients with myocardial infarction.	Knowledge - International Journal, 58 (4). ISSN 2545-4439	2009
2	Cepreganova Cangovska, Tatjana and Zdravkov, Ilija and Ristikj-Stomnaroska, Daniela and **Simeonovska Joveva, Elena** (2023)	Central Nervous System Tuberculosis-Case Report.	Journal of Morphological Sciences, 6 (2). pp. 104-108.	2018
3	Petrovski, Stefan and Serafimov, Aleksandar and Karakolevska Ilova, Marija and **Simeonovska Joveva, Elena** and Petrovska, Lidija and Adzi-Andov, Ljubica (2023)	The Influence of Resection Size and Pringle Maneuver on Operating Time and Intraoperative Bleeding in Patients with Colorectal Metastases in the Liver.	Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. ISSN 1857-9655	2013
4	Trajkova, Marija and Zafirov, Stojance and **Simeonovska Joveva, Elena** and Lichkova, Elena (2023)	Progressive Supranuclear Palsy (PSP): An Atypical Case.	Knowledge – International Journal, 60 (4). pp. 671-675.	2009
5	Petrovski, Stefan and Serafimov, Aleksandar and Adzi-Andov, Ljubica and **Simeonovska Joveva, Elena** and Karakolevska Ilova, Marija and Milev, Ilija (2023)	Factors Influencing Recurrence Rate and Survival of Patients with Colorectal Metastases after Liver Resection.	Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 11 (B). pp. 755-759. ISSN 1857-9655	2013
6	Lazarova, Sanja and Kokoskarova, Pavlinka and **Simeonovska Joveva, Elena** and Gulaboski, Rubin (2023)	Voltammetric biosensors based on metallic nanoparticles synthesized from plant extracts: A short overview of recent achievements.	Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, 42 (2). pp. 1-11. ISSN 1857-5552	IF=0.8 1974
7	**Simeonovska Joveva, Elena** and Karakolevska Ilova, Marija and Petrovski, Stefan and Jovev, Marijan and Serafimov, Aleksandar and Dimitrovska Ivanova, Marija (2024)	Association Between Inflammatory Markers and Cognitive Impairment in Patients with Asymptomatic Carotid Stenosis.	Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. ISSN 1857-9655	2013
8	**Simeonovska Joveva, Elena** and Petrovski, Stefan and Petkovska, Marija and Jovev, Marijan and Karakolevska Ilova, Marija (2024)	Unraveling the complexity: A case report on spinal dural arteriovenous fistula..	Knowledge - International Journal, 64 (4). pp. 391-394	2009

9	Dimitrovska Ivanova, Marija and Velkova, Stanka and Karakolevska Ilova, Marija and **Simeonovska Joveva, Elena** (2024)	IgE and non-IgE mediated symptoms assotiated with cow's milk protein allergy.	Research in physical education sport and health, 13 (2). pp. 71-75. ISSN 1857-8160	2012
10	Dimitrovska Ivanova, Marija and Velkova, Stanka and Karakolevska Ilova, Marija and **Simeonovska Joveva, Elena** and Sandeva, Dragana (2024)	Acute pancreatitits uncommon manifestation of cystic fibrosis? A case report	Research in physical education sport and health, 13 (2). pp. 39-44.	2012
11	Dimitrovska Ivanova, Marija and Karakolevska Ilova, Marija and **Simeonovska Joveva, Elena** (2025)	Role of breast milk secretory immunoglobulin A in infants from 7-12 months of age with acute gastroenteritis.	Journal of Contempotaty Medical Sciences, 11 (4). pp. 267-271. ISSN 2413-0516	IF= 0.4 2015
12	Dimitrovska Ivanova, Marija and Demerdzieva, Aneta and **Simeonovska Joveva, Elena** and Karakolevska Ilova, Marija and Bezovska, Gordica and Coneska-Jovanova, Biljana and Palcevska-Kocevska, Snezana (2025)	Food protein induced enterocolitis syndrome in infancy.	Research in Physical Education, Sport and Health, 14 (2): 8. pp. 55-58. ISSN 1857-8160	2012
13	Dimitrovska Ivanova, Marija and Demerdzieva, Aneta and Karakolevska Ilova, Marija and **Simeonovska Joveva, Elena** and Bezovska, Gordica and Coneska-Jovanova, Biljana and Palcevska-Kocevska, Snezana (2025)	Complicated community-acquired pneumonia caused by Streptococcus pneumoniae.	Research in Physical Education, Sport and Health, 14 (2): 9. pp. 59-62. ISSN 1857-8160	2012
14	Dimitrovska-Ivanova, Marija and **Simeonovska Joveva, Elena** and Karakolevska Ilova, Marija and Demerdzieva, Aneta and Coneska Jovanova, Biljana and Palcevska Kocevska, Snezana (2026)	Macroamylasemia in a Two Year Old Boy as the First Manifestation of Celiac Disease: A Case Report.	Case Rep Gastroenterol , DOI: 10.1159/000550670, 20 (1). pp. 40-45. ISSN 1662-0631	IF= 0.7 2007
15	Jovev, Marijan and Smokovski, Ivica and **Simeonovska Joveva, Elena** and Serafimov, Aleksandar (2026)	Association of tumor necrotisation factor alpha with multivessel coronary disease in patients with acute coronary syndrome.	Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 74 (4). pp. 387-393. ISSN 2545-4439	2009
16	Jovev, Marijan and Smokovski, Ivica and Serafimov, Aleksandar and **Simeonovska Joveva, Elena** (2026)	Association of TNF-α and Troponin in the occurrence of major adverse cardiac events in patients with acute coronary syndrome.	MEDICUS – International Medical Journal, 31 (1). pp. 7-10. ISSN 1409-6366	2004

5. Сертификат за познавање на англиски јазик – Кандидатката активно го познава англискиот јазик (доставена соодветна потврда).

6. Способност за изведување на високообразовна дејност – Со активното учество во наставата како доцент на повеќе предмети кандидатката покажа висока способност за изведување на високообразовна дејност.

Посебни услови:

1. Учество во научноистражувачки проекти односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати – во периодот од 2023 година до денес кандидатката учествува во пет научноистражувачки проекти.
2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници – преку активно учество во наставата и проектите, како и активната соработка со наставниците и студентите, кандидатката дава значаен придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
3. Рецензиран учебник, скрипта и практикум - Кандидатката е автор на рецензирана скрипта со наслов „Неврологија на визуелна перцепција", објавена во е-библиотека за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Својата наставно-образовна дејност д-р Елена Симеоновска-Јовева ја започнала уште во 2008 година како лаборант на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. На 5.3.2009 година се здобила со звање помлад асистент за научното поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. На 16.9.2011 година се здобила со соработничко звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки. Со Одлука бр. 2502-182/19 од 12.8.2014 година донесена на 122. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 12.8.2014 година, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека д-р Елена Симеоновска-Јовева наполно ги исполнува критериумите за избор во звање асистент-докторанд од областа на неврологијата. Со Одлука бр. 2002-81/30 од 9.3.2022 година, донесена на 274. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 9.3.2022 година, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека д-р Елена Симеоновска-Јовева наполно ги исполнува критериумите за избор во звање насловен доцент во наставно-научна област неврологија. Со Одлука број 2002-35/5 од 24.1.2024 година на 313. седница на Наставно-научниот совет, Рецензентската комисија донесе Одлука за избор на кандидатката во доцент во наставно-научна област неврологија.

Кандидатката од 2010 година, па до денес, активно учествува и во реализација на практичната настава на повеќе предмети од студиските програми Општа медицина, Фармација, Дентална медицина, Медицински лаборанти, Медицинска сестра/медицински техничар, Физиотерапевти и Оптометристи: Хистологија со ембриологија 1 и 2, Микробиологија со паразитологија 1 и 2, Медицинска генетика, Микробиологија со имунологија, Неврологија и психијатрија со нега, Неврологија на визуелна перцепција, Општа и орална хистологија со ембриологија 1 и 2 и Неврологија.

Како резултат на нејзиниот научноистражувачки труд и учеството во домашни и меѓународни проекти во последните пет години д-р Елена Симеоновска-Јовева има објавено 3 труда во списание со фактор на влијание

(SCI листа, Clarivate analytic/ Thomson Reuters) и неколку трудови во меѓународни, индексирани научни списанија и трудови објавени во книги на апстракти. Учествува на бројни конгреси, симпозиуми, семинари, како во земјава така и во странство. Активното учество го реализира со презентација на оригинални трудови и како поканет предавач. Автор и коавтор е на 55 трудови публикувани во домашни и меѓународни списанија и зборници од научни манифестации.

(https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Simeonovska_Joveva=3AElena=3A=3A.html)

Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија во последните 5 години

Во последните пет години д-р Елена Симеоновска-Јовева има објавено 3 труда во списание со фактор на влијание (SCI листа, Clarivate analytic/ Thomson Reuters) и неколку трудови во меѓународни, индексирани научни списанија и трудови објавени во книги на апстракти.

1. Serafimov, Aleksandar and Simeonovska Joveva, Elena and Jovev, Marijan (2023) Dynamic of left ventricular systolic function during medium-term follow-up period of patients with myocardial infarction. Knowledge - International Journal, 58 (4). ISSN 2545-4439 (https://eprints.ugd.edu.mk/34015/) – печатен

Акутниот коронарен синдром е најчестата причина за прием на одделението за интензивна коронарна нега, придружен со највисок ризик од смртност и несакани настани, и е одговорен за околу 70% од сите болнички приеми. Пациентите со акутен коронарен синдром претставуваат хетерогена група кај која сериозноста на основното заболување на коронарните артерии, прогнозата и одговорот на третманот значително се разликуваат. Инфарктот на миокардот останува една од најважните причини за морбидитет и морталитет во светот. Целта на студијата е да се утврди поврзаноста помеѓу ехокардиографските параметри и појавата на големи несакани кардијални настани кај пациенти со акутен инфаркт на миокардот, третирани со перкутана коронарна интервенција. Материјал и методи: Оваа студија е дизајнирана како лонгитудинална, проспективна опсервациона кохортна студија во која беа вклучени 150 пациенти хоспитализирани поради акутен коронарен синдром на Универзитетската клиника за кардиологија во периодот од септември 2018 до март 2019 година. Критериуми за вклучување: пациенти хоспитализирани поради акутен коронарен синдром во наведениот период, кои изразиле подготвеност да учествуваат во студијата и потпишале информирана согласност. Критериуми за исклучување: од студијата беа исклучени пациентите кои не дале согласност за учество, оние кои починале за време на хоспитализацијата, како и пациентите со претходно дијагностицирана срцева слабост и/или претходен инфаркт на миокардот. Резултати: Со цел да се анализира динамиката на систолната функција на левата комора, изразена преку фракцијата на исфрлање (ejection fraction), направивме анализа на глобалната систолна функција на левата комора во моментот на индексниот настан и во периодот од 3 до 6 месеци подоцна, под услов да немало нов голем несакан кардијален настан што би влијаел врз неа. Пациентите беа класифицирани во три групи, согласно со упатствата на Европското здружение за кардиологија за третман на срцева слабост од

2012, 2016 и 2021 година: пациенти со фракција на исфрлање <40% (HFrEF); пациенти со фракција на исфрлање од 40–50% (HFmrEF) и пациенти со фракција на исфрлање >50% (HFpEF). Во мултиваријантната анализа (условна логистичка регресија), во финалниот модел со вредност на Хи-квадрат од 62,916 (p=0,000012 и 79,5% точност на предвидувањето) беа издвоени три независни променливи: болничкиот морбидитет, натриуретичниот пептид и почетната фракција на исфрлање (%). Заклучок: Независни предиктори за подобрување на фракцијата на исфрлање на левата комора кај пациенти со акутен миокарден инфаркт по успешна перкутана коронарна интервенција се болничкиот морбидитет, натриуретичниот пептид и почетната фракција на исфрлање (%).

2. Cepreganova Cangovska, Tatjana and Zdravkov, Ilija and Ristikj-Stomnaroska, Daniela and Simeonovska Joveva, Elena (2023) Central Nervous System Tuberculosis- Case Report. Journal of Morphological Sciences, 6 (2). pp. 104-108. (https://eprints.ugd.edu.mk/33432/)- печатен

Во овој труд е презентиран случај на пациент кај кој болеста започнува бавно, прогресивно и хронично, со почетна клиничка манифестација на синдром на деменција. Обично, туберкулозниот менингит се манифестира со субакутна прогресивна фебрилна болест. За неколку недели се дефинира фаза на менингитис со главоболка, менингизам, повраќање, блага конфузија. Ретка е атипична презентација на ЦНС туберкулоза, како во овој случај. За време на хоспитализацијата е извршена мозочна магнетна резонанца со сомнителен наод за невроинфекција, поради сомнителен наод на магнетна резонанца, направена е лумбална пункција и цереброспиналната течност е испратена на анализа за специфични причини, меѓу кои и Mycobacterium tuberculosis. Важноста на овој труд е, пред се, почетната клиничка манифестација која е атипична за оваа проблематика, но правилната дијагноза и терапијата кај овие пациенти е голем предизвик за невролозите.

3. Petrovski, Stefan and Serafimov, Aleksandar and Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Petrovska, Lidija and Adzi-Andov, Ljubica (2023) The Influence of Resection Size and Pringle Maneuver on Operating Time and Intraoperative Bleeding in Patients with Colorectal Metastases in the Liver. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. ISSN 1857-9655 (https://eprints.ugd.edu.mk/32542/)- печатен

Овој труд ја покажува корелацијата помеѓу тежината и големината на оперативната интервенција и примената на метод за васкуларна контрола Прингл маневар - PM, со цел помала пероперативна крвозагуба. Во поголем број на студии се анализирани техниките на васкуларна контрола и ексклузија на црниот дроб за време на трансекција на паренхимот. Континуираниот и интермитентниот прингл маневар се користат најчесто и истите влијаат на резидуалниот паренхим, но несигнификантно ја намалуваат перопертивнта крвозагуба во споредба со ресекции кои се направени без користење на метод за васкуларна контрола. Покомплексните и мајор ресекции имаат поголема крвозагуба и трансфузија на крв што имплицира поголем постоперативен морбидитети и морталитет. Оперативното време е правопропорционално со бројот на ресецирани сегменти, а кај мајор ресекции истото е подолго во споредба со помали ресекции.

4. Trajkova, Marija and Zafirov, Stojance and Simeonovska Joveva, Elena and Lichkova, Elena (2023) Progressive Supranuclear Palsy (PSP):An Atypical Case. Knowledge – International Journal, 60 (4). pp. 671-675. (https://eprints.ugd.edu.mk/33431/)- печатен

Прогресивната супрануклеарна парализа (ПСП), позната и како синдром на Стил-Ричардсон-Олшевски, се смета за едно од најчестите екстрапирамидални невродегенеративни нарушувања, веднаш по Паркинсоновата болест според застапеноста. Оваа состојба обично се јавува кај лица постари од 40 години, при што најголема зачестеност е забележана во возрасната група од 60 до 65 години (M, 2018). Ќе прикажеме случај на 63-годишна пациентка со тешкотии при одењето и ненадејни падови. Според нејзината медицинска историја, проблемите започнале три години претходно. Таа, исто така, пријавила случаи на испуштање предмети што ги држела и повеќекратни падови, особено при станување од стол, при што паѓала наназад. Нејзиниот (иницијален) невролошки преглед покажа нарушување на погледот нагоре. Не беа присутни булбарни симптоми. Беше забележана блага дизартрија, билатерална диздиадохокинеза, живи тетивни рефлекси и билатерално позитивен Бабински-знак. Таа стана зависна од инвалидска количка 2,5 години по поставувањето на дијагнозата и почетокот на третманот, односно приближно 5,5 години по појавата на првичните симптоми. Атрофијата на средниот мозок е добро утврдена карактеристика на прогресивната супрануклеарна парализа (PSP). Овој предизвик е дополнително усложнет од фактот што дефинитивната дијагноза обично се потпира на хистолошки докази, како што се присуството на Левиеви тела во невроните кај Паркинсоновата болест (PD), глијални цитоплазматски инклузии на алфа-синуклеин во астроцитите кај мултисистемската атрофија (MSA) (Gregor K Wenning, 2004), или присуството на тау-позитивни астроцити во мезенцефалонот и мозочната кора (PSP). Затоа, внимателното набљудување и хронолошкото следење на симптомите, заедно со одговорот (или отсуството на одговор) на пациентот на допаминергична терапија, стануваат клучни фактори во дијагностичкиот процес.

5. Petrovski, Stefan and Serafimov, Aleksandar and Adzi-Andov, Ljubica and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Milev, Ilija (2023) Factors Influencing Recurrence Rate and Survival of Patients with Colorectal Metastases after Liver Resection. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 11 (B). pp. 755-759. ISSN 1857-9655 (https://eprints.ugd.edu.mk/33430/) - печатен

Овој труд ја покажува рекурентната стапка на оперирани пациенти со метастази на црн дроб од КРК. Постоперативната рекуренција е, исто така, многу висока и во поголем број на проспективни студии се движи од 50 до 70%, а ресекцијата се издвојува како единствен метод на куративно лекување. Голем број на прогностички фактори: бројот на колоректални метастази, големината и нивната локализација уни или билатерална локализација сè уште немаат јасно влијание на постоперативната рекуренција, но имплицираат помало или подолго петгодишно преживување. Техничката можност за R0 ресекција е златен стандард за превенција од локален рецидив, додека типот на ресекција, нејзиниот екстензитет сè уште немаат јасна предикција на долгогодишно

преживување. Не-анатомска ресекција или анатомска ресекција, во различни студии имаат компаративни резултати, но анатомската ресекција се смета за златен стандард заради обезбедување на јасна трансекциона линија. Големината на ресекцијата не обезбедува помала постоперативна рекуренција.

6. Lazarova, Sanja and Kokoskarova, Pavlinka and Simeonovska Joveva, Elena and Gulaboski, Rubin (2023) Voltammetric biosensors based on metallic nanoparticles synthesized from plant extracts: A short overview of recent achievements. Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, 42 (2). pp. 1-11. ISSN 1857-5552 **IF 0.8** (https://eprints.ugd.edu.mk/33016/) – печатен

Уште од последната деценија на 20 век многу научни дисциплини во голема мера се потпираат на материјали со нанометарски димензии. Наноматеријалите се веќе вклучени во бројни биомедицински и фармацевтски примени, вклучително и во испораката на активни супстанции до специфични цели во организмот. Ова е потврдено преку нивниот придонес во сузбивањето на неодамнешната пандемија на КОВИД-19. Наночестичките од графен, сребро, злато и други материјали поседуваат исклучителни физички и хемиски својства, како што се зголемена термичка стабилност, подобрена спроводливост и способност за прифаќање на различни органски супстрати на нивната површина. Во изминатите 20 години се разви значајна област на синтеза на наночестички, во која се користат еколошки прифатливи редукциони агенси присутни кај бројни растителни видови. Овој краток преглед се фокусира на извонредните перформанси на металните наночестички синтетизирани со „зелени методи“ при дизајнирањето на волтаметриски биосензори. Главната цел на овој преглед е да се истакнат некои од најновите електрохемиски достигнувања во истражувањето на метални наносистеми добиени преку фитосинтеза од растителни екстракти, опфаќајќи ги најзначајните резултати во дизајнот на амперометриски и волтаметриски биосензори.

7. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Petrovski, Stefan and Jovev, Marijan and Serafimov, Aleksandar and Dimitrovska Ivanova, Marija (2024) Association Between Inflammatory Markers and Cognitive Impairment in Patients with Asymptomatic Carotid Stenosis. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. ISSN 1857-9655 (https://eprints.ugd.edu.mk/34192/) - печатен

Одредени воспалителни механизми се вклучени во каротидниот атеросклеротичен процес, а одредувањето на воспалителната активација може да биде корисно во проценката на когнитивното оштетување кај пациенти со асимптоматска каротидна стеноза (ACS). Целта на оваа студија имаше за цел да ги корелира овие маркери на воспаление со степенот на асимптоматска каротидна стеноза (ACS) и степенот на когнитивно оштетување. Во студијата беа вклучени сто и дваесет пациенти со каротидна стеноза и 60 пациенти без каротидна стеноза. Беа извршени клинички, невролошки и лабораториски евалуации (C-реактивен протеин [CRP], фибриноген, фактор на туморска некроза алфа [TNF-α]), како и евалуација на дебелината на интима-медиумите (IMT) и степенот на каротидна стеноза. Од добиените резултати немаше значајна корелација во асимптоматската група помеѓу TNFα и IMT и помеѓу фибриногенот, CRP и IMT и на левата и на десната страна. Во истата група, имаше статистички значајна поврзаност помеѓу степенот на каротидна стеноза и низок до умерен степен на когнитивно оштетување на десната страна. Пријавена е умерено слаба негативна статистички значајна

корелација помеѓу сериозноста на когнитивното оштетување и степенот на стеноза кај асимптоматската група. Високиот степен на каротидна стеноза (≥70%) на десната страна ја зголеми шансата за умерен степен на когнитивно оштетување за 6 пати во споредба со нискиот степен на каротидна стеноза кај асимптоматската група. Високиот степен на каротидна стеноза (≥70%) лево ја зголеми можноста за тежок степен на когнитивно оштетување за 20 пати во споредба со нискиот степен на стеноза кај асимптоматската група. Од студијата може да се изведе заклучокот дека ACS го зголемува ризикот од когнитивно оштетување.

8. Simeonovska Joveva, Elena and Petrovski, Stefan and Petkovska, Marija and Jovev, Marijan and Karakolevska Ilova, Marija (2024) Unraveling the complexity: A case report on spinal dural arteriovenous fistula. Knowledge - International Journal, 64 (4). pp. 391-394. (https://eprints.ugd.edu.mk/34263/) - печатен

Спиналните дурални артериовенски фистули (SDAVF) претставуваат посебна категорија на спинални васкуларни малформации, кои се карактеризираат со абнормални врски помеѓу артериите и вените во рамките на дура матер на ‘рбетниот мозок. Овој труд е за случај за 52-годишен маж кој забележал едномесечен почеток на слабост на долните екстремитети, нарушување на одењето и уринарна/столица инконтиненција, нагласувајќи ја комплексноста во дијагнозата на SDAVF и нагласувајќи го значењето на раната интервенција. Биле присутни и дисфоничен говор и неможност за одење. Тестирањето на сензибилитетот откри попречно сензорна загуба на нивоата Th6-Th7 билатерално, хипорефлексија со позитивен одговор на Бабински. МРИ покажува едем на ‘рбетниот мозок и проширени и извиткувачки перимедуларни вени на цервикалниот и проксималниот торакален сегмент, особено концентрирани на десната страна. Истовремено, ангиографијата го опишува присуството на спинална дурална артериовенска фистула (AVF), која потекнува претежно од менингеалните гранки на вертебралните артерии, со изразен акцент на десната страна. Навремената интервенција кај SDAVFs преку брза ендоваскуларна емболизација или хируршки процедури овозможува да се спречи оштетувањето на нервите и позитивен процес на закрепнување.

9. Dimitrovska Ivanova, Marija and Velkova, Stanka and Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena (2024) IgE and non-IgE mediated symptoms assotiated with cow’s milk protein allergy. Research in physical education sport and health, 13 (2). pp. 71-75. ISSN 1857-8160 (https://eprints.ugd.edu.mk/35526/) - печатен

Доколку веднаш се појават акутни и објективни симптоми на кожата (акутна уртикарија, ангиоедем), респираторниот тракт (стридор, свирење во градите) или системски реакции (анафилакса) или до 2 часа по јасна историја на внесување млечни производи, тогаш протеини на кравјо млеко треба строго да се исклучат. Треба да се изврши тестирање за специфичен IgE против протеини на кравјо млеко или SPT со природно кравјо млеко или формула од целосни протеини. Алергија на протеини на кравјо млеко може да се претпостави со голема веројатност ако тестирањето за специфичен IgE е позитивно. Во оваа ситуација, тестот за орален предизвик може да се изостави. На детето треба да му се даде строга диета без протеини на кравјо млеко за период од најмалку 1 година пред да се изврши орален предизвик со храна. Позитивен тест за специфичен IgE во времето на дијагнозата предвидува

подолг период на нетолеранција во споредба со оние деца кои имаат негативни тестови. Прогнозата на алергијата на протеини на кравјо млеко кај доенчиња и во раното детство е добра. Приближно 50% од засегнатите деца развиваат толеранција до возраст од 1 година, >75% до возраст од 3 години, а >90% се толерантни на 6-годишна возраст.

10. Dimitrovska Ivanova, Marija and Velkova, Stanka and Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Sandeva, Dragana (2024) Acute pancreatitits uncommon manifestation of cystic fibrosis? A case report. Research in physical education sport and health, 13 (2). pp. 39-44. (https://eprints.ugd.edu.mk/35527) - печатен

Симптоматскиот панкреатит е невообичаена манифестација кај цистична фиброза (CF) бидејќи се јавува исклучиво кај пациенти со цистична фиброза (CF) со доволен панкреас. Скринингот за новороденчиња и подобрените панели за техники за мутација на ДНК откриваат поретки и некласични слики на болеста, генерално поврзани со панкреасна инсуфициенција и со зголемен ризик од развој на панкреатит. Но, дијагнозата на ограничен број пациенти со CFTR-RD не е јасна. Постои сива зона помеѓу CFTR-RD и CF. Ако сме многу блиску до критериумите потребни за да се идентификуваат овие лица како пациенти со CF, претпочитаната опција е да се означат како CFTR-RD и затоа да се следат најмалку еднаш годишно. Некои од овие пациенти со CFTR-RD никогаш нема да ги исполнат критериумите за да бидат класифицирани како CF. Во случај на други пациенти со CFTR-RD, неколку години подоцна овие лица ќе напредуваат до дијагноза на CF и ќе бараат следење во центрите за CF. Благодарение на напредокот во науката и нашето знаење за дисфункцијата на CFTR кај пациенти со CF и CFTR-RD, постои уверување дека дијагнозата и третманот на овие нарушувања ќе се подобрат.

11. Dimitrovska Ivanova, Marija and Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena (2025) Role of breast milk secretory immunoglobulin A in infants from 7-12 months of age with acute gastroenteritis. Journal of Contempotaty Medical Sciences, 11 (4). pp. 267-271. ISSN 2413-0516 **IF 0.4** (https://eprints.ugd.edu.mk/36405/) - печатен

Целта на оваа студија беше да се утврди дали секреторниот имуноглобулин А од мајчиното млеко има заштитен ефект врз цревниот епител и дали влијае на сериозноста на клиничката слика и времетраењето на симптомите на акутен гастроентеритис, во зависност од видот на исхрана на доенчето. Вкупно 35 доенчиња со акутен гастроентеритис беа поделени во две групи врз основа на начините на хранење (вид на млеко и немлечна храна). Индикаторите што се оценуваа вклучуваа сериозност на симптомите, потребата од парентерална рехидратација и степенот на дехидратација. Пронајдовме статистички значајна поврзаност помеѓу припадноста на групата и резултатите од тестот sIgA помеѓу првата и втората група (P = 0,004933), како и во просечната вредност на sIgA во столицата (P = 0,000788). Ротавирусот беше најчеста причина за акутен гастроентеритис. Присуството на sIgA во мајчиното млеко кај доенчињата се чини дека влијае на сериозноста на акутниот гастроентеритис со намалување на фреквенцијата на повраќање, бројот и сериозноста на епизодите на дијареја, ризикот од умерена и тешка дехидратација и инциденцата на треска.

12. Dimitrovska Ivanova, Marija and Demerdzieva, Aneta and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Bezovska, Gordica and Coneska-Jovanova, Biljana and Palcevska-Kocevska, Snezana (2025) Food protein induced enterocolitis syndrome in infancy. Research in Physical Education, Sport and Health, 14 (2): 8. pp. 55-58. ISSN 1857-8160 (https://eprints.ugd.edu.mk/37152/) - печатен.

За дијагноза на акутен FPIES пациентот мора да го исполни главниот критериум, а тоа е повраќање 1 до 4 часа по внесувањето храна без класични симптоми посредувани од IgE од кожата и респираторниот систем, и најмалку три споредни критериуми (Nowak-Wegrzyn et al., 2017). Споредните критериуми вклучуваат повторена реакција на иста или различна храна, летаргија, бледило, потреба од итна медицинска помош, парентерална рехидратација, дијареја во рок од 24 часа, хипотензија и хипотермија. Нашиот случај ги исполни критериумите за акутен FPIES, иако почетната холестаза и покачените ензими на црниот дроб бараа понатамошно испитување. Лекувањето на FPIES зависи од сериозноста на клиничката презентација. Благите форми на акутен FPIES (1-2 епизоди на повраќање, без летаргија) може да се третираат дома со орални раствори за рехидратација, додека перзистентната гадење и повраќање со умерена дехидратација (> 3 епизоди на повраќање) со орален ондансетрон. При тешка клиничка презентација (тешка летаргија, хипотонија, хипотермија), пациентите треба да бидат хоспитализирани и итно третирани бидејќи 15-20% од овие пациенти може да развијат хиповолемичен шок. Најважниот дел од третманот е да се врати хемодинамиката со агресивна рехидратација со изотонични раствори и по почетната стабилизација, да се продолжи со парентерална рехидратација. FPIES останува предизвикувачка дијагноза поради, неспецифична презентација и недостаток на потврдувачки биомаркери. Раното препознавање, правилното управување со исхраната и структурираното следење се клучни за спречување на компликации и постигнување поволни исходи. Потребни се понатамошни истражувања за да се разјаснат основните механизми, да се идентификуваат биомаркерите и да се развијат стандардизирани протоколи за дијагноза и третман.

13. Dimitrovska Ivanova, Marija and Demerdzieva, Aneta and Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Bezovska, Gordica and Coneska-Jovanova, Biljana and Palcevska-Kocevska, Snezana (2025) Complicated community-acquired pneumonia caused by Streptococcus pneumoniae. Research in Physical Education, Sport and Health, 14 (2): 9. pp. 59-62. ISSN 1857-8160 (https://eprints.ugd.edu.mk/37153/) - печатен

Пневмонијата стекната во заедницата е една од најчестите причини за педијатриски хоспитализации во светот, а исто така и во нашата земја. Микробиолошката идентификација е предизвикувачка, бидејќи собирањето на респираторни примероци кај децата е проблематично во споредба со возрасните. Мал дел од децата со пневмонија стекната во заедницата ќе развијат плеврален излив или емпием. Чести предизвикувачки организми се Streptococcus pneumoniae и Staphylococcus aureus. Комплицирана пневмонија стекната во заедницата треба да се посомнева кај секое дете со пневмонија кое не реагира на соодветна антибиотска терапија во рок од 48-72 часа. Новите конјугирани вакцини против Streptococcus pneumoniae придонесоа за намалување на радиолошките, клиничките и случаите на комплицирана

пневмонија и ги намалија хоспитализациите и морталитетот. Неуспехот на вакцината PCV13 може да резултира со комплицирана пневмонија со емпием. Раното откривање на комплицирана пневмонија е важно и треба да се посомнева ако детето не реагира на антибиотска терапија по 48-72 часа. Имеџинг дијагностиката е важна во евалуацијата на деца со комплицирана пневмонија. Микробиолошката дијагноза е предизвикувачка, особено кога предизвикувачкиот агенс е од бактериска етиологија. Молекуларните дијагностички тестови имаат предност, особено PCR. Прогнозата на комплицирана CAP е добра без клинички и радиолошки последици и без последици врз функцијата на белите дробови кај повеќето деца.

14. Dimitrovska Ivanova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Demerdzieva, Aneta and Coneska-Jovanova, Biljana and Palcevska-Kocevska, Snezana (2026) Macroamylasemia in a two year old boy as the first manifestation of celiac disease: A Case Report. Case Reports in Gastroenterology, 20 (1). ISSN 1662-0631 **IF 0.7** (https://eprints.ugd.edu.mk/38611/) – печатен

Макроамилаземијата е ретко биохемиско нарушување кај кое молекулата на амилазата се врзува за други макромолекули, најчесто имуноглобулин A или G. Зголемената молекуларна тежина на овој комплекс го намалува бубрежното излачување на ензимот, што резултира со хронично покачени нивоа на серумска амилаза. Може да биде поврзана со различни состојби кои не се поврзани со панкреасот, вклучително и целијачна болест. Во некои пријавени случаи, макроамилаземијата се решила со диета без глутен. Двегодишно момче се јавило со тримесечна историја на абдоминална болка, анемија и опстипација. На физикален преглед со параумбиликална осетливост. Лабораториските тестови покажаа хипохромна анемија; покачена серумска амилаза (171 U/L); ниско серумско железо (2,5 μmol/L); дефицит на витамин D3 (15,9 ng/mL) и ниска амилаза во урината со однос на клиренс на амилаза/креатинин под 1%, што ја потврдува макроамилаземијата. Имеџинг студиите беа нормални. HLA типизацијата го откри хаплотипот HLA-DQ2. Серологијата за целијакија беше позитивна за tTG-IgA (87,55 IE/mL) и EMAIgA (1:>100). Дуоденалната биопсија со патохистолошки наод за Марш тип IIIb. Беше започната исхрана без глутен заедно со суплементација со железо и витамин D3. Симптомите се решија во рок од два месеци, со нормализација на нивоата на серумска амилаза и зголемување на телесната тежина од над 1 кг. Целијачната болест треба да се земе предвид кај пациенти со необјаснета макроамилаземија, дури и во отсуство на класични гастроинтестинални симптоми. Примарниот третман во вакви случаи е строга исхрана без глутен, што може да доведе до нормализација на нивоата на серумска амилаза кога макроамилаземијата е поврзана со целијачна болест.

15. Jovev, Marijan and Smokovski, Ivica and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar (2026) Association of tumor necrotisation factor alpha with multivessel coronary disease in patients with acute coronary syndrome. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 74 (4). pp. 387-393. ISSN 2545-4439 (https://eprints.ugd.edu.mk/38487/) - печатен

Акутниот коронарен синдром (АКС) претставува клинички синдром кој може да се манифестира со или без промени на електрокардиограмот и со или без покачени срцеви биомаркери. АКС ги опфаќа нестабилната ангина и

инфарктот на миокардот, со или без елевација на ST-сегментот. Во зависност од присуството на овие знаци, се планира начинот на лекување на овие пациенти. Покрај добро утврдениот срцев биомаркер тропонин, во дијагностиката може да се вклучи и тумор-некротизирачкиот фактор алфа (TNF-α), било како независен параметар или во комбинација со претходно споменатиот, со цел подобра дијагноза и креирање план за лекување при идни срцеви настани. Во нашата студија, имавме за цел да ја прикажеме поврзаноста помеѓу серумските нивоа на TNF-α и ангиографската преваленца на атеросклероза кај пациенти со акутен инфаркт на миокардот кои биле подложени на коронарна ангиографија и последователна перкутана коронарна интервенција. Резултатите од студијата покажуваат дека серумските нивоа на TNF-α се во корелација со појавата на акутен инфаркт на миокардот, при што повисоките вредности на TNF-α укажуваат на поголема зафатеност на коронарните артерии со атеросклероза.

16. Jovev, Marijan and Smokovski, Ivica and Serafimov, Aleksandar and Simeonovska Joveva, Elena (2026) Association of TNF-α and Troponin in the occurrence of major adverse cardiac events in patients with acute coronary syndrome. MEDICUS – International Medical Journal, 31 (1). pp. 7-10. ISSN 1409-6366 (https://eprints.ugd.edu.mk/38486/) - печатен

Акутниот коронарен синдром претставува збир од три клинички ентитети: нестабилна ангина и инфаркт на миокардот со и без елевација на ST-сегментот. Разликувањето меѓу овие три ентитети се врши врз основа на серумските нивоа на срцеви биомаркери, промените во електрокардиограмот и клиничката слика. Болката во градите е главен симптом. Акутниот коронарен синдром е причина за голем број смртни случаи во светот и често претставува состојба склона кон повторување, со значително влијание врз индивидуалното и колективното здравје. Почесто се засегнати мажите, додека жените доминираат во одредени возрасни групи. Огромното мнозинство случаи на акутен коронарен синдром се должат на руптура на атеросклеротичен плак. Тропонинот претставува „златен стандард“ во дијагностицирањето на акутниот коронарен синдром, но сè повеќе се истражува неговата улога во одредувањето на ризикот од идни настани, особено од неповолни срцеви настани. Тумор-некроза фактор-алфа е цитокин што има различни ефекти врз различни типови клетки. Неодамна е докажано неговото влијание врз појавата на атеросклероза, како и врз идната појава на неповолни срцеви настани по епизода на акутен коронарен синдром. Големите неповолни срцеви настани се честа појава кај пациентите со акутен коронарен синдром, а употребата на биохемиски параметри за одредување на ризикот од нивно настанување е од големо значење за нивна превенција.

Издвоени презентации на конференции и стручни собири во периодот од 2023 до 2026 год.

17. Simeonovska Joveva, Elena (2023) Современи препораки за употреба на орална антикоагулантна терапија кај пациенти со интрацеребрална хеморагија и исхемичен мозочен инфаркт. In: Современи пристапи во третманот на пациенти кои примаат антикоагулантни, антиагрегантни и антихипертензивни лекови, 9-12 Oct, Stip (https://eprints.ugd.edu.mk/37407/) - усна презентација

Мозочниот удар или инфаркт е дефиниран како развој на фокални невролошки симптоми или глобални невролошки симптоми кои траат подолго

од 24 часа, поради прекин или смалување на протокот на крв во соодветната артерија на мозокот. Годишната инциденца на мозочни удари во светот е 100 до 300 болни на 100.000 жители. Во Република Северна Македонија инциденцата на мозочните удари е 240 пациенти на 100.000 жители или 3,9 пациенти дневно. Годишната смртност изнесува 64 случаи на 100.000 жители. Најчесто се јавуваат кај лица постари од 65 години. Поголем дел од мозочните удари и тоа околу 75% се во иригационо подрачје на внатрешната каротидна артерија.

18. Simeonovska Joveva, Elena and Lichkova, Elena and Petkovska, Marija and Petrovski, Stefan and Karakolevska Ilova, Marija (2024) Iron-deficiency anemia as a precursor to cerebral venous sinus thrombosis: A case report. In: 10th European Stroke Conference (ESOC), 15-17 May 2024, Basel, Switzerland (https://eprints.ugd.edu.mk/34264/) - постер презентација.

Тромбозата на церебралните венски синуси (CVST) претставува редок, но сериозен невролошки предизвик со мултифакторна етиологија, која опфаќа протромботични состојби, инфекции, трауми, медицински процедури, хормонални фактори, воспалителни нарушувања, дехидратација, малигнитети и ретки наследни заболувања. Овој приказ на случај ја истражува поврзаноста помеѓу анемијата поради недостаток на железо и развојот на CVST, расветлувајќи ги неспецифичните симптоми.

19. Trajkova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Voloshyn, T and Petrovski, Stefan and Stojanovska, Marija and Hristovska, G (2024) Dystonic tremor in Systemic Lupus Erythematous and Antiphospholipid syndrome. In: 10th Congress of the European Academy of Neurology, Helsinki, Finland (https://eprints.ugd.edu.mk/36378/) – постер презентација

Кај системскиот лупус еритематозус (СЛЕ) и антифосфолипидниот синдром ретко се пријавувани дистонијата и дистоничниот тремор, но можат да произлезат од различни невролошки компликации. Опишуваме случај на 65-годишен пензиониран наставник по хемија со дециниска историја на лупус и хематолошки манифестации, кој пријавил тремор што прогресивно се влошувал по егзацербација на СЛЕ.

20. Simeonovska Joveva, Elena (2025) Headache Disorders: Classification and Approach to Management. In: IV Интернационален студентски конгрес на медицина – ISCOM 2025, 15-17 May 2025, Stip (https://eprints.ugd.edu.mk/36395/) – усна презентација

Главоболката претставува болка или непријатност во пределот на главата, скалпот или вратот и, всушност, таа е симптом, а не болест. Може да биде предизвикана од реакција на стрес, вазодилатација, напнатост на скелетните мускули или од комбинација на фактори. Таа може значително да варира во однос на интензитетот, времетраењето и локацијата.

21. Milanovska, Elena and Simeonovska Joveva, Elena and Shutinoski, Bojan (2025) Post-COVID Cognitive Recovery in a Hemodialysis Patient Using Neuroprotective Supplements. In: IV Интернационален студентски конгрес на медицина – ISCOM 2025, 15-17 May 2025, Stip. (https://eprints.ugd.edu.mk/36397/) - постер презентација

Се покажа дека КОВИД-19 предизвикува значителни долгорочни последици, особено врз когнитивната функција, кај пациентите што закрепнуваат. Пациентите со хронични заболувања, како што е хроничната бубрежна болест (ХББ), се изложени на поголем ризик од сериозни

компликации од КОВИД-19 и од пост-КОВИД когнитивна дисфункција (PCCD).

22. Shutinoski, Bojan and Simeonovska Joveva, Elena and Milanovska, Elena (2025) Spontaneous Cervical Epidural Hematoma in a Patient on Anticoagulant Therapy – Therapeutic Approach. In: IV Интернационален студентски конгрес на медицина – ISCOM 2025, 15-17 May 2025, Stip. (https://eprints.ugd.edu.mk/36398/) – постер презентација

Спонтаниот цервикален епидурален хематом е невообичаена причина за акутна компресија на 'рбетниот мозок. Станува збор за ретка идиопатска состојба што треба да се земе предвид кај пациенти без траума, а со акутна појава на невролошки дефицити, бидејќи доколку не се препознае навреме, може да доведе до катастрофални последици.

23. Simeonovska Joveva, Elena (2025) The influence of atherosclerotic changes and risk factors on the cognitive status of patients with asymptomatic carotid artery stenosis. In: 8th Congress of the Macedonian Neurological Society, 9-12 Oct 2025, Ohrid, North Macedonia.(https://eprints.ugd.edu.mk/37405/) – усна презентација

Атеросклерозата на каротидите е главен фактор на ризик за когнитивно опаѓање. Стенозата на каротидната артерија и дебелината на интима-медија (IMT) укажуваат на сериозноста на болеста, додека васкуларните и воспалителните фактори дополнително влијаат на ризикот од деменција.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Доц. д-р Елена Симеоновска-Јовева во периодот од 2023 до 2026 година има реализирано повеќе презентации на научни конференции и стручни собири за континуирана медицинска едукација на лекари и фармацевти во Република Северна Македонија и во странство.

24. Neuroaid Simposium – post Covid 19 and Cognitive dysfunction - 4-7 јули 2024 г., Малта.

25. Neuroaid Simposium – Spontaneous cervical epidural hematoma in a Patient on anticoagulant therapy, 14-17 февруари 2025 г., Лисабон, Португалија.

26. Алцхајмерова болест подобрување на квалитетот на животот – Фармаколошка компанија „Крка" -19 февруари 2025 г., Штип.

27. Резултати од клинички студии со Rimegepant, ефикасност и безбедност – Фармаколошка компанија „Фајзер" - март 2025 г., Штип.

28. Neuroaid Simposium – Невродегенеративни болести и новини во третманот, 25-28 септември 2025 г., Амстердам, Холандија.

29. Neuroaid Simposium - Третман на посттрауматска миелопатија, јануари 2026 г., Кипар.

30. Третман на дијабетична полиневропатија – Фармаколошка компанија „Вемакс" - март 2026 г., Гевгелија.

Кандидатката д-р Елена Симеоновска-Јовева почнувајќи од 2023 година учествува во следниве проекти:

31. GN 41851 студија за мултипла склероза (2024 - во тек).
32. CT-P53.3.1 студија за мултипла склероза (2025 - во тек).
33. TG1101-RMS-SC301 студија за мултипла склероза (2025 - во тек).
34. CCYB704A12301 студија за мултипла склероза (2025 - во тек).
35. Zepira /Zanfexa студија на Алкалоид за антидепресиви (2025 - 2026).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Елена Симеоновска-Јовева ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор и за целокупната активност во извештајниот период и има остварено (НО 30 +НИ 104.5 + САОР 23) = 157,5 поени.

Од целокупната презентирана досегашна активност може да се заклучи дека кандидатката д-р Елена Симеоновска-Јовева поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност.

Имајќи ги предвид сите факти што се наведени во овој извештај, како и освоените поени од нејзините активности од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет да ја избере кандидатката д-р Елена Симеоновска-Јовева во звање вонреден професор за наставно-научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Анита Арсовска, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Иван Барбов, вонреден професор, член, с.р.
Проф. д-р Татјана Чепреганова-Чанговска, вонр. професор, член, с.р.

ПРИЛОГ

Табела за вреднување на активностите на д-р Елена Симеоновска-Јовева, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев”.

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		Поени		**број**	**поени**	Вкупно
1	Избор во звање доцент	30				30
	ВКУПНО					**30**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1	Научен труд објавен во списание со ИФ (15/10/5) **Реден број 14 – втор автор 1x10** **Реден број 6 и 11 – останати автори 2x5**			1 2	10 5	20
2	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3) **Реден број 7 и 8 – прв автор 2x9** **Реден број 1 и 14 – втор автор 2x6** **Реден број 2, 3, 4, 5, 6, 9, 10, 11, 12, 13 – останати автори 10x3**			2 2 10	9 6 3	60
3	Учество на научен собир со постер презентација во земјава и во странство **– во земјава (реден број 21, 22)** **– во странство (реден број 18, 19)**	2	1	2	1.5	5
4	Учество на научен собир со усна презентација во земјава и во странство **– во земјава (реден број 17, 20, 23)**	3	1.5			4.5
5	Учесник во научен проект **(реден број 31, 32, 33, 34, 35)**			5	3	15
	ВКУПНО					**104.5**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
6	Книга /учебник	1	10			10
7	Пленарно предавање на стручен собир **Во земјава (реден број 26, 27, 30)** **Во странство (реден број 24, 25, 28, 29)**	3	1	4	1.5	9
8	Член на институтски орган, комисија	2	2			4
	ВКУПНО					**23**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**157,5**

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-304/23 од 23.9.2026 година донесена на 364. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 23.9.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област офталмологија (3.02.00.26) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- проф. д-р Страхил Газепов, редовен професор за наставно-научната област офталмологија, вработен во Клиничка болница - Штип и на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев» – Штип, претседател;
- проф. д-р Невенка Лабан-Гучева, редовен професор во пензија за наставно-научната област офталмологија, член;
- проф. д-р Билјана Ивановска-Аџиевска, насловен вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки, вработена во ПЗУ Специјализирана болница по офталмологија „Деница“, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 5.9.2026 година и во предвидениот рок се пријави:

доц. д-р Беким Татеши, доктор на медицински науки – клиничка медицина, специјалист по офталмологија, вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести при Клиничкиот центар во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Доц. д-р Беким Татеши е роден на 13.9.1969 година во Струга. Основно училиште завршил во ОУ „Браќа Миладиновци” во Струга. Средно училиште завршил во ЦСО „Хајдар Души“ во Ѓаковица, Косово, насока лаборант по биологија, со просечен успех 5,00. Добитник е на Вукова награда за одличен успех. Дипломирал на Медицински факултет во Загреб, Република Хрватска, во 1998 година, со просечен успех 8.03.

По завршен стаж и полагање на државниот испит бил ангажиран во Заводот за нефрологија во Струга, како лекар секундарец во Одделот за хронична хемодијализа.

Во 2002 година добил и ја започнал специјализацијата по офталмологија во Универзитетската клиника за очни болести во Скопје. На 15.3.2007 година со успех го положил специјалистичкиот испит и се стекнал со звање специјалист по офталмологија и е систематизиран во Одделот за страбизам и педијатриска офталмологија.

Во 2008 година се стекнал со титула помлад асистент на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметот Офталмологија.

Во 2009 година, под супервизија на проф. д-р Ана Орос, првпат го воведува скринингот на прематурна ретинопатија во Р Македонија.

Во 2011 година учествувал со оригинален труд на Веил Корнел Сминарот во Салцбург, Австрија, и добил прва награда од Медицинскиот колеџ *Веил Корнел* во соработка со Австриско-американската фондација.

Во 2012 год. запишал трет циклус студии во Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, насока Клиничка медицина - Офталмологија и истите ги завршил со просечна оценка 9,37 со 181 ЕКТС кредити. Докторската дисертација под наслов „Прематурна ретинопатија – скрининг и современа терапија“ ја одбранил во 2016 година и се стекнал со научно звање: доктор на медицински науки – клиничка медицина.

Во 2022 година бил избран за наставник во насловно звање насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во наставно-научната област офталмологија, а во 2024 година е избран во наставник со наставно-научно звање доцент во наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2024 година кандидатот добил Благодарница од Унијата на здруженија предводени од ЗМСТАС „За нас“, за особен придонес и развој на сестринската професија во нашата земја.

Во 2025 година е добитник на „Плакета за најдобар труд“ од Лекарската комора на Република Северна Македонија за трудот „Скрининг за прематурна ретинопатија кај предвремено родени деца во Република Северна Македонија – 15-годишни резултати (2009–2024)“.

Како специјалист-офталмолог е вработен во Универзитетската клиника за очни болести во Скопје, од 2005 година, каде што работи и до денес, во дијагностика, третман и следење на пациентите со различна офталмолошка патологија. Учествува со сопствени трудови и излагања на седум македонски и четиринаесет меѓународни офталмолошки конгреси. До сега има објавено десет научни труда во списанија со импакт фактор, како и десет труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор. Во 2013 година бил на студиски престој во Офталмолошката клиника за микрохирургија на око во Киев, Украина. Во 2014 година во Медицинскиот факултет при Универзитетот Церахпаша во Истанбул, Турција за хирургија на страбизам и конгенитална катаракта како и на Медицинскиот факултет, при Медицинскиот универзитет во Софија, Булгарија за едукација во полето на детска офталмологија и хирургија на страбизам.

Бил член на Македонско списание за офталмологија и рецензент на стручно-научно списание Медикус, Physioacta и Архиви на јавно здравје.

Бил член на Испитна комисија за полагање на прв дел од стручен испит, Лекарска комора на Република Македонија, 20.9.2016 год., 18.12.2023 год. и 23.12.2023 год.

Во 2017 год. бил член на Комисија за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа при Владата на Р Македонија, Министерство за труд и социјална политика.

Во 2017 год. бил член на Комисија за лекови за хумана употреба при Агенција за лекови и медицински средства – МАЛМЕД.

Во 2023 год. од страна на Министерството за здравство, а по барање на Факултетот за медицински науки, добива *овластување* за ментор од областа на офталмологија, заради реализација на планот и програмата за специјализација по офталмологија.

Од 2026 год, е рецензент на списанието „Dove Medical Press" од Нов Зеланд.

Член е на повеќе медицински организации како: Здружение на офталмолози на Република Македонија, Здружението на офталмолози на Република Хрватска, Европскотото здружение за страбизам, Американската академија за офталмологија (AAO), Европско здружение за катаракта и рефрактивна хирургија.

Одлично ги владее македонскиот, албанскиот, англискиот, хрватскиот и турскиот јазик.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор

Општи и посебни услови кои доц. д-р Беким Татеши ги исполнува за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научно звање на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Општи услови:

– Просек од додипломски студии – 8,03 (Медицински факултет при Универзитет во Загреб);

– Специјализација по офталмологија (завршена на Катедрата по офталмологија на Медицинскиот факултет, УКИМ);

– Научен степен - доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа офталмологија, стекнат на Медицинскиот факултет при УКИМ;

– во последните пет години (пред објавување на огласот за избор) има објавено четиринаесет научни трудови во меѓународно признаени списанија, индексирани во меѓународни бази на податоци, согласно со Законот за високо образование;

– Има способност за изведување на високообразовна дејност.

Посебни услови:

Кандидатот доц. д-р Беким Татеши ги исполнува посебните услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор, и тоа:

1. Кандидатот е автор на рецензираниот ракопис „Бинокуларен вид", наменет како универзитетско учебно помагало за студентите на студиските програми Општа медицина и Оптометрија при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Согласно со Одлука бр. 2002/89-16 од 6. 3.2026 година, формирана е Рецензентска комисија, која по извршената рецензија констатирала дека ракописот претставува стручно и научно засновано дело, усогласено со наставните програми, ги исполнува критериумите за објавување како универзитетско учебно помагало и предложила негово издавање.

2. Кандидатот остварува континуирана меѓународна научноистражувачка соработка како член на Global Retinoblastoma Study Group, со учество во меѓународно собирање и анализа на податоци и во подготовка на мултицентрични научни публикации. Како резултат на оваа соработка, во периодот 2022–2026 година се објавени повеќе научни трудови од областа на ретинобластомот во реномирани меѓународни научни списанија, меѓу кои *Eye*, *British Journal of Ophthalmology*, *Ophthalmology Retina* и *JAMA Ophthalmology*.

3. Кандидатот има континуиран придонес во стручното и практичното оспособување на помлади лекари и соработници од областа на офталмологијата преку непосредна клиничка едукација и менторство во рамките на специјалистичката едукација.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Врз основа на член 75 од Законот за високо образование, член 33 од Статутот на Медицински факултет - Скопје, Наставно-научниот совет на својата 15. редовна седница, одржана на 22.5.2008 година, донесува Одлука за избор на д-р Беким Татеши за избор на помлад асистент по предметот Офталмологија. Според предвидената програма, ги организирал вежбите од горенаведениот предмет.

Во 2022 година кандидатот доц. д-р Беким Татеши е избран во насловен доцент, а подоцна во 2024 година во доцент за наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Оттогаш активно е вклучен во изведување на теоретска и практична настава по предметите Офталмологија за студентите од студиската група Општа медицина, како и Патологија и патофизиологија на очни болести, Контактни леќи 1, Контактни леќи 2 и Фармакологија на око на студиската програма од прв циклус Оптометрија и очна оптика.

Ангажиран е и како наставник на втор циклус студии, студиска програма Специјалистички стручни студии по оптометрија, по предметот Педијатриска оптометрија.

Ментор, а воедно и член на комисија на 12 дипломски работи (прв циклус студии) и член на комисија за одбрана на 6 специјалистички трудови од Специјалистички стручни студии по оптометрија на ФМН при УГД-Штип.

Во 2025 година кандидатот бил член на Научниот одбор на Четвртиот интернационален студентски конгрес на општа медицина – ИСКОМ 2025, организиран од Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, одржан од 15 до 17 мај 2025 година.

Во просториите на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести врши едукација на специјализанти запишани на специјализација по офталмологија.

Актуелно е ментор на шест специјализанти запишани на специјализација по офталмологија на ФМН при УГД – Штип.

Доц. д-р Беким Татеши, покрај високата професионалност во стручниот ангажман, покажува и посебен интерес кон научноистражувачката работа. Има објавено дваесет трудови во меѓународни, индексирани научни списанија и околу четириесет трудови објавени во книгите на апстракти. Учествува на бројни конгреси, симпозиуми, семинари, како во земјава така и во странство. Активното учество го реализира со презентација на оригинални трудови и како поканет предавач. Од особен интерес и се истражувањата од полето на

прематурна ретинопатија, хирургија на страбизам, детска офталмологија и факохирургија.

Во овој извештај се елаборирани и евалуирани трудовите на доц. д-р Беким Татеши публикувани само во последните пет години.

Бр.	Автор	Наслов на трудот	Списание	Година на излегување на списанието
1.	Global Retinoblastoma Study Group.	**“Global Patterns of Cross-Border Travel for Retinoblastoma Care”.**	JAMA Ophthalmology. Објавено онлајн на 20.8.2026 (Online ahead of print). DOI: 10.1001/jamaophthalmol.2026.3336	2026 год.
2.	Yael Lustig-Barzelay MD [1], Dupe S. Ademola-Popoola MD, FMCOph [2 3], Mazin Faisal Al-Jadiry MD [4], Rolika Bansal MD [5], Franco Benvenuto MD [6], Richard Bowman MA, MD [7 8], Nathalie Cassoux MD, PhD [9], Shabana Chaudhry MD [10], Bhavna Chawla MBBS, MS [11], Codruta Comsa MD [12], Lauren A. Dalvin MD [13], Vera Adobea Essuman MBChB, FWACS [14], Lara Sandri MBBCh, FC Ophthal [15], Sandra Elfride Staffieri BAppSc(orth), PhD [16 17], Christina Stathopoulos MD [18], Anne Susanty MD [19], Ido Didi Fabian MD [17*] Global Retinoblastoma Study Group (… **Bekim Tateshi, Md, PhD** …)	**“Increasing Familial Retinoblastoma in High-Income Countries despite Stable Overall Incidence, 2017 to 2024”**	Ophthalmology Retina, Volume 10, Issue 9 Pages A1-A16, e81-e94, 897-980 (September 2026) https://doi.org/10.1016/j.oret.2026.06.025	2026 год.
3.	Global Retinoblastoma Study Group (… **Bekim Tateshi**, MD, PhD …)	**Global Retinoblastoma Service Availability in 2024 and Equity Trends Since 2017**	Br J Ophthalmol, 2026 Sep 2:bjo-2026-329476. DOI: 10.1136/bjo-2026-329476	2026 год.
4.	Richard Bowman, Mattan Arazi, Nathalie Cassoux, Allen Foster, Nir Gomel, Noa Kapelushnik, David MacLeod, Ido Didi Fabian for the Global Retinoblastoma Study Group (… **Bekim Tateshi, MD, PhD** …)	**Retinoblastoma Outcomes in Europe: A Prospective Analysis of 483 Patients from 40 Countries**	Eye volume 40, pages390–398 (2026) DOI: 10.1038/s41433-025-04144-y	2026 год.

5.	**Tateshi B.[1],[3],** Pandilov S.[1],[2], Tateshi-Veliu E.[3],[4] [1] University Clinic for Eye Diseases, Skopje, North Macedonia [2] Faculty of Medicine, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Skopje, North Macedonia [3] Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia [4] Department of Ophthalmology, City General Hospital "8th September", Skopje, North Macedonia	**Diagnostic Evaluation and Surgical Treatment of Exotropia in a Patient with Straatsma Syndrome – Case Report**	Academic Medical Journal. Vol. 5 No. 3 (2025): Acad Med J DOI: 10.53582/AMJ2553216t	2025 год.
6.	Kaliki S., Vempuluru V.S., Fabian I.D.; Global Retinoblastoma Study Group (group member and collaborator: **Bekim Tateshi, MD, PhD**)	**Retinoblastoma with and without Extraocular Tumor Extension: A Global Comparative Study of 3435 Patients**	Ophthalmology Science. 2025;5(2):100637. DOI: 10.1016/j.xops.2024.100637 PMID: 39758129	2025 год.
7.	Mihajlovski G., **Tateshi B.** Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Shtip, North Macedonia	**Screening for Retinopathy of Prematurity**	KNOWLEDGE – International Journal. 2025;68(4):481–485. ISSN 1857-923X (Print); ISSN 2545-4439 (Online). https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7165	2025 год.
8.	Shukarova Stefanovska E.[1], Maleva Kostovska I.[1], Noveski P.[1], Pandilov S.[2], **Tateshi B**.[2], Trpevska Shekerinov N.[2], Dimitrova G.[3], Plaseska-Karanfilska D.[1] [1] Macedonian Academy of Sciences and Arts, Research Centre for Genetic Engineering and Biotechnology, Skopje, North Macedonia [2] University Clinic for Eye Diseases, Faculty of Medicine, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Skopje, North Macedonia [3] Department of Ophthalmology, City General Hospital "8th September", Skopje, North Macedonia	**Unveiling the Genetic Landscape of Visual Impairment in North Macedonia: Insights from Whole Exome Sequencing**	European Journal of Human Genetics. 2025;33(Suppl 1). Abstract P04.056.C. Presented at the 58th European Society of Human Genetics (ESHG) Conference, Milan, Italy, 24–27 May 2025. https://www.nature.com/articles/s41431-025-01935-5	2025 год.

9.	Татеши Е.[1], **Татеши Б**.[2,3], Димитрова-Радојичиќ Д.[4] [1] Универзитет во Тетово, Педагошки факултет, [2] Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија [3] Универзитетска клиника за очни болести, Скопје, Северна Македонија [4] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет,	**Рефрактивни грешки кај децата од училишна возраст: преглед на литература**	Medical Journal MEDICUS. 2024;29(1):76–80. ISSN 1409-6366.	2024 год.
10.	**Tateshi B**.[1,2], Pandilov S.[1], Mageroska Spirkoska A.[3], Pepelasheva Jovanova E.[4] [1] University Clinic for Eye Diseases, Skopje, North Macedonia [2] Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Shtip, North Macedonia [3] General Hospital with Extended Activity, Department of Ophthalmology, Prilep, North Macedonia [4] General Hospital, Department of Ophthalmology, Veles, North Macedonia	**Bilateral Uveal Coloboma in Combination with a Systemic Syndrome – A Case Report**	https://amj.mk/index.php/amj/issue/view/12 DOI: 10.53582/AMJ2443127t	2024 год.
11.	Tateshi E.[1], Ameti M.[1], Ilazi A.[1], Dimitrova-Radojichikj D.[2], **Tateshi B**.[3] [1] Faculty of Pedagogy, Institute for Special Education and Rehabilitation, University of Tetovo, Tetovo, North Macedonia [2] Faculty of Philosophy, Institute of Special Education and Rehabilitation, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Skopje, North Macedonia [3] Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Shtip, North Macedonia	**Visual Impairment in School-Aged Children**	KNOWLEDGE – International Journal. 2024;67(2):331–334. https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/issue/view/232	2024 год.
12.	**Tateshi B**.[1,2], Klenkoski S.[1] [1] University Clinic for Eye Diseases, Skopje, North Macedonia [2] Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Shtip, North Macedonia	**Screening for Retinopathy of Prematurity in Preterm Infants Born in North Macedonia: 10-Year Results (2010–2020)**	Acta Medica Balkanica. 2023;8(15–16). https://sites.google.com/unite.edu.mk/acta-medica-balkanica/vol-8-no-15-16-2023	2023 год.

13.	The Global Retinoblastoma Study Group (group member and collaborator: **Bekim Tateshi**, MD, PhD)	**The Global Retinoblastoma Outcome Study: A Prospective, Cluster-Based Analysis of 4,064 Patients from 149 Countries**	The Lancet Global Health. 2022;10(8):e1128–e1140. DOI: https://www.thelancet.com/journals/langlo/article/PIIS2214-109X(22)00250-9/fulltext#	2022 год.
14.	**Беким Татеши** 1 , Сузана Кленкоски 1, *Стефан Пандилов1* 1 Универзитетска Клиника за очни болести	**Brown синдром како последица на родилна траума во предел на десна орбита.**	Medical Journal MEDICUS 27 (1), 134-138 https://www.medalb.com/revista/medicus-prill-2022.pdf	2022 год.

Евалуација на трудовите за избор на доц. д-р Беким Татеши (публикувани во последните пет години)

1.1. "Global Patterns of Cross-Border Travel for Retinoblastoma Care". JAMA Ophthalmology. Global Retinoblastoma Study Group. DOI: 10.1001/jamaophthalmol.2026.3336.

Трудот ја анализира прекуграничната мобилност на децата со ретинобластом заради обезбедување специјализиран третман и разликите во достапноста на здравствената грижа меѓу земјите. Во новата глобална кохорта од 2024 година се проценуваат зачестеноста и факторите поврзани со прекуграничното лекување, со споредба на резултатите со податоците од 2017 година.

Доц. д-р Беким Татеши е член на Global Retinoblastoma Study Group и со учеството во трудот ја продолжува меѓународната мултицентрична научноистражувачка соработка во областа на ретинобластомот.

1.2. Lustig-Barzelay Y., Ademola-Popoola D.S., Al-Jadiry M.F., et al., Global Retinoblastoma Study Group. "Increasing Familial Retinoblastoma in High-Income Countries despite Stable Overall Incidence, 2017 to 2024." Ophthalmology Retina. 2026.

Трудот претставува меѓународна мултицентрична студија на Global Retinoblastoma Study Group, во која се анализираат податоци од 33 земји со висок приход, со споредба на инциденцата на ретинобластом и застапеноста на фамилијарниот ретинобластом во 2017 и 2024 година. Анализата опфаќа 538 деца во 2017 и 434 деца во 2024 година. Резултатите покажуваат дека вкупната инциденца на ретинобластом останала стабилна, додека процентот на фамилијарен ретинобластом значајно се зголемил од 7,1% на 10,4% (p=0,017), што претставува релативно зголемување од 46,5%. Наодите имаат значење за генетското советување и стратегиите за следење на семејствата со наследен ризик.

Кандидатот доц. д-р Беким Татеши е член на Global Retinoblastoma Study Group и учествува во оваа меѓународна научноистражувачка соработка. Трудот е објавен во Ophthalmology Retina, списание на American Academy of Ophthalmology, издавано од Elsevier.

1.3. Global Retinoblastoma Study Group (… **Bekim Tateshi**, MD, PhD …) "Global Retinoblastoma Service Availability in 2024 and Equity Trends Since 2017". Br J Ophthalmol, 2026 Sep 2:bjo-2026-329476. Кандидатот доц. д-р Беким Татеши е член на Global Retinoblastoma Study Group и како дел од оваа меѓународна

истражувачка група учествува во глобалната научноистражувачка соработка во областа на ретинобластомот.

Во трудот е анализирана глобалната достапност на дијагностичките и терапевтските услуги за ретинобластом во 2024 година, како и промените во нивната распределба во однос на економското ниво на земјите во споредба со 2017 година. Истражувањето има исклучително широк меѓународен опфат и вклучува 438 центри од 145 земји, додека лонгитудиналната анализа опфаќа 246 центри од 124 земји.

Резултатите покажуваат подобрување на глобалната достапност на услугите за ретинобластом во периодот 2017–2024 година, со особено зголемување на достапноста на генетското тестирање, интравитреалната хемотерапија и криотерапијата. И покрај намалувањето на економските нееднаквости, напредните дијагностички постапки и современите терапии насочени кон зачувување на окото и понатаму се претежно достапни во земјите со повисоки приходи.

Трудот има значајна научна и клиничка вредност, бидејќи обезбедува глобални споредливи податоци за развојот и достапноста на современата грижа за пациентите со ретинобластом и ги идентификува областите во кои сè уште постојат значајни нееднаквости.

Учеството на кандидатот како член на Global Retinoblastoma Study Group во оваа голема меѓународна мултицентрична студија претставува значаен сегмент од неговата меѓународна научноистражувачка активност и соработка во областа на офталмологијата и ретинобластомот.

1.4. Richard Bowman, Mattan Arazi, Nathalie Cassoux, Allen Foster, Nir Gomel, Noa Kapelushnik, David MacLeod, Ido Didi Fabian for the Global Retinoblastoma Study Group (…**Bekim Tateshi, MD, PhD**…). "Retinoblastoma Outcomes in Europe: A Prospective Analysis of 483 Patients from 40 Countries". Eye volume 40, pages390–398 (2026). Кандидатот доц. д-р Беким Татеши е член на Global Retinoblastoma Study Group и е наведен како член на истражувачката група во овој труд, со што учествува во голема меѓународна мултицентрична научноистражувачка соработка во областа на ретинобластомот.

Трудот претставува проспективна анализа на 483 деца со ретинобластом од 40 европски земји, дијагностицирани во текот на 2017 година и следени во период од три години. Анализирани се клиничката презентација, применетите терапевтски модалитети и исходите од лекувањето, со посебен осврт на влијанието на економскиот статус на земјите.

Резултатите покажуваат дека 70% од пациентите имале унилатерален, а 30% билатерален ретинобластом. Екстраокуларна болест при презентацијата била регистрирана кај само 0,8% од децата, но била поврзана со значително повисока смртност. Кај децата од земјите со среден приход почесто била присутна болест во напреднат стадиум, а смртноста од ретинобластом била повисока во споредба со земјите со висок приход. И покрај примената на современи терапевтски пристапи, 58% од децата биле подложени на енуклеација, што укажува дека зачувувањето на окото останува значаен терапевтски предизвик.

Трудот има значајна научна и клиничка вредност бидејќи обезбедува проспективни мултинационални податоци за лекувањето и тригодишните исходи на ретинобластомот во Европа и укажува на влијанието на економските нееднаквости врз стадиумот на болеста и преживувањето.

Учеството на доц. д-р Беким Татеши како член на Global Retinoblastoma Study Group во оваа проспективна студија од 40 европски земји претставува значаен придонес во неговата меѓународна научноистражувачка активност и ја потврдува неговата континуирана вклученост во меѓународни мултицентрични истражувања од областа на ретинобластомот.

1.5. **Татеши Б.**, Пандилов С., Татеши-Велиу Е. "Diagnostic Evaluation and Surgical Treatment of Exotropia in a Patient with Straatsma Syndrome – Case Report". Academic Medical Journal. Vol. 5 No. 3 (2025): Acad Med J. Трудот прикажува редок клинички случај на Стратсма синдром, офталмолошка состојба која се карактеризира со тријада од миелинизирани ретинални нервни влакна, висока миопија и амблиопија. Прикажан е 22-годишен пациент со висока унилатерална миопија, амблиопија и миелинизирани ретинални нервни влакна долж долната темпорална аркада, придружени со хипоплазија на оптичкиот нерв и егзотропија со голем агол.

Поради изразената егзотропија била извршена хируршка корекција од козметички причини. Особено значаен аспект на случајот е присуството на тешко оштетување на видната функција како последица на амблиопија која не била лекувана во детството. Со тоа трудот ја нагласува важноста на раното препознавање и навремената дијагноза на Стратсма синдромот, со цел навремено започнување на третманот на амблиопијата и спречување на трајно намалување на видната функција.

Научно-стручната вредност на трудот произлегува од приказот на ретка офталмолошка состојба и нејзината комплексна поврзаност со рефрактивни, ретинални, неврофталмолошки и страбизмички промени. Трудот претставува придонес кон клиничката офталмологија, особено во областа на страбизмологијата, амблиопијата и педијатриската офталмологија, и ја истакнува потребата од рана дијагноза и навремено лекување кај пациентите со Стратсма синдром.

1.6. Kaliki S., Vempuluru V.S., Fabian I.D.; Global Retinoblastoma Study Group (group member and collaborator: **Bekim Tateshi, MD, PhD**). "Retinoblastoma with and without Extraocular Tumor Extension: A Global Comparative Study of 3435 Patients". Ophthalmology Science. 2025;5(2):100637. Кандидатот доц. д-р Беким Татеши е член на Global Retinoblastoma Study Group и како дел од оваа меѓународна истражувачка група учествува во глобалната мултицентрична научноистражувачка соработка во областа на ретинобластомот. Трудот претставува голема проспективна, мултицентрична и интерконтинентална студија, во која се анализирани 3.435 пациенти со ретинобластом, од кои 319 со екстраокуларна туморска екстензија и 3.116 без екстраокуларна екстензија. Основната цел е да се споредат начинот на лекување, појавата на системски метастази и смртноста кај двете групи пациенти. Резултатите покажуваат јасна поврзаност помеѓу екстраокуларната екстензија на ретинобластомот и економското ниво на земјата. Екстраокуларна болест била значително почеста кај пациентите од земјите со низок приход. Кај пациентите со екстраокуларна екстензија биле утврдени значително повисоки стапки на системски метастази и смртност во споредба со пациентите без екстраокуларна екстензија. Анализата дополнително покажала дека тримодалниот терапевтски пристап – интравенска хемотерапија, хируршки третман и надворешна радиотерапија – е поврзан со подобар исход во споредба со терапевтските протоколи во кои

не е вклучена радиотерапија. Научната и клиничката вредност на трудот се состои во големиот број пациенти, глобалниот карактер на истражувањето и идентификацијата на важни прогностички и социоекономски фактори поврзани со напреднатата форма на ретинобластом. Резултатите имаат непосредно клиничко значење за изборот на терапевтскиот пристап кај пациентите со екстраокуларна туморска екстензија.

Учеството на доц. д-р Беким Татеши како член на Global Retinoblastoma Study Group во оваа голема интерконтинентална студија претставува значаен сегмент од неговата континуирана меѓународна научноистражувачка активност и придонес во истражувањата од областа на ретинобластомот и офталмолошката онкологија.

1.7 Mihajlovski G., **Tateshi B.**, "Screening for Retinopathy of Prematurity", KNOWLEDGE – International Journal. 2025;68(4):481–485. Трудот ја обработува прематурната ретинопатија (ROP) како значајно вазопролиферативно заболување на незрелата ретина кај предвремено родените деца и ја нагласува важноста на организираниот и навремен офталмолошки скрининг за спречување на тешко оштетување на видот и слепило. Авторите ги анализираат главните фактори на ризик за развој на ROP, меѓу кои особено се издвојуваат ниската гестациска возраст, ниската родилна тежина и потребата од дополнителна кислородна терапија. Посочено е дека ризикот е особено висок кај новороденчињата со родилна тежина под 1.000 g и кај децата родени пред 27. гестациска недела. Дополнително значење имаат придружните неонатални состојби, како инфекции, интравентрикуларна хеморагија, бронхопулмонална дисплазија и хипергликемија.

Посебно внимание во трудот е посветено на значењето на раното откривање на заболувањето и тесната соработка помеѓу офталмолозите и неонатолозите. Навременото препознавање на ризичните новороденчиња и редовните офталмолошки прегледи овозможуваат рано откривање на ретиналните промени и навремено насочување кон третман, со што се намалува ризикот од трајно оштетување на видот. Научно-стручната вредност на трудот се состои во систематизирањето на ризик-факторите и истакнувањето на скринингот како клучна превентивна мерка кај предвремено родените деца. Кандидатот доц. д-р Беким Татеши е коавтор на трудот, кој е директно поврзан со неговата потесна научна и клиничка област на интерес – прематурна ретинопатија. Трудот претставува придонес кон унапредувањето на раното откривање, превенцијата на тешко оштетување на видот и подобрувањето на квалитетот на живот кај предвремено родените деца.

1.8 Shukarova Stefanovska E., Maleva Kostovska I., Noveski P., Pandilov S., Tateshi B., Trpevska Shekerinov N., Dimitrova G., Plaseska-Karanfilska D.

"Unveiling the Genetic Landscape of Visual Impairment in North Macedonia: Insights from Whole Exome Sequencing". Трудот претставува значајна молекуларно-генетска анализа на причините за оштетување на видот кај пациенти од Северна Македонија. Со примена на секвенционирање на целиот егзом (WES) кај 44 пациенти, авторите идентификувале каузални патогени варијанти кај 34 пациенти (77,3%), при што од вкупно 35 различни патогени варијанти, девет биле новооткриени. Резултатите укажуваат на изразена генетска хетерогеност на наследните заболувања поврзани со оштетување на видот. Најчесто бил засегнат генот ABCA4, а биле идентификувани и

патогени варијанти во повеќе автозомно рецесивни, автозомно доминантни и Х-поврзани гени. Високиот процент на молекуларно потврдени случаи ја истакнува практичната вредност на WES во дијагностиката на наследните офталмолошки заболувања. Трудот има научно и клиничко значење бидејќи ја поврзува современата генетска дијагностика со офталмолошката клиничка практика и придонесува за попрецизна дијагноза, прогноза, генетско советување и планирање на соодветен терапевтски пристап кај пациентите со наследни оштетувања на видот. Учеството на кандидатот доц. д-р Беким Татеши во ова мултидисциплинарно истражување претставува придонес во научноистражувачката соработка меѓу офталмологијата и молекуларната генетика.

1.9. Ермира Татеши, **Беким Татеши**, Даниела Димитрова-Радојичиќ. „Рефрактивни грешки кај децата од училишна возраст: преглед на литература“, Medical Journal MEDICUS. 2024;29(1):76–80. Трудот претставува преглед на литературата за рефрактивните грешки кај децата од училишна возраст, со фокус на нивната застапеност, видовите рефрактивни аномалии и улогата на семејната анамнеза. Авторите го истакнуваат значењето на некоригираните рефрактивни грешки како превентабилна причина за оштетување на видот, со посебен осврт на изразениот пораст на преваленцијата на миопијата во последните две децении. Нагласена е потребата од рано откривање и навремена корекција на рефрактивните грешки кај децата, со цел спречување на трајно оштетување на видната функција. Трудот има стручно и превентивно значење во областа на педијатриската офталмологија и оптометријата, бидејќи ја потенцира важноста на навремените офталмолошки прегледи и корекцијата на рефрактивните аномалии кај училишната популација.

1.10. Tateshi Bekim, Pandilov Stefan, Mageroska Spirkoska Angelka, Pepelasheva Jovanova Eleonora. “Bilateral uveal coloboma in combination with a systemic syndrome – a case report“, **The Academic Medical Journal, 2024;4(3):127-132**. Трудот прикажува редок случај на билатерален увеален колобом кај 9-годишно девојче, придружен со ектродактилија на долните екстремитети, веројатно во рамките на синдромот ектродактилија–ектодермална дисплазија–расцеп. Авторите го истакнуваат значењето на поврзаноста на увеалниот колобом со други конгенитални и системски аномалии, што укажува на потребата од сеопфатна процена на пациентите со вакви офталмолошки наоди. Кај пациентката е спроведено редовно офталмолошко следење со биомикроскопија, фундоскопија, оптичка кохерентна томографија на задниот сегмент и периметрија, со цел навремено откривање на можните офталмолошки компликации. Трудот има стручно и клиничко значење бидејќи прикажува ретка комбинација на билатерален увеален колобом и системска конгенитална аномалија и ја нагласува важноста на долгорочното офталмолошко следење.

1.11 Ermira Tateshi, Makfirete Ameti, Aferdita Ilazi, Daniela Dimitrova-Radojichikj, **Bekim Tateshi,** Visual impairment in school-aged children, KNOWLEDGE – International Journal. 2024;67(2):331–334.Трудот ги анализира причините за оштетување на видот кај децата до 12-годишна возраст, врз основа на ретроспективна анализа на податоци од Универзитетската клиника за очни болести во Скопје за 2023 година. Анализата опфаќа 15.039 деца со дијагностицирано очно заболување. Најзастапен е страбизмот со 56,9% (8.555 деца), по што следуваат рефрактивните грешки со 41,6% (6.258 деца),

додека инфантилната и јувенилната катаракта и конгениталните аномалии на леќата се застапени во значително помал процент. Резултатите ја нагласуваат потребата од рано откривање на страбизмот и рефрактивните грешки и навремена интервенција со цел спречување на долготрајни последици врз видниот развој на детето.

1.12 Bekim Tateshi, Suzana Klenkoski. Screening for Retinopathy of Prematurity in Preterm Infants Born in North Macedonia: 10-Year Results (2010–2020). Acta Medica Balkanica, 2023;8 (15–16). Трудот претставува ретроспективна анализа на десетгодишните резултати од скринингот за ретинопатија на прематуритет (ROP) кај предвремено родени деца во Северна Македонија во периодот 2010–2020 година. Во анализираниот период биле извршени 15.825 прегледи, а во скрининг-програмата биле опфатени 4.518 предвремено родени деца. Активна ROP со индикација за третман била утврдена кај 580 деца (12,84%), при што 345 биле третирани со ласерска фотокоагулација, а 243 со anti-VEGF терапија. Резултатите го потврдуваат значењето на систематскиот скрининг кај предвремено родените деца, особено кај новороденчињата родени ≤30 гестациски недели и/или со родилна тежина ≤1.500 g, како и кај селектирани клинички нестабилни новороденчиња со поголема родилна тежина. Трудот има значајна клиничка и научноистражувачка вредност бидејќи прикажува десетгодишно национално искуство со скринингот и третманот на ROP и е непосредно поврзан со континуираната научна и клиничка дејност на кандидатот во областа на ретинопатијата на прематуритет.

1.13. The Global Retinoblastoma Study Group (group member and collaborator: **Bekim Tateshi, MD, PhD**). "**The Global Retinoblastoma Outcome Study: A Prospective, Cluster-Based Analysis of 4,064 Patients from 149 Countries".** *The Lancet Global Health*. 2022;10(8):e1128–e1140. Трудот претставува голема глобална проспективна студија која опфаќа 4.064 деца со ретинобластом од 149 земји, лекувани во 260 специјализирани центри и следени во период од три години. Резултатите покажуваат изразени разлики во преживувањето во зависност од економското ниво на земјата. Тригодишното преживување изнесувало 99,5% во земјите со висок приход, наспроти 57,3% во земјите со низок приход. Напреднатиот тумор при дијагнозата, ниското економско ниво на земјата и повозрасната возраст при дијагностицирање се идентификувани како фактори поврзани со полошо преживување. Студијата има висока научна и клиничка вредност бидејќи опфаќа приближно половина од сите новодијагностицирани случаи на ретинобластом во светот во 2017 година и укажува на значајните глобални нееднаквости во исходот од лекувањето. Кандидатот доц. д-р Беким Татеши, како член на Global Retinoblastoma Study Group, учествува во оваа обемна меѓународна мултицентрична научноистражувачка соработка од областа на ретинобластомот.

1.14. Brown синдром како последица на родилна траума во предел на десна орбита. Беким Татеши, Сузана Кленкоски, Стефан Пандилов, Универзитетска клиника за очни болести. Medical Journal MEDICUS 27 (1), 134-138. Трудот претставува приказ на редок клинички случај на Brown синдром кај седумгодишно девојче, со анамнестички податок за родилна траума во пределот на десната орбита при вакуум-асистирано породување. Дијагнозата е поставена врз основа на карактеристичната клиничка слика и позитивниот тест на форсирана дукција, при што се разгледуваат можните етиолошки

фактори за појава на синдромот. Во трудот се прикажани дијагностичкиот пристап, диференцијалната дијагноза и клиничкото значење на навременото препознавање на ова ретко нарушување на окуларниот мотилитет. Авторите укажуваат дека родилната траума е можна причина за нарушување на тетивно-трохлеарниот комплекс на горниот кос мускул, при што како алтернативна можност се разгледува и конгенитален Brown синдром.

Трудот има стручно и едукативно значење за офталмолозите, особено во областа на страбологијата и педијатриската офталмологија, бидејќи преку конкретен клинички случај го нагласува значењето на правилната проценка на окуларниот мотилитет и тестот на форсирана дукција во дијагностиката на Brown синдромот.

Трудови презентирани како постери, усни излагања и поканети предавања на меѓународни конгреси и симпозиуми во последните пет години

2.1. Tateshi B., "ROP in North Macedonia: Screening and Treatment (2009–2024)". Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia

Усно излагање на Шестиот светски конгрес за прематурна ретинопатија (World ROP Congress), Фиренца, Италија, 2025 год.

2.2. Tateshi-Veliu E., **Tateshi B. "Ankyloblepharon Filiforme Adnatum: A Rare Case Report of Congenital Eyelid Fusion in a Newborn."** Усно предавање на Петтиот клинички конгрес на Косовскиот колеџ на хирурзи (Kosova College of Surgeons), Приштина, Косово, 2025 година.

https://koscs.org/wp-content/uploads/2025/11/2025-Congress-Abstract-Book-upd-Nov-18-compressed.pdf

2.3. Tateshi B., Dalipi R., Jahja R., Tateshi-Veliu E. **"Pediatric Cataract – Management and Outcomes."** Поканет предавач - усно предавање на Петтиот клинички конгрес на Косовскиот колеџ на хирурзи (Kosova College of Surgeons), Приштина, Косово, 2025 година.

https://koscs.org/wp-content/uploads/2025/11/2025-Congress-Abstract-Book-upd-Nov-18-compressed.pdf

2.4. Tateshi B., Klenkoski S., Jahja R., Tateshi Veliu E., Kostovska B. **"Simple Excision of a Large Limbal Dermoid Cyst in a Pediatric Patient: A Case Report."** E-постер презентиран на 43. Конгрес на Европското здружение на хирурзи за катаракта и рефрактивна хирургија (ESCRS), Копенхаген, Данска, 12–16 септември 2025 година.

https://escrs-distribution.m-anage.com/from.storage?image=HdJUHX5fX6NNUAEfJTWX7tQMPyfvMk3j4zaxRiuNpxqc0Y2N_F2OUYJNseNezXyZ0

2.5. Ermira TATESHI, **Bekim TATESH**I, Daniela DIMITROVA-RADOJICHIKJ, **„Presbyopia: difference in quality of life according to gender and education",**

6th International Scientific Conference of the Faculty of Pedagogy, Faculty of Pedagogy - University of Tetova,

12 – 13 November, 2025 at University of Tetova, North Macedonia. * Corresponding Author: e-mail: ermiratateshi@gmail.com

https://sites.google.com/unite.edu.mk/pedagogy-conference/program

2.6. Excessive Smartphone Use – A Cause of Acute Acquired Concomitant Esotropia, Selimi Ademi D.[1], Dalipi R.[2], **Tateshi B.[2],[3],**

[1]Department of Ophthalmology, General Hospital, Kumanovo, North Macedonia

[2]University Clinic for Eye Diseases, Skopje, North Macedonia

[3]Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia

Presented at the Professional Medical Meeting of the Association of Albanian Medical Doctors in North Macedonia, Struga, 2025.

https://www.medalb.com/wp-content/uploads/2025/10/Libri-i-abstrakteve-struge-2025.pdf

2.7. Tateshi B., Gazepov S., Kostovska B. **"Retinopathy of Prematurity in North Macedonia: Screening and Treatment (2009–2024)."** Поканет предавач - усно предавање на XIII Меѓународен симпозиум на Фондацијата „Национална академија за глауком" (National Academy of Glaucoma), Бугарија, 2024 година.

https://bglekari.bg/9-novini/545-xiii-mezhdunaroden-simpozium-na-fondatziya-natzionalna-akademiya-glaukoma

2.8. Kostovska B., Gazepov S., **Tateshi B. "The Importance of Thrombophilia Screening in Young Patients with Retinal Vein Occlusion."**

Усно презентиран на XIII Меѓународен симпозиум на Фондацијата „Национална академија за глауком" (National Academy of Glaucoma), Бугарија, 2024 година.

https://bglekari.bg/9-novini/545-xiii-mezhdunaroden-simpozium-na-fondatziya-natzionalna-akademiya-glaukoma

2.9. Татеши Б. „Ретинопатија на прематуритет во Северна Македонија – скрининг и терапевтски предизвици."
Поканет предавач - усно предавање на Здружението на неонатолози на Република Северна Македонија, 2024 година.

Официјална програма – Неонатологија 2024

2.10. Беким Татеши, Минимална хирургија на страбизам
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија

Поканет предавач - пленарно предавање на Третиот конгрес на студенти по Општа медицина 17-18 мај 2024 г.

https://fmn.ugd.edu.mk/images/2024/08/kniga-apstrakti-kongres-2024.pdf

2.11. Kostovska B., Sofronijevikj M., Tateshi E., Angelovski L., Sotirovski B., **Tateshi B. "Blepharoxanthogranuloma: A Rare Ocular Manifestation of Xanthogranuloma Necrobioticum."**

42nd Congress of the ESCRS will take place at Fira de Barcelona (Gran Via), Spain, from 6 to 10 September 2024.

https://escrs-distribution.m-anage.com/from.storage?image=6yGc-HBwvfiAHrgZ0STQFfBmkNUup3xFEEKjuBwTTmqfSuOuTFL5EL6v2zKkUE6B0

2.12. "Retinopathy of prematurity-treatment with anti-VEGF"
Bekim TATESHI

1* Faculty of medical sciences, University Goce Delchev, Stip,

2* University Eye Clinic, Skopje,

2nd Congress of Pan Albanian Ophthalmology Society, Tirana, 20-21 September, 2024

https://paao.al/programi/

2.13. "Treatment of Childhood Myopia with Atropine 0.01%"

Tateshi B 1., Gjorgjevska S1., Tateshi E 2,3.

1*University Eye Clinic - Skopje, North Macedonia.

2*Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia.

3*The specialized hospital "Sistina ophthalmology" – Skopje, North Macedonia. THE VIII-th NATIONAL CONGRESS OF ALBANIAN OPHTHALMOLOGICAL SOCIETY

26-28 MAY 2023, TIRANA INTERNATIONAL HOTEL & CONFERENCES CENTER, TIRANA, ALBANIA

https://www.shosh-al.com/web/wp-content/uploads/2023/05/kongres-2023-anglisht-3.pdf

2.14. „Квалитет на живот кај лицата со пресбиопија"

Ермира Татеши[1], Даниела Димитрова-Радојичиќ[2], **Беким Татеши[3]**, Бунјамин Мемеди[1]

[1] Универзитет во Тетово. Педагошки факултет, Тетово.

[2] Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за специјална едукација и рехабилитација, Скопје.

[3] Универзитетска клиника за очни болести, Скопје.

Факултет за медицински науки, УГД, Штип.

6. Меѓународна научна конференција „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација", Охрид, Република С. Македонија, 14 до 16 септември 2023 година.

http://fzf.ukim.edu.mk/em6-мегународна-научна-конференција-30-го/

2.15 Reçi V., **Tateshi B.**, Sharaf Eldin M. **"Anti-Vascular Endothelial Growth Factor Therapy in Non-Age-Related Degenerative Macular Neovascularisation".**

Поканет предавач - усно предавање на Третиот клинички конгрес на Косовскиот колеџ на хирурзи (Kosova College of Surgeons), Приштина, Косово, 12–15 октомври 2023 година.

Abstract Book

2.16 Tateshi B. "Screening for Retinopathy of Prematurity in Premature Babies Born in North Macedonia".

Презентиран на Третиот клинички конгрес на Косовскиот колеџ на хирурзи (Kosova College of Surgeons), Приштина, Косово, 2023 година.

Abstract Book

2.17 E. Tateshi, M. Rexhepi, **B. Tateshi „CYCLIC ESOTROPIA",** University Eye Clinic, Skopje, Macedonia.

XXVIII Professional Medical Meeting.

Association of Albanian Medical Doctors in Macedonia, Struga, 27-29 October, 2023

https://www.medalb.com/wp-content/uploads/2024/04/Libri-i-abstrakteve-2023.pdf

2.18 Tateshi B. "Minimally Invasive Strabismus Surgery: Preliminary Results." 27. Стручен медицински состанок на Здружението на лекари Албанци во Македонија, Струга, 2022 година.

Abstract Book

2.19 Tateshi B., Gjorgjeska S., Sermadzaj A. **"Minimally Invasive Strabismus Surgery."** Презентиран на Вториот клинички конгрес на Косовскиот колеџ на хирурзи (Kosova College of Surgeons), 2022 год.

Abstract Book

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Доц. д-р Беким Татеши е особено активен во унапредување на развојот на детската офталмологија. Воведува два нови методи – скриниг и третман на прематурна ретинопатија со анти-ВЕГФ терапија и ласерфотокоагулација, за прв пат во Македонија. Резултатите од воведувањето на оваа нова постапка, д-р Татеши ги презентира на стручни и научни собири, а исто така е издаден и труд во меѓународно списание поврзан со истата тематика. Вториот новитет е воведување на нови методи на хирургија на страбизам, а тоа е минимална инвазивна техника на хирургија на страбизам.

Во 2025 година кандидатот е именуван за член на Работна група при Министерството за здравство на Република Северна Македонија за подготовка на Упатство за практикување медицина заснована на докази за третман на пациенти со ретката болест „Невронална цероидна липофусциноза – касна инфантилна форма".

Во рамките на континуираната професионална едукација, кандидатот учествувал на повеќе меѓународни едукативни програми реализирани преку Cybersight. Во 2025 година успешно ја завршил програмата „Retinopathy of Prematurity (ROP): Overview of Medical Management" во траење од 1,5 часа. Во 2026 година ги завршил програмите „Retinal Vein Occlusions: From Recognition to Management" во траење од 1 час и „Managing Intraoperative Complications in Adult Cataract Surgery: Prevention, Recognition, and Rescue Strategies" во траење од 1 час, за што се стекнал со соодветни сертификати за професионален развој.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доц. д-р Беким Татеши, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа офталмологија е пријавен кандидат на Конкурсот за избор на наставник во наставно звање вонреден професор за наставно-научната област офталмологија (3.02.00.26) – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Тој со офталмолошката дејност професионално се занимава дваесет години. Доц. д-р Беким Татеши е активен во унапредување на работата на кабинетот за прематурна ретинопатија, имплементирајќи сознанија стекнати на бројни работилници и престои во странство. Неговата научноистражувачка дејност е особено фокусирана на скринингот на прематурна ретинопатија, од која област го одбранил и докторатот. Неговите научноистражувачки капацитети се преточени во многубројни трудови, печатени во меѓународни списанија. Во текот на неговата досегашна кариера, има голем број на трудови презентирани како постери и усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми, додека во повеќе наврати учествувал како поканет предавач од страна на организаторите на научно-стручни собири. Големите познавања во областа на офталмологијата и неговата аналитична природа придонесуваат доц. д-р Татеши да биде препознаен како добар рецензент и до сега рецензирал

единаесет стручни труда. Од степенот на образование, работното искуство, како и научноистражувачката работа, видлива е способноста на доц. д-р Беким Татеши да пристапува кон самостојни истражувања, да анализира и сублимира резултати. Преку неговите бројни ангажмани, покажал еволутивен развој и стремеж кон подобрување на сопствените вештини, подготвен да прифати работни задачи, предизвици и обврски. Врз основа на приложениот материјал, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да го избере доц. д-р Беким Татеши во звање вонреден професор во наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Страхил Газепов, претседател, с.р.
Проф. д-р Невенка Лабан Гучева, член, с.р.
Проф. д-р Билјана Ивановска-Аџиевска, член, с.р.

ПРИЛОГ

Табела за вреднување на активностите според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев”.

Р. бр.	I Наставно-образовна дејност	Поени				Вкупно
4	Избор во звање доцент	30				**30**
	Вкупно					**30**
Р. бр.	**II Научноистражувачка дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		**Вкупно**
		број	**поени**	**број**	**поени**	
3	Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15/10/5) **Трудови под реден број:** **1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.6; 1.8; 1.13 – останати автори**	7 x 5				**35**
4	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3) **Трудови под реден број:** **1.5, 1.10; 1.12, 1.14- прв автор** **1.7; 1.9 - втор автор** **1.11; - останати автори**	4 x 9 = 36 2x6=12 1x3=3				**51**
5	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (2,3) **Трудови под реден број:** **2.5; 2.6; 2.14; 2.17; 2.18 - во земјава** **2,1; 2.2; 2.4; 2.8; 2.11; 2.12; 2.13; 2.15; 2.16; 2.19 - во странство**	5x 2		10 x 3		40
6	Пленарно предавање на научен собир (3,6) **Реден број:** **2.9; 2.10 - во земјава** **2.3; 2.7; - во странство**	2 x 3 2 x6				**18**
14	Учесник во научен проект (максимум во три проекти) **International Multicenter Retinoblastoma Studies (2024–2026),** во рамките на Global Retinoblastoma Study Group – учесник во меѓународната истражувачка група			1x 3		**3**
15	Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) (10/6/3) Заменик-уредник на списанието „Vox Medici“, гласило на Лекарската комора на Република Северна Македонија	1 x 3				**3**
20	Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал Член на Научниот одбор на 4. Интернационален студентски конгрес на општа медицина – ИСКОМ 2025, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 15–17 мај 2025 година	1 x1				**1**

22	Награди-признанија за научни – (5, 10). „Плакета за најдобар труд“, Лекарска комора на Република Северна Македонија, 2025 година, за трудот „Скрининг за прематурна ретинопатија кај предвремено родени деца во Република Северна Македонија – 15-годишни резултати (2009–2024)“	1 x 5		**5**
24	Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) (2/1.5/1) Рецензент на научен труд „Incidence and Risk Factors for Consecutive Esotropia Following Exotropia Surgery in Children: A Systematic Review and Meta-Analysis“, Clinical Ophthalmology, Dove Medical Press, 2026 година	1.5		**1.5**
	Вкупно			**157.5**
Р. бр.	**III Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**	**Поени**		
		Во земјава		**Вкупно**
		број	**поени**	
1	Книга/учебник „Бинокуларен вид“	1 x 10		**10**
19	Стручни награди и признанија Благодарница за особен придонес и развој на сестринската професија во нашата земја, доделена од Унијата на здруженија предводени од ЗМСТАС „За нас“, Скопје, 11.4.2024 година	1x4		4
27	Член на универзитетски или владини тела Реден број: Член на Работна група при Министерството за здравство на Република Северна Македонија за подготовка на Упатство за практикување медицина заснована на докази за третман на пациенти со ретката болест „Невронална цероидна липофусциноза – касна инфантилна форма“, 2025 година	1x5		5
	Вкупно			19
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ			**206.5**

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ - НАСЛОВЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПСИХИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-220/19, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/насловен професор за наставно-научната област *психијатрија,* Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- проф. д-р Роза Крстевска, насловен вонреден професор за наставно-научната област психијатрија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, претседател;
- проф. д-р Стојан Бајрактаров, вонреден професор на наставно-научната област психијатрија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, член;
- проф. д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска, вонреден професор за наставно-научната област неврологија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Вечер” на 2.7.2026 година. Во предвидениот рок се пријави само проф. д-р Кнегиња Рихтер, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Проф. д-р Кнегиња Рихтер е родена на 20 април 1966 година во Штип. Основното образование го завршила во ОУ „Владимир Илич-Ленин“ во Скопје со одличен успех, а средното образование во Гимназија „Јосип Броз Тито“ во Скопје, при што била ослободена од матура поради континуиран одличен успех.

Во периодот од 1984 до 1990 година студирала медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просек 8,7. Од 1990 до 1993 година работела на Клиниката за невропсихијатрија при Медицинскиот факултет во Скопје, при што се обучила за работа во областа на психијатрија, неврологија, неврофизиологија, електроенцефелографија, електромиографија, магнетната стимулација, евоцирани потенцијали, како и прегледи на автономниот нервен систем. При дејноста на Одделот за психијатрија кај проф. Кузмановски и проф. д-р Методи Чепреганов, проф. д-р Кнегиња Рихтер уште на почетокот од нејзината дејност како лекар се запознала со психијатриските заболувања, поставувањето на нивната дијагноза, како и третман на истите. Уште во текот на

студиите проф. д-р Рихтер учествувала на конгреси за студенти по медицина со научни трудови, а за време на нејзината работа на Одделот за неврофизиологија при Клиниката за невропсихијатрија таа самостојно изготвила контролна група од 55 лица за електроенцефалографија под супервизија на проф. Михаел Пасху. Во 1991 година посетувала вонредна едукација на Школата за медицински сестри во Штип со завршување на истата. Во 1992 година положила стручен испит, во 1992 година и била доделена стипендија од Министерството за наука и образование на РМ за постдипломски студии, а во 1993 година добила годишна стипендија за специјализација од Германската фондација ДААД (Служба за размена на академски урагани) на Универзитетската клиника за неврологија, Оддел за неврофизиологија при Универзитетот „Фридрих-Александар“ во Ерланген, Германија (Шангајска листа на универзитети). Во 1997 година ја одбранила докторската дисертација на Универзитетот „Фридрих-Александар“ во Ерланген, Германија, под наслов „Преглед на варијабилност на срцевата фреквенција”, интердисциплинарна тема од областа на психијатријата, неврологијата и кардиологијата (автономен нервен систем). Во 2008 година го нострифицирала докторатот од страна на Владата на Република Македонија. Од 1994 до 1997 година е на супспецијализација по сомнологија (Германска асоцијација за сомнологија). Во 2000 година положила испит и се здобила со сертификат за електроенцефалографија од Германска асоцијација за неврофизиологија. Во 2002 година го положила специјалистичкиот испит при Лекарската комора на Германија и добила специјализација по психијатрија и специјализација по психотерапија. Од 2005 до 2006 година, електронски студии при Катедра за менаџмент, Универзитет „Фридрих Александар“ Ерланген Нирнберг – Менаџмент во здравство во времетраење од четири семестри, со одличен успех. Од 1999 година, проф. д-р Рихтер работела како лекар асистент и започнала со специјализација по психијатрија и психотерапија. Од 20 април 2005 година станала раководител на Оддел за сомнологија и Лабораторија за психофизиологија и е надлежна за сите апаративно-дијагностички прегледи во Клиниката, како и за обука на специјализанти за психијатрија и психотерапија во Нирнберг, Германија. Истовремено го заменувала директорот на приватната клиника „Медицинплус“ во Нирнберг. Од 2000 до 2004 година д-р Рихтер станала експерт на Светската здравствена организација (WHO) во областа на реформите во психијатријата од кога повторно почнува соработката со македонските здравствени и научни установи, меѓу другото со Универзитетска клиника за психијатрија, како и Филозофски факултет при УКИМ и се здобила со Плакета од проф. д-р Трајан Гоцевски. Од 2004 година наваму проф. д-р Кнегиња Рихтер спроведува повеќе билатерални научноистражувачки проекти со учество на Македонија и Германија (под спонзорство на ДААД, WHO, Eli Lilly International Foundation). Проф. д-р Рихтер учествувала во Проект на Светска здравствена организација и во соработка со проф. д-р Стојан Бајрактаров активно придонесувала во основањето на првиот центар за ментално здравје во Македонија. Понатаму таа држела редовна едукација на лекари, социјални работници и среден медицински персонал во Психијатриската болница Бардовци. Во рамките на проектот на СЗО таа врши едукација и во болниците Демир Хисар и Негорци. Организира донации за Центарот за ментално здравје со цел интеграција на лица со тешки ментални заболувања и на центарот против семејно насилство.

Организира уметнички изложби на лица со ментални заболувања од Скопје, во центри за ликовна уметност во Нирнберг. Организирала стручен престој на околу 20-ина лекари, социјални работници и среден медицински персонал од Скопје во психијатриски институции во Нирнберг. Назначена е за раководител на Здружението на збратимените градови Нирнберг-Скопје и во 2009 год. се здобила со Награда „13 Ноември“ од Градското собрание на Град Скопје, како и со Награда за фикантропија од Здружението „Цира“.

Од 2006 до 2009 година била на мастер студии при Катедрата за менаџмент во здравство и при Универзитетот „Фридрих-Александар“ во Ерланген, Германија, и здобивање на титулата МНВА (Master of Health Business Administration). Во 2006 станала виш лекар - оберарцт и е одговорна за сите одделенија на Клиниката за психијатрија и психотерапија во Нирнберг.

Од 2006 до 2011 година предава како доцент на Евангелистичкиот факултет за социјална работа, како и на Факултетот за социјални науки при Универзитетот „Георг Симон-Охм“ во Нирнберг, Германија, а од 2011 година следи избор во редовен професор на истиот универзитет по областа медицина.

Од 2009 г., по покана на тогашниот ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, проф. д-р Саша Митрев, таа учествува во основањето на Факултетот за медицински науки со настава на предметот Психијатрија. Под раководство на проф. д-р Никола Камчев, поранешен декан на Факултетот за медицински науки при УГД, таа е избрана во насловен доцент по психијатрија.

Проф. д-р Рихтер воспоставува соработка на УГД - Штип со Евангелистичкиот факултет во Нирнберг и ја воведува специјализацијата Ментално здравје на Вишата медицинска школа при УГД во Штип. Понатаму, таа воспоставува официјална соработка со писмен договор помеѓу Клиничкиот центар во Нирнберг и УГД - Штип, по што таа овозможува и организира стручен престој на 20-ина студенти, колешки и колеги од УГД во Клиниката во Нирнберг.

Во 2011 година ја иницира официјалната соработка помеѓу Министерството за здравство на Македонија со Клиничкиот центар во Нирнберг во чии рамки организира стручен престој на 30 лекари од Македонија во Нирнберг.

Во 2014 година следи реизбор, а во 2019 година избор во вонреден насловен професор по Психијатрија и Сомнологија на УГД.

Во 2014 година Клиничкиот центар во Нирнберг станува Приватен медицински универзитет „Парацелзус“ - ПМУ, каде што проф. д-р Рихтер станува претседател на академското тело на Универзитетот и заменик-директор на докторски студии.

Таа учествува во настава по предметот Психијатрија. Во 2018 година завршува специјализација по сомнологија при Баварската лекарска комора.

Во 2020 година одбранила хабилитација/постдокторска дисертација на Медицинскиот универзитет и се здобила со звањето приватен доцент - вениа доценди по психијатрија и е редовно вклучена во организација на модули, предавања и испити.

Од 2022 година проф. д-р Рихтер покрај нејзината дејност како редовен професор добива позиција на директор на Дневна клиника за психосоматика, психијатрија, психотерапија и сомнологија КураМед Нирнберг.

Проф. д-р Рихтер е член на едиторијален борд на две меѓународни, индексирани, peer reviewed списанија, рецензент во повеќе интернационални стручни списанија и национален координатор за Македонија и за Баварија на Европската асоцијација за предиктивна, првентивна и персонализирана медицина (ЕПМА).

Актуелно таа е ментор на шест студенти по докторски науки на ПМУ и на Техничкиот универзитет во Нирнберг.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за повторен избор во звање насловен вонреден професор

1. Проф. д-р Кнегиња Рихтер е насловен вонреден професор од научната област во која се избира.
2. Проф. д-р Кнегиња Рихтер го исполнува законскиот услов, има објавени научноистражувачки трудови во соодветните области во меѓународни индексирани научни списанија или меѓународни научни публикации во изборниот период, последните пет години; од кои пет научни трудови во научно списание со импакт-фактор во последните пет години (изборен период).

- ***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***
- ***Наставно-образовна дејност***

Својата академска кариера, проф. д-р Кнегиња Рихтер ја започнала како доцент од 2006 до 2011 година на Евангелистичкиот факултет во Нирнберг, како и на Техничкиот универзитет во Нирнберг. Во 2009 година следел избор во насловен доцент на УГД. Во 2011 година избор во редовен професор на Техничкиот универзитет во Нирнберг, во 2014 година реизбор и во 2019 година избор во вонреден професор на УГД. Исто така, во 2020 година следел избор во приватен доцент на медицинскиот Универзитет Парацелзус во Нирнберг, Германија. Од 2022 година станала професор во рамките на „Хајтек агенда Баварија“ (HTA) како дополнително професорско место финансирано од Слободната Држава Баварија, кое е создадено за зајакнување на идните области во истражувањето, наставата и трансферот на технологии на баварските високи школи и универзитети.

На прв циклус интегрирани студии проф. д-р Кнегиња Рихтер предава на 1. На студентите по општа медицина предмети од областите на изборот Психијатрија, Сомнологија, како и Медицинска психологија на Универзитетот „Парацелзус“ во Нирнберг; 2. На студентите по социјални науки на Техничкиот универзитет Нирнберг предмет Медицина, како и Психијатрија.

Вкупниот број на одржани часови на настава од 2020 година, па до сега, изнесува 700. Проф. д-р Рихтер завршила 55 часа обука за дидактичка настава на високообразовни институции.

Трудови објавени во стручни списанија со импакт-фактор од 2021 до 2026

2026

1. Retzer, Lukas; Graessel, Elmar; Feil, Monika; Lehmann, Robert; Stemmler, Mark; **Richter, Kneginja**. **Efficacy of an anonymous, preventive, personalized online counselling to improve shift workers‘ sleep quality**. *Scientific Reports*,

2026. DOI: 10.1038/s41598-026-64210-7

Импакт фактор: 4,9 · Тип: оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Во рандомизирана контролирана студија се испитува ефикасноста на анонимно, превентивно и персонализирано онлајн советување за подобрување на квалитетот на спиењето кај работници во смени. Интервенцијата се заснова на принципите на когнитивно-бихејвиоралната терапија за несоница и е достапна без лично присуство во амбуланта. Трудот ги презентира резултатите од испитувањето чиј протокол е објавен во 2021 година во списанието Trials. Целта е да се понуди нископрагова и лесно достапна помош за група со висок ризик од нарушувања на спиењето.

2. Rinaldi, Fabrizio; Nucera, Bruna; Mariozzi, Sara; Leuci, Eleonora; Bratti, Arianna; Hitzl, Wolfgang; Ferini-Strambi, Luigi; Trinka, Eugen; **Richter, Kneginja**. **Impact of Chronotype-Based scheduling on sleep EEG in first seizure Patients**. *Epilepsy & Behavior*, 2026. DOI: 10.1016/j.yebeh.2026.111033

Импакт фактор: 2,4 · Тип: оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Студијата испитува дали закажувањето на ЕЕГ-снимањето во текот на спиењето според индивидуалниот хронотип (утрински или вечерен тип) влијае на наодите кај пациенти по прв епилептичен напад. Хронотипот ја одразува природната склоност на поединецот кон одредено време на спиење и будност. Се анализира дали усогласувањето на терминот со биолошкиот ритам го подобрува дијагностичкиот принос на ЕЕГ. Резултатите имаат значење за персонализирана дијагностика во епилептологијата.

2025

3. Jesuthasan, Jenny; Moran, James K.; Doring-Brandl, Eva J.; Abels, Ingar; Kurmeyer, Christine; Starck, Annabelle; Stangier, Ulrich; Gutermann, Jana; Zier, Ulrike; Wollny, Anja; Kruger, Antje; **Richter, Kneginja**; Oertelt-Prigione, Sabine; Schouler-Ocak, Meryam.

Relationship between traumatic events, somatization, psychological distress, and quality of life in female refugees in Germany. *Frontiers in Psychiatry*, 2025. DOI: 10.3389/fpsyt.2025.1627665

Импакт фактор: 3,8 · Тип: оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Во мултицентрична студија се испитува поврзаноста меѓу доживеаните трауматски настани, соматизацијата, психолошкиот дистрес и квалитетот на живот кај жени бегалки во Германија. Особено внимание се посветува на родово-специфичните оптоварувања и нивното влијание врз менталното и физичкото здравје. Се анализира дали соматизацијата и дистресот посредуваат во врската меѓу траумата и квалитетот на живот. Наодите се релевантни за планирање на психосоцијална поддршка за бегалци.

4. Pourhassan, J; Hitzl, W; Langenstein, B; Erbguth, F; **Richter, K**

Pain and mental-health scores significantly different in male and female football-players with traits of decision-reinvestment, but heart-rate-variability differences are unsupported. *Scientific Reports*, 2025. DOI: 10.1038/s41598-025-19985-6

Импакт фактор: 4,9 · Тип: оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Студијата ги споредува болката, показателите за ментално здравје и варијабилноста на срцевата фреквенција (HRV) кај фудбалери и фудбалерки со изразена склоност кон т.н. „decision-reinvestment“, односно свесно контролирање на движењата под притисок. Се испитуваат половите разлики во овие параметри. Резултатите покажуваат значајни разлики во болката и менталното здравје, додека разликите во HRV не се потврдени. Трудот придонесува кон разбирањето на психофизиолошките аспекти во спортската медицина.

5. Richter, Kneginja; Nunius, Sabine; Mueller, Mathias
Climate and sleep. *Somnologie*, 2025. DOI: 10.1007/s11818-025-00526-2
Импакт фактор: 0,8 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** прв автор

Прегледниот труд го анализира влијанието на климатските промени врз спиењето. Се разгледуваат ефектите од покачените температури, топлотните бранови и другите еколошки фактори врз квалитетот и траењето на спиењето. Посебно се истакнуваат ранливите групи на население. Се дискутираат и можните превентивни и адаптивни мерки.

2024

6. Rinaldi, Fabrizio; Ferini-Strambi, Luigi; Trinka, Eugen; **Richter, Kneginja**
Development of a German version of a single-question restless legs syndrome screening questionnaire. *Somnologie*, 2024. DOI: 10.1007/s11818-024-00487-y

Импакт фактор: 0,6 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Трудот го опишува развојот на германска верзија на прашалник со едно прашање за скрининг на синдромот на немирни нозе (RLS). Целта е да се обезбеди брз и едноставен инструмент за препознавање на RLS во клиничката пракса. Се испитуваат психометриските својства и практичната применливост на верзијата. Инструментот може да олесни рано откривање на ова често недоволно дијагностицирано нарушување.

7. Smokovski, Ivica; Steinle, Nanette; Behnke, Andrew; Bhaskar, Sonu M. M.; Grech, Godfrey; **Richter, Kneginja**; Niklewski, Guenter; Birkenbihl, Colin; Parini, Paolo; Andrews, Russell J.; Bauchner, Howard; Golubnitschaja, Olga, **Digital biomarkers**. *EPMA Journal*, 2024. DOI: 10.1007/s13167-024-00364-6

Импакт фактор: 5,9 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Трудот ја разгледува улогата на дигиталните биомаркери, како податоци од носливи уреди и мобилни апликации, во управувањето со хроничните болести. Анализата е во рамките на концептот на предиктивна, превентивна и персонализирана медицина (3PM). Се дискутира како континуираното собирање податоци може да овозможи рано откривање и индивидуално приспособена терапија. Се даваат препораки за интеграција на дигиталните биомаркери во здравствената заштита.

8. Golubnitschaja, O; Polivka, J Jr; Potuznik, P; Pesta, M; Stetkarova, I; Mazurakova, A; Lackova, L; Kubatka, P; Kropp, M; Thumann, G; Erb, C; Fröhlich, H; Wang, W; Baban, B; Kapalla, M; Shapira, N; **Richter, K**; Karabatsiakis, A; Smokovski, I; Schmeel, LC; Gkika, E; Paul, F; Parini, P; Polivka, J

The paradigm change from reactive medical services to 3PM in ischemic stroke: a holistic approach utilising tear fluid multi-omics, mitochondria as a vital biosensor and AI-based multi-professional data interpretation. *EPMA*

Journal, 2024. DOI: 10.1007/s13167-024-00356-6

Импакт фактор: 5,9 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Трудот предлага промена на парадигмата од реактивна медицина кон предиктивна, превентивна и персонализирана медицина (3PM) кај исхемичниот мозочен удар. Се разгледува холистички пристап кој вклучува мултиомичка анализа на солзна течност и митохондриите како витален биосензор. Посебно место има мултипрофесионалната интерпретација на податоците поддржана со вештачка интелигенција. Целта е подобрување на предвидувањето и превенцијата на мозочниот удар.

2023

9. Licht, C; Herbrandt, S; van Meegen, C; Lehfeld, H; Hillemacher, T; **Richter, K**

A Systematic Review and Meta-Analysis of Cognitive Effects of rTMS in Caucasian Patients with Mild Cognitive Impairment. *Brain Sciences*, 2023. DOI: 10.3390/brainsci13091335

Импакт фактор: 2,7 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Систематски преглед и мета-анализа на когнитивните ефекти на повторувачката транскранијална магнетна стимулација (rTMS) кај пациенти со благо когнитивно оштетување. Анализата е ограничена на студии со пациенти од кавкаско потекло. Се проценува влијанието на rTMS врз различни когнитивни домени. Резултатите придонесуваат кон проценката на rTMS како терапевтска опција во раната фаза на когнитивниот пад.

2022

10. Weber, Franziska C; Danker-Hopfe, Heidi; Dogan-Sander, Ezgi; Frase, Lukas; Hansel, Anna; Mauche, Nicole; Mikutta, Christian; Nemeth, Diana; **Richter, Kneginja**; Schilling, Claudia; Sebestova, Martina; Spath, Marian M; Nissen, Christoph; Wetter, Thomas C

Restless Legs Syndrome Prevalence and Clinical Correlates Among Psychiatric Inpatients: A Multicenter Study. *Frontiers in Psychiatry*, 2022. DOI: 10.3389/fpsyt.2022.846165

Импакт фактор: 4,7 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Мултицентрична студија за преваленцата и клиничките корелати на синдромот на немирни нозе (RLS) кај хоспитализирани психијатриски пациенти. Се испитува колку често се јавува RLS и со кои дијагнози и лекови е поврзан. Посебно се анализира улогата на психофармаколошката терапија. Резултатите укажуваат на потребата од систематски скрининг за RLS во психијатријата.

11. Pourhassan, Jasmin; Sarginson, Jane; Hitzl, Wolfgang; **Richter, Kneginja**

Cognitive function in soccer athletes determined by sleep disruption and self-reported health, yet not by decision-reinvestment. *Frontiers in Neuroscience*, 2022. DOI: 10.3389/fneur.2022.872761

Импакт фактор: 4,3 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Студијата ги испитува факторите што ја одредуваат когнитивната функција кај фудбалери. Се анализира влијанието на нарушеното спиење, самопроценетото здравје и склоноста кон „decision-reinvestment“. Резултатите покажуваат дека когнитивната функција е поврзана со нарушувањето на

спиењето и здравствената состојба, но не и со „decision-reinvestment“. Трудот го нагласува значењето на спиењето за спортските перформанси.

12. Spiegelhalder, Kai; Baumeister, Harald; Al-Kamaly, Abdulwahab; Bader, Martina; Bauereiss, Natalie; Benz, Fee; Braun, Lina; Buntrock, Claudia; Burkhardt, Maike; Cuijpers, Pim; Domschke, Katharina; Dülsen, Patrick; Franke, Marvin; Frase, Lukas; Heber, Elena; Helm, Kathrin; Jentsch, Terry; Johann, Anna; Küchler, Ann-Marie; Kuhn, Michael; Lehr, Dirk; Maun, Andy; Morin, Charles M; Moshagen, Morten; **Richter, Kneginja**; Schiel, Julian; Simon, Laura; Spille, Lukas; Weeß, Hans-Günter; Riemann, Dieter; Ebert, David Daniel

Comparative effectiveness of three versions of a stepped care model for insomnia differing in the amount of therapist support in internet-delivered treatment: study protocol for a pragmatic cluster randomised controlled trial (GET Sleep). *BMJ Open*, 2022. DOI: 10.1136/bmjopen-2021-058212

Импакт фактор: 2,9 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Трудот го опишува протоколот на прагматична кластер-рандомизирана контролирана студија (GET Sleep). Се споредуваат три верзии на моделот на „stepped care“ за лекување на несоница, кои се разликуваат според степенот на терапевтска поддршка при интернет-базираниот третман. Целта е да се утврди најефикасниот и најисплатливиот начин за примена на дигитална когнитивно-бихејвиорална терапија за несоница во примарната заштита. Студијата е национален мултицентричен проект.

13. Miloseva, L; **Richter, Kneginja**

Impact of neurostimulation and psychotherapy on mental health. *Frontiers in Psychology*, 2022. DOI: 10.3389/fpsyg.2022.992634

Импакт фактор: 3,8 · **Тип:** едиторијал · **Улога:** последен (сениор) автор

Едиторијал на тематската збирка (Research Topic) посветена на влијанието на невростимулацијата и психотерапијата врз менталното здравје. Се дава преглед на објавените трудови и нивниот придонес кон полето. Се нагласува потенцијалот од комбинирање на невростимулациските методи со психотерапевтските интервенции. Трудот ги поставува насоките за идни истражувања.

14. Licht, Christiane; Ruttmann, Axel; Hillemacher, Thomas; **Richter, Kneginja**

Use of repetitive transcranial magnetic stimulation in the treatment of catatonia. *Journal of Psychiatry & Neuroscience*, 2022. DOI: 10.1503/jpn.220052

Импакт фактор: 4,3 · **Тип:** приказ на случај · **Улога:** последен (сениор) автор

Приказ на случај за примена на повторувачка транскранијална магнетна стимулација (rTMS) во лекувањето на кататонија. Се опишува клиничкиот тек, протоколот на стимулација и одговорот на терапијата. Трудот укажува на rTMS како можна алтернатива кога стандардните третмани не се доволно ефикасни или не се применливи. Се дискутира потребата од понатамошни систематски студии.

15. Richter, Kneginja; Rodenbeck, A

Current developments in sleep research and sleep medicine: an assessment of the chronobiology taskforce. *Somnologie*, 2022. DOI: 10.1007/s11818-022-00368-2

Импакт фактор: 1,4 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** прв автор

Прегледниот труд претставува проценка на тековните случувања во истражувањето на спиењето и медицината на спиењето од аспект на работната група за хронобиологија. Се разгледуваат нови сознанија за циркадијалните ритми и нивното значење за здравјето. Се дискутираат импликациите за клиничката пракса и превенцијата. Трудот ги идентификува приоритетите за идни истражувања.

16. Kellner, S; **Richter, Kneginja**

Insomnia in pregnancy - a systematic review. *Somnologie*, 2022. DOI: 10.1007/s11818-022-00342-y

Импакт фактор: 1,4 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Систематски преглед на литературата за несоницата во текот на бременоста. Се анализираат преваленцата, причините и последиците од нарушеното спиење кај бремени жени. Се разгледуваат и можностите за безбедно нефармаколошко лекување. Трудот укажува на значењето на навременото препознавање на несоницата за здравјето на мајката и детето.

17. Richter, Kneginja; Arzt, M

The COVID-19 pandemic and sleep. *Somnologie*, 2022. DOI: 10.1007/s11818-022-00355-7

Импакт фактор: 1,4 · **Тип:** едиторијал · **Улога:** прв автор

Едиторијал за влијанието на пандемијата COVID-19 врз спиењето. Се опишуваат промените во навиките на спиење, стресот и нарушувањата на спиењето предизвикани од пандемијата. Се укажува на значењето на спиењето за имунитетот и менталното здравје. Трудот ги воведува тематските прилози на ова издание.

2021

18. Acker, Jens; Golubnitschaja, Olga; Büttner-Teleaga, Antje; **Richter, Kneginja**

Wrist actigraphic approach in primary, secondary and tertiary care based on the principles of predictive, preventive and personalised (3P) medicine. *EPMA Journal*, 2021. DOI: 10.1007/s13167-021-00250-5

Импакт фактор: 8,836 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Трудот ја анализира примената на актиграфијата на зглобот во примарната, секундарната и терцијарната здравствена заштита. Анализата е заснована на принципите на предиктивна, превентивна и персонализирана (3P) медицина. Се дискутира како објективното мерење на ритамот спиење–будност може да придонесе кон рано откривање и следење на болестите. Се даваат препораки за клиничка имплементација.

19. Richter, Kneginja; Kellner, Stefanie; Hillemacher, Thomas; Golubnitschaja, Olga

Sleep quality and COVID-19 outcomes: the evidence-based lessons in the framework of predictive, preventive and personalised (3P) medicine. *EPMA Journal*, 2021. DOI: 10.1007/s13167-021-00245-2

Импакт фактор: 8,836 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** прв автор

Прегледен труд за поврзаноста меѓу квалитетот на спиењето и исходите од болеста COVID-19. Се анализира улогата на спиењето во имунолошкиот одговор и отпорноста кон инфекции. Сознанијата се поставени во рамката на предиктивна, превентивна и персонализирана (3P) медицина. Се предлагаат мерки за подобрување на спиењето како дел од превенцијата.

20. Richter, Kneginja; Zimni, Melanie; Tomova, Iva; Retzer, Lukas; Höfig, Joachim; Kellner, Stefanie; Fries, Carla; Bernstein, Karina; Hitzl, Wolfgang; Hillemacher, Thomas; Miloseva, Lence; Acker, Jens

Insomnia Associated with Tinnitus and Gender Differences. *International Journal of Environmental Research and Public Health*, 2021. DOI: 10.3390/ijerph18063209

Импакт фактор: 4,614 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** прв автор

Студијата ја испитува поврзаноста меѓу несоницата и тинитусот, со посебен осврт на половите разлики. Се анализира колку често пациентите со тинитус имаат нарушувања на спиењето и како тие се поврзани со тежината на тинитусот. Се утврдуваат разлики меѓу мажите и жените во оптовареноста. Резултатите укажуваат на потребата од родово-сензитивен пристап во третманот.

21. Büttner-Teleagă, Antje; Kim, Youn-Tae; Osel, Tiziana; **Richter, Kneginja**

Sleep Disorders in Cancer-A Systematic Review. *International Journal of Environmental Research and Public Health*, 2021. DOI: 10.3390/ijerph182111696

Импакт фактор: 4,614 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** последен (сениор) автор

Систематски преглед на нарушувањата на спиењето кај пациенти со карцином. Се анализираат зачестеноста и видовите нарушувања, како несоница и нарушувања на дишењето во спиење. Се разгледуваат причините поврзани со болеста и онколошката терапија. Трудот го нагласува значењето на дијагностиката и лекувањето на нарушувањата на спиењето во онкологијата.

22. Richter, Kneginja; Peter, Lukas; Rodenbeck, Andrea; Weess, Hans Günter; Riedel-Heller, Steffi G; Hillemacher, Thomas

Shiftwork and Alcohol Consumption: A Systematic Review of the Literature. *European Addiction Research*, 2021. DOI: 10.1159/000507573

Импакт фактор: 4 · **Тип:** прегледен труд · **Улога:** прв автор

Систематски преглед на литературата за поврзаноста меѓу работата во смени и консумирањето алкохол. Се анализира дали работниците во смени пијат повеќе алкохол и дали алкохолот се користи како средство за справување со нарушеното спиење. Се разгледуваат разликите според видот на сменскиот распоред. Резултатите имаат значење за превенцијата во медицината на трудот.

23. Retzer, Lukas; Feil, Monika; Reindl, Richard; **Richter, Kneginja**; Lehmann, Robert; Stemmler, Mark; Graessel, Elmar

Anonymous online cognitive behavioral therapy for sleep disorders in shift workers-a study protocol for a randomized controlled trial. *Trials*, 2021. DOI: 10.1186/s13063-021-05437-9

Импакт фактор: 2,728 · **Тип:** оригинален научен труд · **Улога:** коавтор

Трудот го опишува протоколот на рандомизирана контролирана студија за анонимна онлајн когнитивно-бихејвиорална терапија за нарушувања на спиењето кај работници во смени. Се дефинираат дизајнот, популацијата, интервенцијата и мерките на исход. Целта е да се провери ефикасноста на лесно достапна дигитална помош. Резултатите од студијата се објавени во 2026 година во Scientific Reports.

Трудови објавени во стручни интернационални peer-review списанија без импакт-фактор од 2021 до 2026

2023

24. Richter, K; Kellner, S; Licht, C

rTMS in mental health disorders. *Frontiers in Network Physiology*, 2023. DOI: 10.3389/fnetp.2023.943223

Прегледниот труд ја прикажува примената на повторувачката транскранијална магнетна стимулација (rTMS) кај менталните нарушувања. Се опишуваат механизмите на дејство и тековните докази за ефикасност кај депресија и други психијатриски состојби. Се дискутираат протоколите на стимулација и нивната безбедност. Трудот дава преглед на местото на rTMS во современата психијатрија.

2021

25. Richter, Kneginja; Kellner, Stefanie

"Coronasomnia"-promoting resilience through insomnia treatment. *Somnologie*, 2021. DOI: 10.1007/s11818-021-00322-8

Трудот го обработува феноменот „коронасомнија", односно несоницата поврзана со пандемијата COVID-19. Се разгледува улогата на лекувањето на несоницата во зајакнувањето на психичката отпорност (резилиентност). Се опишуваат можностите на когнитивно-бихејвиоралната терапија за несоница во услови на пандемија. Трудот е објавен на германски јазик.

26. Retzer, Lukas; Reindl, R; Zauter, S; **Richter, Kneginja**

Do women prefer face-to-face treatment for insomnia? Gender-specific aspects of the utilization of online counselling for sleep disorders. *Somnologie*, 2021. DOI: 10.1007/s11818-020-00292-3

Студијата ги испитува родово-специфичните аспекти во користењето на онлајн советувањето за нарушувања на спиењето. Се анализира дали жените почесто од мажите го претпочитаат лекувањето на несоницата со лично присуство. Се споредуваат карактеристиките на корисниците на онлајн и класичната понуда. Наодите се корисни за приспособување на дигиталните интервенции на различни целни групи.

27. Acker, JG; Becker-Carus, C; Buttner-Teleaga, A; Cassel, W; Danker-Hopfe, H; Duck, A; Frohn, C; Hein, H; Penzel, T; Rodenbeck, A; Roenneberg, T; Sauter, C; Weess, HG; Zeitlhofer, J; **Richter, Kneginja**

The role of actigraphy in sleep medicine. *Somnologie*, 2021. DOI: 10.1007/s11818-021-00306-8

Прегледен труд за улогата на актиграфијата во медицината на спиењето, подготвен од група експерти. Се опишуваат индикациите, методологијата и ограничувањата на актиграфското мерење. Се споредува вредноста на актиграфијата со полисомнографијата и дневниците на спиење. Трудот дава практични препораки за клиничка примена.

28. Sandulescu, VA; **Richter, Kneginja**

Possible non-24-hour sleep-wake rhythm disorder Restoration of work ability after treatment with tasimelteon. *Somnologie*, 2021. DOI: 10.1007/s11818-021-00314-8

Приказ на случај на пациент со можно нарушување на ритамот спиење–будност кое не е 24-часовно (Non-24). Се опишува дијагностичкиот

пристап и лекувањето со мелатонинскиот агонист тасимелтеон. По терапијата е постигнато враќање на работната способност. Трудот е објавен во англиска и германска верзија.

Раководство на работилници на научни конгреси

1-Tages Workshop Schlafmedizin für Psychiater und Psychotherapeuten Kneginja Richter, Jens Acker, DGPPN Конгрес Берлин, 2020, 2021, 2022, 2023, 2024, 2025

Раководител на научноистражувачки проекти

2025/2030 Health Speeches - PI na "Sleep Diary", Проект на Германската фондација за наука DFG Фонд на целокупниот проект: 6.000.000 €.

2019/2022 Gebis BMBF Германско министерство за наука и образование.

Gesund Bleiben im Schichtdienst, раководство со проф. Леман, фонд: 600.000 Euro.

Учесник во научен проект

GET Sleep-проект на Фондот за иновација на Германија.

РЛС синдром/мултицентрична студија на рефератот за сомнологија на Германска психијатриска асоцијација.

Награди и признанија:

2020, 2021, 2022, 2023, 2024, 2026: Врвен лекар во областа сомнологија во Германија (Focus Gesundheit).

2022 Награда за наука за најдобар прв автор на научна публикација на Медицинскиот универзитет ПМУ во Нирнберг.

Уредник, член на уредувачки одбор и рецензент на интернационални научно истражувачки списанија и фондации: Somnologie (уредник за хронобиологија), EPMA Journal (Editorial Board Member), Journal of Psychosomatic Research, Journal for Sleep Research, Plos one, Industrial Health, Sleep and Breathing, Neuro-Psychopharmacology, Fortschritte in der Neurologie und Psychiatrie, Journal for Special Education and Rehabilitation (Editorial Board Member), Journal for Reattach Therapy and Developmental Diversities (Editorial Board), Research Grant Council (Hong Kong University), рецензент на апликации за научно истражувачки проекти на Германска асоцијација за сомнологија и член на Борд за ревизија на научноистражувачки трудови на Медицинскиот универзитет „Парацелзус" во Нирнберг.

Од досега изнесените податоци, а врз основа на приложените документи од страна на кандидатката проф. д-р Кнегиња Рихтер заклучуваме дека станува збор за посветен наставник и научник, кој во наставно-научните области психијатрија и сомнологија дала извонредни резултати. Врз основа на табеларниот преглед, поените за вкупната наставно-образовна дејност, (НО=130) и научноистражувачката дејност (НИ= 807) изнесуваат 937.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Претседател на Изборна комисија за избор на редовен професор по медицина и редовен професор по акушерство на Техничкиот универзитет во Нирнберг.

Претседател на Комисија за одбрана на докторат на Медицинскиот универзитет „Парацелзус“ во Нирнберг.

Од доставените сертификати за стручно усовршување, учество на научни симпозиуми, работилници, стручни едукации, заклучуваме дека во изборниот период проф. д-р Кнегиња Рихтер учествувала на научни симпозиуми, стручни едукации, работилници, сертифицирани од Лекарска комора на Баварија.

Проф. д-р Кнегиња Рихтер е претседател на Комитетот за наука на Германската асоцијација за сомнологија, како и спикер на работната група за хронобиологија.

Проф. д-р Кнегиња Рихтер е член на Лекарска комора на Германија, Германско здружение за психијатрија и неврологија, Германско здружение за сомнологија и Германско здружение за неврофизиологија.

Странски јазици и ИКТ вештини

Проф. д-р Кнегиња Рихтер зборува перфектно германски јазик, англиски јазик-напредно ниво; српски јазик-напредно ниво.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според анализа на приложената документација и наведените активности, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Кнегиња Рихтер ги исполнува законските критериуми за повторен избор во наставно-научно звање насловен вонреден професор.

Во својата досегашна професионална кариера, редовен професор д-р Кнегиња Рихтер покажала извонредни достигнувања во наставно-научните области психијатрија, психотерапија и сомнологија, со посебен придонес за развој на овие области во Република Македонија и во странство. Врз основа на детална анализа и оценка на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ) и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА) во изборниот период на д-р Кнегиња Рихтер, Комисијата констатира дека поените по области: НО=40, НИ и СА=637,3 ги надминуваат потребните за избор во звањето насловен вонреден професор, остварувајќи вкупно 677,3 поени.

Рецензентската комисија смета дека се работи за врвен наставник и научник, со континуиран научен развој, веќе етаблирана и призната во домашната и меѓународната научна јавност. Имајќи го предвид погоре кажаното, како и дека редовен професор д-р Кнегиња Рихтер ги исполнува сите потребни законски услови за повторен избор во наставно-научното звање насловен вонреден професор за кое конкурира, како Рецензентска комисија имаме посебна чест и задоволство да му **предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере кандидатот редовен професор д-р Кнегиња Рихтер да биде повторно избрана во звањето *вонреден насловен професор во наставно-научната област психијатрија на Факултетот за медицински науки при* Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Д-р Роза Крстеска, насловен вонреден професор, претседател, с.р.
Д-р Стојан Бајрактаров, вонреден професор, член, с.р.
Д-р Даниела Ристиќ-Стоманароска, вонреден професор, член, с.р.

ТАБЕЛА
НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ
Вонреден професор Кнегиња Рихтер

Ред. бр.	**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**	**Поени**
5	Избор во звање вонреден професор	40
ВКУПНО		40

Ред. бр.	**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**	**Поени**		
		во земјава	**во странство**	
1	Монографија или научна книга Richtr K. *Ausgeschlafen und mental stark.*		15	**15**
3	**Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) прв автор (6)** 1. Richter K, Nunius S, Mueller M (2025). Climate and sleep. *Somnologie* 29(3):149–155. 2. Richter K, Rodenbeck A (2022). Current developments in sleep research and sleep medicine: an assessment of the chronobiology taskforce. *Somnologie*. 3. Richter K, Kellner S (2021). „Coronasomnia“ – promoting resilience through insomnia treatment. *Somnologie* 25(3):170–175. 4. Richter K, Zimni M, Tomova I, Retzer L, et al. (2021). Insomnia associated with tinnitus and gender differences. *Int J Environ Res Public Health* 18(6). 5. Richter K, Peter L, Rodenbeck A, Weess HG, Riedel-Heller SG, Hillemacher T (2021). Shiftwork and alcohol consumption: a systematic review of the literature. *Eur Addict Res* 27(1):9–15. 6. Richter K, Kellner S, Hillemacher T, Golubnitschaja O (2021). Sleep quality and COVID-19 outcomes: the evidence-based lessons in the framework of 3P medicine. *EPMA J* 12(2):241.	15/10/5		**6x15**

3	**Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) прв автор (6)** **Втор автор (2)** 1. Kellner S, Richter K (2022). Insomnia in pregnancy – a systematic review. *Somnologie*. 2. Sandulescu V, Richter K (2021). Mögliche Non-24-Schlaf-Wach-Rhythmusstörung? Wiederherstellung der Arbeitsfähigkeit nach Behandlung mit Tasimelteon. *Somnologie* 25:221–225. **Останати автори (17)** 1. Retzer L, Graessel E, Feil M, Lehmann R, Stemmler M, Richter K (2026). Efficacy of an anonymous, preventive, personalized online counselling to improve shift workers' sleep quality: a randomized controlled trial. *Sci Rep* 16(1):23559. 2. Rinaldi F, Nucera B, Mariozzi S, et al., Richter K (2026). Impact of chronotype-based scheduling on sleep EEG in first seizure patients: a pilot study. *Epilepsy Behav* 180:111033. 3. Pourhassan J, Hitzl W, Langenstein B, Erbguth F, Richter K (2025). Pain and mental-health scores significantly different in male and female football-players with traits of decision-reinvestment. *Sci Rep* 15(1):32587. 4. Jesuthasan J, Moran JK, et al., Richter K, et al. (2025). Relationship between traumatic events, somatization, psychological distress, and quality of life in female refugees in Germany. *Front Psychiatry* 16:1627665. 5. Rinaldi F, Ferini-Strambi L, Trinka E, Richter K (2024). Development of a German version of a single-question restless legs syndrome screening questionnaire. *Somnologie*. 6. Smokovski I, Steinle N, et al., Richter K, et al. (2024). Digital biomarkers: 3PM approach revolutionizing chronic disease management – EPMA 2024 position. *EPMA J* 15(2):149–162. 7. Golubnitschaja O, Polivka JJ, et al., Richter K, et al. (2024). The paradigm change from reactive medical services to 3PM in ischemic stroke. *EPMA J*. 8. Licht C, Herbrandt S, van Meegen C, Lehfeld H, Hillemacher T, Richter K (2023). A systematic review and meta-analysis of cognitive effects of rTMS in Caucasian patients with mild cognitive impairment. *Brain Sci* 13(9):1335. 9. Pourhassan J, Sarginson J, Hitzl W, Richter K (2022). Cognitive function in soccer athletes determined by sleep disruption and self-reported health, yet not by decision-reinvestment. *Front Neurosci* 13:872761.	15/10/5	**2x10**

3	**Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) прв автор (6)** 10. Spiegelhalder K, Baumeister H, et al. (2022). Comparative effectiveness of three versions of a stepped care model for insomnia … (GET Sleep). *BMJ Open* 12(8):e058212. 11. Weber FC, Danker-Hopfe H, et al., Richter K, et al. (2022). Restless legs syndrome prevalence and clinical correlates among psychiatric inpatients: a multicenter study. *Front Psychiatry* 13:846165. 12. Licht C, Ruttmann A, Hillemacher T, Richter K (2022). Use of repetitive transcranial magnetic stimulation in the treatment of catatonia. *J Psychiatry Neurosci* 47(4):E250–E251. 13. Retzer L, Feil M, Reindl R, Richter K, et al. (2021). Anonymous online cognitive behavioral therapy for sleep disorders in shift workers – a study protocol for a randomized controlled trial. *Trials* 22(1):539. 14. Retzer L, Reindl R, Zauter S, Richter K (2021). Do women prefer face-to-face treatment for insomnia? Gender-specific aspects of the utilization of online counselling for sleep disorders. *Somnologie*. 15. Büttner-Teleagă A, Kim YT, Osel T, Richter K (2021). Sleep disorders in cancer – a systematic review. *Int J Environ Res Public Health* 18(21). 16. Acker J, Becker-Carus C, et al., Richter K (2021). The role of actigraphy in sleep medicine. *Somnologie* 25(2):89–98. 17. Acker J, Golubnitschaja O, Büttner-Teleaga A, Richter K (2021). Wrist actigraphic approach in primary, secondary and tertiary care based on the principles of 3P medicine. *EPMA J* 12(3):349–363.	15/10/5	**17x5** **Вкупно 195**
4	**Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)** **Прв автор (1)** 1. Richter K, Kellner S, Licht C (2023). rTMS in mental health disorders. *Frontiers in Network Physiology*.	9/6/3 1x9x0,7	**6,3**

5	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир **Во странство (5)** 1. Bajraktarov S, Richter K (2022). Personalized rTMS based on prediction factors. *Psychiatria Danubina* 34:47. 2. Licht C, Fuchs S, Ruttmann A, Richter K, Hillemacher T (2022). Repetitive transcranial magnetic stimulation (rTMS) for catatonia – a case report. *European Psychiatry* 65:S740. 3. Licht C, Alt E, Fuchs S, Ruttmann A, Richter K, Hillemacher T (2021). Repetitive transcranial magnetic stimulation (rTMS) for catatonia – a case report. *Neuropsychopharmacology* 46(Suppl 1):358. 4. Licht C, Alt E, Fuchs S, Ruttmann A, Richter K, Hillemacher T (2021). Repetitive transcranial magnetic stimulation (rTMS) for catatonia – a case report. *Brain Stimulation* 14(6):1636. 5. Licht C, Weisser R, Schloegl C, Richter K (2021). Maladjustment of pressure settings of a Codman-Hakim programmable shunt valve by electromagnetic door locks – a case report. *Brain Stimulation* 14(6). 6. Retzer L, Reindl R, Zauter S, Richter K (2020). Digital cognitive behavioural therapy for insomnia: gender differences in dropout rates. *Journal of Sleep Research* 29:274.	2	3	**5x3** **Vkupno** **15**
6	Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба	3	6	
7	Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт **Во странство (8)** 1. Richter K. Wie messen verschiedene Smartwatches? *32. Jahrestagung der DGSM*, Essen, 15.11.2024. 2. Richter K. Aktuelle Angebote im Bereich der Prävention von Schlafstörungen in Unternehmen. *32. Jahrestagung der DGSM*, Essen, 16.11.2024. 3. Richter K. Wenn der Krieg den Menschen ihren Schlaf raubt. *32. Jahrestagung der DGSM*, Essen, 16.11.2024. 4. Richter K. Tagesworkshop Schlafstörungen für Psychiater und Psychologen. *DGPPN Kongress*, 2025. 5. Richter K. Tagesworkshop Schlafstörungen für Psychiater und Psychologen. *DGPPN Kongress*, 2024. 6. Richter K. Tagesworkshop Schlafstörungen für Psychiater und Psychologen. *DGPPN Kongress*, 2023. 7. Richter K, Acker J. 1-Tages Workshop Schlafmedizin für Psychiater und Psychotherapeuten. *DGPPN Kongress*, Berlin 2022. 8. Richter K, Acker J. 1-Tages Workshop Schlafmedizin für Psychiater und Psychotherapeuten. *DGPPN Kongress*, Berlin 2021.	2	4	**8x4** **вкупно 32**

8	Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт Kongres za Interna Medicina na Germansko Drustvo za interna Medicina.	2	3	**3**
9	Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство **Постер во странство (2)** 1. Richter K, Ruttmann A, Hillemacher T (2022). Poster 1. *Virtual Science Get Together, PMU Nürnberg*. 2. Richter K, Ruttmann A, Hillemacher T (2022). Poster 2. *Virtual Science Get Together, PMU Nürnberg*.	1/1,5	1,5/2	**2x1,5** **3**
13	Раководител на научен проект 1. *Gesund bleiben im Schichtdienst – Schlafberatung online für besonders vulnerable Zielgruppen (GeBiS)*, 2019–2023, финансиран од BMBF (Германија). Улога: кораководител. Во проектот е вклучена докторска теза. 2. *Speeches*, финансиран од Deutsche Forschungsgemeinschaft (DFG), Германија. Улога: раководител на проектот.		6	**2x6=12**
14	Учесник во научен проект (максимум во три проекти) 1. *GET Sleep* – Innovationsfonds des Gemeinsamen Bundesausschusses (G-BA), Германија, октомври 2019 – септември 2023. Улога: учесник во проектот.		3	**3**
15	Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) Somnologie (уредник за темата хронобиологија, Springer Frontiers of Psychiology	10/6/3		**20**
16	Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) EPMA Journal Springer Journal for special Education and Rehabilitation Journal for Reattach Therapy and developmental diversities	4/2/1		**4**
18	Уредник на зборник на трудови од 1. *EPMA Journal* (Springer) 2. *Somnologie* (Springer)	1	2	**4**
19	Претседател на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал	2	3	**9**

20	Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал DGSM Конгрес (Германско здружение за сомнологија) 2021,2022,2023,2024,2025,2026 **32. Jahrestagung DGSM, Essen 2024 – претседавач (Vorsitz) на сесии:** 1. AG-/Netzwerksitzung „Netzwerk 1“ (stellv. Sprecherin), 14.11.2024 2. Preisträgersymposium, 15.11.2024 3. Symposium „Wirtschaftsfaktor Gesunder Schlaf“, 16.11.2024 4. Symposium „Chronobiologie & beyond“, 16.11.2024 5. Conference Summary by Experts, 16.11.2024 **Други активности:** 1. Laudatio und Preisverleihung Promotions-Nachwuchsförderpreis „Becker-Carus“, 14.11.2024 2. Podiumsdiskussion (Diskutierende), 15.11.2024	1	2	**12**
21	Основач на научна лабораторија Лабораторија за сомнологија и невростимулација Раководител на компетентна група за онлајн терапија на несоница	4		**8**
22	Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди 2020 Врвен лекар во областа сомнологија во Германија (Focus Gesundheit) 2021 Врвен лекар во областа сомнологија во Германија (Focus Gesundheit) 2022 2023 2024 2026 Награда за НАУКА НА Медицински универзитет „Парацелзус“ како најдобар прв автор на стручна публикација.	5	10	**60**
23	Студиски престој во странство	8 (еднократно)		

24	Рецензент на научен труд **СЦИ (21) – Web of Science, верифицирани рецензии** 1. *Journal of Sleep Research* (2026): Sleep-related and chronobiology traits and health-related phenotypes: a phenome-wide Mendelian randomization study 2. *EPMA Journal* (2023): The mediating effect of perceived stress on the relationship between big five personality traits and suboptimal health status in Chinese population 3. *EPMA Journal* (2023): The predictive, preventive, and personalized medicine of insomnia: gut microbiota and inflammation 4. *EPMA Journal* (2022): Comprehensive analysis of autoimmune-related genes in amyotrophic lateral sclerosis from the perspective of 3P medicine 5. *EPMA Journal* (2022): Predictive effect of triglyceride glucose index on depression progression in the context of 3P medicine 6. *Sleep and Breathing* (2022): Assessment of the impact of shift work on thyroid disorders: a systematic review and meta-analysis 7. *EPMA Journal* (2022): Analysis of interhemispheric functional connectivity with the congenital blindness 8. *EPMA Journal* (2022): Sleep duration and atrial fibrillation risk in the context of 3P medicine: the Suita Study and meta-analysis 9. *Journal of Sleep Research* (2021): Disturbances in sleep, circadian rhythms, and daytime functioning in relation to coronavirus infection and Long-COVID – a multinational ICOSS study 10. *EPMA Journal* (2021): Predictive factors of the burnout syndrome occurrence in the healthcare workers during the COVID-19 pandemic 11. *Journal of Sleep Research* (2021): Night work as a stressor – the role of sleep reactivity to stress in the relationship between night work and insomnia 12. *Journal of Sleep Research* (2021): Transition to shift work: sleep patterns, activity levels and physiological markers of stress in early-career paramedics 13. *Int J Environ Res Public Health* (2021): Evaluation of the biological effects of far infrared ray eye mask on sleep quality 14. *Int J Environ Res Public Health* (2021): Sleep valuation is associated with sleep health and daytime functioning 15. *Journal of Sleep Research* (2021): Negative social jetlag – special consideration of leisure activities and evidence from birdwatchers	2/1,5/1	**15x2**
24	Рецензент на научен труд **Останати (2)** 1. *Digital Twin* (2025): Digital Doppelgängers in Psychiatry 2. *Clocks & Sleep* (2024): Shift work sleep disorder: a cross-sectional analysis in the UK Biobank	2/1,5/1	**2x1** **32**

25	Рецензент на научен проект Research Grant Council (Hong Kong University). Рецензент на апликации за научноистражувачки проекти на Германска асоцијација за сомнологија. Рецензент на Internal review Board-PMU Nürrnberg	2	4	**10x4** **1x4** **15x4** **10x4** **Вкупно** **144**

Ред. бр.	**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ**	**Поени**		
		во земјава	**во странство**	
7	Пленарно предавање на стручен собир	2	4	**4**
8	Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)	0,5	1	**10**
9	Уредник на стручно списание	3	5	**5**
10	Член на уредувачки одбор на стручно списание	0,5	2	1
12	Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир	2	3	9
13	Учесник во научен проект (максимум во три проекти)	5	8	**16**
19	Стручни награди и признанија	4	8	
22	Претседател на универзитетски или владини тела Застапник на Универзитетско академско тело на Медицинскиот универзитет „Парацелзус“ – Нирнберг, Заменик-раководител на докторски студии, Медицински науки на „Парацелзус“ - Приватен медицински универзитет. Член на Основачки одбор на докторски студии на Центарот за докторски студии на Техничката висока школа во Нирнберг.	10		**8**
26	Раководител на катедра/оддел/ центар	3		
27		5		
28	Член на факултетски орган, комисија Член на Комисија за човечки права, Медицински универзитет „Парацелзус“ – Нирнберг, Германија. Член на Комисија за курикулум на медицински факултет – Нирнберг. Претседател на Комисија за одбрана на докторат на Медицинскиот универзитет во Нирнберг. Претседател на Изборна комисија за избор на редовен професор по медицина и професор по акушерство на Техничкиот универзитет во Нирнберг.	2		**12**
29	Член на институтски орган, комисија	2		**4**
30	Класен раководител, согласно со Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години)	4		
	ВКУПНО	**40+577,3+60**		
	ВКУПНО ПОЕНИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НО +НИ + САОР) =	**677.3**		

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2002-304/22 донесена на 364. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 23.9.2026 година, определена е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област урологија (3.02.00.31) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- проф. д-р Оливер Станков, редовен професор за наставно-научната област хирургија, здравствена нега и урологија, Медицински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје – претседател;
- проф. д-р Скендер Саиди, редовен професор за наставно-научната област хирургија, здравствена нега или клиничко-болничка и општа здравствена нега и урологија, Медицински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје – член;
- проф. д-р Слободан Ристовски, редовен професор во пензија, за наставно-научната област хирургија – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат” на 4.9.2026 година и во предвидениот рок се пријави д-р Јован Ивчев, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатот вонреден професор д-р Јован Ивчев е роден на 5.7.1963 год. во Велес, каде што завршил основно и средно образование. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје, во 1988 година, со просек 8,65. Во Здравствен дом на Железница-Скопје бил вработен од 1988 до 1991 година. Како активно воено лице бил вработен како началник на Санитетска служба на бригада во Велес од септември 1991 до септември 1993 година. Во Воената болница во Скопје бил вработен во септември 1993 година. Специјализација по урологија завршил во октомври 1997 година. По завршување на постдипломските студии од областа на хирургијата со просек 9,50, во 2001 година го одбранил магистерскиот труд со наслов „Уро-дигестивни фистули: дијагноза, третман и превенција“ со што се здобил со звање магистер на медицински науки по хирургија. Во октомври 2005 година завршил и специјализација по општа хирургија. Од мај 2013 до 30 декември 2013 година бил поставен за началник на Санитетската служба на АРМ. По завршување на докторските студии од областа на клиничка медицина, во ноември 2016 година ја одбранил докторската дисертација со наслов „Подготвеност за медицински одговор при масовни инциденти со хемиски, биолошки и радиолошки агенси –

претхоспитална и хоспитална подготвеност“, со што се здобил со звање доктор на медицински науки–клиничка медицина. На 22.5.2008 година бил избран за асистент по хирургија на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што до 1.6.2017 година бил активно вклучен во подготовката и изведувањето на практичната настава на студентите по предметите: Урологија, Хирургија, Ургентна медицина и Клиничка медицина, како и во едукаторската настава на специјализантите по урологија, гинекологија и општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје. Во учебната 2016/2017 година доц. д-р Ивчев бил вклучен и во наставата на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како предавач по предметот Воено-хируршки гранки на медицината. На 30.6.2017 година бил избран за насловен доцент по предметот Урологија од страна на Научно-наставниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. На 24.6.2021 година бил избран за доцент по предметот Урологија од страна на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и до денес активно е вклучен како наставник по предметите Урологија и Општа хирургија и како ментор на специјализантите по урологија. На 22.3.2022 година бил избран за вонреден професор по предметот Урологија од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и активно е вклучен во наставата по предметите: Хирургија 1, Хирургија 2, Урологија и Клиничко испитување 2.

Како долгогодишен воен уролог и хирург со завршени бројни меѓународни стручни усовршувања и курсеви од областа на воено-хируршките гранки и урологијата, д-р Јован Ивчев како посебна област на интерес ги има обработено оперативните техники во третманот на малигните заболувања на простата, мочен меур, примарните тумори бубрег и ретроперитонеум, хируршкото лекување на повредите на урогениталниот тракт, лекувањето на машки инфертилитет и современите лапароскопски хируршки процедури.

Од 31.12.2013 година до денес е вработен на Уролошкото одделение при хируршките одделенија во ГОБ „8-ми Септември“, како специјалист по урологија и општа хирургија, раководител на Секторот за уролошка хирургија.

Општи законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор:

- Кандидатот има завршено прв циклус студии со времетраење од шест години студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со просечен успех 8,65 и втор циклус студии на истиот факултет со просек 9,50. Кандидатот е магистер на медицински науки по хирургија.
- Кандидатот е доктор на медицински науки - клиничка медицина.
- Кандидатот до сега е избиран во следниве соработнички и наставно-научни звања:

1. Со Одлука бр.02-1459 на 23.5.2008 год. е избран за асистент по наставно-научната област хирургија на Медицински факултет во Скопје;
2. Со Одлука бр.2002-193/8 на 30.6.2017 год. е избран за насловен доцент по наставно-научната област урологија на Факултет за медицински науки во Штип;

3. Со Одлука бр.2002-210/42 на 24.6.2021 год. е избран за доцент по наставно-научната област урологија на Факултет за медицински науки во Штип;

4. Со Одлука бр.2002-93/8 на 22.3.2022 година е избран за вонреден професор по наставно-научната област урологија на Факултетот за медицински науки во Штип.

- Кандидатот има способност за изведување на високообразовна дејност. Активно учествува во реализација на настава од наставно-образовниот процес на прв циклус на студиските програми Општа медицина, Дентална медицина, Медицински сестри/техничари, Акушерки, на втор циклус специјалистички стручни студии и на трет циклус студии на Базични и клинички истражувања во медицината.
- Кандидатот поседува потврда за познавање на најмалку еден странски јазик, односно има доставено валиден сертификат за познавање на англиски јазик;
- Кандидатот бил ментор и член на комисии за одбрана на дипломски трудови на студенти од интегрираните студии од прв и втор циклус по општа медицина и завршни испит кај студентите на стручните студии. Кандидатот, исто така, е ментор на специјализанти по урологија и на докторанди запишани на трет циклус студии.
- Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија / меѓународен уредувачки одбор.

Бр.	Автор	Наслов на трудот	Списание/публикација	Години на излегување на списанието
1	**Ivchev J.,** Gjorevski A.	Life threatening urology conditions as complications of SARS COV2 infection-symptoms, diagnose, conservative, operative and post-operative treatment	International Medical Journal Medicus 2022 Apr ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 27 (1) · 2022 Vol. 27 (1): 39-46	Од 2022 г. (5 години)
2	**Ivchev J.**	Gangrene's Fournier as a result of untimely diagnosis and treatment of urinary infections	Uronet, 1/2022 JuI ISSN 1312-1960, Vol 1: 3-8	Од 2022 г. 5 години)
3	**Ivchev J.**	Massive Benign Tumors of Urine Bladder: Types and Treatment	Uronet 2/2023 Nov ISSN 1312-1960, Vol 2 : 80-81	Од 2022 г. (5 години)
4	**Ivchev J.**	Representation of malignant tumors of the testis and correlation of tumor markers in relation to the clinical picture and the findings of ultrasound, magnetic resonance and computerized tomography, operated in our institution in the last 5 years.	International Medical Journal Medicus. 2024 May ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 29 (1) · 2024 Vol. 29 (1): 7-13	Од 2022 г. (5 години)
2	**Ivchev J.**	Adrenocortical Carcinoma: Symptomatology, Differential Diagnosis, Operative and Postoperative Treatment - our experiences in the last 5 years	Uronet 2/2024 Sept.ISSN 1312-1960, Vol 4 : 109-111	Од 2022 г. (5 години)
6	**J. Ivchev,** N. Ivcheva, Lj. Ivchev	Neurogenic Bladder: Types,, Etiology, Syptoms, Diagnosis and Treatment Methods, Our Experience to Date	Uronet 4/2025 Oct. ISSN 1312-1960, Vol 4 : 11-20	Од 2022 г. (5 години)
7	**Ivchev J.,** Ivchev Lj.	Synchronous and Metachronous Primary Malignant Neoplasms of the Urogenital Organs - Our Recent Experience	Medicus 2025, Vol. 30 (3): 378-384	Од 2022 г. (5 години)

Посебни услови:

Кандидат вонр. проф. д-р Јован Ивчев

- Кандидатот има учество во научноистражувачки проекти како истражувач со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати публицирани во бројни интернационални научни списанија презентирани на бројни меѓународни стручни и научни настани.

- **Позитивно рецензирани учебници, скрипти и практикуми објавени на е-библиотека на УГД и тоа:**

1. **Ивчев Јован (2026), Воена хирургија, универзитетски учебник за студентите по општа медицина**

http://e-lib.ugd.edu.mk/1276

Учебникот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 384 од 16.3.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

<u>Наставно-образовна и научноистражувачка дејност</u>

Вонреден професор д-р Јован Ивчев работи во Градската општа болница „8-ми Септември“ во Скопје. На 23.5.2008 год. е избран за асистент по наставно-научната област хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, со Одлука бр. 02-1459. Во периодот од 1.6.2017 година работи како доцент по урологија на Факултетот за медицински науки во Штип, а од 2017 година и како експерт од пракса на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ од областа на воено-хируршките гранки на медицината. Со Одлука бр. 2002-193/8 на 30.6.2017 година е избран за насловен доцент по предметот Урологија, а со Одлука бр.2002-210/42 на 24.6.2021 год. е избран за доцент по наставно-научната област урологија на Факултетот за медицински науки во Штип. Со Одлука бр.2002-93/8 на 22.3.2022 година е избран за вонреден професор по наставно-научната област урологија на Факултетот за медицински науки во Штип. Од 31.12.2020 година, вонреден професор д-р Ивчев е вработен на Факултетот за медицински науки во Штип, како наставник по урологија и општа хирургија, каде што е целосно вклучен во наставната и научната работа на Универзитетот „Гоце Делчев“. За истакнување е неговиот коректен однос кон студентите, специјализантите и докторандите, и исполнувањето на сите задолженија од наставниот процес, како и досегашната соработка со колегите во колективите во кои работел.

Неговиот научен интерес е од областа на онколошката урологија, ендо-урологија, лапароскопска урологија, андрологијата и посттрауматската реконструктивна хирургија на урогениталниот тракт. Во изборниот период, како автор и коавтор има објавено повеќе научни трудови во меѓународни списанија и во зборници на трудови од меѓународни и домашни конференции. Тој е член на Здружението на уролози на Македонија, Европската уролошка асоцијација, Воено-медицинско истражувачката единица на НАТО за Европа и на Лекарската комора на Македонија.

Листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации (научни списанија и зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири), научни проекти и други научноистражувачки референци поднесени од вонреден проф. д-р Јован Ивчев за избор во редовен професор:

I. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во меѓународни списанија со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години:

I.1. Објавени трудови во целост – in extenso / full text

I. 1.1. Трудови кои се однесуваат на областите

1. I**vchev J**, Gjorevski A. LIFE THREATENING UROLOGY CONDITIONS AS COMPLICATIONS OF SARS COV2 INFECTION – SYMPTOMS, DIAGNOSE, CONSERVATIVE, OPERATIVE AND POST-OPERATIVE TREATMENT. International Medical Journal Medicus 2022 Apr ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 27 (1) · 2022 Vol. 27 (1): 39-46

Високата смртност од живото-загрозувачките уролошки компликации (60%), кај пациентите заболени од вирусот Covid-19, во нашата досегашна пракса, иако значително помалку застапени во однос на белодробните и кардио-васкуларните, укажува на потребата од брзо дијагностицирање и интензивно мултидисциплинарно лекување. За разлика од досегашните објавени студии во кои како најзастапена живото-загрозувачка уролошка компликација за време на епидемијата се јавува т.н. „акутна бубрежна повреда“ (Acute Kidney Injury-AKI) со 7,58%, во Р Македонија доминираат уролошките компликации настанати поради тежок облик на т.н. ендотелна клеточна дисфункција (Endotelial Cell Dysfunction–ECD), следена со спонтано масивно крвавење и руптура на крвните садови. Од нашето досегашно искуство произлегува дека во првите 8 часа од дијагностицирањето на ретроперитонеален хематом најдобри резултати се постигнуваат со интервентна радиолошка емболизација на руптурираните артерии. Фактот дека кај двајца пациенти од вкупно три со инфаркт на бубрег, постигната е реваскуларизација со конзервативна антикоагулантна терапија, истата може да се препорача како метод на избор во лекување на овој вид уролошка компликација.

Високиот процент на смртност од 60% кај конзервативно лекуваните пациенти укажува на потреба од брза минимално инвазивна интервенција.

Отворената хируршка интервенција (инцизија, евакуација на хематомот и дренажа) во нашата пракса се покажа како контраиндициран метод на лекување со фатален исход. Нивото на Procalcitonin се покажа како најадекватен биомаркер за диференцирање на бактериска од вирусна уролошка инфекција во досегашната пракса и кај нашите пациенти. Досегашната наша пракса покажа дека најголемиот број смртни случаи се резултат на коагулопатија настаната поради неадекватна антикоагуланта терапија (предозирање или недоволна доза?) и поради задоцнето дијагностицирање на ретроперитонеалните или абдоминални крвавења, што претставува посебен клинички предизвик во понатамошното справување со компликациите од инфекција со Covid-19 вирусот.

2. Ivchev J. Gangrene's Fournier as a result of untimely diagnosis and treatment of urinary infections. Uronet, 1/2022 JuI ISSN 1312-1960, Vol 1: 3-8

Во споредба со најновите студии, каде што компликациите од инфекциите на дигестивниот тракт се најчеста причина за некротизирачки фасциитис со над 50% од случаите, нашата студија покажа дека компликациите од инфекцијата на урогениталниот тракт се присутни кај над 39% од случаите,

главно поради ненавремена дијагноза и почеток на третманот. Морталитетот од 22,2% од случаите се совпаѓа со други студии, каде што се движи помеѓу 20-30%. Употребата на индексот на степенот на гангрена на Фурниер (FGSI) и индикаторот за лабораториски ризик за некротизирачки фасциитис (LRINEC) за навремена дијагноза треба да се препорача како стандардна дијагностичка процедура кај пациенти со почетни знаци и симптоми на перинеален фасциитис. Најдобри резултати во покривањето на дефектите на кожата според нашата пракса досега се постигнати со ротациони и лизгачки кожни клапи од околните ткива, а во случај на длабоки дефекти со употреба на вакуумски потпомогнати затворачи најмалку една недела откако ќе се повлече локалната инфекција.

3. Ivchev J. Massive Benign Tumors of Urine Bladder: Types and Treatment. Uronet 2/2023 Nov ISSN 1312-1960, Vol 2 : 80-81.

Миофибробластичниот тумор на мочниот меур и цистит гландуларис се ретки, но многу важни патолошки состојби кои можат да доведат до акутна бубрежна инсуфициенција или масивна хематурија, што налага итен радикален хируршки третман. Според нашето искуство, хроничната и нетретирана уринарна инфекција се најчестите етиолошки фактори. Во случаи на масивни бенигни тумори кои го исполнуваат целиот лумен на мочниот меур, кај кои не е можно да се изврши трансуретрална биопсија, одлука за радикална цистектомија со илеален канал како метод на избор за дефинитивен третман понекогаш може да се донесе без претходен патохистолошки наод, врз основа на тешката клиничка состојба придружена со перзистентна хематурија, анурија и билатерална уретерохидронефроза од висок степен.

4. Ivchev J. Representation of malignant tumors of the testis and correlation of tumor markers in relation to the clinical picture and the findings of ultrasound, magnetic resonance and computerized tomography, operated in our institution in the last 5 years. International Medical Journal Medicus. 2024 May ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 29 (1) · 2024 Vol. 29 (1): 7-13.

Позитивниот предоперативен наод на bHCG кај само 16,7% од пациентите со постоперативен патохистолошки наод на чист семином, како и вредностите на AFP пронајдени кај само 27,27% од мешаните ембрионални карциноми ја потврдуваат досегашната пракса дека тие не се строго специфични и сигурни како параметри за дијагностицирање на неопластичен тестисен процес и имаат ограничена улога во поставувањето на дефинитивната дијагноза. Иако ензимот LDH се смета за неспецифичен маркер присутен кај до 30% од пациентите со тестикуларен тумор (4,5), во нашата студија се покажа дека е значаен параметар за одредување на висок стадиум на малигнитет и метастатска болест со вредности од 422 до 1562 U/L. Високиот процент на преоперативна дијагностичка точност на „сликовните“ дијагностички испитувања („Доплерова“ ултрасонографија со точност од 92%, КТ на скротум и ретроперитонеум со точност од 68% и МР на тестис со точност од 92%), во нашата досегашна пракса, покажуваат дека дијагностичките методи се доволни за да се утврди индикација за хируршки третман без да се изврши перкутана или отворена биопсија на туморските промени на тестисот. Високиот процент на 5-годишно преживување од 92%, како

резултат на таканаречениот мултимодален третман (орхифуникулектомија во комбинација со превентивна онколошка терапија) и во нашата студија беше потврден како најдобар метод во успешното лекување на пациенти со малигни тумори на тестисите, дијагностицирани во стадиум од pT1aNoMo до pT2bNoMo. Недоволната специфичност и ограничувањето на серумските биомаркери укажува на потребата од воведување на нови таканаречени епигенетски маркери како што е microRNA-371a-3p, чија специфичност е 94%, сензитивност 90,1% и процент на предвидување на рекурентна болест кај 82% од пациентите.

5. J.Ivchev. Adrenocortical Carcinoma: Symptomatology, Differential Diagnosis, Operative and Postoperative Treatment - our experiences in the last 5 years. Uronet 2/2024 Sept.ISSN 1312-1960, Vol 4 : 109-111.

Адренокортикалниот карцином е многу ретка, но високоагресивна малигна болест, потврдена во нашата пракса досега, со застапеност од 16,7% од оперираните пациенти со дијагностициран аденом на надбубрежната жлезда. Адренокортикалниот карцином во оваа студија е дијагностициран како асимптоматски инциденталом или само со присуство на недефинирана тапа болка во лумбалниот предел, што го прави неговото рано откривање исклучително тешко. Предоперативните лабораториски анализи на надбубрежните хормони и нивните метаболити: ванилинманделична киселина - VMA, метанефрин, кортизол, ASTN, DHEA-SO4 - дехидроепиандростерон сулфат и брзиот дексаметазонски тест, во нашата студиска група предоперативно беа во границите на референтните вредности, односно не покажаа корелација со постоперативните патохистолошки наоди. Затоа, тие не можат да се земат како главен критериум за поставување индикација за оперативен третман. Магнетната резонанца и компјутерската томографија, како и големината на туморот над 4 см во дијаметар, во нашата студија се покажаа како релевантни критериуми за поставување индикација за хируршки третман. Лапароскопската супраадренална хируршка интервенција овозможува многу побрзо закрепнување на пациентот во споредба со отворениот хируршки пристап.

6. J Ivchev, N Ivcheva, Lj Ivchev. Neurogenic Bladder: Types,, Etiology, Syptoms, Diagnosis and Treatment Methods, Our Experience to Date. Uronet 4/2025 Oct. ISSN 1312-1960, Vol 4 : 11-20.

Клиничката слика на неврогена дисфункција на долниот уринарен тракт претставува сериозно нарушување на квалитетот на животот на пациентите. Дијагностицирањето на видот и етиологијата е комплексен процес кој вклучува голем број уролошки, уродинамски, невролошки, имунолошки, а во некои случаи и психијатриски дијагностички процедури. Неврогена дисфункција на мочниот меур во нашата досегашна пракса е лекувана како компликација на некоја автоимуна болест со застапеност од 41,7%, а на второ место по застапеност, како причина се јавува spina bifida со 25% од пациентите. Лекувањето на неврогената дисфункција на долниот уринарен тракт се базира на т.н. индивидуален пристап, во зависност од етиологијата и клиничката слика. Истото често пати се состои од комбиниран оперативен и конзервативен третман, односно бара мултимодален и мултидисциплинарен третман. Навремено поставената дијагноза и навремениот третман на неврогената дисфункција на долниот уринарен тракт претставува најдобра превенција за спречување на трајно оштетување на бубрежната функција.

7. Ivchev J, Ivchev Lj. Synchronous and Metachronous Primary Malignant Neoplasms of the Urogenital Organs - Our Recent Experience. Medicus 2025, Vol. 30 (3): 378-384

Мултипните примарни малигни неоплазми со застапеноста меѓу 4,5% до 11,7% во однос на вкупниот број на малигни болести кај пациенти над 50-годишна возраст претставуваат релативно честа појава. Како најчести фактори за нивната појава во досегашната наша пракса беа утврдени: фамилијарниот фактор, односно генетската предиспозиција, со оглед на тоа дека беа дијагностицирани кај пациенти со автозомно наследни генетски синдроми како Von Hippel Lindau Syndrom, Wolfram Syndrom и др., и намален имунитет како резултат на примена радиолошка или хематолошка терапија и автоимуни заболувања како: Diabetes Melitus, Myasthenia Gravis, Sclerosis multiplex и др. Инциденцата на мултипните примарни малигни неоплазми е значително поголема кај мажите отколку кај жените, со однос 84,21% спрема 10,52%, поради што навремената скрининг дијагностика кај мажите над 50-годишна возраст претставува основна превенција за нивната појава. Анализата на секој поединечен случај во испитуваната група укажува на потреба од т.н. индивидуален пристап во лекувањето на овие пациенти, заснован на принципот на мултимодален и мултидисциплинарен третман, со оглед на тоа дека се уште не постои стандарден протокол за лекување на синхроните и хетерохроните примарни малигни неоплазми.

8. PHI AND MR SPECTROSCOPY AS GUIDELINES TO EARLY DIAGNOSIS AND TREATMENT OF CA PROSTATE IN PATIENTS IN THE GRAY ZONE OF PSA – OUR EXPERIENCES Minev I, **Ivcev J**, Izairi A, Markovski D. International Medical Journal Medicus 2024 Sept. ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 29 (2) : 117-122.

Анализата на пребиопсиското испитување кај пациентите во таканаречената сива зона на ПСА меѓу 4 и 10 нг/мл овозможува подобра прогноза и нѐ насочува кон подобар третман на пациентите. Кај пациенти со негативни PHI-наоди и мултипараметарска MP- спектроскопија, не е неопходна итна биопсија, туку активно следење (мултипараметарска MP-спектроскопија еднаш годишно), а биопсија на простатата се спроведува само во случај на позитивен наод. Пациентите дијагностицирани на овој начин имаат поголема веројатност за потврдена дијагноза, односно позитивен хистопатолошки наод за карцином на простата. Употребата на PHI и мултипараметарска MP-спектроскопија го намалува процентот на пациенти подложени на прекумерен третман, а со тоа и трошоците за болничко лекување и трошоците за TRUS-биопсија на простатата. Со намалување на бројот на пациенти кај кои непотребно се врши биопсија, се намалува и процентот на постбиопсиски компликации.

9. Darko Markovski, Krsto Grozdanovski, **Jovan Ivcev**, Armend Izairi. FREQUENCY OF LEUKOPLAKIA OF THE BLADDER AND THE ROLE OF SURGICAL TREATMENT : AN ANALYSIS OF A SIX-YEAR PERIOD. Journal of Morphological Sciences 2025 May. *ISSN 2545-4706 Vol 8 No* 1(2025) JMS.

Хируршкиот третман претставува златен стандард во терапијата на леукоплакијата. Цел на студијата е да се утврди преваленцата на леукоплакија на мочниот меур и влијанието на хируршкиот третман на леукоплакијата врз подобрувањето на симптомите од долниот уринарен тракт. За таа цел е анализирана серија од 2.665 пациенти со дијагноза циститис, од вкупно

70.620 пациенти од целата територија на Република Северна Македонија, кои биле прегледани и третирани на Одделот за урологија при Градската општа болница „8-ми Септември“ – Скопје, во периодот од 1.1.2018 до 1.6.2024 година. Од 70.620 пациенти, кај 2.665 (3,77%) бил дијагностициран циститис, при што 1.768 (66,4%) биле од женски пол. Прашалникот IPSS (Меѓународен скор за симптоми на простата) покажа постоперативно подобрување од 65,4%. Леукоплакијата на мочниот меур е ретко уролошко заболување кое се јавува исклучиво кај женскиот пол; постоперативните резултати од прашалникот IPSS покажаа значително подобрување на симптомите.

10. I Minev, **J Ivchev,** B Noveska-Petrovska, D Markovski, A Izairi. Integrated prognostic value of PSA, Multiparametric Magnetic Resonance Imaging and Pathohistological Markers in Prostate Cancer. Uronet 4/2025 Oct. ISSN 1312-1960, Vol 4 : 3-10.

Студијата потврди дека повисоките нивоа на PSA и повисокиот Глисонов скор за биопсија беа значајно поврзани со сите оценети исходи. PSA и Глисонов скор покажаа најголема прогностичка моќ, со високи вредности на AUC (често >0,80), особено за предвидување на позитивни маргини и покачен постоперативен PSA. На пример, PSA >10 NG/mL идентификуваше позитивни маргини со ~90% сензитивност и ~70% специфичност. PI-RADS скорот, исто така, корелира со патолошки исходи, но со умерена точност (пониски вредности на AUC). Комбинираната евалуација на сите три параметри ја подобри предикативната прецизност и овозможи подобра стратификација на ризикот.

Од студијата произлегува заклучок дека интегриран пристап што ги вклучува PSA, mp MRI (PI-RADS) и Глисоновиот скор за биопсија, овозможува подобро предвидување на неповолните патолошки карактеристики и веројатноста за биохемиска рекурентност кај ракот на простата. Овој комбиниран пристап обезбедува подобрена стратификација на ризикот и може да придонесе за оптимални одлуки за третман.

11. I Stojanoski, **J Ivcev,** T Krstev. Comparison of Extracorporaleal Shock Wave Lithotripsy Versus Mini Precutaneous Nephrolithotomy for the Treatment of Kidney Stones of 10 to 20 mm in the Middle and Upper Pole. Uronet 4/2025 Oct. ISSN 1312-1960, Vol 4 :21-32.

Стапката на успешност на литотрипсија по една сесија во студијата покажа значително повисока во групата со mini-PCNL (90%) во споредба со групата со SWL (60,97%) (p = 0,005). Сепак, по втората и третата сесија на SWL, стапките на успешност беа споредливи – 75,6% (p = 0,056) и 82,9% (p = 0,35), соодветно. Стапката на повторен третман кај SWL изнесуваше 39,02%, наспроти 0% кај mini-PCNL (p = 0,00001). Потребата за дополнителни процедури беше слична во двете групи (14,64% за SWL наспроти 15% за mini-PCNL, p = 0,96).

Просечното времетраење на третманот е значително пократко кај SWL (47,1 ± 3,3 минути) отколку кај mini-PCNL (110,2 ± 17,7 минути) (p < 0,00001). Компликациите се јавуваа поретко во групата со SWL (17,1%) во споредба со групата со mini-PCNL (32,5%), иако разликата не е статистички значајна (p = 0,11). Хоспитализацијата е значително пократка по SWL (1,1 ± 0,4 дена) во споредба со mini-PCNL (6,0 ± 1,7 дена) (p < 0,0001).

Заклучок: И mini-PCNL и SWL се ефикасни и безбедни методи за третман на камења со големина од 10–20 mm во горните и средните чашкички на бубрегот. Mini-PCNL покажа супериорни резултати во однос на отстранувањето на камењата по една сесија, додека кај SWL беа потребни повеќе сесии за да се постигнат споредливи исходи. Со оглед на поголемата ефикасност во една сесија и прифатливиот профил на компликации, mini-PCNL претставува соодветна опција за третман од прва линија во одбрани случаи.

12. D Markovski, **J Ivchev,** I Minev, A Izairi. Bipolar Resection in Combination with Hyaluronic Acid: A Modern Approach to Treating Lower Urinary Tract Symptoms (LUTS) in Woman With Bladder Leukoplakia. Uronet 4/2025 Oct. ISSN 1312-1960, Vol 4 : 33-38.

Студијата покажа дека биполарната ТУР (трансуретрална ресекција) во комбинација со постоперативна интравезикална терапија со хијалуронска киселина (ХК) е поефикасна од ТУР за краткорочен третман на леукоплакија на мочниот меур кај жени. Оваа комбинација значително ги подобрува IPSS-резултатите и квалитетот на живот, го намалува воспалението на уринарниот тракт, ги минимизира цитолошките абнормалности и ја намалува стапката на рецидив. Препорачуваме вклучување на ХК во стандардните постоперативни протоколи, особено кај пациентки со висок ризик од рецидив или дисплазија.

13. Minev I, **Ivcev J**, Markovski D, Izairi A, Stojkovski V. Comparative analysis of pathohistological results from prostate biopsy samples and radical prostatectomy specimens - our experiences. International Medical Journal Medicus. 2025 Jan. ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 30 (1) :37-44.

Компаративната анализа на патохистолошките резултати од примероците од биопсија на простата и примероците од радикална простатектомија ја истакнува комплементарната природа на овие дијагностички методи. Иако биопсиите се неопходни за почетна дијагноза и планирање на третман, примероците од радикална простатектомија обезбедуваат дефинитивна патолошка проценка, нудејќи увиди што го водат постоперативното следење и долгорочната нега. Разбирањето на предностите и ограничувањата на секој метод е клучно за оптимизирање на резултатите кај пациентите. Се очекува идните напредоци во дијагностиката на слики, молекуларната дијагностика и вештачката интелигенција да го премостат јазот помеѓу наодите од биопсија и простатектомија, зголемувајќи ја прецизноста на дијагнозата и третманот на ракот на простата.

14. Markovski D, Grozdanovski K, **Ivcev J**, Minev I, Izairi A. Preoperative characteristics of squamous keratinizing metaplasia of the bladder in women. International Medical Journal Medicus. 2025 Jan. ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 30 (1) :45-49.

Сквамозната кератинизирачка метаплазија на мочниот меур (SCM) се смета за ретко заболување со нејасна етиологија, за кое во моментов не постои ефикасна медицинска терапија. Пациентите со SCM имаат тешки симптоми од долниот уринарен тракт кои се отпорни на конзервативна терапија. Антибиотиците, алфа-блокаторите и антихолинергиците се ефикасни кај симптомите на долниот уринарен тракт поврзани со бенигна хиперплазија на простатата, но не и кај сквамозната кератинизирачка метаплазија на мочниот меур. Затоа, во овие случаи, засега, единствениот третман што нуди

подобрување и исчезнување на симптомите е трансуретралната ресекција на лезијата на мочниот меур. Според студијата на Бенели (5), подобрување на симптомите од долниот уринарен тракт е забележано постоперативно кај 75% од пациентите. Резултатите од оваа студија покажуваат дека биполарната трансуретрална ресекција на леукоплакијата на мочниот меур може значително да ги ублажи симптомите кај пациентките. Целата процедура (предоперативна, оперативна и постоперативна) беше детално објаснета на сите пациентки, а сите тие потпишаа согласност за оперативен третман и информирана согласност за учество во студијата.

15. Izairi A, **Ivcev J**, Minev I, Markovski D, Stoilkovska T. Vesicovaginal fistula: etiology, diagnosis, treatment and prevention. International Medical Journal Medicus. 2025 Jan. ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 30 (1) :85-90.

Врз основа на студијата спроведена во Градската општа болница „8-ми Септември“ – Скопје, утврдивме дека водечка причина за везиковагиналните фистули, во 85% од случаите, е хистеректомијата. Исто така, според податоците добиени од студии спроведени во САД, можеме да заклучиме дека гинеколошките операции, односно хистеректомијата, се главната причина за појава на везиковагинални фистули.

Врз основа на анализата на нашата студиска група во Градската општа болница „8-ми Септември“ – Скопје во однос на третманот на везиковагиналните фистули, утврдивме дека трансвезикалниот пристап за помали и средни по големина фистули, а трансперитонеалниот пристап за поголеми и сложени фистули дава многу подобри резултати во споредба со моментално достапната референтна литература, во која трансвагиналниот пристап се користи како стандарден метод за третман на везиковагинални фистули.

<u>Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир</u>

16. МАНУ - Јован Ивчев, „Конзервативен третман на уринарна инконтиенција по радикална простатектомија - наше 5-годишно искуство, стр.165-171. Зборник на научни трудови посветен на академик Живко Попов по повод 70 години од неговото раѓање: „Предизвици во хирургијата на урогениталниот систем, трансплантацијата и медицината“, август 2022 г., ISBN 978-608-203-350-1.

17. Ivchev J. Gangrene's Fournier as a result of untimely diagnosis and treatment of urinary infections. National Urology Congress of Bulgaria, Varna 2022.

18. Ivchev J. Massive Benign Tumors of Urine Bladder: Types and Treatment. National Urology Congress of Bulgaria, Pravec 2023.

19. J.Ivchev. Adrenocortical Carcinoma: Symptomatology, Differential Diagnosis, Operative and Postoperative Treatment - our experiences in the last 5 years. National Urology Congress of Bulgaria, Pravec 2024.

20. J Ivchev, N Ivcheva, Lj Ivchev. Neurogenic Bladder: Types,, Etiology, Syptoms, Diagnosis and Treatment Methods, Our Experience to Date. Kongresen Broj. Uronet, 2-2025 ISSN 1312-1960.

21. **Ј. Ивчев.** Синхрони и метахрони примарни малигни неоплазми на урогениталните органи - наше досегашно искуство. Зборник на Балкански уролошки конгрес – Струга, октомври 2025 г.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Кандидатот вонреден проф. д-р Јован Ивчев е:

- член на Комисијата за утврдување на услови за вршење на здравствена дејност на секундарно ниво (специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита); Одлука бр. 17-1877/2 од 25.3.2016 година, издадена од Министерството за здравство на РМ;
- член на Комисија за вршење на надзор на стручната работа на Универзитетската клиника за урологија и на Универзитетската клиника за нефрологија. Решение бр. 11-61/1 од 16.3.2016 година, Министерство за здравство;
- член на Комисија за утврдување на лекарска грешка во Лекарска комора на РСМ.

Воедно, кандидатот е и:

- раководител на Секторот за оперативна урологија при хируршките одделенија во ГОБ „8-ми Септември“ од 1.1.2014 година;
- шеф на Катедра по урологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Кандидатот д-р Јован Ивчев е член на следниве факултетски органи и комисии:

- член на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки;
- член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Кампус 3 при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- Одбор за специјализации при Факултетот за медицински науки.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Вонреден професор д-р Јован Ивчев, вработен во Градската општа болница „8-ми Септември“ - Скопје, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област урологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа и позитивната оценка од самоевалуацијата, вонреден професор д-р Јован Ивчев има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатот **вонреден професор д-р Јован Ивчев** да биде избран во звање **редовен професор** од наставно-научната област **урологија**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Оливер Станков – претседател, с.р.
Проф. д-р Скендер Саиди – член, с.р.
Проф. д-р Слободан Ристевски – член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ЗА Д-Р ЈОВАН ИВЧЕВ

Р. бр.	Наставно-образовна дејност	Поени				
1.	Избор во звање вонреден професор	40				
	ВКУПНО	**40**				
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Научен труд објавен во меѓународно научно списание Прв автор ред. бр.1,2*,3*,4*,5*,6,7	3 x 9 4 x 11,7				73,8
3.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание Втор автор ред. бр. 8,10,11,12,13,15	6 x 6				36
4.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание Трет автор ред. бр. 9,14	2 x 3				6
5.	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир во земјава:16, 21 во странство: 17,18,19,20	2 x 2		4 x 3		16
6.	Учество на научен собир со реферат (постер/усно) Усна презентација во странство			4 x 2		8
7.	Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) - Член на уредувачки одбор на меѓународно научно-стручно списание (Merit Research Journals of Medicine and Medical Sciences IF 1,645) - Член на уредувачки одбор на меѓународно научно-стручно списание по урологија URONET			2	8	8
	ВКУПНО					**147,8**
Р.бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
8.	Книга/учебник	1 x 10				**10**
9.	Прифатени иновации, патент Воведување нова клиничко дијагностичка метода во здравствената установа (ТРУС биопсија на простата, слинг суспензија на м. меур, хибридна лапароскопско-ендоскопска уретеронефректомија)	**1 x 5**				**5**
10.	Елаборати и експертизи Експертски активности: евалуација, стручна ревизија	3 x 2				**6**

11.	Член на универзитетски или владини тела 3 комисии при Министерство за здравство	3 x 5	**15**
12	Раководител на катедра/оддел/центар. Раководител на Катедра по урологија - Факултет за медицински науки УГД – Штип. Раководител на Сектор за оперативна урологија - ГОБ „8-ми Септември“ - Скопје	2 x 3	**6**
13.	Член на факултетски орган, комисија. - Член на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки. - Член на наставно-научен совет на трет циклус на кампус три. - Член на Одбор за специјализации при ФМН	3 x 2	**6**
	ВКУПНО		**48**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ		**235,8**

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 5.03.00.11 ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1602-88/13 од 9.6.2026 г., донесена на 226. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област 5.03.00.11 Образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен на 6.5.2026 г., во дневните весници „Вечер“ и „Коха“. Во законски предвидениот рок се пријави кандидатот:

- **д-р Артан Лимани.**

Врз основа на деталната анализа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Д-р Артан Лимани е роден на 19.8.1977 година во Тетово, каде што го завршил своето основно и средно образование. Својот академски пат го започнал на Државниот универзитет во Тетово, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, каде што се стекнал со звањето професор по англиски јазик и книжевност. Неговиот професионален фокус уште од почетокот на кариерата е длабоко насочен кон педагогијата и образовните науки.

Неговиот академски и кариерен развој е со изразен меѓународен карактер:

- **Период 2003–2004 година:** Престојувал на *Indiana University* (САД), каде што стекнал напредни постдипломски знаења од областа на академското пишување, универзитетското предавање и методологијата на научното истражување.
- **Период 2007–2009 година:** Магистрирал на *Purdue University* (Индијана, САД) во областа на организациските комуникации со висок просек од 9.8. Во текот на овие студии, тој работел како асистент-предавач и успешно ја завршил една од најригорозните програми за педагошка подготовка на високообразовни кадри во САД, под менторство на проф. Марша Диксон (*Marcia Dixson*).
- **Декември 2016 година:** Успешно ја одбранил својата докторска дисертација на Универзитетот на Југоисточна Европа (УЈИЕ) на тема „*Assuring Quality Education for Academic and Occupational Success: The Case for Including Rhetoric in the Undergraduate Curriculum in a Global Context*“, под менторство на светски реномираниот професор Џон Париш-Спроул (*John Parrish-Sprowl*) од *Indiana University – Purdue University Indianapolis* (САД), со што се стекнал со научен степен доктор во областа на комуникациите и образованието.

Д-р Лимани поседува исклучителен јазичен профил, со мајчин албански јазик и целосно академско познавање, писмено и усно изразување на македонски и англиски јазик, што му овозможува непречена наставна и научноистражувачка дејност на повеќе јазици.

Општи и посебни услови за избор

Кандидатот **д-р Артан Лимани,** за жал, не ги исполнува условите каде што се бара успех од најмалку 8,00 како просечна вредност на студиите на прв циклус студии, предвидени со Законот за високото образование за избор во звањето насловен доцент:

- Поседува научно звање **доктор на науки** од релевантна област;
- Има остварено исклучителен успех (просек 9.8) на магистерските студии во САД;
- Покажува континуирана, плодна и меѓународно верификувана високообразовна, научноистражувачка и апликативна дејност;
- Покажува одлично познавање и активна употреба на македонскиот и англискиот јазик во наставниот и истражувачкиот процес.

Наставно-образовна дејност

Педагошкиот профил на **д-р Артан Лимани** е граден низ повеќе од две децении директно наставно искуство во еминентни домашни и меѓународни високообразовни институции. Неговиот ангажман вклучува:

- **Purdue University (САД):** Како асистент предавач (*Graduate Teaching Assistant*) изведува настава по Основи на комуникациските науки.
- **Универзитет на Југоисточна Европа (УЈИЕ):** Како лектор, виш лектор и предавач, држи настава по Академско пишување, Бизнис комуникација, Методологија на предавање, како и на магистерски студии по предметот Компјутерски посредувана комуникација.
- **RIT Kosovo (Rochester Institute of Technology):** Долги години е ангажиран како предавач по Бизнис комуникација, Јавен говор, Истражувачки техники и Академски англиски јазик. На оваа институција дејствува и како *Академски директор* на клучни програми (како што е *USAID Transformational Leadership Program*), раководејќи со тимови од над 30 предавачи, креирајќи наставни програми и спроведувајќи обуки за наставници и системи за обезбедување квалитет (*Quality Assurance*).
- **Државен универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје:** Ангажиран како визитинг-професор на предметите од областа на комуникациите и информациите.

Научноистражувачка дејност

Научниот интерес на **д-р Артан Лимани** е евидентно насочен кон реформите во високото образование, методите на поучување (дидактика и методика), трансдисциплинарноста и инклузивното образование. Во изборниот период, кандидатот има објавено импресивен број на научни трудови во списанија со меѓународно влијание, поглавја во престижни монографии и релевантни научни собири.

1. Научни трудови во референтни меѓународни списанија и публикации:

- **Limani, A.**, Ziberi, L., & Lengel, L. M. (2025). *Critical transdisciplinary pedagogy in response to neoliberalism: Reimagining higher education for democracy in North Macedonia.* Journal for Critical Education Policy Studies, 23(2). **[SCOPUS-indexed journal]**
- Ziberi, L., Lengel, L., **Limani, A.**, & Newsom, V. A. (2024). *Affect, credibility, and solidarity: strategic narratives of NGOs' relief and advocacy efforts for Gaza.* Online Media and Global Communication. Advance online publication. **[SCOPUS-indexed journal]**
- Ziberi, L., Lengel, L. & **Limani, A.** (2023). *Visualizing Conflict: Analyzing Visual Narratives of Photojournalistic Images of Balkan War Refugees.* Studies in Media and Communication, 11(6). **[SCOPUS-indexed journal - Corresponding author]**
- Barnhardt, L. C. & **Limani, A.** (2022). *A Proposal to Assess Civic Capacities in Higher Education: A Case from the Western Balkans - North Macedonia.* In: Öztürk, M. (Eds.), *Engagement with Sustainable Development in Higher Education: Universities as Transformative Spaces for Sustainable Futures*. Springer Nature Switzerland. Sustainable Development Goals Series. **[Престижна меѓународна монографија]**
- **Limani, A.** (2021). *Towards global citizenship through inclusive academic programs: How a non-formal higher education initiative in Kosovo transformed students into independent learners.* In: *Book of proceedings: International Conference on Multicultural Education*, Tetovo, North Macedonia, pp. 89-99. Center for Balkan Cooperation LOJA.

2. Рецензии на книги (Book Reviews):

- **Limani, A.** (2023). Приказ/рецензија на книгата: Barbareev, K. *„Thoughts on Education: Ex cathedra 1"*. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Северна Македонија. ISBN 978-608-4879-73-2.

3. Учество на меѓународни научни конференции и соопштенија (Conferences & Papers):

Кандидатот покажува исклучително висока и континуирана активност на меѓународните научни собири, презентирајќи трудови на водечки глобални конференции:

- **NCA 2024 (National Communication Association), Њу Орлеанс, САД (ноември 2024):**
- *Панел (учесник):* „The grand test of democracy: The 2024 global elections in a time of religio-ethnonationalisms".
- *Панел (учесник):* „Interfaith dialogue for the greater regard: Spiritual solidarity challenges during current crises".
- *Труд:* Parrish-Sprowl, J., Seifert, J., Zuber, M., **Limani, A.**, Rascon, N., Watson, J., & Ziberi, L. *„Addressing trauma and mental health in Eastern Europe, the Middle East, and South Asia using communication for whole health".*
- *Труд:* Lengel, L. M., Ziberi, L., & **Limani, A.** *„Disregard for historical trauma: Disinformation and/as abuse of representation of refugees during the Kosovo War".*
- **NCA 108th Annual Convention, Њу Орлеанс, САД (ноември 2022):**
- *Панел:* „Diasporic, Gendered, and Systemic Inequities: Embodied Activisms Resisting Violent Re-Displacements of Indigenous and Migrant Peoples"

- *Труд:* Ziberi, L., **Limani, A.**, & Limani A. *„Indigenous People in Southeastern Europe: Agency and Activism During Crises“.*
- **Global Fusion Conference, Temple University, Филаделфија, САД (октомври 2022):**
- *Труд:* **Limani, A.** *„Embodied and Mediated Activisms for Nourishing Peace in Eastern and Southeastern Europe“* (анонимно рецензиран труд прифатен на натпреварувачки панел).
- **CSCA 2022 Annual Conference (Central States Communication Association), Медисон, САД (март-април 2022):**
- *Труд:* Braziunaite, R., Birzescu, A., Ziberi, L., & **Limani, A.** *„Connecting and Re/Connecting in the Midst of Global Crises: Teaching Critical International and Intercultural Communication Abroad.“* — **ДОБИТНИК НА ПРЕСТИЖНАТА НАГРАДА „TOP PANEL AWARD“**.
- **EAIR Annual Forum (European Association for Institutional Research), Универзитет Хумболт, Берлин, Германија (септември 2021):**
- *Труд:* Barnhardt, C.L., **Limani, A.**, Fenton-Miller, S., Lai, J. C.F., Tennessen, N., Stroup, N.R., & Lechlitner Kirby, M. *„The ACE-HES Survey and Assessing Civic Capacities in Higher Education: The Case of North Macedonia.“*
- **Kosovo International Conference on Educational Research, Приштина (јуни 2021):**
- *Труд:* Barnhardt, C.L., & **Limani, A.** *„Assessing Civic Capacities in the Context of Higher Education: The Case of North Macedonia“* (поддржано од Еразмус+ проектот QATEK).
- **Тркалезни маси и лидерство (Roundtables & Panels):**
- *Водач на тркалезна маса:* ASHE (Association for the Study of Higher Education), Council for International Higher Education Mentoring Program на тема *„Building and Sustaining International Professional Relationships“* (Октомври 2021).
- *Учесник на панел:* Национална конференција на Претседателскиот центар за политичко образование на тема *„Inclusion of Political Education in the Education System in North Macedonia“*, организирана од Кабинетот на Претседателот на РСМ (април 2022).
- *Учесник на меѓународен собир:* „Building Trust in Media through Media and Information Literacy“, INDEP/UNESCO, Приштина (март 2018).
- *NCA Вомен'с Цауцус, Сан Франциско, САД (ноември 2010):* Учесник во панелот *„Keeping Bridges Intact: Challenges, Opportunities, and Strategies for Dual-Career Academic Couples“.*

Како признание за неговата научна експертиза, **д-р Лимани** редовно е ангажиран како **научен рецензент** за водечки меѓународни асоцијации како што е *Association for Research on Learning and Instruction (EARLI)* во Белгија (за конференциите во 2022 и 2023 година) и за престижното меѓународно списание *Social Sciences (MDPI)* во 2026 година.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Оваа дејност претставува една од најсилните карактеристики на д-р Артан Лимани, со која тој се етаблира како водечки меѓународен и регионален експерт за високообразовни политики на ниво на Западен Балкан:

- **Меѓународен стратешки ангажман со HAMK (Финска):** Во периодот од септември 2022 до април 2025 година кандидатот е ангажиран како консултант за образовен развој (*Educational Development Consultant*) за *HAMK Global Education* при Универзитетот за применети науки ХАМК (*HAMK Häme University of Applied Sciences*, Финска). Во оваа улога, тој дејствува како главен експерт за земјава и за регионот на Западен Балкан за создавање партнерства со високообразовни институции и коразвивач на проектни идеи.
- **Експертски ангажман на престижен ERC проект со University of Glasgow (Шкотска):** Кандидатот е избран за експерт за земјата (*Country Expert*) за Северна Македонија и Косово на глобалниот научноистражувачки проект „*Democracy under Threat: How Education can Save it*“ *(DEMED)*, финансиран од Европскиот истражувачки совет (*ERC – European Research Council*) под раководство на Универзитетот во Глазгов.
- **Меѓународни истражувачки и Еразмус+ проекти:**
- Како ко-главен истражувач (*Co-Principal Investigator*) во соработка со *University of Iowa* (САД), раководи со проектот за проценка на граѓанските капацитети во високото образование во РСМ (2022–2024), при што координира Меморандум за соработка меѓу *University of Iowa* и УГД во Штип.
- Автор на клучниот документ „*Financial and Staffing Autonomy at the University of Montenegro*“, изработен како Бела книга (*White Paper*) во рамките на Еразмус+ проектот за градење капацитети во високото образование со поддршка на ЕУ (2024).
- **Експерт за обезбедување квалитет:** Ангажиран како меѓународен експерт за евалуација на Агенцијата за квалитет во високото образование на Словенија (SQAA) и на Советот за квалитет во високото образование на Турција (THEQC), како и член на Научниот одбор на Меѓународната конференција за обезбедување квалитет во Анкара (2024). Учесник во панелот „The Role of Internationalization in Enhancing Quality of Higher Education“ на Министерската конференција на Западен Балкан во Скопје (2023).
- **Публикации за јавни политики и извештаи поддржани од ЕУ:**
- **Limani, A.** (2022). *Higher Education as a Catalyst to Stimulate Citizen Participation in the Democratic Processes in North Macedonia*. Проект „Низ дијалог до ЕУ“, финансиран од ЕУ и спроведен од ФООМ.
- **Limani, A.** (2021). *Education during a pandemic: The effect of COVID-19 government measures on the education sector in North Macedonia*. Истражувачки извештај, проект поддржан од ЕУ, ISBN 978-608-218-336-7; COBISS.MK-ID 54771461.
- Автор на клучни стратешки документи доставени до МОН на РСМ: „*Зајакнување на педагошките факултети како центри за доживотно учење*“ (јануари 2025) и „*Трансформација на Агенцијата за квалитет во високото образование во Северна Македонија за имплементација на стандардите на ЕНЕА*” (септември 2024).

4. Трудови од јавен интерес и социјален ангажман:

Кандидатот има изразен општествен ангажман преку објавување на аналитички колумни и трудови на реномирани меѓународни и домашни медиумски платформи, адресирајќи ги горливите реформи во образованието:

- **Limani, A.** (2025, May 29). *North Macedonia's universities need a complete reboot*. Research Professional News, Clarivate.

- **Limani, A.** (2025, May 20). *Кој кого изневери во Македонија - универзитетот, општеството или обратно.* Deutsche Welle во превод на македонски јазик.
- **Limani, A.** (Декември 2023). *Помеѓу нас и Европската Унија стои ПИСА.* Објавено на Fakulteti.mk.
- **Limani, A.**, Barnhardt, C., Lai, J., & Fenton-Miller, S. (Јануари 2021). *Universities in North Macedonia and their Role in Creating a Sustainable Civil Society.* Respublica, објавено на четири јазици (англиски, македонски, албански и српски).
- **Limani, A.** (Јули 2020). *Високото образование во Северна Македонија: Вистинска академска заедница или само фарса?* Respublica (на македонски и албански јазик).
- **Limani, A.** (Мај 2020). *Не сме Финска, но мора да обезбедиме еднаков пристап до образование за нашите деца.* Fakulteti.mk.
- **Limani, A.** (Мај 2020). *Образованието по пандемијата: Од предизвик до можност.* Portalb.mk (на албански јазик).
- **Limani, A.** (Април 2020). *Онлајн настава или импровизација.* Fakulteti.mk.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на сеопфатниот преглед и детална анализа на целокупната обемна наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност на кандидатот д-р Артан Лимани, Рецензентската комисија констатира дека тој поседува извонредно портфолио и во многу аспекти ги надминува очекувањата за наставно-научната дејност. Сепак, при увидот во документацијата, Комисијата утврди дека кандидатот има остварено просек од 7,5 на прв циклус студии, што претставува законска пречка, односно со овој просек **не е исполнет законскиот минимум** предвиден со Законот за високото образование за избор во наставно-научно или насловно звање.

Кандидатот несомнено се одликува со исклучително висок степен на професионалност, уникатно меѓународно портфолио (САД, Финска, Шкотска), релевантни научни публикации индексирани во Scopus, како и висок практичен и консултантски придонес во реформите на високото образование кај нас и во поширокиот регион на Западен Балкан. Неговата експертиза и досегашната работа претставуваат огромна додадена вредност за целокупната образовна сфера.

Но, поради сето изнесено, и покрај неспорните квалитети, импресивното портфолио на кандидатот и желбата на Комисијата, ние сме строго обврзани да ја почитуваме законската регулатива. Имајќи предвид дека остварениот просек од 7,5 не е законски исполнителен услов, на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки му ПРЕДЛАГАМЕ **да не го избере** д-р Артан Лимани за наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област 5.03.00.11 образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Кирил Барбареев, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Ирена Китанова, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Лена Дамовска, редовен професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

1. Наставно-образовна дејност

Р. бр.	Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности	Во земјава (број)	Во земјава (поени)	Во странство (број)	Во странство (поени)	Вкупно
1.	Дел од монографија	-	-	1	10	10
2.	Научен труд објавен во списание со ИФ	-	-	3	15/10/5	30
3.	Секциско предавање на научен собир	-	-	2	4	8
4.	Учество на научен собир со реферат	3	1	4	2	11
5.	Одбранета докторска теза	1	8	-	-	8
6.	Одбранета магистерска работа	-	-	1	4	4
7.	Учесник во научен проект	1	2	-	-	2
8.	Уредник во научно списание	1	10	-	-	10
9.	Награди-признанија за научни постигнувања	-	-	2	10	20
10.	Студиски престој во странство	-	-	1	8	8
11.	Рецензент на научен труд	-	-	2	1,5	3
	ВКУПНО					114

2. Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност

Р. бр.	Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност	Во земјава (број)	Во земјава (поени)	Во странство (број)	Во странство (поени)	Вкупно
1.	Член на факултетски орган	-	-	1	2	2
2.	Член на факултетски орган, комисија	1	2	-	-	2
3.	Член на универзитетски тела	-	-	2	5	10
	ВКУПНО					14

ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ: 128

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА (5.09.01.02) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-304/27 од 23.9.2026 година донесена на 364. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 23.9.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област применета кинезиологија (5.09.01.02) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во состав:

- **проф. д-р Данче Василева**, редовен професор за наставно-научната област применета кинезиологија, Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип - претседател;
- **проф. д-р Тоше Крстев**, редовен професор за наставно-научната област применета кинезиологија, Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип – член;
- **проф. д-р Ленче Николовска**, редовен професор за наставно-научната област применета кинезиологија, Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" на 5.9.2026 година и во предвидениот рок се пријави **д-р Димитар Андреев**.

Пријавата на кандидатот е навремена, комплетна и ја содржи следнава документација:

– Диплома за завршено образование – образовен и научен степен доктор и Уверение за завршен трет циклус студии заверено на нотар и превод;
– Решение за нострификација на диплома и еквиваленција на оценки од трет циклус студии;
– Примерок од докторски труд;
– Диплома и прилог кон диплома за завршен втор циклус студии заверено на нотар и превод;
– Решение за нострификација и еквиваленција на оценки од втор циклус студии (заверено на нотар);
– Диплома и прилог кон диплома за завршен прв циклус студии заверено на нотар и превод;
– Решение за нострификација и еквиваленција на оценки од прв циклус студии (заверено на нотар);
– Биографија;
– Документ за познавање на странски јазик;
– Уверение за државјанство;
– Список на објавени научни и стручни публикации;
– Примерок од публикации;
– Препораки од професори во научната област;
– Сертификати од научни настани, работилници и специјализирани курсеви и
– Останати документи.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатот д-р Димитар Андреев е роден на 26.4.1980 година во Скопје. Во 2009 година дипломирал на четиригодишните додипломски студии, специјалност кинезитерапија на Југозападен Универзитет „Неофит Рилски" – Благоевград, Р Бугарија и се стекнал со професионална квалификација кинезитерапевт. Дипломата е нострифицирана од страна на МОН на Р Македонија со Решение бр. 09-5737/2 од 27.8.2010 година. Врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.24-450937 од 8.7.2026 година, просечната оценка во Р Македонија изнесува 9.24 (242 ЕКТС).

Образованието го продолжува со запишување на втор циклус магистерски студии во научната област кинезитерапија – студиска програма Кинезитерапија во ортопедијата и травматологијата на Факултетот „Кинезитерапија, туризам и спортска анимација" при Национална спортска академија „Васил Левски" во Софија, Р Бугарија, каде што на 15.11.2010 година се стекнал со образовен и квалификациски степен магистер по кинезитерапија. Магистерскиот труд е на тема „Кинезитерапија кај конквасација на раката. Студија на клинички случај" и е под менторство на вонр. проф. д-р Евгенија Димитрова. Дипломата е нострифицирана од страна на МОН на Р Македонија со Решение бр. 14-5011/2 од 6.9.2011 година. Врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.24-450938 од 8.7.2026 година, просечната оценка во Р Македонија изнесува 9.87 (65 ЕКТС).

На 5.10.2022 година завршил трет циклус докторски студии на Катедрата за кинезитерапија на Факултет „Општествено здравје, здравствени грижи и спорт" при Југозападен универзитет „Неофит Рилски" – Благоевград, Р Бугарија, и се стекнува со образовен и научен степен доктор. Докторската дисертација е на тема „Мануелна терапија кај мускулно-скелетни дисфункции во областа на 'рбетниот столб" и е под менторство на вонр. проф. д-р Стаменка Славејкова-Митова. Дипломата е нострифицирана од страна на МОН на РС Македонија и е направена еквиваленција на оценки со Решение УП1 24-271388 од 10.7.2023 година, со што просечната оценка во РС Македонија изнесува 9.73 (180 ЕКТС).

Работното искуство на кандидатот се темели на долгогодишна работа во областа на физиотерапијата и рехабилитацијата. Во периодот 2009-2010 година работел како физиотерапевт во Воено-медицинска академија – Софија, Р Бугарија. Петнаесетгодишно работно искуство стекнал како физиотерапевт во Болница „Аџибадем Систина" – Скопје во периодот од 12.2010 до 11.2025 година. Од 11.2025 година до денес работи како здравствен консултант во „Вита-Вива" Дооел – Скопје.

Д-р Димитар Андреев има придонес во научноистражувачката дејност на Факултетот за медицински науки преку неговото коавторство во

5 научни публикации. (достапни на е-репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Andreev=3ADimitar=3A=3A.html). Автор е на 1 самостојна публикација во меѓународно списание.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставностручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Ознака ОНУ.ПРВ.01).

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент согласно со Законот за високото образование

Кандидатот д-р Димитар Андреев ги исполнува сите законски и посебни услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на чек-листата за избор на насловен доцент (Образец ОНУ.ОБ.22) и елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентска комисија и тоа:

Општи услови за избор:

– Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,
– Стекнат научен степен доктор на науки од научната област за која се избира,
– Објавени најмалку четири научни труда во референтно научно списание согласно Законот за високото образование во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор,
– Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик издадена од овластена институција регистрирана за странски јазици,
– Способност за изведување на високообразовна дејност.

Посебни услови:

– постигнувања во примената на истражувачките резултати,
– две препораки од професори,
– има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активa на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.

Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот д-р Димитар Андреев преку вкупно поени 84, односно НО+ (НИ)=40 + (САОР)=44.

Кандидатот има просечен успех од прв циклус студии - 9.24 и просечен успех од втор циклус студии - 9.87. Стекнат научен и образовен степен доктор во соодветната област. Има објавено 5 научни публикации во меѓународно научно списание во последните пет години. Поседува документ со кој се потврдува познавањето на странски јазик, а благодарение на соодветна стручна подготовка, теоретско знаење и клиничко искуство неопходни за реализирање на високообразовна дејност, има способност за изведување на истата.

Има постигнувања во примената на истражувачките резултати благодарение на богатото и долгогодишно клиничко искуство во областа на применетата кинезиологија, физиотерапијата и како раната, така и доцната рехабилитација кај пациенти со најразлични ортопедски, трауматолошки, невролошки заболувања и спортски повреди.

Поседува две препораки од универзитетски професори од областа во којашто се избира – проф. д-р Данче Василева и проф. д-р Тоше Крстев, редовни професори во областа применета кинезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатот е автор/коавтор на 6 (шест) објавени рецензирани научни труда во референтно научно списание согласно со ЗВО во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор:

Бр.	Автор	Наслов на трудот	Списание	Год. на изл.на списанието
1	**Andreev, D.** (2025)	THE ROLE OF KINESITHERAPY IN THE REHABILITATION OF HAND AND FINGER INJURIES – A CLINICAL CASE	KNOWLEDGE - International Journal, 2025, 68(4), 471–473. Retrieved from https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7163	2009
2	Vasileva, D., Skenderska Atanasov, E., & **Andreev, D.** (2026)	COMBINATION OF LOCAL AND DISTAL ACUPRESSURE POINTS IN THE TREATMENT OF LUMBOSACRAL PAIN.	KNOWLEDGE - International Journal, 2026, 76(4), 485–492. Retrieved from https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/8349	2009
3	Vasileva, D., Stojanovikj, M., & **Andreev, D.** (2026).	CHRONIC THORACOLUMBAR PAIN AND THE ROLE OF ACUPRESSURE AS A COMPLEMENTARY THERAPY.	KNOWLEDGE - International Journal, 2026, 76(4), 473–478. Retrieved from https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/8347	2009
4	Vasileva, D., Miteva, S., & **Andreev, D**. (2026).	THE APPLICATION OF TECAR THERAPY IN THE SHOULDER REHABILITATION PROCESS.	KNOWLEDGE - International Journal, 77(4), 405–409. Retrieved from https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/8492	2009
5	Vasileva, D., Vitanova, K., & **Andreev, D**. (2026).	A COMBINED APPROACH OF KINESITHERAPY AND TECAR THERAPY IN KNEE REHABILITATION PROCESS.	KNOWLEDGE - International Journal, 2026, 77(4), 417–422. Retrieved from https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/8494	2009
6	Vasileva, D., Capov, S., & **Andreev, D**. (2026).	EFFECT OF COMBINED KINESITHERAPY AND FUNCTIONAL MAGNETIC STIMULATION IN KNEE REHABILITATION.	KNOWLEDGE - International Journal, 2026, 77(4), 431–436. Retrieved from https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/8496	2009

Образовна и научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Димитар Андреев е претседател на научен одбор на научни и стручни собири организирани од страна на Здружението на физиотерапевти на Р. Македонија:

– Рехабилитација на спортски повреди, мај 2017 година;
– Рехабилитација во неврологијата, септември 2017 година.

Едукатор и раководител е на следните одржани едукативни настани:

– Мускулна дистрофија кај деца и нивна рехабилитација – постковид период, август 2021 година, Мускулна дистрофија асоцијација Македонија;
– Мускулна дистрофија кај деца и нивна рехабилитација, септември 2022 година, Мускулна дистрофија асоцијација Македонија;
– Новитети во мануелната терапија, октомври 2023 година, раководење на едукативен настан, Институт за едукација Прогресио – Скопје;
– Техники за мануелна терапија, јануари-март 2024 година, раководење на едукативен настан, Институт за едукација Прогресио – Скопје;
– Миофасцијална терапија, ноември 2024 година, раководител на едукација, Институт за едукација Прогресио – Скопје;
– Кинезио тејпинг кај спортски повреди, јуни 2025 година, раководење на едукативна работилница, Институт за едукација Прогресио – Скопје;
– Патокинезиолошка анализа и корекција кај деца со нарушен став и држење на телото, раководител на работилница, мај 2026 година, Институт за едукација Прогресио – Скопје.

Научна евалуација на научните трудови за период од пет години до објавување на Конкурсот за избор

I. Научен труд објавен во меѓународно научно списание

1. Andreev, D. (2025). The role of kinesitherapy in the rehabilitation of hand and finger injuries – a clinical case. KNOWLEDGE - International Journal , 68(4), 471–473. Достапно на https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7163.

Третманот на отворените фрактури претрпе значителни промени во последните години, а денес постои агресивна тенденција кон отстранување на ткивата девитализирани од траумата, со стремеж кон дефинитивно и анатомско наместување на фрактурата со помош на внатрешна или надворешна фиксација на коските и покривање на дефектот со меки ткива. Главната цел на трудот е создавање методологија за кинезитерапија, која вклучува техники на мануелна терапија за повреди и фрактури на прстите на раката. За да се постигне оваа цел се поставени следниве задачи: проучување на достапната литература за оваа проблематика; избор на соодветни методи и развивање методологија за функционално испитување; избор на соодветни техники на мануелна терапија за разгледуваниот клинички случај; развивање на практична примена на специјализирана кинезитерапевтска методологија; систематизирање на добиените резултати и анализа на информациите; формулирање соодветни заклучоци и препораки. Третманот беше спроведен за клиничка дијагноза: CONVASSACIO digitorum II, III, ivetvulnus lacerocontusum digitiv manus sinistra, фрактура на phalanxi proximalis digit IIII, phalanxi media digiti II и IV manus sinistra aperta, flexori digit I, III И IV manus sinistra. Методологијата за кинезитерапија е развиена врз основа на функционалниот преглед и деталната патокинезиолошка анализа на третираниот клинички случај. Цел на кинезитерапијата е максимално можно функционално закрепнување на зафатените сегменти. Задачи на кинезитерапијата: позитивен психо-емоционален ефект; поддршка на функцијата на зафатените мускули; зголемување на можниот опсег на движење; надминување на мускулниот

дисбаланс – релаксација на мускулите со зголемен тонус и истегнување на контрахираните мускули; заштита од компензаторни или заменски движења; подобрување на невродинамиката; враќање на целосната функција на зафатениот екстремитет; обука на пациентот за изведување комплекс од вежби и избегнување на контраиндицирани движења во рамките на соодветната домашна рехабилитација. Како средства на кинезитерапија се вклучени: масажа за подобрување на еластичноста на засегнатиот горен екстремитет; општи развојни вежби; мобилизација на зглобовите на дланката и прстите на раката; техники на истегнување со ексцентричен отпор и автоистегнување за мускулите на дланката и прстите на раката; вежби за мускулна релаксација со и на уреди. Се потврдува дека раната примена на кинезитерапија кај пациенти со фрактура на II, III и IV прст на раката помага побрзо да се врати функцијата на повредениот екстремитет и пациентот да се врати во нормалниот живот и работните активности. Се наметнуваат следниве препораки: вклучувањето на пасивни техники заедно со активни вежби значително ја зголемува ефективноста на применетата методологија; мануелната мобилизација на зглобовите ја зголемува нивната подвижност, со што се враќа активниот и пасивниот опсег на движење; техниките за ПИР (постизометриска релаксација) и истегнување го нормализираат мускулниот тонус и ги издолжуваат скратените меки ткива, додека активните вежби во програмата за кинезитерапија имаат значаен трофичко-функционален ефект; дваесетдневниот третман не е доволен за постигнување трајни резултати, па затоа се препорачува продолжување на кинезитерапијата сè до целосно закрепнување.

2. Vasileva, D., Skenderska Atanasov, E., & **Andreev, D.** (2026). COMBINATION OF LOCAL AND DISTAL ACUPRESSURE POINTS IN THE TREATMENT OF LUMBOSACRAL PAIN. KNOWLEDGE - International Journal , 76(4), 485–492. (Достапен на е-репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/38555/)

Лумбосакралната болка претставува една од најчестите мускулно-скелетни состојби со значајно влијание врз функционалната способност и квалитетот на животот на пациентите. Нејзината етиологија е мултифакторна и вклучува биомеханички, невролошки и психосоцијални фактори, што ја прави комплексна за дијагностика и третман. Во последните години сè поголемо внимание се посветува на интегративните терапевтски пристапи, меѓу кои значајно место зазема традиционалната кинеска медицина (ТКМ). Овој труд има за цел да ја анализира ефективноста на комбинираниот третман со локални и дистални акупресурни точки во третманот на лумбосакралната болка. Во теоретскиот дел се разработени анатомските и биомеханичките карактеристики на лумбосакралниот регион, етиологијата и класификацијата на болката, како и принципите на ТКМ, вклучувајќи ја синдромската дијагноза и улогата на меридијанскиот систем. Посебен акцент е ставен на меридијаните на мочниот меур, бубрезите и Governing Vessel (Du Mai), како и на примената на локални и дистални акупресурни точки. Во практичниот дел е спроведено истражување на 10 испитаници на возраст од 30 до 60 години, во период од 1 месец, со третман два пати неделно во траење од 40 минути. Испитаниците кои се вклучени во истражувањето и практичниот дел поседуваат: критериуми за вклучување: дијагностицирана лумбосакрална болка и направена магнетна резонанца на лумбосакрална

регија; критериуми за исклучување: пациенти со тешки кардиоваскуларни и невролошки заболувања. Со секој пациент пред почетокот на првиот третман е обавен анамнестички разговор, од кој се прибележени информации за почетната состојба и клиничка симптоматологија на пациентот, оценка на чувствителноста на лумбосакралната болка и направено е мерење на функционална подвижност во лумбосакрална регија со наклон на напред и латерално. Почетните податоци се прибележени и понатаму е пристапено кон спроведување на практичниот дел. Кај секој пациент е применет комбиниран пристап кој вклучува локални точки (BL23, BL25, GV3, GV4) и дистални точки (BL40, BL60, KI3). Акупресурниот третман на локалните и дисталните точки се изведување два пати неделно, во траење од 40 минути, а со интензитет на притисокот приспособен според клиничките симптоми на пациентот и прагот на толеранција на болка. Иако ефектот од третманот беше видлив уште во текот на спроведувањето на практичниот дел од истражувањето, резултатите кои ги добивме на крајот како ефекти од третманот се проценети преку визуелна аналогна скала за болка (VAS) и проценка за функционалната подвижност на лумбалниот дел. Резултатите покажаа значително намалување на интензитетот на болката, со просечно намалување на VAS вредностите од 7.8 на 3.1, како и подобрување на функционалната подвижност кај испитаниците. Овие резултати укажуваат на висока ефикасност на комбинираниот третман, што може да се објасни преку синергетското дејство на локалните и дисталните точки, како и преку неврофизиолошките механизми на аналгезија. Може да се заклучи дека комбинираниот третман со локални и дистални акупресурни точки претставува ефективен, безбеден и клинички применлив пристап во третманот на лумбосакралната болка. Интеграцијата на ТКМ со современите медицински принципи овозможува холистички пристап кој придонесува за подобрување на здравјето и функционалната способност на пациентите.

3. Vasileva, D., Stojanovikj, M., & **Andreev, D.** (2026). Chronic thoracolumbar pain and the role of acupressure as a complementary therapy. KNOWLEDGE - International Journal, 76(4), 473–478.

(Достапен на е-репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/38554/)

Хроничната тораколумбална болка претставува честа мускулно-скелетна состојба која значително влијае на функционалниот капацитет и квалитетот на животот. Акупресурата, како неинвазивна комплементарна терапија, добива сè поголемо внимание во управувањето со хроничните болни состојби. Целта на оваа студија е да се процени ефикасноста на акупресурата во намалувањето на интензитетот на болката и подобрувањето на функционалниот статус кај пациенти со хронична тораколумбална болка, како и да се објаснат нејзините основни анатомски и неврофизиолошки механизми. Студијата се базира на дескриптивно-аналитички преглед на релевантна научна литература, вклучувајќи клинички испитувања и систематски прегледи. Резултати: Анализираните податоци укажуваат дека акупресурната стимулација доведува до активирање на десцендентните инхибиторни патишта, зголемено ослободување на ендогени опиоиди и серотонин, како и намалување на мускулниот спазам и подобрување на локалната микроциркулација. Клиничките студии покажуваат статистички значајно намалување на интензитетот на болката и подобрување на функционалната мобилност кога акупресурата се применува како дел од

мултимодален терапевтски протокол. Акупресурата може да го намали интензитетот на болката за приближно 30-60%, да ја подобри подвижноста на ‘рбетниот мозок за 20-40% и да ја намали мускулната тензија и спазмот. Овие ефекти се поврзани со активирање на периферните рецептори, модулација на патиштата на болка во ‘рбетниот мозок и ослободување на ендогени опиоиди како што се ендорфините. Наодите сугерираат дека комбинираната употреба на локални (Ashi) точки и специфични точки како што се BL23, BL25 и BL40 обезбедува оптимални терапевтски резултати. Како заклучок, акупресурата е ефикасна, безбедна и достапна комплементарна терапија за справување со хронична тораколумбална болка, со значаен клинички потенцијал за интеграција во модерната рехабилитациска пракса.

4. Vasileva, D., Miteva, S., & **Andreev, D.** (2026). The application of TECAR therapy in the shoulder rehabilitation process. KNOWLEDGE - International Journal , 77(4), 405–409.

(Достапен на е-репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/38859/)

Физикалната медицина претставува важен дел од современата рехабилитација и третман на мускулно-скелетниот систем. Во овој труд е прикажана примената на најсовремената метода за рехабилитација во физикалната медицина - Текар терапијата, нејзиниот механизам на дејство, како и ефектите врз намалување на болката и подобрување на функционалните способности кај пациентите. Текар терапијата користи високофреквентна електромагнетна енергија која има за цел стимулирање на природните регенеративни процеси во организмот. Може да се применува кај спортски повреди, при воспалителни состојби, пред и постоперативна рехабилитација. Современите истражувања укажуваат дека оваа терапија придонесува за побрзо закрепнување, подобрување на циркулацијата, намалување на воспалителни процеси, намалување на болка и намалување на мускулен спазам. Текар терапијата има значајна улога во современата физикална медицина поради својата безбедност и ефикасност. Текар терапијата заедно во комбинација со останатите физикални методи на рехабилитација и кинезитерапија дава големи резултати за пократок временски период. Целта на проучувањето е да се проследи влијанието на новите методи во процесот на рехабилитацијата кај пациенти како што е текар терапијата, нејзиното влијание, ефикасност и значајната улога во современата физикална медицина. Материјали и методи: За целите на истражувањето се испитани 7 пациенти со заболувања на раменот зглоб. Во истражувањето беа вклучени пациенти со дијагнози како замрзнато рамо, калцифицирачки тендинитис, тендинитис на ротаторната манжетна, остеоартрит на рамен зглоб и импинџмент синдром. Кај сите пациенти беше применета текар терапија со современ INDIBA Activ апарат која се изведува индивидуално кај секој пациент и со планирана кинезитерапија која вклучува вежби за подобрување на обемот на движење, зајакнување на мускулатурата како и вежби за подобрување на функционалноста на раменот зглоб. Резултати: За добиените резултати беа користени визуелна аналогна скала за проценка на интензитетот на болката, гониометрија за мерење на обемот на движење и клинички преглед по завршувањето на рехабилитационот процес. Значајните резултати се должат на индивидуалниот пристап при изборот на терапевтскиот протокол, кој овозможува негово оптимално приспособување кон потребите и клиничката состојба на секој пациент. Заклучок: Примената

на текар-терапијата може значително да го подобри текот на рехабилитацијата, да го скрати времето потребно за функционално оспособување и да овозможи побрзо враќање на пациентите кон секојдневните активности.

5. Vasileva, D., Vitanova, K., & **Andreev, D.** (2026). A combined approach of kinesitherapy and TECAR therapy in knee rehabilitation process. KNOWLEDGE - International Journal , 77(4), 417–422.

(Достапен на е-репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/38858/)

Проблематиката на коленото претставува значаен предизвик во современата рехабилитација поради неговата сложена анатомска градба и големата функционална оптовареност при секојдневните и спортските активности. Повредите на предниот вкрстен лигамент (ACL), оштетувањата на менискусите, како и дегенеративните промени кај остеоартрозата на коленото, често доведуваат до појава на болка, ограничен опсег на движење, намалување на мускулната сила и нарушување на функционалната способност. Целта на овој труд е да се прикаже ефектот од комбинираниот пристап со кинезитерапија и TECAR терапија со апаратот INDIBA® Activ во рехабилитацијата на пациенти со различни патологии на коленото. Материјал и методи: Во истражувањето беа вклучени осум испитаници со различни проблематики на коленото, од кои четири пациенти со хронична гонартроза, два пациенти со повреда на предниот вкрстен лигамент (ACL) и два пациенти во постоперативен период по интервенција на менискус. Кај сите испитаници беше применет терапевтски протокол во времетраење од две недели, кој опфаќаше шест третмани со INDIBA® Activ комбинирани со индивидуално приспособена кинезитерапија. Ефектите од применетиот третман беа проценети преку следење на интензитетот на болката според Визуелната аналогна скала (VAS), мерење на обемот на движење (ROM) на коленото и проценка на мускулната сила преку мануелен мускулен тест (MMT). Резултати: Добиените резултати покажаа позитивни промени кај сите испитаници, со намалување на просечната вредност на болката според VAS скалата од 7,63 пред третманот на 3,25 по завршување на терапевтскиот протокол. Просечниот обем на движење на коленото се зголеми од 82,5° на 108,75°, додека мускулната сила според MMT се подобри од просечна вредност 3,63 на 5,00. Резултатите укажуваат дека комбинираната примена на кинезитерапија и TECAR терапија со INDIBA® Activ може да придонесе кон намалување на болката, подобрување на подвижноста, зголемување на мускулната сила и подобрување на функционалниот статус кај пациенти со различни повреди и заболувања на коленото. Заклучок: Ваквиот мултимодален пристап претставува современа терапевтска стратегија која може да биде значајна компонента во индивидуализираните рехабилитациски протоколи.

6. Vasileva, D., Capov, S., & **Andreev, D**. (2026). Effect of combined kinesitherapy and functional magnetic stimulation in knee rehabilitation. KNOWLEDGE - International Journal , 77(4), 431–436.

(Достапен на е-репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/38857/)

Повредите и дегенеративните заболувања на коленскиот зглоб се една од најчестите причини за болка, функционано ограничување и намалена работна способност. Кинезитерапијата претставува основен столб во рехабилитацијата, додека функционалната магнетна стимулација (ФМС) се наметнува како современа, неинвазивна метода за подобрување на

мускулната активација и намалување на болката. Комбинираната примена на овие две методи потенцијално може да доведе до побрзо и поефикасно функционално закрепнување. Целта е да се испита ефектот од комбинираната примена на кинезитерапија и функционална магнетна стимулација во рехабилитацијата на пациенти со нарушена функција на коленскиот зглоб, во споредба со стандардна кинезитерапија. Во студијата беа вклучени вкупно 20 пациенти (возраст 35–65 години) со хронична болка и функционално ограничување на коленото поради дегенеративни или посттрауматски промени. Пациентите беа рандомизирани во две групи: • Експериментална група (n = 10) – третирана со комбинирана програма: функционална магнетна стимулација на мускулатурата околу коленото, проследена со индивидуално приспособена кинезитерапија; • Контролна група (n = 10) – третирана само со стандардна кинезитерапија. Третманот траеше 6 недели, 3 пати неделно. Проценката беше направена пред и по третманот со: визуелно аналогна скала за болка (VAS), опсег на движење во коленскиот зглоб (гонуиометрија), мускулна сила (по MRC скала) и функционален статус (стандардизиран функционален тест, на пр. WOMAC или сличен индекс). Двете групи покажаа статистички значајно намалување на болката и подобрување на функцијата по завршување на рехабилитацијата. Сепак, експерименталната група покажа поголемо намалување на VAS скорот (просечно намалување за околу 50–60% наспроти 30–40% во контролната група), поголемо зголемување на опсегот на флексија во коленото, како и поизразено подобрување на мускулната сила и функционалниот статус. Разликите меѓу групите беа статистички значајни ($p < 0,05$). Комбинираната примена на кинезитерапија и функционална магнетна стимулација во рехабилитацијата на коленскиот зглоб овозможува подобро намалување на болката, зголемување на опсегот на движење, подобрување на мускулната сила и функционалниот капацитет, во споредба со самостојна кинезитерапија. Овие резултати укажуваат дека вклучувањето на ФМС во стандардните рехабилитациски програми може да придонесе за поефикасно и побрзо функционално закрепнување кај пациенти со нарушена функција на коленото.

II. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

II.1. Техничко унапредување:

Во РС Македонија:

– Јумеихо терапија, март 2017 година, Здружение на физиотерапевти на Р Македонија, предавач Христо Хаџикимов;

– Omt Medical Acupuncture, Dry needing for the treatment of musculoskeletal pain, Osteon Manual Therapy Training, May 2017, Macedonia;

– Туи на масажа кај деца со посебни потреби, мај 2017 година, Здружение на физиотерапевти на Р Македонија, предавач Леонид Розман;

– Рехабилитација на спортски повреди, мај 2017 година, Здружение на физиотерапевти на Р Македонија;

– Примена на деконгестивен третман кај ортопедско-трауматолошки пациенти, јуни 2017 година, Здружение на физиотерапевти на Р Македонија, предавач Beate Carriere;

– Рехабилитација во неврологијата, септември 2017 година, Здружение на физиотерапевти на Р Македонија во соработка со „Аџибадем Систина";

– Рехабилитација кај цервикален синдром, септември 2019 година, Здружение на физиотерапевти на Р Македонија;
– Basic Halliwick Course, International Halliwick® Association, октомври 2019 година, Р Македонија – курс за хидротерапија;
– Мускулна дистофија кај деца и нивна рехабилитација – постковид период, август 2021 година, Мускулна дистрофија асоцијација Македонија;
– Мускулна дистофија кај деца и нивна рехабилитација, септември 2022 година, Мускулна дистрофија асоцијација Македонија;
– Новитети во мануелната терапија, октомври 2023 година, раководење на едукативен настан, Институт за едукација Прогресио – Скопје;
– Техники за мануелна терапија, јануари-март 2024 година, раководење на едукативен настан, Институт за едукација Прогресио – Скопје;
– Миофасцијална терапија, ноември 2024 година, раководител на едукација, Институт за едукација Прогресио – Скопје;
– Кинезио тејпинг кај спортски повреди, јуни 2025 година, раководење на едукативна работилница, Институт за едукација Прогресио – Скопје;
– Патокинезиолошка анализа и корекција кај деца со нарушен став и држење на телото, раководител на работилница, мај 2026 година, Институт за едукација Прогресио – Скопје.

Во странство:
– Classic, remedial, sports and chines massage with total mark Excellent (6), Prossessing diplom No. 09-40/6, Department ”Medical-social science” and ”Kinesitherapy”, 1.12.2006-4.04.2007, South-West University ”Neofit Rilski” – Blagoevgrad, Bulgaria;
– Base course of Su JOK Therapy, conducted by the Educational Department of International Su JOK Therapy Association, 2008; https://www.sujok.com/
– Manual therapy – lower back and lower limb, Bulgarian subgroup of Manual Mobilization RIG of IFOMT, December 2009, Sofia
– Tecarteraphy Capenergy – specialization course, May 2021, Capenergy Medical, S.L., Barcelona, Spain; https://capenergy.com/en/home-medical
– Basic Osteopathic Manipulation Techniques and Clinical Assessment, iTHRUST Academy, July 2024, Sofia, Bulgaria; https://www.ithrustacademy.com/
– Advanced Manipulation Techniques and Clinical Assessment, iTHRUST Academy, Oct 2024, Sofia, Bulgaria; https://www.ithrustacademy.com/
– Advanced osteopathic visceral manipulation techniques and clinical evaluation, iTHRUST Academy, Nov 2024, Sofia, Bulgaria. https://www.ithrustacademy.com/

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Димитар Андреев ги исполнува сите услови за избор во насловно звање насловен доцент.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и севкупна активност во изминатиот периодот до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот д-р Димитар Андреев преку остварени вкупно поени 84 (НО+НИ=40 + САОР=44).

Имајќи ги предвид сите факти што се наведени во овој извештај, како и освоените бодови од неговите активности, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет да го избере кандидатот д-р Димитар Андреев во звање насловен доцент за наставно-научната област применета кинезиологија (5.09.01.02) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Данче Василева, претседател, с.р.
Проф. д-р Тоше Крстев, член, с.р.
Проф. д-р Ленче Николовска, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	/					
	ВКУПНО					/
	Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор I.1; останати автори - I.2-I.6)	5x3=15 1x9=9			**9/6/3**	**24**
	Одбранета докторска теза				**8**	**8**
	Одбранета магистерска работа				**4**	**4**
	Претседател на организациски или научен одбор на научен собир	2	2x2=4			**4**
	ВКУПНО					**40**
	Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Техничко унапредување II.1	15	15x2=30	7	7x2=14	**44**
	ВКУПНО					**44**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**84**

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1102-125/3 од 17.9.2026 година донесена на 296. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 16.9.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област граѓанско материјално право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Марија Амповска, редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател,
- д-р Игор Камбовски, редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член и
- д-р Милица Шутова, вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 5.9.2026 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: **д-р Ана Панева.**

Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека приложената документација од кандидатката навремено е доставена со сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатката д-р Ана Панева е родена на 5.8.1992 година во Штип. Во 2016 година дипломирала на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како студент на генерацијата со највисока просечна оценка 9.55 и се здобила со стручно звање: дипломиран правник-правосудна насока. По завршувањето на вториот циклус студии (насока-Правосудна насока) со просечна оценка 10, кандидатката м-р Ана Панева во ноември 2019 година го одбранила магистерскиот труд на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се стекнала со звање магистер на правни науки правосудна насока.

Во 2021 година кандидатката се запишала на трет циклус – докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Граѓанско право. Во 2026 година успешно ја одбранила докторската дисертација на тема „Правни аспекти на договорот за доживотна издршка: Улогата на правните лица во заштитата на старите лица“ и се стекнала со научен назив доктор на правни науки од областа на граѓанското право.

Во поглед на работното искуство, кандидатката во периодот од 1.10.2016 до 1.10.2017 година работи како практикант-волонтер во Основниот суд во

Штип. Од 1.6.2018 година до денес е ангажирана како проектен координатор на неколку проекти во Здружението на правници „Легал Тинк“ во Штип. Од 1.9.2018 до 1.10.2020 година работи како практикант во Основното јавно обвинителство во Штип. На 22.1.2018 година кандидатката м-р Ана Панева го положила правосудниот испит.

Кандидатката својата наставно-научна кариера ја започнува во 2021 година, на работно место соработник/асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во научната област граѓанско право и целосно е вклучена во одржување на вежби на прв циклус на студиска програма Правни студии (предмети: Граѓанско право – општ дел, Наследно право, Меѓународно приватно право, Граѓанско процесно право, Историја на правото, Римско право, Граѓанско право – применета програма). Согласно со Одлука број 1102-63/17 од 22.3.2024 година кандидатката е реизбрана во соработничко звање асистент за научната област граѓанско право.

Од приложената документација се гледа дека кандидатката континуирано е посветена на научното и стручното усовршување, преку нејзино активно учество на меѓународни и домашни конференции и семинари, кои ќе бидат прикажани во натамошниот текст на рефератот. Ова ја докажува нејзината посветеност кон континуирано усовршување и споделување на знаењето во оваа област.

Во својата досегашна научноистражувачка работа, покрај изработената и одбранета докторска дисертација, кандидатката д-р Ана Панева има објавено научни трудови во референтни научни публикации, кои се прикажани во делот од рефератот посветен на научно-истражувачката активност на кандидатката.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

Општи услови за избор:

1. **Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно:**

- Кандидатката има остварено просечен успех од 9.55 на студии од прв циклус и просечен успех од 10,00 од втор циклус студии.

2. **Научен степен доктор на науки од научната област за која се врши изборот:**

- Кандидатката е доктор на правни науки од областа на граѓанското право со одбранета докторска дисертација по наслов „Правни аспекти на договорот за доживотна издршка: Улогата на правните лица во заштитата на старите лица“ под менторство на проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска на Правен факултет „Јустинијан први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

3. **Претходен избор во звања:**

Со Одлука бр.1102-63/17 од 22.3.2024 година на седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 19.3.2024 година, е избрана за асистент за научната област граѓанско право за период од 3 (три) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 339 од 1.3.2024 година;

4. **Објавено најмалку 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, последните пет години пред објавувањето на Конкурсот за избор (од септември 2021 г. до септември 2026 г.):**

Бр.	Автор/и	Наслов на труд и година на објава	Научна публикација (списание)	линк
1.	Ана Панева	Правните лица во договорот за доживотна издршка – компаративна анализа, 2025	Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.129-144 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/38314/
2.	Ana Paneva	The Advantages, Risks, and Rules of Installing Video Surveillance in Workplaces, 2024	Law Review, Central European Academy, Budapest, p.281-296 (Уреднички одбор од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/36134/
3.	Ана Панева	Обезбедување на правата на старите лица: Истражување на договорите за доживотна издршка во земјите членки на ЕУ, 2024	Зборник на трудови од 11. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.109-120 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/38417/
4.	Strasko Stojanovski, Ana Paneva, Kristijan Panev	Youth, migration, and Higher education, 2023	Balkan Social Science Review, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, str.271-293 (Индексирано во Scopus, Q2 rank, фактор на влијание за 2023, SJR 0,25)	https://eprints.ugd.edu.mk/33161/
5.	Ана Панева	Раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности, 2023	Зборник на трудови од 10. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.95-106 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/32744/
6.	Ана Панева	Правна заштита на компјутерски програми, 2022	Зборник на трудови од 9. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.51-63 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/32466/

7.	Ана Панева	De facto states, 2022	Зборник на трудови од 9. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.33-50 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/32469/
8.	Ана Панева, Кристијан Панев	Статус на инфлуенсерите во македонскиот правен систем, октомври 2021	Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.59-65 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/32468/

5. **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик:**

Кандидатката има поднесено потврда (сертификат - БУЛАТС) за познавање англиски јазик.

6. **Да има способност за изведување на високообразовна дејност:**

Кандидатката има способност за изведување на високообразовна дејност. Кандидатката од 2021 година активно учествува во изведувањето на наставата на прв циклус студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, преку одржување вежби по повеќе предмети од областа на правните науки. Кандидатката има континуирана научноистражувачка и стручно-апликативна дејност.

Посебни услови:

7. **Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на истражувачките резултати:**

Истражувачките сознанија и резултати од научноистражувачката работа на кандидатката наоѓаат примена во нејзината наставно-образовна и стручно-апликативна дејност, особено преку нивно вклучување во практичната работа со студентите и во реализацијата на научноистражувачки и проектни активности.

Кандидатката е член на Правната клиника при Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во чии рамки активно учествува во практичната едукација на студентите преку работа на конкретни правни случаи, давање насоки за нивна правна анализа и подготовка на правни мислења. Преку оваа активност, кандидатката придонесува за поврзување на теоретските и научните сознанија со нивната практична примена и за развивање на практичните правни вештини на студентите.

Во наведениот период, кандидатката учествувала во следниве научноистражувачки и проекти активности:

- Во периодот 2021–2023 г. учествува како член на истражувачкиот тим во проектот „Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политиките“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- Во периодот 2022–2023 г. учествува како млад истражувач во проектот „Млади, миграции и образование“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

- Во 2023 г. учествува како млад истражувач во проектот „Социо-антрополошки, правни и историски аспекти на заштитата на културното и историското наследство во Општина Карбинци“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- Во 2023 г. учествува во проектот „Strengthening Quality News and Independent Journalism in the Western Balkans and Turkey II“, во рамките на Balkan Investigative Reporting Network (BIRN), Budapest.

8. **Две препораки од професори од научната област на која се избира кандидатот.**

Кандидатката има доставено две препораки од професори кои имаат увид во наставно-научното работење на кандидатката, како и нејзиниот професионален развој во академската средина.

9. **Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.**

Кандидатката д-р Ана Панева во изборниот период има остварено вкупно 162,5 поени од целокупната актива и тоа: 30 поени од наставно-образовна дејност; 116,5 поени од научноистражувачка дејност и 16 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Во продолжение следи детална оценка на нејзината високообразовна дејност (наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност).

Според член 7 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, единствени критериуми и елементи за вреднување или доделување на поени (квантификација) за активностите на пријавените кандидати кои се избираат во звања се следниве: стекнато образование, резултати од научно-истражувачка работа, резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок, стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност. За таа цел Комисијата, врз основа на приложената документација од кандидатката, како и од увидот во нејзиното работење преку е-репозиториум, ги утврди и вреднуваше следниве активности на кандидатката:

1. **Наставно - образовна дејност**

Својата наставно-образовна дејност д-р Ана Панева ја започнува во 2021 година, кога е редовно вработена како асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Со Одлука бр.1102-84/6 од 28.5.2021 година е избрана во соработничко звање асистент за научната област граѓанско право. Во 2024 година, со Одлука бр.1102-63/17 од 22.3.2024 година, кандидатката е реизбрана во соработничко звање асистент за научната област граѓанско право.

Во рамки на својата наставно-образовна дејност, кандидатката е вклучена во изведување на вежби на повеќе предмети во прв циклус на студии на Правниот факултет, каде што се истакна со своите стручни, професионални и академски квалификации.

На првиот циклус студии е вклучена на следниве предмети:

На насока Правни студии во прв семестар, предмет Граѓанско право – општ дел (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во прв семестар, предмет Историја на право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во втор семестар, предмет Римско право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во четврти семестар, предмет Наследно право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во петти и седми семестар, предмет Меѓународно приватно право (3+2+2), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во шести семестар, предмет Граѓанско-процесно право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии – модул Граѓанско право во седми семестар, предмет Граѓанско право – применета програма (3+2+1), Штип и Струмица.

2. **Научноистражувачка дејност**

Во поглед на научноистражувачката дејност, кандидатката д-р Ана Панева приложи и листа на публикации и достави и копии од истите, со што го потврдува и својот потенцијал и амбиција за творечка активност во сферата на правните науки. Во продолжение е прикажана кратка научна евалуација на научните трудови на кандидатката:

2.1. Научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации

1. Панева А. (2025). *Правните лица во договорите за доживотна издршка – компаративна анализа*. Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија. p.129-144. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38314

Во овој труд кандидатката ја истражува можноста правните лица да се јават како даватели на издршка кај договорот за доживотна издршка, преку компаративна анализа на правните решенија во повеќе европски правни системи. Посебно се анализираат законодавствата на Србија, Хрватска, Швајцарија, Унгарија и Франција, како и релевантната судска практика и поновите законски реформи во оваа област.

Кандидатката укажува на отсуството на јасна и усогласена правна регулатива во однос на можноста правните лица да се јават како даватели на издршка, што може да доведе до правна несигурност и можни злоупотреби. Во трудот се истакнува потребата од воспоставување попрецизна правна рамка со која ќе се определат правните лица кои можат да се јават како даватели на издршка, условите за нивно учество и соодветните механизми за заштита на старите лица како приматели на издршката.

2. Paneva, Ana. (2024). *The Advantages, Risks, and Rules of Installing Video Surveillance in Workplaces*. Central European Academy, Law Review, 2 (1), Budapest. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36134

Во овој труд кандидатката го анализира прашањето на видеонадзорот на работното место и неговиот однос со правото на приватност, заштитата

на личните податоци и достоинството на вработените. Посебно внимание е посветено на ризиците што произлегуваат од примената на современите технологии и можноста за нарушување на приватноста преку собирање и обработка на лични податоци со системите за видеонадзор.

Во трудот се анализира правната рамка во македонското законодавство со која се уредува употребата на видеонадзорот, како и потребата од воспоставување соодветни гаранции за спречување на неговата злоупотреба. Кандидатката посебно ги разгледува постапката и условите под кои може да се воспостави постојан видеонадзор на работното место заради следење на работните активности на вработените.

3. Панева А. (2024). *Обезбедување на правата на старите лица: Истражување на договорите за доживотна издршка во земјите членки на ЕУ*. Proceeding of the 11th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip. p.109-120. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38417

Во овој труд кандидатката го анализира договорот за доживотна издршка од аспект на неговата улога како правен инструмент за остварување и заштита на правата на старите лица, во контекст на член 25 од Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија. Посебно внимание е посветено на субјектите кои можат да се јават како страни на договорот, нивните права и обврски, како и на потребата од обезбедување соодветна правна заштита на старите лица кои склучуваат ваков вид договори.

Кандидатката ја разгледува правната рамка и судската практика, а преку примена на компаративниот метод го анализира уредувањето на договорот за доживотна издршка во правните системи на земјите членки на Европската Унија. Преку утврдување на сличностите и разликите во правното уредување, во трудот се посочуваат можностите за унапредување на правната регулатива и зајакнување на заштитата на правата на старите лица.

4. Stojanovski S., Paneva Ana., Panev K. (2023). *Youth, migration, Higher education*. Balkan Social Science Review 22. p.271-293, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33161

Во овој труд се анализираат миграциските процеси во балканските земји, со посебен фокус на Република Северна Македонија, како и нивната поврзаност со демографските состојби и образовните перспективи на младите. Авторите ги разгледуваат факторите кои влијаат врз миграцијата, меѓу кои политичката и економската нестабилност, корупцијата, проблемите во функционирањето на владеењето на правото, како и можностите за продолжување на образованието на универзитетско ниво. Истражувањето се заснова на резултати од две емпириски истражувања кои ја отсликуваат состојбата во источниот и централниот регион на Република Северна Македонија. Посебно внимание е посветено на временска анализа, преку споредување на податоците од 2014, 2018, 2022 и 2023 година, дополнети со официјални статистички податоци. Трудот укажува на поврзаноста помеѓу образовната мотивација и миграциските тенденции и го нагласува значењето на младите и нивниот образовен потенцијал за идниот демографски и општествен развој на земјата.

5. Панева А. *(2023). Раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности.* Зборник на трудови-секција млади истражувачи

од 10. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, стр.95-106, https://eprints.ugd.edu.mk/32744/

Авторот во овој труд ја истражува можноста за раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности, ги анализира правните основи и законски одредби и ги идентификува параметрите што треба да се земат предвид при утврдување на релевантните промени. Во овој труд се дава анализа на факторите кои се правно релевантни за раскинување на договорот за доживотна издршка, фокусирајќи се на клучните промени како финансиски, промени во здравствената состојба, лични промени, промени поврзани со животните околности.

6. Здравева А. (2022). *Правна заштита на компјутерски програми*. Зборник на трудови-секција млади истражувачи од 9. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет», Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, стр.51-63, https://eprints.ugd.edu.mk/32466/

Авторот во овој труд ја анализира законската регулатива за правна заштита на компјутерски програми, фокусирајќи се на предметот на заштита и елементите кај компјутерските програми кои се штитат со авторските права. Притоа, трудот ги истражува примената на законската регулатива низ праксата на Европскиот суд за човекови права, особено во случајот на SAS Institute Inc. vs. World Programming Ltd (WPL).

7. Донева Н, Здравева А, Трајковска Е. (2022). *De facto states*. Зборник на трудови-секција млади истражувачи од 9. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет», Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, стр. 33-50, https://eprints.ugd.edu.mk/32469/

Авторите во овој труд се фокусираат на истражување на државите познати како „непризнати држави”, „делумно признати држави” или држави со спорна егзистенција. Се разгледуваат фактите, дебатите и анализите за апликативноста на меѓународните правила и сегментирање на државите според нивниот статус. Во трудот се истражува зошто овие држави уште немаат меѓународно признавање и каков е нивниот статус. Дополнително се елаборирани и неколку примери за државите кои се „обидуваат да се стекнат со меѓународна признатост”, а се уште се борат со мноштвото факти и докази за нивно отфрлање.

8. Здравева А, Панев К. (2021). *Статус на инфлуенсерите во македонскиот правен систем.* Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија. стр. 59-65 https://eprints.ugd.edu.mk/32468/

Во овој труд кандидатката ги анализира правните аспекти на инфлуенсер-маркетингот, со посебен акцент на договорите за соработка и маркетинг што се склучуваат помеѓу инфлуенсерите и деловните субјекти. Се разгледуваат правната природа и содржината на овие договорни односи, како и правата и обврските што произлегуваат од нив во услови на сè поголема примена на социјалните мрежи како средство за рекламирање и промоција на производи и услуги.

Во трудот се разгледува и правниот статус на инфлуенсерите и нивната комерцијална активност, како и потребата од соодветно правно регулирање на нивното дејствување во дигиталниот простор. Анализата ги опфаќа и прашањата поврзани со односот помеѓу инфлуенсер-маркетингот и правата и слободите на потрошувачите, со што се укажува на повеќеслојните правни аспекти на овој современ облик на маркетинг.

2.2. **Објавена монографија**

9. Stojanovski, Strasko and Paneva, Ana and Panev, Kristijan (2024) *Млади, миграции и образование.* Фондација за развој на локалната заедница-Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/35714/

2.3. **Магистерски и докторски тези**

10. Докторска дисертација

Во април 2026 година, кандидатката д-р Ана Панева успешно ја одбранила докторската дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што се стекнала со научен степен доктор на правни науки од областа на граѓанското право. Во докторската дисертација кандидатката д-р Ана Панева го истражува договорот за доживотна издршка, со посебен акцент на можноста правните лица да се јават како даватели на издршка и правните импликации што произлегуваат од нивното учество во овој договорен однос. Истражувањето е насочено кон утврдување на степенот на усогласеност на македонската нормативна рамка со современите правни тенденции и европските стандарди, како и кон идентификување на постојните правни празнини и недоследности во регулирањето на овој институт.

Во трудот кандидатката најнапред ги разработува теоретските и нормативните аспекти на договорот за доживотна издршка, неговата правна природа, карактеристики, содржина, правната положба на договорните страни, како и основите за престанок, неважност и раскинување на договорот. Посебно внимание е посветено на домашната судска практика и практичните проблеми кои се јавуваат при примената на овој правен институт.

Суштинскиот дел од истражувањето е посветен на правните лица како даватели на издршка. Преку правно-догматска и компаративна анализа кандидатката ја разгледува можноста и правната оправданост за нивно учество во договорите за доживотна издршка, со посебен осврт на центрите за социјални работи како потенцијални даватели на издршка. Компаративната анализа опфаќа повеќе правни системи од регионот и Европа, со цел идентификување решенија кои можат да придонесат за поголема правна сигурност и подобра заштита на примателите на издршка.

Посебна вредност на истражувањето претставува неговиот емпириски дел, во кој кандидатката ја истражува практичната примена на договорите за доживотна издршка во кои Центрите за социјални работи се јавуваат како даватели на издршка. За таа цел се користени примарни податоци добиени преку барања за слободен пристап до информации и полуструктурирани интервјуа со претставници на центрите за социјални работи и надлежното Министерство.

Истражувањето ги опфаќа и современите европски модели на грижа и домување на постарите лица, со посебно внимание на специјализираното домување со услуги и меѓугенерациското домување. Кандидатката ги разгледува можностите за адаптација на овие модели во Република Северна Македонија и предлага сопствен модел на заедничка грижа, инспириран од принципите на задруга или ортаклак, како можен правно, економски и социјално одржлив систем на меѓусебна поддршка на постарите лица.

Врз основа на спроведеното истражување, кандидатката предлага насоки и препораки за унапредување на националната правна рамка и институционалните механизми во областа на договорната и институционалната грижа за постарите лица, со цел обезбедување поголема правна сигурност, заштита на нивните права и достоинствено стареење.

11. Магистерски труд

Во творечкиот опус на кандидатката влегува и магистерскиот труд. Магистерскиот труд е одбранет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во ноември 2019 година. Во трудот таа дава краток осврт на корупцијата во општеството и корупцијата во високото образование, како и елаборација на нејзината феноменологија и етиологија во високото образование. Во трудот се анализираат законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа тематика. Во магистерскиот труд е елаборирана содржината на антикорупциските одредби во сферата на високото образование и е направена анализа на потенцијалот на домашното законодавство за борба против корупцијата. Покрај теоретскиот пристап, кандидатката во трудот прави и анализа на резултати добиени од анкета која е спроведена на студентите при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, со цел да се измери нивото на корупцијата во високото образование. Истражувањето е составено од индикатори базирани на искуство, ставови и перцепција за корупцијата.

2.4. **Учество на научни конференции, учество на семинари, учество во работилници**

12. Sutova, Milica and Paneva, Ana (2022) *Litigation proceedings for resolving family disputes during the state of emergency.* In: Systemic Agency in Extraordinary Situations: Experiences and Challenges, 20 April 2022, Faculty of Law, University of Niš, Serbia.;

13. Sutova, Milica and Paneva, Ana (2023) *Улогата на парничната постапка во ефетуирањето на концептот одржлив развој.* In: Одржливиот развој во правото и во политиките: патоказ за достигнување на целите на одржлив развој на Обединетите нации, 06 June 2023, Faculty of Law, Goce Delcev University Stip;

14. Paneva, Ana and Panev, Kristijan (2023) *Пристап до правда во македонскиот правен систем.* In: 10th International Scientific Conference: Social Changes in the Global World, 28-29 Sept 2023, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip;

15. Galeva, Jordanka and Paneva, Ana and Panev, Kristijan (2023) *Developing an Accreditation for MA Program in Investigative Journalism in the Western Balkan and Turkiey.* In: Developing an Accreditation for MA Program in Investigative Journalism in the Western Balkan and Turkiey, 16-17 Nov 2023, Budapest, Hungary.

16. Paneva, Ana and Trajkovska, Elena (2024) *Aging with security: lifetime support contracts and elderly protection in the macedonian system compared to the European Legal Framework*. In: 6th Annual International Scientific Conference "Legal Tradition and New Legal Challenges", 17-19 Oct 2024, University of Novi Sad, Faculty of Law.

17. Paneva, Ana (2024) *Ensuring Elderly Rights: Exploring Lifetime Support Contracts in EU Law.* In: Predoctoral Conference ECLIC "EU at the Crossroads - Ways to Preserve Democracy and Rule of Law", 13-14 June 2024, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek, Faculty of Law Osijek, Croatia;

18. Paneva, Ana (2024) *Intellectual property in the era of artificial intelligence: analysis, challenges and solutions.* In: International Scientific Conference: Legal principles in modern law, 18-19 April 2024, Faculty of Law, University of Niš;

19. Paneva, Ana (2025) *The justification of Legal Entities as subjects in the Lifetime support contract*. 12th International Scientific Conference: Social Changes in the Global World, 25-26 Sept 2025, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip;

20. Paneva, Ana and Buraliev, Ivan (2025) *The Impact of Family Structure on Child Delinquency: A Quantative Analysis of Famaly Completeness as a Risk Factor (2019-2023) in North Macedonia*. In: International Scientific Conference: Law and Social Conflict, 25-26 April, Faculty of Law, University of Niš;

2.6. **Учество во научни проекти**

21. Учесник во научноистражувачки проект (2021-2023): „*Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политиките*", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, партнер Универзитет во Мишколц (Унгарија), член на истражувачки тим и предавач:

21.1. Paneva, Ana (2022) *Еднаков пристап до правда во сите сегменти на општественото живеење.* In: Концептот на одржлив развој во правото и во политиките: застапеност, предизвици и перспективи, 02 June 2022, Law Faculty, University of Goce Delcev, Stip;

21.2.Paneva, Ana (2022) *Еднаков пристап до правда во сите сегменти на општественото живеење.* In: Циклус предавања по одржлив развој во рамки на проектот „Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политиките", 25 Nov 2022, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip;

22. Учесник во научноистражувачки проект (2022-2023): „*Млади, миграции и образование*", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, како млад истражувач.

23. Учесник во научноистражувачки проект (2023): „*Социо-антрополошки, правни и историски аспекти на заштитата на културното и историско наследство во Општина Карбинци", како млад истражувач.*

2.6. Студиски престој во странство

24. Студиски престој на Правен факултет, Универзитет во Ниш, Србија, во периодот од 1.10.2023-10.10.2023 година.

3. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Членовите на Комисијата имаат можност да ја следат оваа дејност на кандидатката преку работата на Наставно-научните совети, како и

платформите на Универзитетот. Оттука, Комисијата утврди дека кандидатката учествува во остварување на повеќе активности врзани со организирање на конференции, настани, работилници, семинари и слично во рамки на Правен факултет при УГД – Штип, од кои ги издвојуваме:

3.1. Уредник на научно списание

25. Уредник на студентско списание Students Social Science Journal кое го издава Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, уредник на изданија бр.15 (2023), бр.16 (2023), бр.17 (2024), бр.18 (2024), бр.19 (2025), бр.20 (2025), бр.26 (2026), при што на изданија бр.18 (2024), бр.19 (2025), бр.20 (2025) била ангажирана и како технички уредник;
https://js.ugd.edu.mk/index.php/sssj

3.2. Уредник на Зборник на трудови

26. Уредник на Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2022, 2023, 2024 и 2025 година, при што во 2023, 2024, 2025 била ангажирана и како технички уредник;
https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/issue/archive

3.3. Член на организациски или научен одбор на научен собир

27. Член на организацискиот одбор на IX, X, XI, XII, XIII Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

28. Член на организацискиот одбор на X, XI, XII, XIII Ораторска вечер на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

3.4. Стручни публикации

29. Paneva, Ana and Panev, Kristijan and Sharkovski, Boris and Longurova, Nevenka and Hadzi-Vasileva, Kristina (2025) *Анализа на состојбата со текстилниот отпад*. АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности.
https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=39230

3.5. Учество во стручно-апликативни проекти

30. (BIRN) Balkan investigative reporting network (2023): *“Strengthening Quality News and Independent Journalism in the Western Balkans and Turkey II”, Budapest.*

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата внимателно ја разгледа приложената документација и при донесувањето на заклучокот се раководеше првенствено од условите наведени во Конкурсот, како и од одредбите на Законот за високото образование и од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Комисијата констатира дека кандидатката д-р Ана Панева ги доставила сите потребни документи и дека ги исполнува условите за пријавување на Конкурсот. По детално прегледување на приложените документи на кандидатката д-р Ана Панева, Комисијата заклучи дека кандидатката има завршено додипломски правни студии со просечна оценка 9,55 и постдипломски правни студии со просечна оценка 10,00 со што се стекнува со 300 ЕКТС односно со титулата магистер на правни науки - Правосудна насока. Со успешно одбранета докторска дисертација кандидатката се стекнала со научен степен доктор на правни науки од областа на граѓанското право. Врз основа на тоа, Комисијата констатира дека кандидатката го исполнува критериумот за стекнат научен степен доктор на науки од соодветната научна област, како и критериумот за остварен просечен успех на додипломски и постдипломски студии над утврдениот праг во Конкурсот. Кандидатката исто така има доставено сертификат за познавање на англискиот јазик, како еден од светските јазици.

Покрај наставната дејност, кандидатката м-р Ана Панева покажува и значителна активност во поглед на вршење наставно-образовна дејност во област граѓанското право, како и научноистражувачка дејност што произлегува од објавените научни трудови, учество на проекти и научни конференции, и значителна активност во вршење на стручно-апликативна дејност, што се утврди преку членството во организациски активности и уредувањето на научни публикации, прикажани и евалуирани во овој реферат.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатката д-р Ана Панева во целост ги исполнува законските услови и ги задоволува наставно-образовните, научните и стручно-апликативните критериуми определени, со интерните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за избор во наставно-научно звање доцент во научна област граѓанско материјално право. Со оглед на тоа, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да го усвои овој извештај од Комисијата и да ја избере асистент д-р Ана Панева во наставно-научно звање доцент за научната област граѓанско материјално право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Марија Амповска, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Игор Камбовски, редовен професор, член, с.р.

Д-р Милица Шутова, вонреден професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	Наставно-образовна дејност	Поени				
		Во земјава		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
	Избор во звање асистент	2	15			**30**
	ВКУПНО					**30**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, **втор автор**, останати автори) **Ред.бр.4 (1*10=10)**	15/10/5				**10**
	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (**прв автор**, втор автор, останати автори) **Ред.бр.1 (1*9=9)** **Ред.бр.2 (1*9=9)** **Ред.бр. 8 (1*9=9)**	9/6/3				**3x9= 27**
	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир **Ред. бр.3(1*3=3)** **Ред. бр.5(1*3=3)** **Ред. бр.6 (1*3=3)** **Ред. бр. 7(1*3=3)**			4	3	**12**
	Монографија: **Ред.бр.9**	1	10			**10**
	Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство Во земјава: **Ред. бр. 13,14,19,** Во странство: **Ред.бр. 12, 15, 16, 17, 18, 20**	3	1.5	6	2	**16.5**
	Учесник во научен проект (максимум во три проекти) **Во земјава: Ред.бр.22, 23** **Во странство: Ред.бр.21**	2	2	1	3	**7**
	Одбранета докторска теза: **Ред.бр.10**	1	8			**8**
	Одбранет магистерски труд: **Ред.бр.11**	1	4			**4**
	Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати): **Ред.бр.25**	1	3			**3**
	Уредник на зборник на трудови: **Ред.бр.26**	1	2			**2**
	Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал: **Ред.бр.27, 28**	9	1			**9**
	Студиски престој во странство: **Ред.бр.24**			1	8	**8**
	ВКУПНО					**116,5**
Р.бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Стручна монографија: Ред.бр.29	1	8			**8**
	Учесник во научен проект (максимум во три проекти): Ред. бр. 30			1	8	**8**
	ВКУПНО					**16**
	ВКУПНО ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**162,5**

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРАЛНА МЕДИЦИНА И ПАРОДОНТОЛОГИЈА (3.05.01.07) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-304/20 од 23.9.2026 година донесена на 364. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 23.9.2026 година, определена е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област орална медицина и пародонтологија (3.05.01.07) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- проф. д-р Ана Миновска, редовен професор во пензија за наставно-научна област орална патологија и пародонтологија;
- проф. д-р Вера Радојкова-Николовска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, наставно-научна област орална патологија и пародонтологија;
- проф. д-р Киро Папакоча, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област имплантологија.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 5.9.2026 година и во предвидениот рок се пријави само доц. д-р Михајло Петровски, доктор на стоматолошки науки.

Кандидатот д-р Михајло Петровски, врз основа на распишаниот Конкурс, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи:

1) Пријава по Конкурс;
2) Диплома за завршени студии од прв циклус на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - копија заверена на нотар;
3) Диплома за завршени студии од втор циклус на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - копија заверена на нотар;
4) Диплома за завршени студии од трет циклус и одбранет докторски труд на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип - копија заверена кај нотар;
5) Уверение за положени испити на прв циклус студии - копија заверена на нотар (среден успех 9.31);
6) Уверение за положени испити на втор циклус студии - копија заверена на нотар (среден успех 10,00);
7) Уверение за положени испити на трет циклус студии - копија заверена на нотар (среден успех 10.00);
8) Уверение за положен специјалистички испит од областа пародонтологија;
9) Кратка биографија;
10) Список на објавени научни и стручни трудови;
11) По еден примерок од трудовите;
12) Потврда дека се служи со еден странски јазик;
13) Еден примерок од магистерски труд;
14) Еден примерок од докторски труд;

15) Уверение за државјанство;

16) Копија од важечка лиценца за работа;

17) Копии од издадени учебници, учебни помагала, практикуми и научна монографија во изборниот период.

18) Одлука за избор во наставно-научно звање доцент.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатот д-р Михајло Петровски е роден на 1 октомври 1984 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование со континуиран одличен успех. На Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје се запишал во учебната 2003/2004 година. Во октомври 2008 година ги завршил студиите со просечен успех 9,31 и се стекнал со звањето дипломиран доктор по стоматологија.

Едногодишниот задолжителен стаж го реализира на клиниките во рамките на Универзитетскиот стоматолошкиот клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје. Со полагање на стручниот испит на 27.11.2009 година се стекнал со работна лиценца издадена од Стоматолошката комора на Македонија. Во ноември 2016 и ноември 2023 година д-р Михајло Петровски се релиценцирал, со што ја продолжил дозволата за работа во стоматолошката здравствена дејност.

Со одбрана на магистерскиот труд во декември 2013 година, под наслов „Оралното здравје кај институционализираните стари лица”, д-р Михајло Петровски се стекнал со звањето магистер по стоматолошки науки.

Од декември 2011 година, д-р Михајло Петровски започнал да волонтира на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на студиските програми Стоматологија/ Дентална медицина и Стручните студии за забни техничари – протетичари. Во мај 2017 година д-р Михајло Петровски бил избран во соработничко звање асистент-докторанд од областите пародонтологија и орална патологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со што учествувал во реализирање на практичната настава на студиските програми Дентална медицина и Стручни забни техничари-протетичари.

Во ноември 2021 година го положил специјалистичкиот испит и се стекнал со звање - специјалист по пародонтологија.

Третиот циклус на студии односно докторските студии ги започнал во учебната 2017/2018 на Факултетот за медицински науки, од област базични и клинички истражувања во денталната медицина на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Истите ги завршил со остварен просек 10,00 и со освоени 180 кредити. Со одбраната на докторскиот дисертација на 13.12.2021 година, со наслов „Анализа на микротопографските и хемиските карактеристики на коренската површина на забот по спроведена конвенционална и ласер потпомогната пародонтална терапија”, пред Комисијата во состав: проф. д-р Ивона Ковачевска, претседател, проф. д-р Ана Миновска, ментор, проф. д-р

Мирјана Поповска, екстерен ментор, проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска и проф. д-р Киро Папакоча, се стекнал со титулата доктор по стоматолошки науки од областа орална медицина и пародонтологија.

Кандидатот Михајло Петровски покажува особен интерес во следниве научни дисциплини: пародонтологија, орална медицина и патологија, ласеротерапија во стоматологијата, геронтостоматологијата и стоматологијата насочена кон третман на лица со посебни потреби. М-р Михајло Петровски активно се служи со англискиот јазик, а има познавања и од германскиот, францускиот и српско-хрватскиот јазик. Исто така, кандидатот д-р Михајло Петровски поседува напреднати познавања на компјутерските програми потребни за изведување на наставата.

Општи услови за избор
Кандидат д-р Михајло Петровски

- Кандидатот има завршено прв циклус студии со времетраење од пет години студии (300 ЕКТС) на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со просечен успех 9,31 и втор циклус студии на истиот факултет со просек 10,00 (60 ЕКТС). Кандидатот е магистер на стоматолошки науки.
- Кандидатот е доктор на стоматолошки науки, во областа орална медицина и пародонтологија.
- Кандидатот е избран за доцент на Факултетот за медицински науки во 2017 год. (Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 294 од 1.3.2022 година и Одлука бр. 2002-93/9 од 22.3.2022 година).
- Кандидатот има способност за изведување на високообразовна дејност. Активно учествува во реализација на настава од наставно-образовниот процес на прв циклус на студиските програми – академската студиска програма Дентална медицина и стручните студии за Забни техничари-протетичари, на втор циклус Специјалистички стручни студии за забен техничар – протетичар и на трет циклус студии на Базични и клинички истражувања во дентална медицина.
- Кандидатот поседува потврда за познавање на најмалку еден странски јазик, односно има доставено валиден меѓународен Кембриџ сертификат за англиски јазик, ниво Б1.
- Кандидатот бил ментор и член на комисии за одбрана на дипломски трудови на студенти од интегрираните студии од прв и втор циклус по дентална медицина и завршни испит кај студентите на стручните студии од прв циклус за стручен забен техничар.
- Кандидатот има објавено минимум пет научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтна публикација во последните пет години.

Бр.	Автори	Наслов на трудот	Списание	Години на излегување на списанието

1.	Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Carcava-Salja,Sofija and Prosheva Pelivanova, Ljubica and Atanasova,Sandra	Influence of xerostomia on diet and nutrition among institutionalized elderly.	2022 Journal of Hygienic Engineering and Design, 40. pp. 215-220.	14 (Индексирано во Scopus)
2.	Terzieva-Petrovska, Olivera and Petrovski, Mihajlo and Petrovska,Jasna	Usage of Delaire facemask for treatment of class III malocclusion.	2024 Acta stomatologica naissai, 40 (80). pp. 2814-2822.	42 (Индексирано во Scopus - Q4)
3.	Petrovski, Mihajlo	Prevalence of oral mucosal lesions among the institutionalized elderly people.	2024 Acta Stomatologica Naissi, 40 (89). pp. 2758-2772.	42 (Индексирано во Scopus – Q4)
4.	Petrovski, Mihajlo and Stojanovic, Simona and Petrovic, Simona and Mladenovski, Marko and Nikolovski, Bruno and Stavreva, Natasa and Veljanovski, Darko and Apostoloski, Pavle	Assessment of periodontal status among patients with fixed prosthetic reconstructions.	2024 Acta Stomatologica Naissi, 40 (9). pp. 2863-2872. ISSN 1820-1202	42 (Индексирано во Scopus- Q4)
5.	Veljanovski, Darko and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Spirov, Vancho and Susak, Zoran and Baftijari, Denis and Dervishoski, Alil	Biomechanical Parameters of Implants Placed with Osseodensification Versus Implants Placed with Under-drilling Osteotomy Techniques in Posterior Maxilla: A Comparative Clinical Study.	2024 Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 15 (2). pp. 330-337. ISSN 1857-9655	13 (Индексирано во Scopus)
6.	Veljanovski, Darko and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro	Mucogingival approach to implant placement in the maxillary area: a case series.	2026 Acta Stomatologica Naissi, 42 (93). pp. 48-55. ISSN 1820-1202	42 (Индексирано во Scopus – Q4)

Посебни услови:

Кандидат доц. д-р Михајло Петровски

- Кандидатот има учество во научноистражувачки проекти како истражувач со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати и тоа во следниве проекти:

1. Kovacevska, Ivona and Dimova, Cena and Georgiev, Zlatko and Muratovska, Ilijana and Papakoca, Kiro and Bilbilova-Zabokova, Efka and Radeska, Ana and Denkova, Natasa and Naskova, Sanja and Foteva, Katerina and Petrovski, Mihajlo (2014) Анализа и процена на каналната оптурација во зависност од техниката на гутаперка апликација.

2. Dimova, Cena and Zdravkovska, Milka and Bosnakovski, Darko and Popovska, Lidija and Kovacevska, Ivona and Kostadinovic Velickovska, Sanja and Papakoca, Kiro and Serafimov, Aleksandar and Zarkova, Julija and Zlatanovska, Katerina and Petrovski, Mihajlo and Nacev, Ivan (2014) Dental morphology of human permanent teeth: external and internal anatomy of roots and root canal system –an experimental study

3. Kovacevska, Ivona and Papakoca, Kiro and Petrovski,

Mihajlo and Longurova, Natasa and Arsova, Natasa and Kitanovska, Emilija and Toneva, Verica and Toneva, Aleksandra (2017) Процена на корелацијата на реналната калкулоза со забниот камен.

4. Minovska, Ana and Mirakovski, Dejan and Kovacevska, Ivona and Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo and Cvetanovska-Stojchevska, Daniela and Aleksandrovska, Ana (2017) Евалуација на присуството на аеросоли како потенцијални загадувачи со стоматолошките ординации.

5. Dimova, Cena and

Papakoca, Kiro and Zlatanovska, Katerina and Naskov, Sanja and Zarkova-Atanasova, Julija and **Petrovski, Mihajlo** and Terzieva-Petrovska, Olivera and Rogoleva, Sonja and Kocovski, Darko (2018) *Significance of proper oral hygiene for oral health condition of medical science students.*

6. Jovevska, Svetlana and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera and Baldzieva, Sanja (2018) *Position of the mental aperture and its relationship with the mandibular channel*

7. CA23125 (TETRA)- The mETamaterial foRmalism approach to recognize cAncer- 30.09.2024 – 29.09.2028

8. CA24147 (AID-AgE)- Artificial Intelligence Driven Dental AgEstimation Network- 31.10.2025 – 30.10.2029

Кандидатот е автор на позитивно рецензирана учебник, скрипта и практикум објавени на е-библиотека на УГД и тоа:

1. Papakoca, Kiro and Mitevski, Kiril and Apostoloski, Pavle and **Petrovski, Mihajlo** (2017) *Анатомија на вилици и дентална морфологија - Скрипта*. ISBN 978-608-244-406-2.

2. Papakoca, Kiro and Naskova, Sanja and Mitevski, Kiril and Apostoloski, Pavle and **Petrovski, Mihajlo** (2017) *Анатомија на вилици и дентална морфологија - практикум.* ISBN 620 978-608-244-407-9.

3. Carceva-Salja, Sofija and Atanasova, Sandra and **Petrovski, Mihajlo** (2019) *Ортопедија на заби и вилици-скрипта.* ISBN978-608-244-653-0.

4. Carceva-Salja, Sofija and Atanasova, Sandra and **Petrovski, Mihajlo** and Terzieva-Petrovska, Olivera (2019) *Ортопедија на заби и вилици-практикум.* ISBN 978-608-244-652-3.

5. Minovska, Ana and Papakoca, Kiro and **Petrovski, Mihajlo** and Terzieva-Petrovska, Olivera (2020) *Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции - учебник.* Goce Delcev University, Stip. ISBN 978-608-244-782-7

6. Minovska, Ana and Papakoca, Kiro and **Petrovski, Mihajlo** and Terzieva-Petrovska, Olivera (2020) *Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции - практикум.* Goce Delcev University, Stip. ISBN 978-608-244-782-7

7. Velickova, Nevenka and **Petrovski, Mihajlo** and Milev, Mishko (2021) *Општа и орална хистологија со ембриологија - учебник.* UGD, Stip.

8. Papakoca, Kiro and **Petrovski, Mihajlo** and Prosheva Pelivanova, Ljubica and Apostoloski, Pavle and Mitevski, Kiril (2023) *Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-004-8

9. Petrovski, Mihajlo and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko (2026) *Пародонтологија за стручен забен техничар*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-145-8

10. Petrovski, Mihajlo and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko (2026) *Практикум по парадонтологија 1.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-146-5

11. Petrovski, Mihajlo and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko and Nikolovski, Bruno (2026) *Орална патологија (за стручен забен техничар-протетичар),* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-156-4

Кандидатот е автор и на стручна книга објавена во странство

12. Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera (2018) *Basics Of Geriatric Dentistry.* LAPLAMBERT Academic Publishing. ISBN978-620-2-05734-9.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Михајло Петровски активно е вклучен во изведувањето на теоретската и практичната наставата на Факултетот за медицински науки на студиската програма по дентална медицина и стручните студии за забен техничар-протетичар како волонтер уште во декември 2011 година. Во овој период како волонтер и стручњак од пракса учествува во реализација на практичната настава по предметите:

- Претклиничка пародонтологија;
- Пародонтологија 1;
- Пародонтологија 2;
- Орална медицина и патологија 1;
- Орална медицина и патологија 2;
- Орална медицина и пародонтологија;
- Орална биохемија;
- Клиничка ендодонција 2;
- Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции;
- Ласеротерапија во стоматологија;
- Орална хигиена.

Во соработничкото звање асистент-докторанд на Факултетот за медицински науки, УГД – Штип, е избран во мај 2017 година (Реферат објавен во Универзитетски билтен бр. 189 од 2.5.2017 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип). Од овој период учествува во изведувањето на практичната настава, односно вежбите за студентите од прв циклус по предметите:

- Претклиничка пародонтологија
- Пародонтологија 1
- Пародонтологија 2
- Орална медицина и патологија 1
- Орална медицина и патологија 2
- Ласеротерапија во стоматологија
- Орална патологија и пародонтологија
- Организација на стоматолошка служба
- Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции.

Како асистент-докторанд под менторство ја реализирал теоретската настава по предметите:

- Орална патологија и пародонтологија
- Орална медицина и патологија 1
- Орална медицина и патологија 2.

Од изборот во доцент до сега учествува во изведувањето на теоретската настава на следниве предмети на интегрираните студии од прв и втор циклус по дентална медицина и на студиите од прв циклус за стручен забен техничар:

- Орална биохемија
- Орална медицина и патологија 1
- Орална медицина и патологија 2
- Претклиничка пародонтологија
- Пародонтологија 1
- Пародонтологија 2
- Ласеротерапија во стоматологија
- Превентива на орални заболувања.

Д-р Михајло Петровски е ангажиран и во изведувањето на теоретската и практичната настава на следниве предмети на стручните студии од втор циклус за стручен забен техничар-протетичар:

- Промени во стомагонатниот систем после губење на забите
- Влијание на протетските помагала врз оралната лигавица
- Пародонтолошки аспекти на современата стоматолошка протетика
- Геронтопротетика.

На третиот циклус студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во денталната медицина, доц. д-р Михајло учествува во изведувањето на следниве наставни предмети:

- Механизам на орална хомеостаза
- Епидемиолошки истражувања во пародонтологијата
- Регенеративни технологии во пародонтологијата
- Хируршки решенија кај мукогингивалните аберации
- Современи дијагностички методи во оралната медицина.

Во текот на својот научен развој доцент доктор Михајло Петровски активно учествува во бројни домашни и меѓународни научни, стручни конференции и симпозиуми со усни и постер презентации како автор или коавтор. Исто така д-р Михајло Петровски се јавува и како ментор на студенти во изработката на трудови за презентирање на студентски конгреси и како и едукатор на работилници.

Листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации (научни списанија и зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири), научни проекти и други научноистражувачки референци:

- Списокот на објавени трудови и активности од НИ и САОР на кандидатот асистент-докторанд Михајло Петровски се евалуирани и презентирани во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев" бр. 189 од 2 мај 2017 година со вкупно поени 88,5.

(https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2017/189/pdf/189-6.pdf)

- За изборот во звањето доцент, д-р Михајло Петровски има пријавено 19 труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор, учествувал на повеќе научни конференции, истите се евалуирани и бодувани во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев" бр. 294 од 1 март 2022 година со вкупно 394,6 поени.

(https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-25/2022/294/pdf/294-4.pdf)

За избор во вонреден професор ги поднесува следниве трудови

I. ***Позитивно рецензирани учебници,скрипти и практикуми објавени на е-библиотека на УГД и тоа:***

1. Papakoca, Kiro and **Petrovski, Mihajlo** and Prosheva Pelivanova, Ljubica and Apostoloski, Pavle and Mitevski, Kiril (2023) *Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија.* Универзитет „Гоце Делчев"- Штип. ISBN 978-608-277-004-8

(https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1154&ugd=583274ed239af93f2782ee3c77f23ce0)

Учебникот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 326, од 14.7.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. **Petrovski, Mihajlo** and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko (2026) *Пародонтологија за стручен забен техничар*. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-145-8

(https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1262&ugd=85661450dfc18a2a9f3c5243836abb2b)

Скриптата е рецензирана во Универзитетски билтен бр. 381 од 2.2.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

3. **Petrovski, Mihajlo** and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko (2026) *Практикум по парадонтологија 1.* Универзитет „Гоце Делчев"- Штип. ISBN 978-608-277-146-5

(https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1263&ugd=23ef47b730c1940d8f890ff213141162)

Практикумот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 381, од 2.2.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

4. **Petrovski, Mihajlo** and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko and Nikolovski, Bruno (2026) *Орална патологија (за стручен забен техничар-протетичар)* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-156-4

(https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1270&ugd=7a98be936a77da566d9c6aa159396b28)

Скриптата е рецензирана во Универзитетски билтен бр. 385, од 1.4.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

IV. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во меѓународни списанија со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години:

IV.1. Објавени трудови во целост – in extenso / full text

IV. 1.1. Трудови кои се однесуваат на областа

1. Mladenovski, M., Popovska, M., Aleksovska, D., **Petrovski, M.,** Bexheti Zendeli, L., Spasovski, S., Gjorgovska Spasovska, A., & Toneva Stojmenova, V. (2022). The role and the function of cannabis oil (KANOIL) in the treatment of pain in oral mucositis. Apolonia – Journal of Dentistry, 24(48–49), 47–59.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30935) (**индексирано**)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 364 од 15.4.2025 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Petrovski, M., Papakoca, K., Carcava-Salja, S., Prosheva Pelivanova, L., & Atanasova, S. (2022). Influence of xerostomia on diet and nutrition among institutionalized elderly. Journal of Hygienic Engineering and Design, 40, 215–220.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30620) (**индексирано во Scopus**)
Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

3. Petrovski, M., Terzieva-Petrovska, O., Taskov, T., & Papakoca, K. (2022). Side effects associated with chlorhexidine mouthwashes use. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 68(Suppl. 1), 377–378.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31208) (**индексирано**)
Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

4. Papakoca, K., & Petrovski, M. (2022). Aesthetics of dental implants – Periodontal and surgical aspects. Knowledge – The Teacher of the Future, 50(4), 505–510.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30083) (**индексирано во EBSCO**)
Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

5. Petrovski, M. (2022). Periodontal status of institutionalized elderly. MEDIS – Medical Science and Research, 1(1), 15–20.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30084)
Евалуација на трудот: Трудот обработува значајна и актуелна проблематика од областа на стоматологијата, особено во доменот на пародонтологијата и геријатриската стоматологија. Предметот на истражувањето е од особено значење имајќи ја предвид зголемената потреба од унапредување на оралното здравје и стоматолошката грижа кај старите и институционализирани лица. Прикажаните резултати се систематизирани и интерпретирани на соодветен начин, а заклучоците произлегуваат од добиените наоди. Посебна вредност на трудот претставува неговата практична применливост, бидејќи резултатите укажуваат на потребата од континуирано следење, превенција и соодветен третман на пародонталните заболувања кај институционализираната геријатриска популација.
Трудот има научно и стручно значење.

6. Petrovski, M., & Papakoca, K. (2022). Oral signs and symptoms in COVID-19. Knowledge – Capital of the Future, 50(4), 427–430.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30082) (**индексирано во EBSCO**)
Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

7. Petrovski, M., & Carceva-Salja, S. (2023). Clinical manifestation of oral injuries caused by fixed orthodontic treatment. Knowledge – International Journal, 60(4), 617–621.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32362) (**индексирано во EBSCO**)
Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 349 од 15.8.2024 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

8. Petrovski, M., Stojanovic, S., Petrovic, S., Mladenovski, M., Nikolovski, B., Stavreva, N., Veljanovski, D., & Apostoloski, P. (2024). Assessment of periodontal status among patients with fixed prosthetic reconstructions. Acta Stomatologica Naissi, 40(9), 2863–2872.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36013) (**индексирано во Scopus- Q4**)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 382 од 16.2.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

9. Petrovski, M. (2024). Prevalence of oral mucosal lesions among the institutionalized elderly people. Acta Stomatologica Naissi, 40(89), 2758–2772.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34492) (**индексирано во Scopus-Q4**)

Евалуација на трудот: Трудот претставува оригинално клиничко истражување од областа на оралната медицина. Трудот ја обработува актуелната и клинички значајна проблематика поврзана со преваленцата на промените на оралната мукоза кај институционализирани лица од постара возраст. Истражувањето е спроведено во периодот мај–јули 2018 година во Домот за стари лица „Мајка Тереза“ во Скопје и опфаќа 70 испитаници постари од 65 години. Посебна вредност на трудот претставува диференцијацијата помеѓу патолошки промени на оралната мукоза и варијации во рамките на нормалниот наод. Резултатите покажуваат дека кај сите испитаници (100%) е регистрирана најмалку една промена во усната празнина, со просечно 2,24 ± 0,69 орални промени по испитаник. Кај нормалните варијации најчесто биле застапени Status Fordyce и обложениот јазик, додека меѓу патолошките промени доминирале лезиите поврзани со носење протетски помагала, особено улцеративните промени и протетскиот стоматитис. Трудот има значајна научна и практична вредност, бидејќи укажува на високата застапеност на оралните промени кај институционализираната старечка популација и на потребата од редовни стоматолошки прегледи и континуирано следење на патолошките лезии. Истражувањето претставува релевантен придонес кон унапредувањето на превентивната и клиничката стоматолошка грижа кај старите лица

Трудот има научно и стручно значење.

10. Petrovski, M., Veljanovski, D., Nikolovski, B., Mladenovski, M., & Kovacevska, I. (2024). Contemporary aspects of treatment of endodontal-periodontal lesions. Mathews Journal of Dentistry, 8(2), 1–5.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34464)

Евалуација на трудот: Во трудот се обработува современиот пристап во дијагностиката и третманот на ендодонтско-пародонталните лезии, кои претставуваат комплексна клиничка состојба поради меѓусебната поврзаност на пулпата и пародонталните ткива. Целта на трудот е да ги прикаже современите концепти во третманот на овие лезии, со посебен акцент на правилната дијагноза, и корелацијата си виталитетот на пулпата и степенот на пародонталниот дефект. За реализација на поставената цел е спроведен преглед на релевантната литература преку PubMed, а авторите ги анализираат терапевтските можности и прогностичките фактори кај различните типови ендо-периодонтални лезии. Посебно е истакнато значењето на ендодонтскиот третман кај примарните ендодонтски лезии и пародонталниот третман кај примарните пародонтални заболувања. Трудот има научна и практична вредност, бидејќи укажува на значењето на правилната диференцијална дијагноза и изборот на соодветен терапевтски пристап. Презентираните сознанија се применливи во секојдневната клиничка практика и придонесуваат кон подобрување на прогнозата и успешноста на третманот на комплексните ендо-периодонтални лезии.

Трудот има научно и стручно значење.

11. Asllani, L., Minovska, A., Petrovski, M., Barani, M., Aliu, K., & Hashani, E. (2025). Influence of osteoporosis at the level of the alveolar bone in the frontal mandibular region. Knowledge – International Journal, 69(4), 1–10.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35968)

Евалуација на трудот: Во трудот се анализира влијанието на остеопенијата и остеопорозата врз алвеоларната коска во фронталната регија на мандибулата. Истражувањето опфаќа четири групи испитаници: здрави лица, лица со остеопенија, пациенти со новодијагностицирана и нетретирана остеопороза и пациенти со остеопороза кои примаат терапија. Посебна методолошка вредност претставува користењето на DXA дензитометрија за проценка на минералната густина на коскеното ткиво и дигитална радиографска анализа на алвеоларната коска. Авторите го проценуваат растојанието помеѓу цементно-емајловата граница и алвеоларниот гребен, при што се забележуваат разлики помеѓу испитуваните групи. Резултатите укажуваат на значајна поврзаност меѓу остеопорозата и намалувањето на алвеоларната коска, што ја нагласува важноста на раната дијагностика и соодветниот третман.

Трудот има научно и стручно значење.

12. Asllani, L., Minovska, A., Petrovski, M., Barani, M., & Hashani, E. (2025). Connection between osteoporosis and periodontal disease: Review of the literature. Knowledge – International Journal, 68(4), 419–423.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35760) (**индексирано во EBSCO)**

Евалуација на трудот: Во трудот е анализирана поврзаноста помеѓу остеопорозата и пародонталната болест, со посебен акцент на влијанието на намалената коскена густина и остеопоротичните промени врз алвеоларната коска и прогресијата на пародонталното заболување. Авторите преку преглед на современата литература ги систематизираат досегашните сознанија и укажуваат на можната асоцијација помеѓу остеопорозата, губитокот на алвеоларната коска и клиничкиот губиток на атачмент. Особена вредност на трудот претставува неговата клиничка релевантност и нагласувањето на потребата од интердисциплинарен пристап кон пациентите со остеопороза и пародонтална болест. Авторите соодветно укажуваат дека односот помеѓу двете заболувања не е целосно разјаснет и дека се потребни дополнителни истражувања.

Трудот има научно и стручно значење.

13. Petrovski, M., Nikolovski, B., Veljanovski, D., Mladenovski, M., Papakoca, K., & Stavreva, N. (2025). Optimal oral health among institutionalized elderly in Republic of N. Macedonia. EC Dental Science, 24(1), 1–10.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35761)

Евалуација на трудот: Трудот обработува актуелна и значајна проблематика од областа на оралното здравје кај институционализираната стара популација. Во истражувањето се анализира присуството на оптимално орално здравје кај 118 институционализирани лица постари од 65 години, сместени во три установи за долготрајна грижа. Проценети се бројот на преостанати заби и DMFT индексот. Резултатите покажуваат исклучително несоодветна состојба на оралното здравје: само 2,61% од испитаниците имале 20 или повеќе заби, додека 41,74% биле целосно беззаби. Просечниот број на преостанати заби изнесувал 6,26 ± 3,9, а просечната вредност на DMFT индексот

25,48 ± 8,65. Научната вредност на трудот се согледува во обезбедувањето релевантни податоци за оралниот статус на една особено ранлива популација и во нагласувањето на потребата од интегрирање на оралната здравствена грижа во целокупната здравствена и социјална грижа за старите лица.

Трудот има научно и стручно значење.

14. Asllani, Lumturije and Minovska, Ana and Petrovski, Mihajlo and Barani, Merita and Shehu, Doruntina and Hashani, Elsa (2026) Epidemiology of Periodontal Diseases. Apolonia Journal of Dentistry, 1 (62-63). pp. 40-47. ISSN 1857-6087

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38710)

Евалуација на трудот: Трудот обработува актуелна и значајна проблематика од областа на пародонтологијата и оралното здравје. Во трудот се разгледуваат основните епидемиолошки и клинички аспекти на пародонталните заболувања, со посебен осврт на гингивитисот и пародонталните заболувања, нивната патогенеза, клиничките манифестации и последиците врз потпорните ткива на забите. Посебно е истакнато значењето на пародонталните заболувања како едни од најчестите хронични заболувања и како значаен причинител на губиток на заби кај возрасната популација. Научната вредност на трудот се согледува во систематизирањето на релевантните сознанија за епидемиологијата, превенцијата и современото разбирање на пародонталните заболувања. Трудот има и практична вредност, бидејќи ги нагласува можностите за превенција, рана дијагностика и соодветен третман со цел зачувување на природните заби.

Трудот има научно и стручно значење.

15. Veljanovski, Darko and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo (2026) Mucogingival approach to implant placement in the maxillary area: a case series. Acta Stomatologica Naissi, 42 (93). pp. 48-55. ISSN 1820-1202

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38902) (**индексирано во Scopus-Q4**)

Евалуација на трудот: Во трудот е претставен мукогингивалниот пристап при имплантно згрижување во максиларната регија, со цел истовремено подобрување на периимплантните меки ткива и естетскиот исход. Прикажани се три клинички случаи со различен временски протокол на имплантна поставеност – рана одложена, одложена и непосредна имплантација. Применетата техника вклучува коронално поместен букален флап, сврзноткивен графт и протетско обликување на меките ткива. Сите импланти покажале успешна осеоинтеграција и стабилност на маргиналното ниво на коската во период од 6 до 12 месеци, со задоволителна дебелина и висина на периимплантната мукоза и поволен естетски резултат. Научната и практичната вредност на трудот се согледува во примената на интегриран мукогингивален и имплантолошки пристап за решавање на комплексни естетски и мекоткивни предизвици. Ограничувањето на трудот е малиот број клинички случаи и краткото следење, што авторите соодветно го препознаваат.

Трудот има научно и стручно значење.

IV.1.2. Објавени трудови во целост од други интердисциплинарни области:

16. Petrovski, M., & Papakoca, K. (2022). Surgical manipulation of soft and bone tissue in contemporary dental implantology. Knowledge – International Journal, 54(4), 639–643.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30409) (**индексирано**)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

17. Terzieva-Petrovska, O., Petrovska, J., Velkoska-Kukuneshoska, G., & Petrovski, M. (2023). Twin-block in orthodontics: Indications, advantages and limitations. Journal of Dentistry Apolonia, 78–86.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33751)

Евалуација на трудот: Трудот претставува релевантен научно-стручен придонес во областа на ортодонцијата, со посебен акцент на примената на функционалниот Twin Block апарат во третманот на малоклузиите. Авторите обработуваат актуелна и клинички значајна проблематика, при што преку релевантна литературна анализа ги систематизираат индикациите, предностите и ограничувањата поврзани со примената на овој ортодонтски апарат. Посебна вредност на трудот претставува неговата практична ориентираност, бидејќи презентираните сознанија се значајни за правилниот избор на терапевтскиот пристап кај пациенти со различни видови малоклузии. Во трудот се разгледуваат можностите за примена на Twin Block апаратот кај Angle Class II и други ортодонтски аномалии, како и неговите предности во однос на толеранцијата од страна на пациентите, примената во мешана и трајна дентиција и комбинирањето со фиксни ортодонтски апарати. Истовремено, авторите критички ги посочуваат и неговите ограничувања и можните несакани ефекти. Со систематизирањето на современите сознанија за Twin Block апаратот, трудот придонесува кон унапредување на теоретските и практичните знаења во областа на ортодонцијата.

Трудот има научно и стручно значење.

18. Carceva-Salja, S., Atanasova, S., & Petrovski, M. (2023). Ефекти после лицева ортопедија кај пациенти со малоклузија III класа во различна возраст. Knowledge – International Journal, 59(4), 335–341.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32256) (**индексирано во EBSCO**)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 349 од 15.8.2024 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

19. Baftijari, D., Petrovski, M., & Baftijari, F. (2023). Influence of different risk factors on primary dental implant stability on two types of dental implants. Acta Medica Balkanica, 104–117.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32267) (**индексирано во EBSCO**)

Евалуација на трудот: Во трудот се анализира влијанието на различни системски и локални ризик-фактори врз примарната стабилност на денталните импланти. Истражувањето е спроведено во клинички услови и опфаќа два имплантни системи – MIS Seven и Straumann Standard Plus/Bone Level. Примарната стабилност е објективно проценета со анализа на резонантната фреквенција (RFA), со употреба на современиот систем Osstell IDX, што претставува соодветен и широко прифатен метод за клиничка проценка на имплантната стабилност. Резултатите укажуваат дека пушењето, дијабетесот, артериската хипертензија и пародонталната болест имаат значајно влијание врз примарната стабилност на имплантите. Кај Straumann имплантите, возраста се издвојува како најзначаен фактор.

Трудот има научно и стручно значење.

20. Petrovski, M., Ivanovski, K., Terzieva-Petrovska, O., & Papakoca, K. (2023). Dental prosthetic status and prosthetic needs of institutionalized elderly population in long-term residence in Skopje, Republic of N. Macedonia. EC Dental Science, 22(5), 84–97.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31691)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

21. Veljanovski, D., Petrovski, M., Papakoca, K., Spirov, V., Susak, Z., Baftijari, D., & Dervishoski, A. (2024). Biomechanical parameters of implants placed with osseodensification versus implants placed with under-drilling osteotomy techniques in posterior maxilla: A comparative clinical study. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 15(2), 330–337.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34292) (**индексирано во Scopus)**

Евалуација на трудот: Трудот претставува оригинално и клинички релевантно истражување од областа на оралната хирургија и денталната имплантологија. Целта на студијата е да се процени влијанието на осеодензфикацијата во споредба со under-drilling техниката врз примарната и секундарната стабилност на имплантите во постериорната максила, особено во услови на намалена коскена густина. Истражувањето е дизајнирано како проспективна рандомизирана клиничка студија и опфаќа 22 пациенти со вкупно 37 импланти, распределени во група со under-drilling и група со осеодензфикација. Особена вредност на трудот претставува примената на анализа на резонантната фреквенција (RFA) за објективно следење на имплантната стабилност во текот на осеоинтеграцијата. Дополнително, примената на осеодензфикација со истовремена крестална синусна елевација во случаи со недоволна почетна висина на коската ја зголемува клиничката релевантност на истражувањето. Трудот обработува современа и актуелна имплантолошка техника и има значајна научна и практична вредност, бидејќи резултатите можат да придонесат кон подобар избор на хируршка техника кај пациенти со недоволен квалитет и квантитет на коска. И покрај релативно малиот примерок, студијата има јасно дефинирана цел, соодветен клинички дизајн и примена на објективни параметри за проценка на имплантната стабилност. Во целина, трудот претставува значаен придонес кон современата дентална имплантологија и позитивно се оценува во рамките на научноистражувачката активност на кандидатот.

Трудот има научно и стручно значење.

22. Arsovski, L., Carceva-Salja, S., Veleska-Stefkovska, D., Petrovski, M., Papakoca, K., Boev, I., & Ristova Delipetrev, M. (2024). Modifications on the dental implant surfaces and their influence on the osseointegration process. Acta Stomatologica Naissi, 40(89), 2749–2757. (**индексирано во Scopus-Q4**)

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34638)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 390 од 1.6.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

23. Terzieva-Petrovska, O., Petrovski, M., & Petrovska, J. (2024). Usage of Delaire facemask for treatment of class III malocclusion. Acta Stomatologica Naissi, 40(80), 2814–2822.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34494) (**индексирано во Scopus-Q4**)

Евалуација на трудот: Трудот претставува релевантен научен труд од областа на ортодонцијата. Во трудот се обработува примената на Delaire лицевата маска во третманот на скелетна класа III малоклузија, особено кај пациенти во раст и развој. Целта на трудот е да се анализираат современите сознанија за примената, механизмот на дејство и клиничката ефикасност

на лицевите маски при максиларна ретрогнатија. За реализација на целта е спроведен соодветен преглед и анализа на релевантната научна литература. Особена вредност на трудот претставува разгледувањето на значењето на времето на започнување на терапијата, механизмот на максиларна протракција и влијанието на третманот врз скелетните параметри. Авторите ги презентираат и современите сознанија за ефектите од експанзија и неекспанзија во комбинација со лицева маска, при што укажуваат на позитивните скелетни ефекти на терапијата. Со својата актуелност и клиничка применливост, трудот претставува позитивен придонес во областа на ортодонцијата.

Трудот има научно и стручно значење.

24. Nikolovski, B., Gjorsheski, D., Susak, Z., Spirov, V., Zarkova, J., Pejkovska Shahpaska, B., Petrovski, M., Longurova, N., Zlatanovska, K., & Arsovski, L. (2026). Management of a dentigerous cyst in the right mandible: A case report with radiographic, histopathological and immunohistochemical insights. World Journal of Biology Pharmacy and Health Sciences, 25(1), 403–410.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37626)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 390 од 1.6.2018 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

V. ***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир***

25. Arsovski, L., Petrovski, M., Terzieva-Petrovska, O., Toneva Stojmenova, V., & Rogoleva Gjurovski, S. (2023). Денталните ласери – предизвик на современата стоматологија. Second International Conference – ETIMA 2023 – Conference Proceedings, 110–117.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33976)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 390 од 1.6.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

26. Rogoleva Gjurovski, S., Toneva Stojmenova, V., Arsovski, L., Kukuseva, M., Atanasova, S., & Petrovski, M. (2023). Principles and applications of oral electrosurgery. Second International Conference ETIMA 2023 – Conference Proceedings, 93–99.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33972)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 366 од 15.5.2025 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

27. Prosheva Pelivanova, L., Atanasova, S., & Petrovski, M. (2023). Дигитални отпечатоци – современ тренд на денешницата. Second International Conference – ETIMA 2023, 2(1), 158–166.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34410)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 380 од 2.1.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

28. Petrovski, Mihajlo and Timovski, Riste (2024) The impact of online teaching on the dental students' exam success. Conference Proceedings Second International Conference ETIMA 2023.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33871)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 389 од 15.5.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

29. Asllani, Ljumturije and Minovska, Ana and Petrovski, Mihajlo and Barani, Merita (2023) Oral health in patients with chronic renal failure. UBT conference 2023 proceedings.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34502)

Евалуација на трудот: Трудот ја обработува актуелната и клинички значајна проблематика поврзана со оралните манифестации кај пациенти со хронична бубрежна инсуфициенција, со посебен осврт на промените кои се јавуваат како последица на основното заболување и применетата терапија. Основната цел на трудот е да ги прикаже и систематизира промените во оралното здравје кај пациентите со хронична бубрежна инсуфициенција. За реализација на поставената цел е спроведен соодветен преглед на релевантната научна литература. Посебно внимание е посветено на гингивалната хиперплазија поврзана со имуносупресивната терапија, особено со примената на циклоспорин, како и на уремичниот фетор, хипосаливацијата и другите промени во усната празнина. Авторите соодветно ја поврзуваат појавата на овие манифестации со патофизиолошките промени кај бубрежната инсуфициенција и несаканите ефекти од терапијата. Трудот укажува на значењето на познавањето на системските заболувања и нивните орални манифестации при планирањето и спроведувањето на стоматолошкиот третман. Познавањето на ризиците овозможува навремена идентификација на пациентите, соодветна модификација на терапевтскиот пристап и превенција на можни компликации при стоматолошки интервенции.

Трудот има научно и стручно значење.

30. Petrovski, Mihajlo (2023) Benefits from dental lasers in periodontal treatment. UBT International Conference proceedings.

(https://eprints.ugd.edu.mk/34500)

Евалуација на трудот: Трудот е презентиран на 12th International Conference on Business, Technology and Innovation во Приштина, Косово. Во трудот се анализираат придобивките и предностите од примената на денталните ласери во пародонталната терапија, со посебен акцент на нивната употреба како дополнување или алтернатива на конвенционалната механичка терапија. За реализација на поставената цел е спроведен преглед на релевантна рецензирана литература, при што се анализирани публикации од периодот 2013–2023 година. Особено внимание е посветено на различните типови ласери, вклучувајќи CO_2, Nd:YAG, Er:YAG и Er,Cr:YSGG, како и на нивните антимикробни ефекти, аблација на ткивата и детоксикација на коренската површина. Трудот има научна и практична вредност, бидејќи ги систематизира современите сознанија за примената на ласерите во пародонталната терапија и ја нагласува нивната потенцијална клиничка корист. Претставува релевантен придонес кон развојот на современите минимално инвазивни терапевтски пристапи во пародонтологијата.

Трудот има научно и стручно значење.

31. Apostoloski, P., & Petrovski, M. (2025). Application of artificial intelligence in dental medicine. Third International Conference ETIMA 2025, 3(1), 186–193.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37060)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 382 од 16.2.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

32. Timovski, R., & Petrovski, M. (2025). Correlation of dental medicine students' performance in preclinical and clinical courses. ETIMA 2025 Third International Conference, 3(1), 186–193.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37058)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 389 од 15.5.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

33. Petrovski, M., & Asllani, L. (2025). Subjective complaints of pregnant women regarding their periodontal health. Proceedings of the 14th Annual International Conference on Dentistry, 1(1), 48–55.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38546)

Евалуација на трудот: Трудот претставува релевантен труд од областа на пародонтологијата. Целта на истражувањето е да се проценат субјективните поплаки поврзани со пародонталното здравје кај бремени жени. За реализација на поставената цел е спроведено анкетно истражување на 40 бремени жени, со што се овозможува проценка на најчестите субјективни симптоми и проблеми поврзани со оралното здравје во текот на бременоста. Резултатите покажуваат дека значителен дел од испитаничките пријавиле крвавење од гингивата при четкање на забите, fetor ex ore и дентална хиперсензитивност. Особено значаен е наодот за високата застапеност на гингивалното крвавење кај релативно млада популација, што ја нагласува потребата од навремена превенција и едукација. Трудот има научна, превентивна и практична вредност, бидејќи укажува на потребата од систематско следење на оралното здравје кај бремените жени и воспоставување соодветни превентивни програми. Презентираните резултати се применливи во секојдневната стоматолошка практика и придонесуваат кон унапредување на здравствената едукација и превенцијата на пародонталните заболувања кај бремените жени.

Трудот има научно и стручно значење.

34. Asllani, L., Minovska, A., Petrovski, M., Barani, M., & Shehu, D. (2025). Usage of biomaterials in contemporary periodontology. Proceedings of the 14th Annual International Conference on Dentistry, 1(1), 40–47.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38547)

Евалуација на трудот: Основната цел на трудот е преку преглед на релевантната литература да се анализира примената на современи биоматеријали - коскени графтови и мембрански материјали во третманот и регенерацијата на пародонталните дефекти. Авторите ги разгледуваат современите терапевтски можности и развојот на материјалите наменети за регенерација на пародонталните ткива. Посебно внимание е посветено на алографтите, како и на природните и синтетичките полимери кои се применуваат како бариерни мембрани во техниките на водена ткивна и водена коскена регенерација (GTR/GBR). Прегледот укажува дека развојот на современите биоматеријали значително ги проширува можностите за успешно третирање на коскените и пародонталните дефекти. Трудот има научна и практична вредност, бидејќи ги систематизира современите сознанија за материјалите кои се користат во регенеративната пародонтална терапија и ја истакнува нивната клиничка применливост. Со својата актуелност, интердисциплинарност и практична ориентираност, трудот претставува позитивен придонес кон современата пародонтологија и регенеративната стоматологија.

Трудот има научно и стручно значење.

VI. ***Пленарно предавање на научен собир***

35. Petrovski, Mihajlo (2022) Влијанието на хематолошките заболувања на оралната лигавица. In: 11. научен симпозиум со меѓународно учество „Промени во усната празнина и лицевата регија епидемиолошка состојба превенција дијагностика и третман“, Stip, Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30618)

36. Petrovski, Mihajlo (2023) Ортодонција и пародонтологија - заедно кон успешен третман. In: Симпозиум со меѓународно учество „Секојдневните предизвици на современата ортодонција“, 22 Apr 2023, Skopje.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32044)

37. Petrovski, Mihajlo (2023) Chemical changes of root surface after laser-assisted periodontal therapy. In: Меѓународен БАСС симпозиум - Национален БАССМКД ден, 12-13 May 2023, Skopje. (https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32047)

38. Petrovski, Mihajlo (2023) Benefits from dental lasers in periodontal treatment. In: 12th International Conference on Business, Technology and Innovation 2023, 28-29 Oct 2023, Pristina, Kosovo.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32464)

39. Petrovski, Mihajlo (2023) Пародонтални ургентни состојби во секојдневната стоматолошка пракса. In: Симпозиум „Ургентни состојби во стоматолошката пракса, 2 Dec 2023.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33157)

40. Petrovski, Mihajlo (2024) Примената на денталните ласери во подобрувањето на третманот со мобилни протетски изработки. In: Практични и современи решенија за секојдневна стоматолошка практика, 23 Nov 2024, Skopje.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35232)

41. Petrovski, Mihajlo (2026) *Дентални ласери кога, како и зошто?* In: Симпозиум со меѓународно учевство „Современи стоматолошки процедури“, 23.5.2026, Veles.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38936)

IX. **Учество на научен собир со реферат (постер/усно)**

IX.1. Усни презентации од областа

42. Petrovski, Mihajlo and Minovska, Ana (2022) Influence of Er: YAG laser on root surface during periodontal therapy. In: 6nd Edition of International Conference on Dentistry and oral health.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30410)

43. Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera (2022) Periodontal health in patients with orthodontic retainers. In: 6th Edition of International Conference on Dentistry and oral health.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30411).

44. Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Terzieva-Petrovska, Olivera and Mladenovski, Marko (2022) Periodontology and dental implantology- “two-way street”. In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation „Challenging new era in dentistry: burden and opportunities“, 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30412)

45. Mladenovski, Marko and Popovska, Mirjana and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Spasovski, Spiro and Gjorgovska-Spasovska, Ana (2022) The role of cannabis oil (kanoil) in the treatment of pain in oral mucositis. In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation „Challenging new era in dentistry: burden and opportunities“, 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/3041

46. Mladenovski, Marko and Zlatanovska, Katerina and Petrovski, Mihajlo and Longurova, Natasa and Toneva Stojmenova, Verica (2024) Oral cancer screening: timely detection gives better results. In: Congress od Macedonian orthodontic society with international participation "Excellence in orthodontics through diagnostics, treatment techniques, results and ethics", 26-29 Sept 2024, Hotel Granit, Ohrid, R.N.Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35069)

47. Petrovski, Mihajlo and Minovska, Ana (2024) Influence of periodontal therapy on chemical and mineralogical characteristics of root surface. In: 9th Edition of the International Conference on Dentistry and Oral Health (ICDO 2024), 02-04 Sept 2024, Madrid, Spain.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34660)

48. Mladenovski, Marko and Zlatanovska, Katerina and Petrovski, Mihajlo and Toneva Stojmenova, Verica and Rogoleva Gjurovski, Sonja and Arsovski, Ljupka (2024) Oral leukoplakia early detection and effective management. In: 3rd Congress on Oral and Implant Surgery 3rd Congress on Oral and Implant Surgery with International participation, 4-5 Oct 2024, Skopje, North Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35699)

49. Mladenovski, Marko and Andonovska, Marija and Petrovski, Mihajlo and Kokolanski, Vlatko and Zlatanovska, Katerina and Toneva Stojmenova, Verica (2025) *Rational antibiotic therapy in dentistry: a key step against antimicrobial resistance.* In: 10ти Конгрес на Македонско стоматолошко друштво, 18- 21 Sept 2025, Ohrid. R. Makedonija.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37269)

IX.2. Усни презентации од сродни области

50. Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Gordana and Terzieva-Petrovska, Olivera (2022) Optimal aesthetic results for implant-prosthetic restorations in the aesthetic area: anatomical and surgical considerations. In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation "Challenging new era in dentistry: burden and opportunities", 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30619)

51. Mladenovski, Marko and Jakovchevska, Aleksandra and Petrovski, Mihajlo and Stefanoska, Tanja and Toneva Stojmenova, Verica and Gjorshovska, Klimentina (2024) The Braille in Dental Offices. In: II Macedonian Pedodontic Congress, 30 May - 01 June 2024, Skopje.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34226)

52. Nikolovski, Bruno and Zlatanovska, Katerina and Zarkova-Atanasova, Julija and Longurova, Natasa and Petrovski, Mihajlo and Susak, Zoran and Spirov, Vancho and Pejkovska Shahpaska, Budima and Trpevska, Vesna and Naskova, Sanja and

Papakoca, Kiro and Purde, Selis (2024) Soft-tissue contour changes after the socket shield technique. In: FDI World Dental Congress 2024 (FDIWDC24), 12-15 Sept 2024, Istanbul, Turkiye.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34872)

53. Nikolovski, Bruno and Gigovska Arsova, Ana and Evrosimovska, Biljana and Spirov, Vancho and Petrovski, Mihajlo and Pejkovska Shahpaska, Budima and Terzievska, Aneta and Radeska, Elena (2025) Clinical protocols for treatment of oroantral defects. In: 10th Congress of the Macedonian Dental Society, 18-21 Sept 2025, Ohrid, North Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38095)

IX.2. Постер презентации од областа

54. Terzieva-Petrovska, Olivera and Petrovski, Mihajlo and Carceva-Salja, Sofija and Papakoca, Kiro and Mladenovski, Marko (2022) Association between halitosis and fixed orthodontic appliances. In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation "Challenging new era in dentistry: burden and opportunities", 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30415)

55. Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Terzieva-Petrovska, Olivera and Kovacevska, Ivona (2022) Most common reasons for dental treatment seeking among the adult patients. In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation "Challenging new era in dentistry: burden and opportunities", 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30414)

56. Prosheva Pelivanova, Ljubica and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Atanasova, Sandra and Terzieva-Petrovska, Olivera and Apostoloski, Pavle (2023) The influence of fixed-prosthetic restorations on periodontal health. In: 26th BaSS Congress, 11-14 May 2023, Skopje, North Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32260)

57. Terzieva-Petrovska, Olivera and Petrovski, Mihajlo and Carceva-Salja, Sofija and Papakoca, Kiro (2023) Influence of malpositioned teeth on periodontal health. In: 26th Congress of Balkan Stomatological Society (BaSS), 11-14 May 2023, Skopje.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32046)

58. Mitrikeska, Milena and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro (2023) Assessment of aesthetic effects after laser-assisted crown lengthening in the frontal aesthetic regions. In: 26th Congress of Balkan Stomatological Society (BaSS), 11-14 May 2023, Skopje.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32045)

59. Velkovska, Angela and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Mladenovski, Marko (2023) Локални антимикробни агенси во третманот на пародонталната болест. In: Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици", 23 Sept 2023, Stip.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32320)

60. Gligorovski, Aleksandar and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera and Mladenovski, Marko (2023) Доксициклин хиклат – новитет во третманот на пародонтална болест. In: Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици", 23 Sept 2023, Stip.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32321)

61. Zlatanovska, Katerina and Petrovski, Mihajlo and Longurova, Natasa and Apostoloski, Pavle and Nikolovski, Bruno (2024) Assessment of Stem Cell Utilization in Routine Dental Practice. In: 28th Congress of the Balkan Stomatological Society; "Sea, Science and Skills", 25-27 April 2024, Budva, Montenegro.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34066)

62. Veljanovski, Darko and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Terzieva-Petrovska, Olivera and Mladenovski, Marko (2024) Assessment of gingival and periodontal health in institutionalized elderly. In: European College of Gerodontology Annual Congress 2024, 6-7 June 2024, Belgrade, Serbia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34311)

63. Nikolovski, Bruno and Radojkova-Nikolovska, Vera and Evrosimovska, Biljana and Spirov, Vancho and Petrovski, Mihajlo and Rogoleva Gjurovski, Sonja and Susak, Zoran and Zlatanovska, Katerina and Trpevska, Vesna and Mijoska, Aneta and Zarkova, Julija and Longurova, Natasa (2024) Diagnostic dilemma in a non-healing ulcer of the tongue. In: FDI World Dental Congress 2024 (FDIWDC24), 12-15 Sept 2024, Istanbul, Turkiye.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34870)

64. Petrovski, Mihajlo and Nikolovski, Bruno and Mladenovski, Marko and Zlatanovska, Katerina and Veljanovski, Darko and Papakoca, Kiro (2025) Assessment of dentists' knowledge about dental management of patients with epilepsy. In: 29th BaSS Congress 2025, 24-26 Apr 2025, Belgrade, Serbia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35929)

65. Ivceva, Elena and Petrovski, Mihajlo and Babunska, Milena and Papakoca, Kiro (2025) Најчесто користени локални антимикотични средства во денталната медицина. In: Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија, 27 Sept 2025, Stip.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37065)

66. Veljanovski, Darko and Petrovski, Mihajlo and Susak, Zoran and Spirov, Vancho and Nikolovski, Bruno and Papakoca, Kiro and Baftijari, Denis (2025) The effect of soft tissue augmentation on clinical outcomes in implants placed in healed mandibular sites with thin (< 1.5 mm) buccal bone. Journal of Clinical Periodontology, 52 (28). pp. 349-350. ISSN 0303 – 6979
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35982)

67. Petrovski, Mihajlo and Petrovic, Milica and Nikolovski, Bruno and Veljanovski, Darko and Papakoca, Kiro and Arsovski, Ljupka (2026) Dentist's perspectives regarding periodontal preparation prior dental implantation. In: International Dental Congress - Dental Naissa'26, 6-8 Feb 2026, Niš, Serbia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38144)

68. Parcanov, Gjorgji and Mitic, Kristina and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro (2026) Gingival health in individuals receiving retention orthodontic therapy. In: Dental Naissa, International dental congress, 6-8 Feb 2026, Nis, Serbia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38904)

69. Petrovski, Mihajlo and Nikolovski, Bruno and Zlatanovska, Katerina and Veljanovski, Darko and Arsovski, Ljupka (2026) Dentists' Perspectives Regarding the Influence of Periodontal Disease on the Success of Dental Implant Therapy. In: 30th BaSS Congress, 7-9 May 2026, Thessaloniki, Greece.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38795)

70. Radojkova-Nikolovska, Vera and Nikolovski, Bruno and Atanasova, Sandra and Zarkova Atanasova, Julija and Zlatanovska, Katerina and Longurova, Natasa and Petrovski, Mihajlo and Arsovski, Ljupka and Spirov, Vancho (2026) Methods and techniques for diagnosis in oral oncology. In: 2026 IADR/AADOCR/CADR General Session & Exhibition, 25-28 March 2026, San Diego, California, USA.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38543)

71. Nikolovski, Bruno and Zarkova, Julija and Atanasova, Sandra and Petrovski, Mihajlo and Trpevska, Vesna and Longurova, Natasa (2026) The convergence of regenerative sciences- a cross-disciplinary approach to skeletal reconstruction. In: 30th BaSS Congress, 7-9 May 2026, Thessaloniki, Greece.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38642)

72. Nikolovski, Bruno and Evrosimovska, Biljana and Petrovski, Mihajlo and Stojanovic, Simona and Zlatanovska, Katerina and Zarkova-Atanasova, Julija and Spirov, Vancho and Pejkovska Shahpaska, Budima and Radeska, Elena (2026) Single tooth implant or prosthetic bridge construction in case of incisor hypodontia? In: International Dental Congress - Dental Naissa'26, 6-8 Feb 2026, Nis, Serbia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38622)

73. Radojkova-Nikolovska, V., Papakoca, K., Trpevska, V., Pejkovska Shahpaska, B., Zlatanovska, K., Zarkova-Atanasova, J., Spirov, V., Nikolovski, B., Petkov, M., & Petrovski, M. (2025). Influence of osteoporosis on periodontal health in postmenopausal women. International Dental Journal, 57(1), 51–52.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36730).

IX.3. Постер презентации од сродни области

74. Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera and Papakoca, Gordana and Prosheva Pelivanova, Ljubica (2022) Prevalence of peri-implant diseases. In: 25th Balkan Stomatological Society Congress, 19-21 May 2022, Sarajevo, BiH.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30085)

75. Stavreva, Natasa and Bajraktarova Valjakova, Emilija and Mijoska, Aneta and Bilbilova-Zabokova, Efka and Simonovska, Jasna and Trpevska, Vesna and Stefanoska, Tanja and Kokoceva Ivanova, Olga and Jovanovski, Saso and Petrovski, Mihajlo and Markovska Arsovska, Mirjana (2023) Physical dimensions and quality of life at geriatric mobile denture wearers in Macedonia. In: Kongres Stomatologa Srbije.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34864)

76. Apostoloski, Pavle and Kovacevska, Ivona and Petrovski, Mihajlo and Mickovska, Daniela and Terzieva- Petrovska, Olivera (2023) Biological characteristics of modern polymer materials in dental prosthodontics. In: 26th BaSS Congress, 11-14 May 2023, Skopje, North Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32121)

77. Stavreva, Natasa and Bajraktarova Valjakova, Emilija and Mijoska, Aneta and Zabokova-Bilbilova, Efka and Simovska, Jasna and Trpevska, Vesna and Stefanoska, Tanja and Kokoceva Ivanova, Olga and Jovanovski, Saso and Petrovski, Mihajlo and Markovska Arsovska, Mirjana (2023) Physical dimensions and quality of life at geriatric mobile denture wearers in Macedonia. In: 22. Kongres stomatologa Srbije, 10-11 Nov 2023, Beograd.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34243)

78. Zlatanovska, Katerina and Longurova, Natasa and Zarkova-Atanasova, Julija and Nikolovski, Bruno and Naskova, Sanja and Mijoska, Aneta and Petrovski, Mihajlo and Kovacevska, Ivona and Trpevska, Vesna and Pejkovska Shahpaska, Budima (2024) Fracture resistance of porcelain veneers with different preparation designs. In: FDI World Dental Congress 2024 (FDIWDC24), 12-15 Sept 2024, Istanbul, Turkiye.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35051)

79. Veljanovski, Darko and Petrovski, Mihajlo and Nikolovski, Bruno and Stefanovikj, Bojana and Abdul, Melisa (2024) The use of biodegradable magnesium membrane for regeneration of bony defect before implant placement - a case report. In: 3rd Congress on Oral and Implant Surgery with International participation, 3-5 Oct 2024, Skopje, Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35734)

80. Arsovski, Ljupka and Carceva-Salja, Sofija and Veleska-Stefkovska, Daniela and Petrovski, Mihajlo (2024) Contamination of the surface of dental implants as one of the factors for implantation failure. In: 3rd Congress on Oral and Implant Surgery with International participation, 4-5 Oct 2024, Skopje, North Macedonia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35875)

81. Nikolovski, Bruno and Zlatanovska, Katerina and Zarkova, Julija and Petrovski, Mihajlo and Longurova, Natasa (2025) Simplifying the surgical management of hypodontia. In: 29th BaSS Congress 2025, 24-26 Apr 2025, Belgrade, Serbia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35928)

82. Arsovski, Ljupka and Carceva-Salja, Sofija and Veleska-Stefkovska, Daniela and Rogoleva Gjurovski, Sonja and Petrovski, Mihajlo and Toneva Stojmenova, Verica (2026) Professional perspectives on factors influencing dental implants success and failure: A cross sectional survey study. In: 30th BaSS Congress, 7-9 May 2026, Thessaloniki, Greece.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38713)

83. Arsovski, Ljupka and Carceva-Salja, Sofija and Veleska-Stefkovska, Daniela and Petrovski, Mihajlo and Toneva Stojmenova, Verica and Rogoleva Gjurovski, Sonja (2026) Improvement of Dental Implant Quality as a Key Factor for Successful Implantation. In: International Dental Congress - Dental Naissa'26, 6-8 Feb 2026, Niš, Serbia.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38142)

84. Prosheva Pelivanova, Ljubica and Zlatanovska, Katerina and Zarkova Atanasova, Julija and Atanasova, Sandra and Petrovski, Mihajlo (2026) Integration of predictive artificial intelligence models in prosthodontics: enhancing diagnostic accuracy and clinical prognosis. In: 30th BaSS Congress, 7-9 May 2026, Thessaloniki, Greece.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38828)

XVI. Член на уредувачки одбор на научно списание

Кандидатот доц. д-р Михајло Петровски е член на уредувачкиот одбор на три меѓународни списанија и тоа:

- Journal of Oral & Dental Health (JODH);
- MEDIS – International Journal of Medical Sciences and Research;
- KNOWLEDGE – International Journal.

XX. Член на организациски или научен одбор на научен собир

Кандидатот бил член на Организациски одбор на следниве научни собири:

- 11. Научен симпозиум со меѓународно учество „Промени во усната празнина и лицевата регија епидемиолошка состојба превенција дијагностика и третман“, 19.11.2022, Штип;
- 12. Симпозиум со меѓународно учество „Современи пристапи во третманот на пациенти кои примаат антикоагулантни, антиагреганти и антихипертензивни лекови“, 11.11.2023, Штип.
- 13. Симпозиум со меѓународно учество „Иновативни третмани и технологии во денталната медицина: предизвици на иднината“, 21.9.2024, Штип.
- 14. Симпозиум со меѓународно учество „Денто-фацијална естетика и функција во современата дентална медицина“, 15.11.2025, Штип.

Кандидатот бил член на Научниот одбор на:

- 26th Congress of the BaSS 11-14 May 2023, Skopje, Republic of North Macedonia “Current trends and advances in Dentistry”.

XXIV. Рецензент на научен труд

Доц. д-р Михајло Петровски бил рецензент на повеќе трудови и тоа:

1. Списанија со фактор на влијание

а. Dentistry journal (Издавач MDPI, висина на IF=)

dentistry-4515840 (2026)
dentistry-4503140 (2026)
dentistry-4454873 (2026)
dentistry-4498240 (2026)
dentistry-4484606 (2026)
dentistry-4463550 (2026)
dentistry-4432355 (2026)
dentistry-4361300 (2026)
dentistry-4358562 (2026)
dentistry-4403301 (2026)

б. *Oral* — Health, Diseases, Therapies, and Technologies (издавач MDPI, висина на IF=1.5)

oral-4410985 (2026)

в. Frontiers in Medicine (издавач – Frontiers, висина на IF=3.6)

1. DOI: **10.3389/fmed.2022.1036785** (2023)

г. Frontiers in Endocrinology (издавач – Frontiers, висина на IF=5.7)

2. **10.3389/fendo.2023.1253903 (**2023)

д. Frontiers in Oral Health (издавач- Frontiers, висина на IF=2.7)

3. **ID 1847717**

2. Списанија индексирани во Scopus

а. The Scientific World Journal (издавач John Wiley & Sons)

4. Oral rehabilitation for dental patients with high masticatory forces and teeth grinding (a literature review study)

б. Acta stomatologica naissi (издавач - Медицински факултет, Универзитет во Ниш и Стоматолошка клиника во Ниш, Србија)

5. Cemento-ossifying fibromas of mandible (2024)
6. Dens Invaginatus in a geriatric patient – A CBCT Case report (2024)
7. ID 66725 (2026)

в. Journal of Oral & Dental Health (JODH) (издавач - Opast Publishing Group)

8. JODH-24-204

г. Journal of Dental Health, Oral Disorders & Therapy (JDHODT) (издавач- MedCrave network)

9. JDHODT-22-RA-887
10. JDHODT-22-CR-893
11. JDHODT-22-LTE-892
12. JDHODT-22-RA-899
13. JDHODT-22-LRW-898
14. JDHODT-24-MRW-950

3. Зборник на трудови

а. ETIMA 2025 (Third International Conference)

15. ID7521

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

XIII. Учесник во научен проект

Д-р Михајло Петровскиза изборот во вонреден професор доставува документација дека учествува во следниве научни проекти:

1. CA23125 (TETRA)- The mETamaterial foRmalism approach to recognize cAncer- 30.09.2024 – 29.09.2028
2. CA24147 (AID-AgE)- Artificial Intelligence Driven Dental AgEstimation Network- 31.10.2025 – 30.10.2029.

XVII. Елаборати и експертизи

Д-р Михајло Петровски учествува во изработката на следниве елаборати за акредитација/рекаредитација на студиските програми:

1. Елаборат за реакредитација на студиска програма Дентална медицина – интегрирани студии од прв и втор циклус (2022);
2. Елаборат за реакредитација на прв циклус студии – студиска програма Забни техничари – протетичари (2022);
3. Елаборат за реакредитација на специјалистички студии за стручен забен техничар- протетичар (2022);
4. Елаборат за реакредитација на студии од трет циклус студии - Базични и клинички истражувања во денталната медицина (2025);
5. Елаборат за акредитација на студиската програма Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус на англиски јазик (2025).

XXVIII.Член на факултетски орган, комисија

Кандидатот д-р Михајло Петровски е член на следниве факултетски органи и комисии:

- член на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки;
- член на Комисија за избор на членови на Универзитетски сенат (2022);
- член на Рецензентска комисија за избор на асистент од наставно-научна област ендодонција (2022);

- член на Рецензентска комисија за избор на асистент од наставно-научна област имплантологија (2024);
- член на Комисија за избор на членови на Факултетско студентско собрание (2025);
- член на Комисија за избор на членови на Универзитетски сенат (2025);
- член на Комисија за полагање на специјалистички испит
- Одлука 2005-111/6 од 4.4.2022 г.
- Одлука 2005-268/3 од 26.10.2023 г.
- Одлука 2005-259/15 од 18.10.2024 г.
- Одлука 2005-286/8 од 20.11.2024 г.
- Одлука 2005-286/9 од 20.11.2024 г.
- Одлука 2005-286/14 од 20.11.2024 г.
- Одлука 2005-316/6 од 18.12.2024 г.
- Одлука 2005-198/10 од 14.7.2025 г.
- Одлука 2005-72/5 од 17.2.2026 г.
- Одлука 2005-72/13 од 17.2.2026 г.
- Одлука 2005- 114/19 од 18.3.2026 г.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација кандидатот, доцент д-р Михајло Петровски, доктор на стоматолошки науки, ги исполнува правните, формалните и суштинските критериуми за избор во наставно-научното звање вонреден професор во областа орална медицина и пародонтологија.

Рецензентската комисија е едногласна дека со целокупната своја досегашна работа доцент д-р Михајло Петровски покажува дека поседува извонредни квалитети и карактеристики за успешна реализација на образовната и научноистражувачката работа и воедно дава значаен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и согласно со приложената документација, кандидатот доц. д-р Михајло Петровски ги исполнува критериумите за да биде избран во наставно-научно звање вонреден професор, при што за целокупната активност во извештајот има остварено (НО = 30, НИ = 321,3 и САОР = 84) вкупно 435,3 поени, што укажува на неговата исклучително активна и богата научноистражувачка и публицистичка дејност

Со особена чест и задоволство, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот доцент **д-р Михајло Петровски, доктор на стоматолошки науки, да биде избран во наставно-научното звање вонреден професор за наставно-научната област орална медицина и пародонтологија (3.05.01.07) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Ана Миновска, с.р.
Проф. д-р Вера Радојкова-Николовска, с.р.
Проф. д-р Киро Папакоча, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Избор во звање доцент	30				30
	ВКУПНО					**30**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Научен труд објавен во меѓународно научно списание Прв автор ред. бр.2,3,**5**,6,7,8*,**9**,10,13*, 16,20 Втор автор ред. бр.4,15,19,21*,23 Останати автори ред. бр. 1*,11*, 12,14, 17,18,22*,24* *повеќе од пет коавтори			2 7 2 4 1 4 4	11,7 9 6,3 6 4,2 3 2,1	23,4 63 12,6 24 4,2 12 8,1
	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир Во земјава ред. бр. 25,26,27,28,31,32 Во странство ред. бр. 29,30,33,34	6	2	4	3	24
	Пленарно предавање на научен собир Во земјава ред. бр. 35,36,37,39,40,41 Во странство ред. бр. 38	6	3	1	6	24
	Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство Усно Во земјава ред. бр. 44,45,46,48,49,50,51 Во странство ред. бр. 42,43,47,52,53 Постер Во земјава ред. бр. 54,55,56,57,58,59,60, 65,76,79,80 Во странство ред бр. 61,62,63,64,66,67, 68,69,70,71,72,73,74,75,77,78,81,82,83, 84	7 11	1,5 1	5 20	2 1,5	10,5 10 11 30
	Учесник во научен проект			2	3	6
	Член на уредувачки одбор на научно списание	2	1	1	1	3
	Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал	5	1			5
	Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања Награда од Општина Аеродром за афирмација на науката	1	5			5

	Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) - Со фактор на влијание - Индексирани - Зборник на трудови	14 11	2 1,5	1	1	28 16,5 1
	ВКУПНО					**321,3**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Книга/учебник Ред бр. 1,2,3,4	4	10			**40**
	Елаборати и експертизи	5	2			**10**
	Член на факултетски орган, комисија	17	2			**34**
	ВКУПНО					**84**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**435,3**

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1202-69/8 од 18.9.2026 година донесена на 284. седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 17.9.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научната област меѓународна економија (5.02.00.02) на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– **д-р Весна Георгиева-Свртинов**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област меѓународна економија - претседател;

– **д-р Емилија Митева-Кацарски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област меѓународна економија - член;

– **д-р Круме Николоски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област историја на економската мисла – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха” на 15.8.2026 година, при што во предвидениот рок се пријави само кандидатот вонреден проф. д-р Влатко Пачешкоски, вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатот проф. д-р Влатко Пачешкоски, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи: Пријава; Диплома за завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд и стекната квалификација на доктор на економски науки од областа на меѓународна економија; Диплома за завршени магистерски студии (втор циклус) од област меѓународна економија; Диплома за завршени додипломски студии (прв циклус) од област меѓународна економија; Уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – магистер на економски науки од областа на меѓународна економија, со просечен успех 9,78; Уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – дипломиран економист на насока Меѓународна економија, со просечен успех 9,16; Кратка биографија; список на објавени рецензирани научни и стручни трудови, т.е. референтни научни публикации според ЗВО во последните 5 години пред објавување на огласот за избор; по еден примерок од објавените трудови (рецензирани трудови во референтни научни публикации согласно со ЗВО, достапни и на е-репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип); потврди/сертификати дека се служи со еден странски јазик и тоа диплома за познавање на странски (англиски) јазик; Уверение за државјанство; докторски труд (1 примерок во печатена форма); универзитетски учебници, практикум, монографија и скрипта (1 примерок во печатена форма, достапни и на е-библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип); Одлука за претходен избор во звање вонреден професор во област меѓународна економија; Одлука

за раководител на Катедра за економија; Одлука за член на Сенат; одлуки за ментор и член на комисии на дипломски и магистерски трудови и ментор на трет циклус студии.

Врз основа на прегледот на приложената документација од кандидатот проф. д-р Влатко Пачешкоски, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, има чест да го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Д-р Влатко Пачешкоски е роден на 1.3.1980 година во Прилеп, со постојано место на живеење на Булевар „Трета македонска бригада" бр.37, Скопје. Основното и средното образование го завршил со континуиран одличен успех. Своето образование го продолжил на Економски факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, каде што дипломирал на насоката Меѓународна економија, со просечен успех од 9.16 во 2002 година, вбројувајќи се како еден од најдобрите студенти во неговата генерација. По завршувањето на студиите се запишал на постдипломските студии на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, на насоката Меѓународна економија и бизнис, коишто ги завршува со просечен успех од 9.78 и со одбраната на магистерскиот труд на тема „Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија" се стекнува со научниот степен магистер на економски науки**,** област меѓународна економија. Д-р Влатко Пачешкоски го продолжува високото образование со упис докторски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во научната област меѓународна економија. Докторира на 7.8.2016 година со одбрана на докторскиот труд „Перспективи за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија".

Веднаш по дипломирањето (од септември 2003 до 2008 година), кандидатот е ангажиран како демонстратор на Економскиот факултет - Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, каде што покрива предмети од областа меѓународна економија.

Од септември 2009 година работи како асистент на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, каде што покрива предмети од областа на меѓународна економија.

Во 2017 година е избран во звање доцент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во научната област меѓународна економија. Во рамките на додипломските студии ги предава и покрива предметите: Глобална економија, Меѓународен развој, Меѓународни финансии, Индустриска економија. На постдипломските студии ги предава и покрива предметите: Глобална економија и Меѓународни финансии, а на трет циклус Меѓународни финансии.

Во 2022 година е избран во звање вонреден професор на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, во научната област меѓународна економија (Одлука бр.1202-38/5 од 17.2.2022 година). Во ова звање продолжува со наставно-образовната дејност на додипломските, постдипломските и трет циклус студии, преку реализација на предметите:

Глобална економија, Меѓународен развој и Индустриска економија на додипломски студии, Меѓународни финансии и Глобална економија на последипломски студии и Меѓународни финансии на трет циклус.

Во својата академска и научноистражувачка дејност учествувал во повеќе научноистражувачки и стручни проекти.

Вонр. проф. Влатко Пачешкоски е автор/коавтор на бројни трудови објавени во референти публикации. Во својата научноистражувачка и наставно-образовна дејност има објавено над 70 научни и стручни трудов. Коавтор е на два учебници, а автор на две скрипти, два практикуми и една монографија. Публикациите се достапни на институционалниот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" -Штип и на Google Scholar и ORCID профилите на следниве линкови:

https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Paceskoski=3AVlatko=3A=3A.html

https://scholar.google.com/citations?user=VL_oDPoAAAAJ&hl=en

https://orcid.org/0009-0006-4352-798X

Учествува во многубројни меѓународно-научни и стручни конференции од областа. Бил рецензент на многу трудови објавени во респектабилни публикации и зборници од меѓународни научни конференции и на годишната меѓународна конференција за млади истражувачи. Вонр. проф. Влатко Пачешкоски е член на Програмскиот одбор на повеќе меѓународни научни конференции во земјава и во странство, бил член на Организацискиот одбор на годишните факултетски меѓународни научни конференции.

Во изборниот период бил ментор и член на комисија за одбрана на повеќе од 20 дипломски работи, 8 магистерски трудови, ментор на трет циклус студии (Одлука бр.1208-64/1; Одлука бр.1203- 59/1; Одлука бр. 1203- 97/1; Одлука бр. 1203- 83/1; Одлука бр. 1203- 64/1; Одлука бр. 1203-96 /1; Одлука бр. 1203-98 /1; Одлука бр. 1203-68 /1; Одлука бр. 1202-57/5; Одлука бр. 0206-728/9 и останати).

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставностручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

1. *Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно.*

Кандидатот на прв циклус студии, како дипломиран економист, има остварен просечен успех од 9,16 (на насока Меѓународна економија), додека на втор циклус студии, како магистер на економски науки (област меѓународна економија) има остварен просечен успех од 9,78.

2. *Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира.*

Кандидатот магистрирал на насоката Меѓународна економија и бизнис на Економски факултет во Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола на тема „Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија" и се стекнал со академски степен магистер на економски науки од областа на меѓународна економија. Ја одбранил својата докторска дисертација

под наслов „Перспективи за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија“ на Економскиот институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, со што се стекнал со научен степен доктор на економски науки во област меѓународна економија.

3. *Избор во вонреден професор од научната област во која се избира.*

Со Одлука 1202-38/5 од 17.2.2022 година година е избран во наставно-научно звање вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во област меѓународна економија.

4. *Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор.*

Кандидатот има објавено 12 труда од соодветната областа во референти меѓународни научни публикации и меѓународни научни списанија за изборниот период, и тоа:

Ред. бр.	Автор/и	Наслов	Списание / публикација	Година на објавување
1.	Filip Taskovski & **Vlatko Paceskoski**	MONETARY POLICY EFFECTIVENESS IN THE CONTEXT OF GLOBAL INFLATION GROWTH: EVIDENCE FROM NORTH MACEDONIA	Vol. 2 No. 1 (2025): International Scientific Conference on Economics, Management and Information Technologies – ICEMIT 2025	2025
2.	**Paceskoski, Vlatko** & Taskovski, Filip	THE ROLE OF MONETARY POLICY DURING THE GLOBAL FINANCIAL CRISIS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA	(ICBEF): RECENT GLOBAL TRENDS AND ECONOMIC SITUATIONS	2025
3.	**Paceskoski, Vlatko** & Taskovski, Filip	TRANSMISSION OF MONETARY POLICY IN DEVELOPING COUNTRIES IN CONDITIONS OF GLOBAL INFLATION GROWTH - THE CASE OF NORTH MACEDONIA AND SERBIA	EMIDWORLD 2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Science	2024
4.	Taskovski, Filip & **Paceskoski, Vlatko**	DETERMINANTS OF INFLATION IN CONDITIONS OF GLOBAL CHANGES AND CONFLICTS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA	2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Science	2024
5.	Taskovski, Filip; Gogova Samonikov, Marija & **Paceskoski, Vlatko**	ISLAMIC BANKING-A CHALLENGE FOR THE TURKISH FINANCIAL SYSTEM	Journal of Economics 9(2)	2024

6.	**Paceskoski, Vlatko** & Taskovski, Filip	THE ROLE OF THE MONETARY POLICY IN STABILIZING INFLATION IN THE EUROPEAN MONETARY UNION DURING THE ENERGY CRISIS	Novi Ekonomist 18(35)	2024
7.	Taskovski, Filip & **Paceskoski, Vlatko**	THE INFLUENCE OF THE RUSSIAN-UKRAINIAN CONFLICT ON THE EURO	KNOWLEDGE International Journal 61(1)	2023
8.	**Paceskoski, Vlatko** & Georgieva Svrtinov, Vesna	Economic implications from the globalization process to less developed countries	International Journal Scientific Papers45 (1). pp. 211-220.ISSN 2545-4439	2021

5. Објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира.

Вонр. проф. Влатко Пачешкоски има објавено два рецензирани универзитетски учебници како коавтор и тоа под наслов „Економика на претпријатија“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/543) ISBN 978-608-244-322-8(2016), „Економската мисла на класичната и кејнзијанската школа“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/538)ISBN 978-608-244-309(2016). Кандидатот е автор на практикум „Глобална економија“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/1021), ISBN 978-608-244-846-6 (2021) и скрипта под наслов „Глобална економија“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/1022) ISBN 978-608-244-847-3 (2021). Исто така, кандидатот е коавтор на монографијата под наслов “*Comparative Analysis of the Budget from Direct Taxes in North Macedonia and Serbia*” (2024) https://eprints.ugd.edu.mk/38803/.

6. *Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.*

Кандидатот доставил диплома за познавање на англиски јазик.

7. Способност за изведување на високообразовна дејност.

Афинитет кон високото образование кандидатот покажува уште за време на студентските денови, кога се вклучува во наставата како демонстратор на Економски факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Прилеп. Понатаму продолжува како помлад асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во 2009 год., каде што, до денес, ги поминува сите постапни избори во звања од помлад асистент (2009), до вонреден професор (2022– тековно). Во тие 23 години ангажман во високото образование, кандидатот ги остварува сите активности поврзани со процесот на високото образование – активна вклученост во изведување настава (предавања и вежби), учество на конференции, форуми, дебати, објавување на учебни помагала и учебници, објавување научни и стручни трудови во референтни списанија, изготвување анализи и експертизи, организација на работилници, учество на проекти, како и учество во организациските активности на Економски факултет и Универзитетот. Кандидатот бил ментор на повеќе дипломски трудови, член и претседател на бројни комисии на дипломски, магистерски и докторски трудови, а воедно е и акредитиран ментор на трет циклус студии.

Посебни услови за избор

Кандидатот д-р Влатко Пачешкоски ги исполнува посебните услови, и тоа:

1. *Под негово менторство се изработени дипломски, магистерски или докторски тези.*

За време на изборниот период, д-р Влатко Пачешкоски бил ментор на 12 дипломски работи и член на 22 комисии за одбрана на дипломски работи. Бил неколку пати член на комисија на магистерските одбрани и е ментор на докторска дисертација на Економскиот факултет – УГД.

2. *Да учествувал или раководел со научноистражувачки проекти.*

Кандидатот бил член и главен истражувач/експерт, организирал и изведувал активности во рамки на повеќе проекти (достапни на е-репозиториум), меѓу кои:

- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and MitevaKacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) Business eco system as an integrated system-Be In, [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/33315/

- Истражувач во рамките на проектот Newawes-The NEWAVES project (Collaborative Alliance for Radio Recovery and Boost of Community News Media in Low-density Territories) is an international initiative involving the University "Goce Delčev" – Štip (UGD) to support and revitalize local and community radio stations (2023-2025).

3. *Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.*

Кандидатот има значаен придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници, преку различни механизми и со многубројни академски иницијативи, предлози и активности. Од почетокот на академската кариера до денес соработува со демонстраторите, асистентите ангажирани на факултетот и ги поттикнува за активно учество на меѓународни конференции, семинари и летни школи. Како шеф на Катедрата по економија, иницирал барања за постапки за примање на нови членови на катедрата.

Бил рецензент на трудови од областа на меѓународна економија во меѓународно научно списание Journal of Economics на Економски факултет - УГД индексирано во EBSCO. Рецензент на трудови од областа меѓународна економија во зборниците на трудови од меѓународните научни конференции „ICBEF" во организација на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Кандидатот Пачешкоски го има остварено потребниот број на поени (минимум 100) кои се однесуваат на целокупната активa на лицето: (НО)=40; (НИ)=93; (САОР)=83 или вкупно 216 поени. (Детали подолу во табелата.)

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Д-р Влатко Пачешкоски со наставно-образовна и научноистражувачка дејност започнува во 2003 година, вклучен во наставно-образовната и научноистражувачка дејност како демонстратор на Економски факултет – Прилеп при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, каде што бил ангажиран на следниве предмети: Меѓународни економски односи; Меѓународни финансии; Теорија и политика на економски развој; Глобализација; Развој на економската мисла. Во тој период д-р Влатко Пачешкоски одржувал вежби

по гореспоменатите предмети, подготвувал материјали за вежби и помагал во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори.

Врз основа на јавен конкурс, кандидатот д-р Влатко Пачешкоски во октомври 2009 година е избран во наставно-научно звање помлад асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во областа меѓународна економија. Д-р Влатко Пачешкоски за време од три години како помлад асистент има одржувано вежби по следните предмети: Меѓународен монетарен и трговски систем, Меѓународни финансии, Меѓународен развој, Современи економски системи и глобализација, Монетарна економија, Одржлив развој, Меѓународни организации и интеграции, Економика на претпријатија, Економија на животна средина. Врз основа на јавен конкурс, кандидатот д-р Влатко Пачешкоски во октомври 2012 година е избран во наставно-научно звање асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во областа меѓународна економија. Кандидатот како асистент има одржувано вежби по следните предмети: Меѓународен монетарен и трговски систем, Меѓународни финансии, Меѓународен развој, Современи економски системи и глобализација, Монетарна економија, Одржлив развој, Меѓународни организации и интеграции, Економика на претпријатија, Економија на животна средина. Основни активности во тој изборен период биле: одржување на вежби на студентите од прва до четврта студиска година, подготовка на материјали за вежби, дежурање на колоквиуми и испити, преглед на семинарски на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, организација на меѓународна конференција и др.

Како **вонреден професор** на Економскиот факултет (УГД) – Штип д-р Влатко Пачешкоски е избран со Одлука 1202-59/9 од 17.2.2022 година. [**1**] и ги предава предметите Глобална економија, Меѓународен развој, Индустриска економија, на додипломски студии, на постдипломски студии Глобална економија и Меѓународни финансии и трет циклус студии Меѓународни финансии.

Д-р Влатко Пачешкоски е коавтор на два учебници на неколку високошколски учебни помагала, односно рецензирани скрипти и практикуми за предавања и вежби од областа на меѓународна економија. Ментор е на 15 дипломски труда и претседател и член на повеќе комисии за одбрани на дипломски и магистерски трудови.

Во последните 5 години, кандидатот има објавено повеќе трудови во списанија со меѓународен одбор од кои дел во земјата дел во странство. Кандидатот со Одлука бр. 1202-59/9 од 14.3.2019 година до март 2022 година е член на Сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Вонреден професор Влатко Пачешкоски со Одлука бр. 1202-104/9 од 21.11.2025 година до денес е шеф на Катедра за економија на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Кратка евалуација на еден дел од трудовите, а другите се достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Paceskoski=3AVlatko=3A=3A.html

Filip Taskovski & **Vlatko Paceskoski** (2025) MONETARY POLICY EFFECTIVENESS IN THE CONTEXT OF GLOBAL INFLATION GROWTH:

EVIDENCE FROM NORTH MACEDONIA. Vol. 2 No. 1 (2025): International Scientific Conference on Economics, Management and Information Technologies – ICEMIT 2025 [2]

Трудот ја анализира улогата на монетарната политика во одржувањето на макроекономската стабилност во услови на засилени глобални инфлаторни притисоци, со посебен осврт на економијата на Северна Македонија. Наодите покажуваат дека глобалните нарушувања во синџирите на снабдување и енергетската криза имале силно влијание врз домашната инфлација поради високата увозна зависност на земјата. Резултатите покажуваат дека, иако инфлацијата била претежно увезена, мерките на монетарната политика придонеле за ублажување на негативните ефекти, зачувување на ценовната стабилност и одржување на макроекономската рамнотежа.

Paceskoski, Vlatko & Taskovski, Filip (2025) THE ROLE OF MONETARY POLICY DURING THE GLOBAL FINANCIAL CRISIS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA. Fourth International Conference on Business, Economy and Finance (ICBEF): RECENT GLOBAL TRENDS AND ECONOMIC SITUATIONS. Journal of Economics 10(2) https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/article/view/7833 [3]

Во овој труд акцентот е ставен на монетарната политика и мерките на централната банка во справувањето со последиците од глобалната финансиска криза, предизвикана од колапсот на пазарот на недвижности во САД и банкротот на Lehman Brothers. Во истражувањето се истакнува значењето на монетарните инструменти за зголемување на ликвидноста на финансискиот сектор и за стабилизирање на макроекономските текови во Северна Македонија, при што се применуваат дескриптивна статистика, корелациска, тренд и регресиона анализа. Резултатите покажуваат дека македонската економија, како мала и отворена економија чувствителна на меѓународните економски движења, била под влијание на кризата, но мерките на централната банка придонеле кон ублажување на негативните ефекти и зачувување на финансиската стабилност.

Paceskoski, Vlatko & Taskovski, Filip (2024) TRANSMISSION OF MONETARY POLICY IN DEVELOPING COUNTRIES IN CONDITIONS OF GLOBAL INFLATION GROWTH - THE CASE OF NORTH MACEDONIA AND SERBIA. EMIDWORLD 2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Science https://emidworld.com/userfiles/files/proceedingbook(3).pdf [4]

Трудот ја анализира улогата на монетарната политика, координирана со фискалната политика, во одржувањето на макроекономската стабилност во услови на глобални инфлаторни и економски шокови. Во истражувањето се испитува ефективноста на монетарните мерки во стабилизирањето на инфлацијата во Северна Македонија и Србија, преку примена на SVAR модел и анализа на трансмисионите канали на монетарната политика. Резултатите покажуваат дека инфлациските движења во двете земји биле претежно условени од глобални фактори, додека монетарната политика имала значајна улога во ублажувањето на инфлаторните притисоци и стабилизирањето на вкупните макроекономски текови.

Taskovski, Filip & **Paceskoski, Vlatko** (2024) DETERMINANTS OF INFLATION IN CONDITIONS OF GLOBAL CHANGES AND CONFLICTS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA. EMIDWORLD 2nd International Congress

on Economics Public Finance Business & Social Science https://emidworld.com/userfiles/files/proceedingbook(3).pdf [5]

Трудот го анализира влијанието на геополитичките конфликти и нарушувањата во глобалните синџири на снабдување врз порастот на инфлацијата, со посебен осврт на економските движења во Северна Македонија. Во истражувањето се нагласува дека порастот на цените на енергенсите и дестабилизацијата на финансиските пазари, предизвикани од конфликтот во Украина, имале значително влијание врз инфлаторните движења, особено кај увозно зависните економии во развој. Резултатите од регресионата анализа укажуваат дека најголемиот дел од инфлацискиот раст е условен од глобалниот раст на цените на енергијата и зголемената нестабилност на меѓународните финансиски пазари.

Taskovski, Filip; Gogova Samonikov, Marija & **Paceskoski, Vlatko** (2024) ISLAMIC BANKING-A CHALLENGE FOR THE TURKISH FINANCIAL SYSTEM. Journal of Economics 9(2) https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/article/view/7005 [6]

Трудот ја анализира примената на исламскиот банкарски модел како алтернативен финансиски пристап заснован на принципите на распределба на добивка и загуба и ниски или нулти каматни стапки, како предизвик за традиционалните економски системи. Во истражувањето посебен фокус е ставен на искуството на Турција, каде што промените во монетарната политика и намалувањето на референтните каматни стапки се поврзуваат со зголемена инфлација, депрецијација на турската лира и значајни осцилации на BIST 100. Резултатите од истражувањето укажуваат дека имплементацијата на овој модел довела до зголемена нестабилност на финансискиот систем, при што инфлациските движења и пазарните очекувања значајно влијаеле врз динамиката на берзанските индекси и финансиските текови.

Paceskoski, Vlatko & Taskovski, Filip (2024) THE ROLE OF THE MONETARY POLICY IN STABILIZING INFLATION IN THE EUROPEAN MONETARY UNION DURING THE ENERGY CRISIS. Novi Ekonomist 18(35) https://noviekonomist.ues.rs.ba/article/117 [7]

Трудот ја анализира улогата на монетарната и фискалната политика во стабилизирањето на економиите од различни шокови на понудата и побарувачката, со посебен осврт на инфлаторните движења во Еврозоната. Во истражувањето се разгледуваат последиците од пандемијата на КОВИД-19, како и енергетската криза предизвикана од конфликтот помеѓу Русија и Украина, кои доведоа до нарушување на синџирите на снабдување и зголемување на инфлацијата. Резултатите укажуваат дека монетарната политика на Европската централна банка, преку своите инструменти и трансмисиони канали, има значајна улога во стабилизирањето на ценовното ниво и намалувањето на инфлаторните притисоци во услови на висока инфлација.

Taskovski, Filip & **Paceskoski, Vlatko** (2023) THE INFLUENCE OF THE RUSSIAN-UKRAINIAN CONFLICT ON THE EURO. KNOWLEDGEInternational Journal 61(1) https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/6532 [8]

Трудот ја анализира економската и финансиската димензија на конфликтот меѓу Русија и Украина, со посебен акцент на ефектите од меѓународните санкции врз глобалните трговски, монетарни и финансиски текови. Во истражувањето се разгледуваат очекувањата дека санкциите ќе

предизвикаат главно негативни ефекти врз руската економија, без значајна дестабилизација на европските економии, но се укажува дека тие довеле до спротивни пазарни движења, особено преку раст на цените на енергенсите и основните земјоделски производи. Резултатите упатуваат на заклучок дека геополитичките шокови и санкциите значајно ја зголемиле волатилноста на глобалните пазари и влијаеле врз инфлаторните и ценовните движења на меѓународно ниво.

Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija (2021) Transformation of the world economic order-through reform of the International Monetary Fund. Knowledge International Journal, 46 (5). pp. 749-758, https://eprints.ugd.edu.mk/28885/[9]

Во трудот се изнесени основните состојби во светската економија, изразени преку учеството во меѓународниот финансиски систем на помалку развиените земји. Всушност, оттука во голема мерка зависи развојот и надминувањето на круцијалните проблеми со коишто се соочуваат овие земји. Во трудот е имплементирана анализа на улогата и значењето на меѓународниот финансиски систем за помалку развиените земји. Во таа насока презентирани се и методите, начините и препораките за потреба од реформа на постојниот светски финансиски поредок. Со посебен осврт на потребните реформи во меѓународниот монетарен фонд. Тука е истакната улогата и значењето на потребната реформа во начинот на управување, распределбата на ресурси, технологијата на гласање и набљудувачката улога што ја има меѓународниот монетарен фонд во светската економија. Во трудот се констатира дека повеќе од неопходна е трансформација на меѓународниот монетарен систем во насока за што порамноправно учество на сите субјекти до финансиски средства пред се на помалку развиените земји, со што би се овозможиле поголеми стапки на економски раст и развој во светската економија.

Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021*)* Economic implications from the globalization process to less developed countries. Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 211-220. https://eprints.ugd.edu.mk/28887/1/trud%203.pdf [10]

Во овој труд на експлицитен и симплифициран начин се презентирани комплексните противречности од процесот на глобализација во светскатата економија. Всушност, консеквенциите од процесот на глобализација се рефлектираат претежно врз помалку развиените земји, додека пак предностите (бенефитите) од овој процес ги апсоробираа една мала група на земји т.е високо развиените земји. Имајќи го предвид претходното, факт е дека глобализацијата е во тек и дека, барем во сегашната фаза, се одвива асиметрично. Различното ниво на економска развиеност на поодделните земји е веројатно основната причина што голем дел од нив не може да се интегрира во светските економски текови, т.е. не може да ги апсорбира позитивните страни на процесот на глобализацијата или ако евентуално ги апсорбира во помала мера. Друг дел на земји се наоѓа надвор од процесот на глобализацијата или е апсолутно „изгубен" во него. Во трудот се констатира дека апострофираната маргинализација во сегашната етапа на глобализацијата е неизбежен факт, бидејќи во основата на глобализацијата вграден е моделот на „пазарниот фундаментализам" кој per definition делува според принципот центар - периферија id est продуцира регионални диспаритети фаворизираќи ги развиените земји, а дестимулирајќи ги помалку развиените земји.

Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021) Capital and population as factors for economic development in less developed countries. Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 227-238. https://eprints.ugd.edu.mk/28886/1/trud%202.pdf [11]

Arsova, Monika and Davcev, Ljupco and **Paceskoski, Vlatko** (2025) Strategic Event Management and Promotion Enhancing Audience Engagement for Radio Stations. Journal of Economics, 10 (1): 6. pp. 72-80. https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Paceskoski=3AVlatko=3A=3A.html [12]

Учество во научен проект:

- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and MitevaKacarski, Emilija and **Paceskoski, Vlatko** and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) Business eco system as an integrated system-Be In, [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/33315/ [13]
- Истражувач во рамките на проектот Newawes-The NEWAVES project (Collaborative Alliance for Radio Recovery and Boost of Community News Media in Low-density Territories) is an international initiative involving the University "Goce Delčev" – Štip (UGD) to support and revitalize local and community radio stations (2023-2025). [14]

Учебник, скрипта и практикум:

Скрипта:

Paceskoski, Vlatko (2021) Глобална економија (скрипта). ISBN 978-608-244-847-3,. URL: http://e-lib.ugd.edu.mk/1022 [15]

Скриптата „Глобална економија" претставува корисен и актуелен наставно-научен материјал наменет првенствено за студентите при совладување на содржините од областа на меѓународната економија, но и за научните и стручните работници при продлабочено изучување на одделни прашања од оваа област. Во скриптата се обработуваат значајни тематски подрачја поврзани со генезата и поимното определување на глобализацијата, теоретските пристапи, нејзините димензии и фактори, економските аспекти преку меѓународната трговија и финансии, противречностите и современите тенденции на глобализацијата. Актуелноста на обработената проблематика произлегува од сè поголемата меѓузависност на националните економии и влијанието на глобалните економски процеси врз поединците, стопанските субјекти, националните економии и светското стопанство. Врз основа на наведеното, може да се оцени дека скриптата „Глобална економија" е релевантен, корисен и соодветен материјал за наставно-образовниот процес и за понатамошно изучување на современите меѓународни економски односи.

Практикум:

Paceskoski,Vlatko (2021) наслов „Глобална економија"(URLhttp://elib.ugd.edu.mk/1021), ISBN 978-608-244-846-6 . [16]

Практикумот „Глобална економија" од кандидатот Пачешкоски има за цел да им помогне на студентите во совладувањето на содржините од областа

на меѓународната економија, а истовремено претставува корисен материјал и за научните работници при продлабочено изучување и истражување на одделни сегменти од оваа област. Во практикумот се обработуваат значајни тематски подрачја, меѓу кои: процесите на глобализација и регионализација во светската економија; теоретските концепции, инструментите, мерките и регулативата на меѓународната трговија; регионалните интеграции; меѓународното движење на капиталот; меѓународните трговски и финансиски институции; девизниот пазар и девизните курсеви; меѓународниот пазар на капитал и билансот на плаќања. Обработената проблематика е актуелна и релевантна за разбирањето на современите меѓународни економски односи и процеси. Врз основа на наведеното, може да се оцени дека практикумот претставува корисен и соодветен наставно-научен материјал за студентите и за понатамошно изучување на глобалната и меѓународната економија.

Комисијата, со сериозност цени дека д-р Влатко Пачешкоски при неговата научноистражувачка работа, значително придонесува за осознавање и истражување на движењата на современите општествено-економски процеси. Кандидатот ги анализира истите и ги следи актуелните трендови во соодветните области, користејќи ја научната методологија и потоа ги трансферира овие знаења во неговата наставно-образовна дејност.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Покрај научно истражувачката работа кандидатот пројавува и особен интерес и активности во стручно-апликативната дејност во насока на примена на научните сознанија во наставата и практиката и понатамошно продлабочување на стручните и научни сознанија кои воедно имаат и повратен ефект на нивна примена во наставниот процес. Воедно учествува и во факултетски тела и комисии. Имено, д-р Влатко Пачешкоски извршувал и други функции на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип и тоа: член на Сенат (Одлука 1202-59/9 од 14.3.2019 г. до март 2022 година претставник на Економскиот факултет; [17];раководител на Катедра за економија (Одлука 1202-104/9 од 21.11.2025 година [18]; член на ННС на трет циклус студии [19].

Стручна монографија:

1. Paceskoski, Vlatko & **Taskovski, Filip** (2024) COMPARATIVE ANALYSIS OF THE BUDGET REVENUES FROM DIRECT TAXES IN NORTH MACEDONIA AND SERBIA. The International Conference on Business and Technology (ICBTOxford'2024) https://link.springer.com/chapter/10.1007/978-3-031-85398-2_84 [20]

Стручната монографија ја разгледува улогата на директните даноци како значаен извор на јавни приходи и инструмент за финансирање на јавната потрошувачка во современите економии. Во истражувањето се врши компаративна анализа на приходите од директни даноци во Северна Македонија и Србија, при што се анализира и нивната поврзаност со клучните макроекономски показатели на двете држави. Резултатите укажуваат дека приходите од директни даноци бележат континуиран раст и сè поголемо учество во вкупните даночни приходи, што претставува показател за постепен развој и модернизација на даночните системи.

Стручно апликативни проекти:

Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and MitevaKacarski, Emilija and **Paceskoski, Vlatko** and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) Business eco system as an integrated system-Be In, [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/33315/[21]

Истражувач во рамките на проектот Newawes-The NEWAVES project (Collaborative Alliance for Radio Recovery and Boost of Community News Media in Low-density Territories) is an international initiative involving the University "Goce Delčev" – Štip (UGD) to support and revitalize local and community radio stations (2023-2025). [22]

Кандидатот д-р Влатко Пачешкоски има исклучително богата активност во повеќе сфери на наставно-научната дејност, научноистражувачката и апликативно-раководната активност. Земајќи го предвид широкиот дијапазон на неговиот интерес и неговата активност како професор, научник и истражувач, неоспорен е впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален капацитет.

Во овие рамки од особено значење е развојната дејност на кандидатот која има третман на посебен системски сегмент, кој се усогласува со генералните барања и стандарди врзани и условени со професионалниот развој и негово напредување.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставностручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вонр. проф. д-р Влатко Пачешкоски ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање редовен професор.

Комисијата цени дека кандидатот Влатко Пачешкоски, д-р по економски науки од областа меѓународна економија, покажува перманентен интерес и желба за научно напредување. Кандидатот се истакнува со обемна педагошка активност и висок корпус на знаење и експертиза, почнувајќи од звањето помлад асистент, подоцна и во звањата асистент, доцент и вонреден професор, на повеќе предмети од областа меѓународна економија што ги изведува на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Научноистражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува неговата стручност и ориентација кон системски пристап во наставно-научната област меѓународна економија за којашто кандидатот конкурира. Ова се потврдува со многуте објавени научни трудови, универзитетски учебници, монографија, практикум, учество на научни конференции, форуми, учество во меѓународни уредувачки одбори на научни списанија, учество во проекти и сл. Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, исто така, се истакнат дел од биографијата на кандидатот, утврдено преку презентации на стручни собири, учеството во проекти, елаборати и експертизи од областа, членување во факултетски и универзитетски тела и комисии и др.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната, организациско-развојната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот вонреден проф. д-р Влатко Пачешкоски преку остварени вкупно 216 поени (НО 40+НИ 93+САОР 83). Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, вонреден проф. д-р Влатко Пачешкоски да биде избран во звањето редовен професор во научната област меѓународна економија и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатот да биде избран во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Весна Георгиева-Свртинов, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Емилија Митева Кацарски, редовен професор, член, с.р.
Д-р Круме Николоски, редовен професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1.	Избор во звање вонреден [1]	1	40			40
	ВКУПНО					**40**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1.	Монографија или научна книга [20]			1	15	15
4.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор [3,4,7,9,10,11], втор автор [2,5,8], останати автори [6,12]	4 2 1	9 6 3	2 1 1	9 6 3	54 18 6
	ВКУПНО					**93**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1.	Книга/учебник (скрипта практикум) [15,16]	2	10			20
13.	Учесник во научен проект [21,22]	2	5			10
26.	Раководител на катедра/оддел/центар[18]	1	3			3
27.	Член на универитетски или владини тела [17,19]	2	5			10
28.	Член на факултетски орган, комисија Член на ННС, Член во комисија за одбрана на дипломски, магистерски трудови	18	2			36
30.	Класен раководител, согласно со Кредит трансфер системот – ЕКТС (за четири години)	1	4			4
	ВКУПНО					**83**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**216**

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО И ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1102-125/4 од 17.9.2026 година донесена на 296. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 16.9.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област граѓанско материјално право (5.05.00.01) и граѓанско процесно право (5.05.00.02) на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- проф. д-р Игор Камбовски - претседател, редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област граѓанско право;
- проф. д-р Марија Амповска - член, редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област граѓанско материјално право;
- проф. д-р Татјана Зороска-Камиловска - член, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Штип, наставно-научна област граѓанско процесно право.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 15.8.2026 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

- д-р Милица Шутова, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката уредно, навремено и во целост ја има доставено соодветната документација.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Д-р Милица Шутова е родена на 29.1.1986 година во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „Петар Мусев“ – Богданци, а средно образование завршила во УЦ Гимназија „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија, во учебната 2000/2004 година. Во 2008 година завршила прв циклус студии на редовни четиригодишни додипломски студии со просечен успех 9.05 на Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, отсек Правни студии (граѓанска група) и се стекнува со стручен назив дипломиран правник. Во јуни 2011 година завршила втор циклус на постдипломски (мастер) студии на Правен факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје, на Правосудна насока (модул А-граѓанско право), со просечен успех 10, на тема „Класификации на правните дела во современото граѓанско право”, по што се стекнала со степен магистер по право (Master of Laws, LL.M.). Во 2016 година завршила трет циклус универзитетски студии по правни науки на Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ – Скопје. Со одбраната на докторската дисертација со наслов „Правна заштита на

добро познати трговски марки во компаративното право" се стекнала со научен назив доктор на правни науки во областа на право на интелектуална сопственост (граѓанско право). Во 2011 година положила правосуден испит, а во 2014 година нотарски испит.

Своето работно искуство го започнала како демонстратор на Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ – Скопје, на Катедрата по граѓанско право, за период 2008/2009 година, па се до 2012 година. Во периодот од 15.2.2012 г. до 17.8.2012 г. е вработена како стручен соработник во Адвокатско друштво „Чакмакова адвокати" - Скопје. Во периодот од 2013 до 2016 година е избрана за асистент на Факултетот за правни науки во состав на „Првиот приватен универзитет – ФОН" како соработник од областа на граѓанското право. Во периодот од 2016 до септември 2017 г. е вработена како раководител на Одделение за инспекциски надзор од областа на трудот, социјалната политика, образование и културата, сектор за инспекциски надзор во Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Во јуни 2017 година е избрана за доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во област граѓанско право и наследно право. Во февруари 2022 година е избрана за вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во област граѓанско право и наследно право. Ги предава предметите: Семејно право, Наследно право, Граѓанско процесно право, Граѓанско право-применета програма, Право на интелектуална сопственост (втор циклус). Учествувала во креирањето на студиските и наставните програми од прв, втор и трет циклус студии на Правен факултет.

Таа е автор на повеќе трудови од областа на граѓанското право. Нејзиниот придонес во науката е особено насочен кон граѓанската материја, со фокус на проблематиките, правата на децата во судските постапки vis a vis европската регулатива, правата од интелектуална сопственост, вршењето на родителските права по развод на брак, детето како странка во парничната постапка итн.

Во текот на својата академска кариера учествувала на повеќе научни конференции, стручни конференции, семинари, советувања, обуки во земјава и во странство, кои се детално наведени во прилог на биографијата.

Вонреден професор д-р Милица Шутова е член на програмски одбори на повеќе меѓународни научни конференции во земјава и во странство, а била член на Организацискиот одбор на Годишната меѓународна научна конференција на Правниот факултет при УГД.

Во изборниот период била ментор и член на комисија за одбрана на повеќе дипломски работи и магистерски трудови.

Во периодот од 2023 до 2026 година учествува во проектот „За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош (БПП) во Северна Македонија", спроведен во рамките на заедничката програма на Европската Унија и Совет на Европа, „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција", како раководител на Правната клиника за бесплатна правна помош на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Исто така, активно учествува и како предавач на обуката: Обезбедување на бесплатна правна помош во Северна Македонија во организација на Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје. Активно е вклучена како предавач

во Академијата за судии и јавни обвинители во Скопје. Учествувала во изработка на HELP курсот за „Семејно право и човекови права“ и како национален тутор, кој е дел од Програмата за почетна обука во Академијата и е задолжителен за сите слушатели (2023), во соработка помеѓу Секретаријатот на ХЕЛП програмата при Совет на Европа.

Законски (општи) услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор.

1. ***Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно.*** Кандидатката завршила додипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, со просечен успех 9,05, стекнувајќи се со назив дипломиран правник. Кандидатката завршила втор циклус студии (Правни студии, модул Граѓанско право) на Правен факултет „Јустинијан Први” во Скопје, со просечен успех 10, и се стекнала со назив магистер по право.

2. *Научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.* Според доставена диплома за завршен трет циклус студии издадена од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, вонреден професор д-р Милица Шутова завршила трет циклус универзитетски студии по правни науки – право на интелектуална сопственост. Универзитетските студии се од научната област граѓанско право, а темата на докторатот е од областа на граѓанското право со фокус на процесни аспекти на правната заштита.

3. *Избор во вонреден професор од научната област во која се избира.* Со Одлука бр.1102-39/11 од 18.2.2022 година кандидатката е избрана во наставно-научно звање вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во наставно-научните области граѓанско право и наследно право.

4. *Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор.* Кандидатката има објавено 9 труда од соодветната областа во референти меѓународни научни публикации и меѓународни научни списанија за изборниот период, и тоа:

Бр.	Автор/и	Списание/Зборник согласно со ЗВО
1.	**Ristov. A, Shutova, M**	Deseti međunarodni naučni skup Dani porodičnog prava, „Porodica u aktuelnom pravnom i društvenom kontekstu“, Pravni fakultet Univerziteta „Džemal Bijedić“, Mostar. ISSN 2303-6052 (Printed) (Членовите на Програмскиот комитет се од најмалку три држави) Индексирано во EBSCO
2.	**Sutova, M Vlaškovic, K**	XVIII International May Conference “The Present and Future of Service Law, Faculty of Law, Kragujevac, Serbia. ISBN 978-86-7623-112-6 (Членовите на Програмскиот комитет се од најмалку три држави)

3.	**Tusevska, B Sutova, M**	10-th International Scientific Conference Social Changes in the Global World. Faculty of Law, Stip. ISSN ISBN 978-608-244-998-2 (Членовите на Програмскиот комитет се од најмалку три држави)
4.	**Sutova, M Paunovic, K**	XIX International Scientific Conference "Legal regulation of services in national legislation and EU acquis", ISBN- 978-86-7623-121-8 Faculty of Law, Kragujevac, Serbia. (Членовите на Програмскиот комитет се од најмалку три држави)
5.	**Sutova, M Zembrzuski, T**	Balkan Social Science Review, 24 (24). ISSN 1857-8772 Индексирано во Scopus, Q2 rank во 2024, со фактор на влијание за 2023, SJR 0,25)
6.	**Sutova, M Paunovic, K**	XX International May Conference "Challenges and open issues of service law Faculty of Law, Kragujevac, Serbia. ISBN 978-86-7623-135-5 (Членовите на Програмскиот комитет се од најмалку три држави)
7.	**Ćorac, S Sutova, M**	10-th International Scientific Conference Ohrid School of Law 2024 Chalanges in the law in 21-st century, IURIDICA PRIMA, Institute for Legal – Economic Research and Education Indexed: EBSCO (Членовите на Програмскиот комитет се од најмалку три држави)
8.	**Sutova, M**	Paradigma: Časopis za teoriju i praksu socijalnog rada. Akademija za humani razvoj, Beograd. ISSN 2620-1550 (Членовите на Програмскиот комитет се од најмалку три држави)
9.	**Sutova, M Paunovic, K**	XXII International Scientific Conference Rule of Law in Times of Institutional Changes Faculty of Law, Kragujevac. (Членовите на Програмскиот комитет се од најмалку три држави)

5. ***Објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира.***

Рецензирана монографија

- Милица Шутова (2026) „Правна заштита на трговски марки", издадена од ДПТУ „Студентски сервис" ДОО – Скопје.

6. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.

- Кандидатката има доставено потврда за познавање на англиски јазик. Од нејзиното CV е прегледно дека има многу добро познавање и од хрватски и српски јазик.

7. ***Да има способност за изведувањето на високообразовна дејност.***

- Кандидатката учествува во изработка на елаборати на студиски програми на Правниот факултет, како и во креирање на предметни курикулуми од областа на граѓанското право. Учествува во изведување на наставата на прв, втор и трет циклус студии, се јавува како ментор на дипломски и магистерски теми. Кандидатката е член на комисии за изработка и одбрана на дипломски и магистерски трудови. Кандидатката има богата научноистражувачка и стручно- апликативна дејност.

Посебни услови за избор согласно со Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце _Делчев" – Штип:

1. Под менторство на кандидатот да се изработени дипломски или магистерски или докторски тези

Кандидатката за времетраењето на изборот во звање вонреден професор се јавува како ментор на дипломски и магистерски трудови и неколку пати била и член на комисија за одбрана на магистерски трудови на Правен факултет – УГД (Одлука бр.1103/122/3; Одлука бр.1103/107/1; Одлука бр.1103/111/1; Одлука бр.1103/92/1; Одлука бр.1103/90/1; Одлука бр.1103/131/3; Одлука бр.1103/124/1 и останати).

2. Да учествувал или раководел со научноистражувачки проекти

Учесник во проектот „За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош (БПП) во Северна Македонија“, спроведен во рамките на заедничката програма на Европската Унија и Совет на Европа, „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“, како раководител на Правната клиника за бесплатна правна помош на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (2023-2026) https://www.coe.int/mk/web/skopje/towards-a-consolidated-and-more-efficient-free-legal-aid-fla-system-in-north-macedonia;

Учесник во проектот „Иницијатива за административна социјална правда”, во организација на Институтот за човекови права финансиран од ЕУ (1.1.2025 до 31.12.2026) https://mail.ihr.org.mk/en/tekovni-proekti/inicijativa-za-administrativna-socijalna-pravda;

Учесник во проектот „Пилот иницијатива за формирање на мобилни тимови за бесплатна правна помош кои ќе даваат директна поддршка на граѓаните во просториите на УВМК Скопје, Битола и Штип“, активност меѓу Програмската канцеларија на Совет на Европа (во рамките на заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа – Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција), Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Министерството за дигитална трансформација и Управата за водење на матични книги (2025-до денес);

Учесник во проектот „Legal Reform in the Western Balkans” (LRWB) во соработка со Работната група за Граѓанскиот законик на Северна Македонија, ГИЗ, Министерство за правда (2023);

Учесник во проектот „Концептот за одржлив развој низ призмата на правото и политиките“, Центар за анализа на право и политики, Правен факултет, УГД – Штип и Мишколц, Унгарија (2021-2023);

Член (претседател) на Организациски одбор на 10. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен Факултет, УГД-Штип, 28-29 септември 2023 г.

Учесник во проектот „Гласот и учеството на жените и младите во креирање јавни политики и овозможувачка средина за граѓанско учество”, проект имплементиран од Женска граѓанска иницијатива „Антико“, во партнерство со организациите „Адрион“ и „Секогаш соживот“ со поддршка од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас (учество како ментор, јуни 2026 - до денес).

3. Кандидатот да има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници

Кандидатката се јавува како член на две рецензентски комисија за избор на асистент за наставно-научна област граѓанско на Правен факултет при УГД, кандидатката се јавува како рецензент на трудови од област граѓанско право за меѓународни публикации, кандидатката се јавува како организатор

на настани (панел дискусии и тркалезни маси) во кои вклучува и помлади наставници и соработници. Кандидатката во времетрањето на изборот во звање вонреден професор ја вклучува асистентката (од Катедрата по граѓанско право) во настава (држење на вежби), во дел од предметите што ги предава.

Кандидатката се јавува како ментор на дипломски и магистерски трудови на кандидати од областа на граѓанско право и член на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови од областа на граѓанско право и сродни области.

4. Кандидатот да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.

- Кандидатката ги има остварено следните поени (НО)=40; (НИ)=122; (САОР)=105 или вкупно 267 поени.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Кандидатката ја започнува својата академска кариера како демонстратор на Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ – Скопје, на Катедрата по граѓанско право, за период од 2008/2009 година, па се до 2012 година.

На 16 јуни 2017 година, со Одлука бр.1102/146/5 од 19.6.2017 година на Наставно-научниот совет на Правниот факултет е избрана во наставно-научно звање доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во област граѓанско право и наследно право. Во февруари 2022 година со Одлука бр.1102-39/11 од 18.2.2022 година на Наставно-научниот совет на Правниот факултет е избрана во наставно-научно звање вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на истата област. На првиот циклус студии, таа е ангажирана на предметите: Семејно право, Наследно право, Граѓанско процесно право и Граѓанско право применета програма. На вториот циклус студии, таа е ангажирана на предметите: Парнично право, Семејно право и Право на интелектуална сопственост. На третиот циклус студии, таа е ангажирана на предметите: Граѓанско процесно право, Европско семејно право, Арбритражно право и Право на интелектуална сопственост.

Во однос на научната дејност на кандидатката, нејзиниот придонес е значаен во научноистражувачката дејност во полето на граѓанското право, со фокус на процесно-правните аспекти на правата на децата во судските постапки vis a vis европската регулатива, правата од интелектуална сопственост, вршењето на родителските права по развод на брак, детето како странка во парничната постапка итн.

Кандидатката има објавено бројни научни трудови во референтни меѓународни научни публикации, што ја потврдува релевантноста и квалитетот на нејзините истражувања. Покрај објавувањата, кандидатката активно учествува на меѓународни конференции и семинари, каде што ги презентира своите истражувања и придонесува кон глобалниот академски дијалог. Таа учествува и како рецензент на научни трудови на реномирани списанија и универзитетски изданија, што дополнително ја потврдува нејзината експертиза и признание во академската заедница. Кандидатката активно е вклучена и како предавач во Академијата за судии и јавни обвинители во Скопје. Учествувала во изработка на HELP курсот „Семејно право и човекови права“, кој е дел

од Програмата за почетна обука во Академијата и е задолжителен за сите слушатели (2023), во соработка помеѓу Секретаријатот на ХЕЛП програмата при Совет на Европа.

Кандидатката е ангажирана и во научноистражувачки проекти, вклучително и оние финансирани од Европската Унија. Нејзиниот придонес во овие проекти помага во развојот на правната наука и практиката на национално и меѓународно ниво.

Евалуација на трудови

1. Ristov, Angel and Sutova, Milica (2022) *The Civil Code and the reforms in Macedonian Family Law*. Zbornik radova deseti međunarodni naučni skup Dani porodičnog prava, 16. ISSN 2303-6052.

Истражувањето дава преглед на состојбата на македонското семејно право и на потребата од неговата нормативна реформа во рамките на Граѓанскиот законик. Авторите посочуваат дека Законот за семејството од 1992 година не ги следи во доволна мера промените во брачните и семејните односи, поради што предлагаат појасно уредување на вонбрачната заедница и воведување брачен договор за уредување на имотните односи меѓу партнерите. Значаен дел од трудот е посветен на правата на децата: се предлага поимот „родителско право“ да се замени со „родителска одговорност“, а мислењето на детето да се слушне и земе предвид при одлучување за прашања што го засегаат. Се нагласува и потребата од посебна правна заштита на семејниот дом, особено по развод, како и од појасни правила за вршење на родителските должности. Целта на предложените реформи е поголема правна сигурност и подобра заштита на интересите на сите членови на семејството, особено на децата.

2. Sutova, Milica and Vlaškovic, Ksenija., *European Court of Justice on the use of a previous trademark reputation in terms of infringement*. XVIII International May Conference «The Present and Future of Service Law» (2022).

Истражувањето дава преглед на правната заштита на трговските марки со углед и на судската практика во Европската Унија поврзана со неовластеното искористување на нивната репутација. Преку спорот за регистрацијата на знакот „Zara Tanzania Adventures“, авторите го разгледуваат прашањето дали употребата на сличен знак за поинакви услуги може да и наштети на репутацијата или на разликувачкиот карактер на претходната трговска марка „ZARA“. Во трудот се истакнува дека оценката треба да ги опфати сите релевантни околности, меѓу кои препознатливоста на трговската марка, времетраењето и обемот на нејзината употреба, како и можната поврзаност што потрошувачите би ја направиле меѓу двата знака. Авторите заклучуваат дека заштитата на трговска марка со углед може да се прошири и на различни стоки или услуги кога постои докажан ризик од нечесно искористување или нарушување на нејзината репутација.

3. Tusevska, Borka and Sutova, Milica (2023) *The importance of Industrial Property Rights in the business sector*. Social Changes in the Global World. ISSN ISBN 978-608-244-998-2.

Истражувањето дава преглед на улогата на правата од индустриска сопственост во основањето и развојот на компаниите, со осврт на нивната економска вредност и правна заштита. Авторите ги разгледуваат трговските

марки, патентите и индустрискиот дизајн како нематеријални средства што можат да ја зголемат препознатливоста и вредноста на компанијата, а во определени случаи да се користат и како влог во нејзиниот капитал. Врз основа на анкета спроведена меѓу 50 компании во Северна Македонија, трудот укажува дека дел од анкетираните компании го препознаваат значењето на овие права, но недовербата во нивната заштита го отежнува практичното користење. Авторите препорачуваат подобрување на правната рамка, поголема информираност и обуки за компаниите, со цел поефикасно остварување на правата од индустриска сопственост.

4. Sutova, Milica and Paunovic, Ksenija (2023) *The danger of misconception in the latest practice of the European Court of Justice.* Legal regulation of services in national legislation and EU acquis», ISBN-978-86-7623-121-8, Faculty of Law, Kragujevac, Serbia.

Истражувањето дава преглед на критериумите за утврдување на опасноста од забуна меѓу трговски марки, со посебен осврт на практиката на Европскот суд на правдата. Преку спорот меѓу колективната трговска марка „HALLOUMI“ и пријавениот знак „BBQLOUMI“, авторите разгледуваат како се оценуваат разликувачкиот карактер на претходната марка, сличноста на знаците и сличноста на производите или услугите. Во трудот се нагласува дека слабиот разликувачки карактер на една марка сам по себе не ја исклучува можноста потрошувачите да бидат доведени во забуна за потеклото на производите. Затоа, одлуката мора да се заснова на целосна оценка на сите релевантни околности, вклучувајќи го и вкупниот впечаток што знаците го остваат кај потрошувачите. Авторите заклучуваат дека овие критериуми се применуваат и при заштитата на колективните трговски марки.

5. Sutova, Milica and Zembrzuski, Tadeusz (2024) *Hearing a minor as an instrument of protecting the child's best interests in Polish and Macedonian procedural law*. Balkan Social Science Review, 24 (24). ISSN 1857-8772.

Трудот го анализира сослушувањето на малолетното дете како процесна гаранција за остварување на начелото на најдобар интерес на детето, преку споредба на решенијата во полското и македонското право. Авторите истакнуваат дека детето треба да има можност слободно да го изрази своето мислење во постапките што го засегаат, а тоа мислење да се оцени според неговата зрелост и околностите на случајот. Во трудот се разгледуваат правила согласно со правото во Полска за сослушување, во услови приспособени на детето и се укажува на недоволно разработените процесни гаранции во македонското законодавство, особено при одлучување со кој родител детето ќе остане да живее по развод. Авторите предлагаат појасно уредување на правото на детето да биде сослушано, соодветна стручна поддршка и постапка што ќе го заштити од дополнителен стрес. Целта е мислењето на детето да биде земено предвид при одлучувањето, во согласност со неговите најдобри интереси.

6. Sutova, Milica and Paunovic, Ksenija (2024) *Fundamental criteria for determining the risk of confusion regarding the product origin in trademark law*. XX International May Conference "Challenges and open issues of service law", 1 (20). pp. 191-206. ISSN ISBN: 978-86-7623-135-5.

Трудот систематски ги анализира критериумите за утврдување на опасноста од забуна во поглед на потеклото на производите и услугите,

како основен елемент на правната заштита на трговската марка. Поаѓајќи од практиката на Европскиот суд на правдата, авторите истакнуваат дека оценката мора да биде сеопфатна: да ги опфати визуелната, фонетската и поимовната сличност на знаците, сличноста на производите и услугите, разликувачкиот карактер на марката и начинот на кој релевантната јавност ги препознава знаците. Особено се нагласува меѓузависноста на овие критериуми, при што помал степен на сличност на знаците може да се надомести со поголем степен на сличност на производите, и обратно. Заклучокот е дека опасноста од забуна се утврдува според вкупниот впечаток што го создаваат марките и можноста јавноста погрешно да поверува дека означените производи потекнуваат од ист или од економски поврзани субјекти.

7. Ćorac, Sanda and Sutova, Milica (2024) *Free legal aid-comparative framework of the Republic of North Macedonia and Serbia*,10-th International Scientific Conference Ohrid School of Law 2024 Chalanges in the law in 21-st century.

Трудот спроведува компаративно-нормативна анализа на бесплатната правна помош во Северна Македонија и Србија, разгледувајќи ја како инструмент за остварување на правото на пристап до правда и на правично судење. Авторите ги споредуваат законските услови за користење на помошта, нејзините облици и даватели, со посебно внимание на лицата кои поради материјалната состојба или припадноста на ранлива група не можат самостојно да обезбедат правна заштита. Во трудот се посочува дека српското парнично законодавство предвидува ослободување од трошоци и бесплатен адвокат под определени услови, додека во Северна Македонија бесплатната правна помош е уредена со посебен закон. Авторите предлагаат овие прашања дополнително да се уредат и во македонското процесно законодавство. Нивниот заклучок е дека еднаквиот пристап до правда бара систем на правна помош што функционира ефективно во практиката, а не само како формално признато право.

8. Sutova, Milica (2025) *Practical challenges in applying Article 12 of the Convention on the Rights of the Child in judicial proceedings in North Macedonia*. Paradigma: Časopis za teoriju i praksu socijalnog rada. pp. 69-91. ISSN 2620-1550.

Трудот ги анализира нормативните и практичните предизвици во примената на член 12 од Конвенцијата за правата на детето во семејните судски постапки во Северна Македонија, особено при развод. Врз основа на анализа на домашното законодавство, споредбени правни решенија и илустративен преглед на 30 судски одлуки, авторката утврдува дека правото на детето да биде слушнато не е доволно разработено во семејното и процесното законодавство. Во практиката, мислењето на детето најчесто се пренесува преку Центарот за социјална работа, без секогаш да биде јасно како судот ја оценил неговата способност да изрази став и какво значење му дал на тој став при одлучувањето. Авторката предлага усогласени законски измени што ќе обезбедат индивидуална процена на способноста на детето, можност за непосредно сослушување во услови приспособени на неговите потреби, независно застапување при судир на интереси и образложение за начинот на кој неговото мислење влијаело врз одлуката.

9. Sutova, Milica and Paunovic, Ksenija (2026) *Social risks of artificial intelligence application and its regulation in European Union Law*, International Scientific Conference Rule of Law in Times of Institutional Changes, Faculty of Law, Kragujevac.

Трудот ги анализира општествените ризици од примената на вештачката интелигенција и правниот одговор на Европската Унија на тие ризици. Авторите ги анализираат ризиците од дискриминаторско постапување при автоматизираното донесување одлуки и од манипулативната употреба на содржини генерирани со вештачка интелигенција, како и можните повреди на правото на приватност и ризиците по здравјето и безбедноста. Посебно внимание е посветено на Регулативата (ЕУ) 2024/1689 на Европскиот парламент и на Советот за утврдување усогласени правила за вештачката интелигенција, позната како Акт за вештачка интелигенција. Се анализира нејзиниот пристап заснован на степенот на ризик, кој опфаќа забрана на определени практики, посебни барања за високоризичните системи и обврски за транспарентност. Авторите го нагласуваат значењето на квалитетот на податоците, човечкиот надзор и мерките за спречување штета. Тие заклучуваат дека Регулативата поставува основа за контрола на ризиците, додека прашањата за правниот статус на вештачката интелигенција и заштитата на резултатите создадени со неа бараат натамошна правна разработка.

Учество на меѓународни и национални конференции, семинари, школи и панел дискусии за изборниот период (2022-2026)

1. Sutova, Milica (2026) *Application of European Standards in Civil Proceedings for Establishing Children's Rights in the Macedonian Legal System*, Law for the new era: Normative Challenges in the 21st Century, 14-15 May 2026, Nis, Serbia.
2. Sutova, Milica (2026) *Participation of Foreign Nationals in Civil Proceedings: Legal Frameworks and Practical Experiences in Selected Legal Systems*, "Foreigner Before the Court" Polish–German Legal Forum and International Scientific Conference, 12-14 May, Zielona Góra, Poland.
3. Milica Shutova (2026), „*Legal Clinics as an Innovative Model of Clinical Legal Education: Challenges and Future Perspectives*", OHRID SCHOOL OF NATURAL LAW 10th Editon Strengthening Access to Justice through Free Legal Aid: A Regional Capacity-Building Initiative, Ohrid, North Macedonia.
4. Милица Шутова (2026), *Како да се зголеми правната сигурност во граѓанско правните односи: За потребата од реформи во Граѓанското право*, 12. Меѓународна конференција, Охридска школа на правото на тема „Правото во ерата на вештачката интелигенција и глобалните трансформации", 7-10 мај.
5. Милица Шутова (2026), Национална конференција на тема „Промените во семејството и потребата од реформи во семејното законодавство", *Зошто се потребни реформи во заштитата на правото на детето?*, 16 април, Хотел „Континентал" - Скопје.
6. Милица Шутова, учество на форум: *Зошто правата на интелектуална сопственост сега се поважни од кога било*? Во организација на Американската стопанска комора во Република Северна Македонија и Асоцијацијата на е-трговија во РС Македонија (учество во Работна група на тема „Правна рамка за интелектуална сопственост: Актуелни решенија и можности за подобрување"), Едукативен центар „Халкбанк", 25 април 2025 година.
7. Sutova, Milica (2024) *Mediation in Family Disputes*, Colloque International Dialogues théologiques et juridiques, 26-28 November 2024, Montauban, France.
8. Sutova, Milica (2024) *Застапување извршног поступка због застарелости по новим изменама закон о облигациним односима и закон о извршењу –*

решавање вишедеценијских проблема или стварање нових?, International Scientific Conference: Legal Principles in Contemporary Law, 19-20 Apr 2024, Nis, Republic of Serbia.

9. Милица Шутова, „*Правна сигурност на правата на детето во граѓанско-судските постапки*", Меѓународната научна конференција „Тиквешки правнички денови", Јуридика Прима, 15-17 октомври 2023 година.

10. Sutova, Milica (2023), научна конференција на Правен факултет УГД, *Children's right to a healthy environment*, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia.

11. Милица Шутова, „*Заштита на интелектуалната сопственост во дигиталната ера*", Одбележување на светски ден на интелектуална сопственост (панел-дискусија), 24 април 2023 година, Европска куќа - Струмица заедно со Правен факултет - Штип.

12. Шутова, Милица; Панева, Ана, научна конференција на Правен факултет на УГД, *Улогата на парничната постапка во ефектуирањето на концептот одржлив развој*, Одржливиот развој во правото и во политиките: патоказ за достигнување на целите на одржлив развој на Обединетите нации, 6 јуни 2023, Штип.

13. Sutova, Milica (2023) *Expertise as evidence in civil procedure*, International Scientific Conference Law and Social Values, 21 Apr 2023, Niš.

14. Sutova, Milica (2023) ***Criteria for determining well-known trademarks and their application in court proceedings in case of infringement***, 9-th International Scientific Conference Ohrid School of law - 2023 „Redefinition of the Role and the Meaning of the Law".

15. Borka Tushevska Gavrilovikj, Milica Shutova, ,,*The importance of digitalization of public procurement procedures in Europe and the Republic of North Macedonia*", International research conference, Government Challenges for digital public services in the EU, Faculty of Law and Administration, Jagiellonian University, 17-18 May, 2023 Krakow (Poland).

16. Милица Шутова, „Бесплатна правна помош - Средство за пристап до правда", 10. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет, УГД-Штип, 28-29 септември 2023, секција поддржана од Совет на Европа и Правната клиника на Правен факултет УГД.

17. Sutova, Milica (2022) *Property legal disputes of former spouses*, Ninth International Scientific Conference "Social changes in the global world", 1-2 Sept 2022, Stip.

18. Sutova, Milica and Paneva, Ana (2022) *Litigation proceedings for resolving family disputes during the state of emergency*, Systemic Agency in Extraordinary Situations: Experiences and Challenges, 20 April 2022, Nis, Serbia.

Научноистражувачки проекти за периодот од 2022 до 2026 г.

Учесник во проектот „За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош (БПП) во Северна Македонија", спроведен во рамките на заедничката програма на Европската Унија и Совет на Европа, „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција", како раководител на Правната клиника за бесплатна правна помош на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (2023-2026) https://www.coe.int/mk/web/skopje/towards-a-consolidated-and-more-efficient-free-legal-aid-fla-system-in-north-macedonia.

Учесник во проектот „Legal Reform in the Western Balkans" (LRWB) во соработка со работната група за Граѓанскиот законик на Северна Македонија, ГИЗ, Министерство за правда (2023).

Учесник во проектот „Концептот за одржлив развој низ призмата на правото и политиките", Центар за анализа на право и политики, Правен факултет, УГД – Штип и Мишколц, Унгарија (2021-2023).

Учесник во проектот „Иницијатива за административна социјална правда», во организација на Институтот за човекови права финансиран од ЕУ (1.1.2025 до 31.12.2026) https://mail.ihr.org.mk/en/tekovni-proekti/inicijativa-za-administrativna-socijalna-pravda.

Дел од раководниот тим на 10. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет, УГД-Штип, 28-29 септември 2023.

Учесник во проектот „Пилот иницијатива за формирање на мобилни тимови за бесплатна правна помош кои ќе даваат директна поддршка на граѓаните во просториите на УВМК Скопје, Битола и Штип", активност меѓу Програмската канцеларија на Совет на Европа (во рамките на заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа – Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција), Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Министерството за дигитална трансформација и Управата за водење на матични книги (2025-до денес).

2018 - 2022 година - Мрежа Жан Моне „*МАПС, Системи на политики за миграција и азил. Слабости, недостатоци и предлози за реформи*", Милица Шутова и други.

Учесник во проектот како обучувач „Справување со врсничко насилство и сајбер-насилство", Министерство за образование и наука, Република Северна Македонија (Биро за развој на образование), (2022-2023).

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Кандидатката има обемна и разновидна активност во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, што ја потврдува нејзината посветеност и значаен придонес во академската заедница. Во делот на изработка на учебници, кандидатката е автор на значајно дело кое се користи во Северна Македонија.

Кандидатката има издадено и поглавје од книга

Sutova, Milica (2026) Заштита на правата на децата и концептот за одржлив развој. Во: Правно-политички размислувања за достигнување на целите за одржлив развој на Организацијата на Обединетите нации. 2-ри Август, Штип, Штип, pp. 41-56. ISBN 978-9989-947-06-3.

Покрај издавањето на учебни помагала, кандидатката има активно учество во стручни проекти, вклучувајќи неколку значајни проекти од национален и меѓународен карактер.

Во однос на организациско-развојната дејност, кандидатката е активен член на повеќе факултетски и универзитетски комисии и тела. Нејзиниот ангажман вклучува член на Комисија за самоевалуација на Правниот факултет, член на Рецензентска комисија за избор на асистент во областа на граѓанско право на Правниот факултет во Штип, член на комисии за упис на втор и трет циклус на студии, член на Изборна комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор на УГД, член на Комисија за Ораторска вечер на Правен

факултет, член на Комисија за избор на членови на Факултетското собрание и член на Комисија за избор на декан на Правен факултет.

Со овие активности, кандидатката демонстрира постојан ангажман и влијание во развојот и унапредувањето на академските и стручни стандарди во рамките на нејзината институција и пошироко.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип по детално разгледување на комплетната доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека **вонреден професор д-р Милица Шутова ги исполнува општите и посебните услови** кои се земаат предвид при избор на лице во звање редовен професор.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Милица Шутова може да се заклучи дека има континуиран развој во научноистражувачката работа и во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати.

Кандидатката има остварено вкупно 267 поени (НО)=40; (НИ)=122; (САОР)=105.

Врз основа на горенаведеното и врз основа на личното познавање на кандидатката, членовите на Комисијата се цврсто уверени дека се работи за многу солиден академски работник, со постојана афирмација во професионалната научна кариера на домашно и меѓународно ниво.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип **да ја избере вонреден професор д-р Милица Шутова во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научна област граѓанско материјално право и граѓанско процесно право**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Игор Камбовски, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Марија Амповска, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Татјана Зороска-Камиловска, редовен професор член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	Наставно-образовна дејност	Поени				
		Во земјава		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
1.	**Избор во звање вонреден професор**	**1**	**40**			40
	ВКУПНО					**40**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1.	Научен труд објавен во списание со импакт-фактор (прв автор). Труд под реден број 5			1	15	15
2.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор). Труд под реден број 8			1	9	9
3.	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир Трудови под реден број 1, 2, 3, 4, 6, 7, 9			7	3	21
4.	Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (р.б. 5 од учество на конференции)	1	3			3
5.	Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (р.б.6 од учество а конференции)	1	2			2
6.	Одржано предавање по покана од научна институција (р.б.3 од учество на меѓународни конференции)			1	3	3
7.	Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство - Во земјава (р.б.11) - Во странство (р.б. 1, 2, 4, 7, 8, 9, 10, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18)	1	1,5	14	2	28
8.	Раководител на работен научен проект (р.б.5 од листа на проекти)			1	6	6
9.	Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (р.б. 1, 3 и 7 од учество на проекти)			3	3	9
10.	Уредник на Зборник на трудови од научен собир („Општествени промени во глобалниот свет”)			2	2	4
11.	Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) - „Општествени промени во глобалниот свет” - „Охридска школа на правото”			2	1	2
12.	Член на организациски или научен одбор на научен собир, Фестивал - „Општествени промени во глобалниот свет” (2022-2023)			2	1	2
13.	Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско музички награди - Труд објавен во BSSR под број 5 од трудови	1	5			5
14.	Рецензент на научен труд, останати			13	1	13
	ВКУПНО					**122**

Р. бр.	Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност	Поени				
		Во земјава		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
1.	Поглавје од книга	1	4			4
2.	Стручна монографија: (р.б.5)	1	8			8
3.	Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (р.б.2, 4,6,8)			3	8	24
4.	Учество во изработка на елаборати за акредитација на студиски програми на втор и трет циклус студии на Правен факултет (р.б.7)	2	4			4
5.	Раководител на катедра/оддел/центар (раководител на правна клиника)	1	3			3
6.	Член на универзитетски тела (Комисија за самоевалуација и Комисија за спроведување на попис на УГД)	2	5			10
7.	Член на факултетски орган, комисија	26	2			52
	ВКУПНО					105
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					267

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИГИТАЛЕН БИЗНИС (5.02.00.04) НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1202-69/7 од 18.9.2026 година донесена на 284. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 17.9.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научната област дигитален бизнис (5.02.00.04) на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– **д-р Сашо Јосимовски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област дигитален бизнис - претседател;

– **д-р Лидија Пулевска Ивановска**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област дигитален бизнис – член;

– **д-р Тамара Јованов Апасиева**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област маркетинг – член.

Конкурсот за овој избор е објавен на 15.8.2026 година во дневните весници „Слободен печат” и „Коха”, при што во предвидениот рок се пријави само кандидатот вонреден проф. д-р Златко Бежовски, вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на прегледот на приложената документација од кандидатот д-р Златко Бежовски, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Пријавениот кандидат д-р Златко Бежовски е роден на 10 октомври 1977 година во Велес. Своето основно образование го завршил во ОУ „Григор Прличев“ во Скопје. Првите три години од средното образование ги поминал во Гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје, додека со диплома за завршено средно образование се стекнал во 1996 година во Средното училиште во Линден, Њу Џерси во САД.

Кандидатот во 1996 година се запишува на додипломски студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Економски факултет на насоката Менаџмент, при што студиите ги завршува во 2000 година со просечна оценка од 8,48. Постдипломски студии запишал на Економскиот институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ги завршил во 2007 година со просечна оценка од 8,50. Магистерскиот труд на тема „Оптимизација на пребарувањето во Република Македонија како можност за некомерцијален трансфер на технологија“ го одбранил на 12.3.2007 година, по што се стекнал со звање магистер по економски науки од областа на претприемништвото.

Кандидатот во летниот семестар во 2010 година остварил студиски престој на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“ во САД на Економскиот факултет (School of Business) на департманот за Менаџмент на информациски технологии и системи, каде што ги надградува своите знаења од оваа област и се запознава со методиката на работа во високото образование во САД.

Своето образование кандидатот го продолжил на департманот за Е-бизнис на Економскиот факултет – Скопје, каде што на 12.9.2014 година успешно ја одбранил докторската теза под наслов „Оптимизација на пребарувањето како алатка за интернет бизнисите од Македонија“, со што се стекнал со титула доктор по економски науки.

Од работно искуство кое кандидатот го остварува во својата кариера, како релевантни ги издвојуваме изборот на д-р Златко Бежовски за асистент во 2007 г., изборот за доцент во 2017 г. и изборот за вонреден професор од областа на Е-бизнисот во 2022 г., сите на Економски факултет во Штип при УГД, каде што ги предава предметите: Е-бизнис, Менаџмент информациски системи, Деловно планирање, Производствен менаџмент и Дигитален маркетинг.

Во делот на научноистражувачката работа д-р Златко Бежовски во својата академска кариера објавува бројни научни и стручни трудови, како и други рецензирани и нерецензирани публикации, при што поголемиот дел од неговата научноистражувачка и стручна активност е фокусирана на теми од областа на дигиталниот бизнис.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Општи услови за избор:

- Просечен успех: Д-р Златко Бежовски **на прв циклус студии, како дипломиран економист има остварен просечен успех од 8,48, додека на втор циклус студии, како магистер на економски науки има остварен просечен успех од 8,50**
- Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира: Д-р Златко Бежовски е **доктор на економски науки**, при што јавно на 12.9.2014 година ја одбранил докторската дисертација **од областа на е-бизнисот (дигитален бизнис)** под наслов „Оптимизација на пребарувањето како алатка за интернет бизнисите од Македонија“ на департманот за Е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје.
- Претходен избор во звање: На 17.2.2022 година д-р Златко Бежовски е **избран во звање вонреден професор** на Економскиот факултет при УГД во Штип во областа е-бизнис (сега именувана како дигитален бизнис).

Објавени научни трудови во референтни научни публикации согласно со Законот за високото образование: Од изборот за вонреден професор (во последните 5 години) кандидатот има објавено **11 меѓународни труда** од кои на 9 се јавува како прв автор. (Трудовите на д-р Бежовски се презентирани подолу

во извештајот, а сите трудови се достапни во репозиториумот на следниот линк https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Bezovski=3AZlatko=3A=3A.html)

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик: Кандидатот доставил **потврда за познавање на англиски јазик** издадена од Институтот за јазици при УГД.
- Рецензиран универзитетски учебник: Кандидатот во 2026 година **издава рецензиран универзитетски учебник** под наслов „Електронски бизнис“ (ISBN: 978-608-277-150-2) достапен во е-библиотеката на УГД (http://e-lib.ugd.edu.mk/1266).
- **Способност** за изведување на високообразовна дејност: Академската кариера на кандидатот Бежовски започнува уште во 2007 година со изборот како асистент, за во 2017 г. ќе биде избран за доцент, а во 2022 година за вонреден професор на Економскиот факултет во Штип. Притоа ги предава предметите: Е-бизнис, Менаџмент информациски системи, Деловно планирање, Производствен менаџмент, Дигитален маркетинг и други.

Посебни услови:

- Учество во научноистражувачки **проекти**: Кандидатот Бежовски учествува во три проекти од кои еден е меѓународен и научноистражувачки, а два се стручно-апликативни интерни проекти на УГД. На овие два проекти Бежовски е и раководител. (Проектите за наведени подолу во евалуацијата.)
- **Менторство** на изработени дипломски трудови: Кандидатот бил ментор на 8 дипломски труда и претседател и член на бројни комисии за одбрана на дипломски и магистерски тези.
- Придонес во **оспособувањето на помлади наставници и соработници**: Активно соработува на проекти и трудови со помладите наставници и соработници вработени на Економскиот факултет при УГД, како и со ангажираните демонстратори.
- Кандидатот проф. д-р Бежовски **го има остварено потребниот број на поени** (минимум 100) кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=105,2; (САОР)=32 или вкупно 177,2 поени. (Детали подолу во табелата.)

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Златко Бежовски за првпат е избран како асистент на Економски факултет во Штип, на 7.6.2007 г., додека реизбран е во истото звање на 3.6.2010 г. На работното место асистент кандидатот држи вежби за предметите: Е-бизнис, Сметководство, Анализа на финансиски извештаи, Управувачко сметководство, Економика на претпријатија и др.

Во 2010 г. во рамките на програмата JFDP финансирана од Американскиот совет, кандидатот во летниот семестар заминува на студиски престој на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“ во САД на Економскиот факултет (School of Business) на Департманот за менаџмент на информациски технологии и системи, каде што се запознава со тамошните наставни програми и педагошки методи на работа со цел истите да ги примени и во нашата земја.

За доцент на Економски факултет (УГД) – Штип, д-р Златко Бежовски е избран на 9.6.2017 г. и ги предава предметите: Е-бизнис, Менаџмент информациски системи, Деловно планирање, Производствен менаџмент и

Однесување на потрошувачите. Во 2020 г. издава скрипта и практикум по предметот Е-бизнис. На 17.2.2022 година д-р Златко Бежовски е **избран во звање вонреден професор [1]** на Економски факултет при УГД - Штип во областа е-бизнис. Во 2026 г., Бежовски издава рецензиран универзитетски учебник под наслов „Електронски бизнис". Ментор е на 8 дипломски труда и претседател и член на повеќе комисии за одбрани на дипломски и магистерски трудови.

Од изборот за вонреден професор (во последните 5 години) кандидатот има објавено 11 референтни научни труда во списанија со меѓународен одбор од кои дел во земјата, а дел во странство. На 9 од објавените трудови се јавува како прв автор (на 6 самостојно и 3 во коавторство), а на останатите 2 како трет автор во коавторство со други професори и соработници.

Дополнително, кандидатот учествува во три проекти од кои еден е меѓународен и научноистражувачки, а два се стручно-апликативни интерни проекти на УГД. На овие два стручно-апликативни проекти проф. Бежовски е и раководител.

Евалуација на научните трудови

Трудови објавени во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на Конкурсот:

Бр.	Автор(и)	Наслов на трудот / линк	Публикација	Година
1.	Bezovski, Zlatko (2025)	The New 3P Model in Digital Marketing: Redefining the Marketing Mix for the Digital Age https://eprints.ugd.edu.mk/34965/	Asian Journal of Management, Entrepreneurship and Social Science. ISSN 2808 7399	2025
2.	Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2024)	Online methods for validating and testing entrepreneurial ideas: A new product development perspective. https://eprints.ugd.edu.mk/34899/	Management Research and Practice, 16 (1). ISSN 2067- 2462	2024
3.	Bezovski, Zlatko (2024)	"Business Concept Proofing 3.0" - A New Model for Validating and Testing Product Ideas in the Digital Environment. https://eprints.ugd.edu.mk/35247/	Annals of "Dunarea de Jos" University of Galati Fascicle I. Economics and Applied Informatics, 2024 (3). ISSN 1584-0409	2024
4.	Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2024)	A Framework Proposal for Building Ideation Models on the Front End of Innovation. https://eprints.ugd.edu.mk/35286/	Management Dynamics in the Knowledge Economy, 12 (4).	2024
5.	Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste (2024)	Shaping the Next Generation of Online Entrepreneurs: A Policy Framework.. https://eprints.ugd.edu.mk/38637/	Journal of Economics, 9 (2). ISSN 1857-9973	2024
6.	Bezovski, Zlatko (2024)	Influencer Marketing Strategies for Small Businesses: Navigating the Digital Landscape with Limited Resources.https://eprints.ugd.edu.mk/38638/	Marketing, 21 (1). ISSN 857-9787	2024

7.	Bezovski, Zlatko (2024)	Content length recommendations for alternative tourism web pages: a comparative analysis of rural, wine, and adventure travel. https://eprints.ugd.edu.mk/34898/	Asian Journal of Management Entrepreneurship and Social Science, 04 (04). ISSN 2808 7399	2024
8.	Bezovski, Zlatko (2024)	Framework for designing idea management software systems. https://eprints.ugd.edu.mk/38639/	Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 67 (1). ISSN 2545-4439	2024
9.	Bezovski, Zlatko (2024)	Aligning Article Word-Count with Search Query Length: Insights from the Health and Wellness Industry. https://eprints.ugd.edu.mk/38702/	Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 1 (67). ISSN 2545-4439	2024
10.	Temjanovski, Riste and Locu, Afrim and Bezovski, Zlatko (2025)	Transforming Human Resource Management in Healthcare: The Role of Artificial Intelligence and Industry 5.0. https://eprints.ugd.edu.mk/36173/	Journal of Economics, 10 (1). pp. 54-71. ISSN 1857-9973	2025
11.	Sofijanova, Elenica and Stojanovska, Mare and Bezovski, Zlatko (2025)	Time importance and significance during managing new projects. https://eprints.ugd.edu.mk/36536/	Macedonian International Journal of Marketing, 10 (19). pp. 5-15. ISSN 1857-9787	2025

Референтни трудови во кои д-р Златко Бежовски се јавува како самостоен автор:

[2] Bezovski, Zlatko (2025) ***The New 3P Model in Digital Marketing: Redefining the Marketing Mix for the Digital Age***. Asian Journal of Management, Entrepreneurship and Social Science. ISSN 2808 7399

Евалуација на трудот: Трудот „The New 3P Model in Digital Marketing: Redefining the Marketing Mix for the Digital Age“ претставува оригинален придонес во областа на дигиталниот маркетинг преку предлагање нов концептуален модел на маркетинг-микс, приспособен на карактеристиките на современото дигитално деловно окружување. Авторот го редефинира традиционалниот 4P модел и предлага поедноставена структура заснована на три елементи: Product, Platform и Promotion. Посебна вредност на трудот претставува проширувањето на концептот „Place“ во „Platform“, со што се опфаќаат современите дигитални платформи како централни точки за присуство, комуникација со потрошувачите, дистрибуција и поддршка на деловните процеси. Истовремено, концептите Product и Promotion се разгледуваат во контекст на дигитални и хибридни производи, интерактивност, персонализација и користење податоци во маркетинг-активностите. Предложениот 3P модел има теоретска и практична применливост и претставува обид за поврзување на традиционалната маркетинг-теорија со специфичностите на дигиталната економија. Трудот е релевантен и за наставно-образовниот процес, бидејќи нуди јасна и современа рамка за изучување и практична примена на дигиталниот маркетинг.

[3] Bezovski, Zlatko (2024) ***“Business Concept Proofing 3.0” - A New Model for Validating and Testing Product Ideas in the Digital Environment.*** Annals of “Dunarea de Jos” University of Galati Fascicle I. Economics and Applied Informatics, 2024 (3). ISSN 1584-0409

Евалуација на трудот: Трудот предлага нов, акциски ориентиран модел за валидација и тестирање на производни идеи, приспособен на потребите на дигиталните претприемачи. Моделот „Business Concept Proofing 3.0" интегрира елементи од познати пристапи како Stage-Gate, Lean Startup и Design Thinking, надополнети со современи дигитални алатки и ресурси, меѓу кои Google Trends, големи јазични модели, анализа на социјални медиуми и платформи за лансирање производи. Неговата основна карактеристика е комбинирањето на структуриран процес со доволно флексибилност за континуирана пазарна валидација, од почетната идеја до лансирањето на производот. Преку илустративни сценарија се прикажува практичната применливост на моделот во реални услови, особено во средини со ограничени ресурси и висока пазарна динамика. Научниот и практичниот придонес на трудот се состои во развојот на современ модел што ги поврзува постојните методологии за развој на нови производи со можностите и специфичностите на дигиталното претприемништво.

[**4**] Bezovski, Zlatko (2024) ***Influencer Marketing Strategies for Small Businesses: Navigating the Digital Landscape with Limited Resources.*** Marketing, 21 (1). ISSN 1857-9787

Евалуација на трудот: Трудот ги анализира стратегиите за примена на инфлуенсер маркетингот кај малите бизниси кои располагаат со ограничени финансиски, човечки и аналитички ресурси. Врз основа на интегративен преглед на литературата и релевантните практики, истражувањето ги систематизира клучните аспекти на успешната примена на инфлуенсер маркетингот: избор на соодветни инфлуенсери, видови спонзорства, креирање содржини и следење на резултатите. Посебно се истакнува потенцијалот на микро и локалните инфлуенсери, долгорочните партнерства, ко-креирањето содржини и моделите на надомест базирани на перформанси, како што се affiliate marketing и product gifting. Трудот укажува дека автентичноста, внимателниот избор на инфлуенсери, флексибилните модели на соработка и користењето достапни показатели за ангажираност и поврат на инвестицијата претставуваат клучни елементи за ефикасни кампањи кај малите претпријатија. Практичниот придонес на трудот се состои во систематизирањето на применливи и ресурсно ефикасни насоки за користење на инфлуенсер маркетингот како инструмент за зголемување на видливоста, ангажираноста на публиката и одржливиот раст на малите бизниси.

[**5**] Bezovski, Zlatko (2024) ***Content length recommendations for alternative tourism web pages: a comparative analysis of rural, wine, and adventure travel***. Asian Journal of Management Entrepreneurship and Social Science, 04 (04). ISSN 2808 7399

Евалуација на трудот: Трудот ја истражува должината на веб-содржините како значаен елемент на стратегијата за содржински маркетинг во алтернативниот туризам, преку компаративна анализа на високо рангирани веб-страници од руралниот, винскиот и авантуристичкиот туризам. Истражувањето настојува да утврди карактеристични обрасци во бројот на зборови и врз таа основа да понуди практични препораки за оптимална должина на содржините во различни туристички сегменти. Практичната вредност на трудот се состои во формулирањето конкретни насоки за креирање и приспособување веб-содржини во три различни сегменти на алтернативниот туризам.

[**6**] Bezovski, Zlatko (2024) ***Framework for designing idea management software systems.*** Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 67 (1). ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: Трудот предлага сеопфатна рамка за дизајнирање софтверски системи за управување со идеи, насочена кон современите потреби на организациите во процесите на иновациски менаџмент. Рамката интегрира пет клучни елементи: стратегиска усогласеност, извори на идеи, учесници во процесот на идејација, обработка на идеи и технолошка инфраструктура. Посебно се нагласува потребата иновациските активности да бидат усогласени со организацискатa стратегија, да се вклучат различни внатрешни и надворешни извори на идеи и да се поттикне активното учество преку јасно дефинирани улоги и механизми. Рамката предвидува и примена на алатки засновани на вештачка интелигенција за евалуација и обработка на идеи, континуирани повратни информации и соодветна, безбедна и скалабилна инфраструктура. Научниот и практичниот придонес на трудот се состои во понудата на структуриран, но флексибилен пристап за развој на интегрирани системи за управување со идеи, применливи во различни организациски контексти и насочени кон поефикасно претворање на идеите во иновациска и деловна вредност.

[**7**] Bezovski, Zlatko (2024)_***Aligning Article Word-Count with Search Query Length: Insights from the Health and Wellness Industry.*** Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 1 (67). ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: Трудот ја истражува поврзаноста меѓу должината на пребарувачките фрази и оптималната должина на веб-статиите во индустријата за здравје и здрави животни навики, со цел подобро приспособување на содржината кон намерите на корисниците и критериумите на пребарувачите. Истражувањето опфаќа анализа на 2.458 високорангирани веб-статии за пребарувања составени од еден до шест клучни зборови, при што се применуваат дескриптивна статистика, анализа на модални интервали, Chi-Square тестови и K-Means кластеризација. Резултатите укажуваат дека различната должина на пребарувачките фрази е поврзана со различни оптимални опсези на должина на содржината и дека кај секоја група се појавуваат два карактеристични врва (peaks) на бројот на зборови, што упатува на можност за примена на повеќе содржински стратегии во зависност од намерата на корисникот. Научниот и практичниот придонес на трудот се состои во обезбедување емпириски засновани и индустриски специфични насоки за оптимизација на должината на веб-содржините, применливи во содржинскиот маркетинг и SEO практиките.

Референтни трудови во кои д-р Златко Бежовски се јавува како прв автор во коавторство:

[**8**] Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2024) ***Online methods for validating and testing entrepreneurial ideas: A new product development perspective.*** Management Research and Practice, 16 (1). ISSN 2067-2462

Евалуација на трудот: Трудот ги систематизира и анализира современите онлајн методи и алатки за валидација и тестирање на претприемнички

идеи во рамките на осумфазниот процес на развој на нов производ (New Product Development – NPD). Посебно се разгледуваат алатките за анализа на интересот на пазарот, конкурентската средина и повратните информации од потенцијалните корисници, како и методите за тестирање на концептот преку crowdfunding, претпродажба и симулирана продажба. Во подоцнежните фази се анализира употребата на прототипи, минимално одржливи производи (MVP), бета-верзии и тест-маркетинг. Трудот ја истакнува улогата на дигиталните алатки во забрзување, поевтинување и демократизирање на процесот на пазарна валидација, но ги посочува и ограничувањата поврзани со пристрасноста на податоците и дигиталниот јаз. Научниот и практичниот придонес на трудот се состои во поврзувањето и систематизацијата на различни онлајн методи во рамка што овозможува поитеративен и кон корисникот ориентиран пристап во развојот и проверката на нови деловни и производни идеи.

[**9**] Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2024) ***A Framework Proposal for Building Ideation Models on the Front End of Innovation.*** Management Dynamics in the Knowledge Economy, 12 (4).

Евалуација на трудот: Трудот предлага концептуална рамка за развој и конструирање модели за идеација во раната фаза на иновацискиот процес (Front End of Innovation – FEI). Врз основа на интегративен преглед на литературата, авторите ги идентификуваат клучните недостатоци на постојните модели, како што се нивната ограничена применливост надвор од корпоративниот контекст, прекумерната сложеност, недоволната оперативност и слабата интеграција на современи дигитални алатки и техники. Предложената рамка дефинира шест клучни димензии што треба да се земат предвид при креирање нови модели за идејација: ориентација, опфат и контекст на моделот; тип и двигатели на иновациите; структура и визуализација; тек на активности, флексибилност и адаптивност; основни FEI активности и ниво на деталност; како и избор на соодветни алатки и техники. На тој начин, трудот нуди систематизирана методолошка основа што може да им послужи на истражувачите и практичарите при развој на нови, контекстуално приспособени и практично применливи модели за идејација.

[**10**]Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste (2024) ***Shaping the Next Generation of Online Entrepreneurs: A Policy Framework.*** Journal of Economics, 9 (2). ISSN 1857-9973

Евалуација на трудот: Трудот предлага сеопфатна рамка на политики за поттикнување и развој на новата генерација онлајн претприемачи, со посебен акцент на младите и на нивното постепено подготвување за дејствување во дигиталната економија. Рамката ги опфаќа различните фази на образованието и претприемничкиот развој, почнувајќи од рано поттикнување на креативноста, решавањето проблеми и лидерските способности, преку развој на дигитална и финансиска писменост, деловни модели и практични претприемнички вештини, до менторство, вмрежување и пристап до финансиски средства. Посебно се нагласува значењето на дигиталните компетенции, претприемничката самодоверба (self-efficacy), инкубаторските и акцелераторските програми, регулаторното поедноставување и пристапот до соодветна дигитална инфраструктура. Практичниот придонес на трудот се состои во формулирањето интегрирана рамка со конкретни насоки за

креаторите на политики, образовните институции и организациите за поддршка на претприемништвото во создавање поповолна средина за развој на дигиталното претприемништво.

Останати референтни трудови (трет автор):

[11] Temjanovski, Riste and Loku, Afrim and **Bezovski, Zlatko** (2025) ***Transforming Human Resource Management in Healthcare: The Role of Artificial Intelligence and Industry 5.0.*** Journal of Economics, 10 (1). pp. 54-71. ISSN 1857-9973

Евалуација: Трудот го анализира влијанието на вештачката интелигенција и концептот Индустрија 5.0 врз управувањето со човечките ресурси во здравствениот сектор, со посебен акцент на подобрување на ефикасноста, процесите на регрутација и селекција, ангажираноста на вработените и планирањето на работната сила. Посебно внимание е посветено на човеково-центричниот пристап на Индустрија 5.0 и на можностите за соработка меѓу вработените и напредните технологии, како и на искуствата од земјите од Западен Балкан. Во трудот се разгледуваат и примената на предиктивната аналитика, персонализираниот развој на вработените и проактивното планирање на човечките ресурси, паралелно со предизвиците поврзани со приватноста на податоците, етичките прашања и потребата од соодветни механизми за управување и контрола. Трудот има теоретска и практична вредност во согледувањето на можностите и ограничувањата на примената на современите дигитални технологии во управувањето со човечките ресурси во здравството.

[12] Sofijanova, Elenica and Stojanovska, Mare and **Bezovski, Zlatko** (2025) ***Time importance and significance during managing new projects.*** Macedonian International Journal of Marketing, 10 (19). pp. 5-15. ISSN 1857-9787

Евалуација: Трудот го разгледува значењето на управувањето со времето како еден од клучните фактори за успешно планирање и реализација на нови проекти. Посебно внимание се посветува на влијанието на временските ограничувања, роковите, зголемениот работен притисок и потребата од постојана достапност врз продуктивноста и ефикасноста на поединците и проектните тимови. Во трудот се нагласува улогата на техники како поставување приоритети, поделба на сложените задачи на помали активности, намалување на одвлекувањата на вниманието и фокусирање на навремено постигнување на поставените цели. Практичниот придонес на трудот се состои во систематизирање на основните принципи и техники на управување со времето како важна компонента на проектниот менаџмент, со цел намалување на стресот, зголемување на продуктивноста и поефикасно остварување на проектните резултати.

Учество во научен проект* [14]*:

- **Business eco system as an integrated system-Be In (2023)**

Проект финансиран од ЕУ преку програмата за меѓугранична соработка ИНТЕРРЕГ ИПА

Тим: Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and

Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Покрај научноистражувачката работа кандидатот пројавува и особен интерес и активности во стручно-апликативната дејност во насока на примена на научните сознанија во наставата и практиката и понатамошно продлабочување на стручните и научни сознанија кои воедно имаат и повратен ефект на нивна примена во наставниот процес. Воедно учествува и во факултетски, универзитетски тела и комисии.

Книга/учебник* [15]*:

Бежовски, Златко (2026) ***Електронски бизнис - учебник.*** Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. ISBN 978-608-277-150-2

Евалуација: Учебникот под наслов „Електронски бизнис“, чиј автор е Златко Бежовски, претставува сеопфатен водич низ современиот дигитален економски пејзаж. Ова дело детално ги прикажува сите клучни аспекти на модерното работење, почнувајќи од теоретските основи на дигиталното општество, па сè до практичните чекори за лансирање и управување со успешен е-бизнис. Преку систематски пристап кој ги опфаќа е-бизнис моделите, дигиталниот маркетинг и комплексните back-end системи како ERP и CRM, учебникот нуди вредни знаења за студентите и професионалците кои се стремат кон успех во висококонкурентната дигитална ера. Покрај темелната теоретска анализа, учебникот вклучува и релевантни илустрации и табели, како и бројни реални примери од деловното опкружување, вклучувајќи и успешни македонски е-бизнис потфати, што овозможува директна примена на наученото во локален и глобален контекст.

Автор/уредник на (стручно-популарен) веб-сајт;

- Biizly.com – Online Business Startup Guide, **Bezovski, Zlatko** (главен и одговорен уредник, како и автор на повеќе статии), период: 2017 – тековно.

Креатор на мобилна апликација:

- IDEA Takeoff – Discover, Capture and Track Business Ideas (2026) https://play.google.com/store/apps/details?id=com.ideatakeoff

Стручно-апликативни проекти

[16] ВЕБ СТРАТЕГИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП И РЕДИЗАЈН НА ПОРТАЛОТ (2023)

- Интерен проект на УГД со практична имплементација.
- Тим: **Раководител: Bezovski, Zlatko.** Членови: Jovanov, Tamara and Zdravev, Zoran.

[17] БИДИ ЕКОНОМИСТ (2022)

- Интерен проект: Дводневен настан со серија предавања, работилници и други активности за запознавање на можностите за студирање на Економскиот факултет во Штип и афирмација и запознавање со наставниот кадар на факултетот.
- Тим: **Раководител: Bezovski, Zlatko.** Членови: Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica and Mitreva, Mila and Arsova, Monika.

Останати активности

Меѓу останатите активности на кандидатот д-р Златко Бежовски кои се вбројуваат во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност ќе ги издвоиме следните:

- Изработка на Елаборатот за наставна програма МБА (двогодишна) во 2024/2025 година **[18];**
- Раководител на Катедра за менаџмент (2023/25) **[19];**
- Член на Универзитетски сенат (2023/2025) **[20];**
- Член на комисија за самоевалуација - од 2021 до 2024 год. **[21];**
- Ментор на 8 дипломски работи и член на бројни комисии за дипломски и магистерски трудови.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на доставената документација од единствениот пријавен кандидат вонреден професор д-р Златко Бежовски, Комисијата констатира дека:

Кандидатот **д-р Златко Бежовски ги исполнува потребните законски услови за избор во наставно-научно звање редовен професор во областа дигитален бизнис.** Имено, кандидатот е доктор на економски науки во соодветната научна област, го има потребниот просечен успех на прв и втор циклус студии, потребните минимум 6 трудови во референтни научни списанија и/или публикации како и рецензиран учебник од областа во која се избира. Исто така, кандидатот претходно е избран за вонреден професор на Економскиот факултет (УГД) во Штип и поседува докажана способност за изведување на високообразовна дејност.

Покрај општите законски услови, кандидатот ги исполнува и предвидените посебни услови за избор во наставно-научно звање за научната област дигитален бизнис и се одликува со високи афинитети и солидни постигнувања во наставната дејност, научноистражувачка работа како и стручно апликативна примена на научните резултати.

Д-р Златко Бежовски веќе 16 години работи во високото образование од кои 6 како соработник (асистент) и 10 како наставник (доцент и вонреден професор) на Економскиот факултет во Штип, период во кој активно придонесува во наставниот процес и научноистражувачката работа на оваа институција. Менторира изработка на дипломски трудови, а дава придонес и во оспособувањето на помлади соработници. Во својата академска кариера кандидатот објавува бројни научни и стручни публикации, учествува на домашни и меѓународни конференции, води и учествува во научни и стручно-апликативни проекти. Кандидатот воедно остварува и континуирани активности за примена на знаењето во практичен бизнис контекст. Сите овие аспекти недвосмислено говорат во прилог на квалитетите на д-р Златко Бежовски како наставно-научен работник.

Според табелата со која се бодуваат целокупните активности на кандидатот за избор во звање (дадена во прилог), д-р Златко Бежовски ги постигнува следните резултати:

- наставно-образовна дејност (НО) = 40 поени;

- научноистражувачка дејност (НИ) = 105,2 поени;
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 32 поени,

односно **вкупно (НО+НИ+САОР) = 177,2 поени**, со што го достигнува и надминува потребниот број на предвидени минимум поени (100) за избор во звање редовен професор.

Поаѓајќи од наведеното, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го избере вонредниот професор д-р Златко Бежовски во наставно-научно звање редовен професор во наставно-научната област дигитален бизнис.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Сашо Јосимовски, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Лидија Пулевкса Ивановска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Тамара Јованов Апасиева, редовен професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ЗА ИЗБОР НА Д-Р ЗЛАТКО БЕЖОВСКИ ВО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
5.	Избор во звање вонреден професор [**1**]	1	40			40
	ВКУПНО					**40**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
4.а	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв и еден автор) [**2-7**]	3	9	3	9	(6x9x1.3) 70.2
4.б	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор/ до три автори) [**8-10**]	1	9	2	9	(3x9) 27
4.в.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (трет автор) [**11-12**]	2	3			6
14	Учесник на научен проект [**14**]	1	2			2
	ВКУПНО					**105,2**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1.	Книга/учебник [**15**]	1	10			10
13.	Учесник во проект [**16,17**]	2	5			10
17.	Елаборати и експертизи [**18**]	1	2			2
26.	Раководител на катедра [**19**]	1	3			3
27.	Член на универзитетски тела (Сенат) [**20**]	1	5			5
28	Член на факултетски орган, комисија [**21**]	1	2			2
	ВКУПНО					**32**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**177,2**

Р Е Ф Е Р А Т
НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПРЕДИКТИВЕН МОДЕЛ НА МЕТАСТАЗИРАЊЕ НА МАЛИГНИ ТУМОРИ ВО МАКСИЛОФАЦИЈАЛНАТА РЕГИЈА КОЈ Е БАЗИРАН НА НИВНИТЕ КЛИНИЧКО-ПАТОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука број 0206-702/13 донесена на 22.10.2026 година на 120. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов ***„Предиктивен модел на метастазирање на малигни тумори во максилофацијалната регија кој е базиран на нивните клиничко-патолошки карактеристики“*** на англиски јазик ***„A predictive model of malignant tumor metastases in the maxillofacial region based on their clinical-pathological characteristics»***, пријавена и изработена од кандидатот **прим. д-р спец. Владимир Милошев**, во состав:

- проф. д-р Даница Поповиќ-Моневска, претседател;
- проф. д-р Рубин Гулабоски, интерен ментор и член;
- проф. д-р Владимир Поповски, екстерен ментор и член;
- проф. д-р Андреј Петров, член,
- проф. д-р Антонио Глигориевски, член.

Комисијата во горенаведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Анализа на трудот

Докторската дисертација која е пријавена и доставена од страна на кандидатот

прим. д-р Владимир Милошев, специјалист по максилофацијална хирургија, претставува оригинален, современо конципиран научен труд од областа на максилофацијална хирургија, напишан на 208 страници, фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12. Надоврзувајќи се на краткиот извадок на македонски и англиски јазик, трудот е структуриран во следните поглавја: Вовед; Емпириски дел: цели и хипотези на истражувањето; Материјали и методи; Резултати; Интегрирана дискусија; Заклучоци; Научен придонес и клинички придонес; Користена литература и Прилози.

Текстот на дисертацијата вклучува 72 табели, 23 слики - графикони и 101 библиографска единица. Во делот Прилози има 2 сегмента: прилози табели и прилози фотографии (22 – сите авторизирани, оригинални фотографии од оперативните зафати на кандидатот). Одделните поглавја се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува лесно следење на докторскиот труд и истражувањето.

Основниот концепт на своето истражување, кандидатот го базира на најсовремени нови светски научни истражувања и долгогодишната клиничка

пракса во максилофацијалната хирургија. Во првото поглавје ***Вовед*** во теоретската рамка на истражувањето, темелно и систематски е елаборирана клиничката значајност на малигните тумори во максилофацијалната регија (кожа во лицева и вратна регија, усни, орална празнина и плунковни жлезди), нивната епидемиологија, етиологија и генетика, нивните хистолошки карактеристики, како и најсовремените методи на нивно дијагностицирање и третман. Посебно и детално се претставени малигните тумори на кожа на лице и врат; оралните планоцелуларни карциноми и малигните тумори на плунковните жлезди, како и нивните клиничко-патолошки карактеристики како предиктори за метастазирање и преживување на пациентите. Сеопфатно и прецизно, базирајќи се на најнови класификации, опишани се параметрите на метастазите во регионалните лимфни јазли, нивната анатомска распределеност, дијагноза на статусот на лимфните јазли, статусот на метастаската нодална зафатеност и можностите за мултиваријантна проценка на ризикот за метастазирање и преживување, комплексноста на нивното регионално метастазирање, како и хируршкиот третман на вратот. Особената анатомска и функционална сложеност на максилофацијалната регија, како и биолошката хетерогеност на малигните неоплазми кои се јавуваат во неа, ја наметнуваат потребата од интердисциплинарен пристап во дијагностиката, процената на прогнозата, изборот на терапевтскиот модалитет и следењето на пациентите. Во овој контекст, тесната поврзаност со дерматологијата, онкологијата, радиологијата, патологијата, биохемијата, претставува неопходна основа за современ научно истражувачки и клинички пристап.

Најглавниот фокус е насочен кон предиктивните модели на метастазирање на малигните тумори во максилофацијалната регија кои се базирани на нивните клиничко-патолошки карактеристики. Дополнително, како неизбежен дел се надоврзува и важноста на предиктивните модели за преживување. Како вовед во проблемот на истражување, кандидатот д-р спец. Владимир Милошев образложува дека TNM-класификацијата и другите стандардни класификации, иако претставуваат основа за стадирање на малигните заболувања, не ги опфаќаат во целост сите индивидуални предиктори на метастазирање и преживување. Преку преглед на најсовремените светски научни истражувања во областа на максилофацијалната хирургија, релевантни за предметот на неговото научно истражување, тој ги идентификува предиктивните модели за метастазирање и преживување како современ научен пристап што овозможува интегрирање на повеќе клинички, патохистолошки и други индивидуални предиктивни фактори, со цел попрецизна процена и предикција на ризикот и прогнозата кај пациентите, и обезбедување дополнителни информации релевантни за клиничкото одлучување кај пациентите со малигни тумори на главата и вратот. На тој начин, сознанијата од современата научна литература ги поврзува со научната оправданост и насоченоста на сопственото истражување.

Во поглавјето ***Емпириски дел: цели и хипотези на истражувањето,*** кандидатот јасно и прецизно ги дефинира основните цели на истражувањето и соодветно ги формулира истражувачките хипотези. Истражувањето е насочено кон проценка на предиктивната моќ на клиничко-патолошките карактеристики на малигните тумори во максилофацијалната регија за појава на метастази и да се развие и изгради предиктивен модел со оптимална

комбинација на предиктори. Дополнителните цели се проценка на нивната предиктивна моќ во однос на вкупното преживување (OS) и преживувањето без болест (DFS), и развивање и градење на предиктивни модели, вклучувајќи го дополнителниот придонес на карактеристиките на метастатските лимфни јазли и хируршкиот третман на вратот. Поставените истражувачки хипотези на кандидатот д-р Милошев, се јасно дефинирани и логично произлегуваат од целите на истражувањето. Тие се насочени кон испитување на предиктивната вредност на клиничко-патолошките карактеристики на малигните тумори во максилофацијалната регија во однос на метастазирањето и преживувањето на пациентите. Преку првата и втората хипотеза се предвидува дека одделните клиничко-патолошки карактеристики имаат различна предиктивна моќ во однос на метастазирањето, како и дека нивната оптимална комбинација овозможува развој на предиктивен модел со најдобри перформанси. Третата и четвртата хипотеза се однесуваат на предикцијата на преживувањето, при што се испитува придонесот на клиничко-патолошките карактеристики на примарниот тумор, како и дополнителната предиктивна вредност што ја имаат карактеристиките на метастазите во регионалните лимфни јазли и хируршкиот третман на вратот. На тој начин, хипотезите формираат логична истражувачка целина, насочена кон идентификување на релевантните предиктори и развој на предиктивни модели за метастазирање и преживување кај пациентите со малигни тумори во максилофацијалната регија.

Во делот ***Материјали и методи*** е опишан дизајнот на студијата; примерокот и процедурата на истражувањето; предикторите за појавата на метастази од примарни малигни тумори во максилофацијалната регија, нивната детална операционализација преку параметри, процедурата на истражување. Опишани се сите применети статистички анализи и статистичка обработка на податоците. Реализирана е ретроспективно-проспективна (амбиспективна) клиничка студија на следење на Одделот за максилофацијална хирургија при ЈЗУ Клиничка болница – Штип, за периодот 2020–2026 година. Вклучени се 160 испитаници со патохистолошки потврдени малигни тумори во максилофацијалната регија, од кои 111 мажи и 49 жени, на возраст 37–89 години (просек 69,08 ± 10,06 години). Во дисертацијата се наведени сите обезбедени потребни институционални етички согласности. Податоците се обработени во IBM SPSS 29 со дескриптивни, инференцијални и мултиваријантни методи: χ^2-тест, t-тестови, корелациски анализи, еднонасочна ANOVA, каноничка дискриминантна анализа, бинарна логистичка регресија, Коксова регресија, Коксова хиерархиска регресија и ROC-анализа. Во овој дел од истражувањето, кандидатот систематски ги дефинирал и групирал испитуваните променливи во пет тематски целини, согласно со поставените цели и хипотези на истражувањето. Првата група ги опфаќа социо-демографските карактеристики на испитаниците, втората група се однесува на општите здравствени и воспалителните карактеристики, додека третата група ги вклучува клиничко-патолошките карактеристики на примарниот тумор. Четвртата група ги опфаќа променливите поврзани со метастазирањето, вклучувајќи ги карактеристиките на метастазите во регионалните лимфни јазли и хируршкиот третман на вратот. Петтата група се однесува на параметрите за процена на преживувањето, и тоа вкупното преживување (OS) и преживувањето без болест (DFS). Вака структурираниот

пристап овозможува сеопфатна анализа на испитуваните фактори и нивниот поединечен и комбиниран придонес во предикцијата на метастазирањето и преживувањето кај пациентите со малигни тумори во максилофацијалната регија.

Резултатите од истражувањето се комплексни, но кандидатот успеал да ги претстави во два главни дела, со последователен приказ на дескриптивните, инференцијални и мултиваријантните анализи на логичен и разбирлив начин. Изложувањето овозможува следење на врската меѓу поставените цели, методолошките постапки и заклучоците.

Во првиот дел од анализите, најнапред се претставени добиените резултати од дескриптивната анализа на вклучените променливи. Потоа, следат резултатите од предикцијата на метастазирањето, со примената на бинарна логистичка регресија на потенцијалните предиктори кои ги исполнувале условите на значајност. Кандидатот претставил два статистички значајни предиктивни модели за развој на метастази, кои се базирани врз основа на клиничко-патолошките карактеристики на примарните тумори. Од првиот предиктивен модел, се издвојуваат два статистички значајни предиктори за метастазирање: лимфоваскуларна инвазија и степен на диференцираност на туморот. Во вториот предиктивен модел, кој е базиран на истите предиктори, но со исклучена лимфоваскуларна инвазија како силен предиктор, како значајни се издвоени степенот на диференцираност, ресекционите маргини и изложеноста на сонце.

Примената на АНОВА покажала статистички значајна разлика помеѓу трите подгрупи на испитаници со регионални метастази во лимфните јазли (класифицирани според образецот на метастатската манифестација на синхрони, метахрони и окултни) во однос на три предиктори: изложеност на сонце, Т, и време на постоење на туморот. Каноничката дискриминантна анализа со повторување и вклучување само на претходно спомнатите три значајни предиктора, не издвоила статистички значајна функција, но издвоила тенденција која е релативно близу до значајна за дискриминирање меѓу трите подгрупи.

Вториот дел од статистичките анализи се однесува на предикција на преживувањето. Во периодот на следење од 36 месеци, кај вкупниот број на испитаници, средната вредност на вкупно преживување (OS), изнесувала 34,12 ± 5,66 со распон од 10 до 36 месеци. За истиот период на следење, DFS (рецидив, доцна метастаза или смрт), просечното време на преживување без болест, кај целата група на испитаници била 29,7 ± 11,74 месеци, при што најкраткото регистрирано време на преживување без болест (DFS) била 3 месеци, а најдолгото 36 месеци.

За предикција на вкупно преживување (OS_ настан), земајќи го предвид протокот на времето (OS_ време), кандидатот применил Коксовата регресиона анализа со истите предиктори како во бинарните логистички регресии, и со додаток на периневрална инвазија и морфолошкиот образец на метастатските лимфни јазли. Анализата покажала статистички значаен предиктивен модел во кој се издвоиле: коморбидитети и морфолошкиот образец на метастатските лимфни јазли (опцијата конгломерати). Според проценетата функција на вкупно преживување, кандидатот утврдил дека пред 30-от месец веројатноста на преживување паѓа под 80% . Коксовиот регресионен

модел за предикција на преживување без болест (DFS _ настан), како целина не бил статистички значаен, но предикторот степен на диференцираност на туморот покажал поединечна статистичка значајност.

Според проценетата функција на преживување без болест, кандидатот утврдил дека пред 20-тиот месец веројатноста на преживување паѓа под 50%.

Повторената Коксова регресиона анализа на помал сет предиктори, а поголем примерок, без предикторот морфолошки образец на метастатските лимфни јазли, дал статистички значаен модел за предикција на OS_ настан. Како статистички значајни предиктори се издвоиле: ресекционите маргини и лимфоваскуларната инвазија. Според проценетата вкупна функција на преживување, кандидатот утврдил дека пред 30-тиот месец веројатноста за преживување паѓа под 97,5% кога се земат предвид спомнатите предиктори.

Коксовиот регресионен предиктивен модел за преживување без болест DFS_настан бил статистички значаен. Значајни предиктори во овој модел биле: пушењето, степенот на диференцираност и лимфоваскуларната инвазија. Проценката на функцијата покажала дека околу 25-тиот месец, веројатноста за преживување без болест (DFS) паднала под 90%.

Со примена на χ^2 тестот кандидатот покажал дека тестираните поврзаности помеѓу метастазирањето и вкупното преживување OS и преживувањето без болест DFS, како и помеѓу обрасците на метастатска манифестација и OS и DFS, се статистички значајни. Кандидатот применил Коксова хиерархиска регресија со цел да го испита дополнителниот придонес на карактеристиките на метастазите во регионалните лимфни јазли и хируршкиот третман на вратот во предикцијата на вкупното преживување (OS). Резултатите покажале дека не постои статистички значаен придонес во промената со предиктивната моќ на вториот модел, но биле издвоени статистички значајни предиктори во новиот модел: коморбидитети, лимфоваскуларна инвазија и хируршкиот третман на вратот (дисекцијата терапевтска-при дијагноза) споредбено со елективна дисекција-окултни метастази, во предикција на вкупното преживување OS_настан, на смртниот исход. Кандидатот утврдил дека проценката на функцијата покажува дека пред 30-тиот месец веројатноста за вкупното преживување паднала под 90%, кога ќе се земат предвид спомнатите предиктори.

Кај анализата за преживување без болест, применетата Коксова хиерархиска регресија покажала дека во првиот модел не постоела значајна предикција за DFS _настан, но вториот модел кој ги додал карактеристиките на метастазите во регионалните лимфни јазли и хируршкиот третман на вратот, покажале значен придонес во предиктивната моќ со статистички значаен независен предиктор: хируршки третман на вратот (елективниот вид на дисекција во споредба со референтниот вид на дисекција (терапевтски-доцни метастази). Проценката на функцијата покажала дека предвидената веројатност за преживување без болест (DFS), при земање предвид на вклучените предиктори, околу 25-тиот месец се намалила под 25%.

Применетата ROC анализа за значајните предиктори (присуството на коморбидитетите и морфолошки образец на метастатските лимфни јазли како и ресекционите маргини во спротивна насока), покажала дека имаат добра дискриминативност во однос на вкупното преживување, OS, за разлика од лимфоваскуларната инвазија која покажала ниска дискриминативност за преживување.

ROC анализата за значајните предиктори (лимфоваскуларната инвазија и степенот на диференцираност на туморот) имале добра дискриминативност во однос на преживувањето без болест, DFS. За разлика од нив, пушењето покажало ниска дискриминативност.

Во поглавјето ***Интегрирана дискусија,*** кандидатот д-р спец. Владимир Милошев ги обединува и интегрира дискусиите и заклучоците што се однесуваат на предикцијата на метастазирањето и на предикцијата на преживувањето. Притоа, детално ги интерпретира, дискутира и образложува добиените резултати, поврзувајќи ги со наодите од современите научни истражувања во оваа област. Резултатите од спроведените анализи се критички разгледани и споредени со наодите објавени во релевантната и понова научна литература. Дискусијата е јасно структурирана и логично го следи текот на прикажаните резултати, почнувајќи од дескриптивните, преку универијантните, до мултиваријантните анализи, овозможувајќи интегрирано согледување и толкување на добиените наоди.

Во делот ***Заклучоци*** кандидатот концизно ги сумирал најважните наоди, при што успешно ги интегрирал заклучоците од сите делови од истражувањето. Статистички докажал и утврдил дека клиничко-патолошките карактеристики на малигните тумори во максилофацијалната регија имаат различна предиктивна моќ во однос на метастазирањето. Понатаму, кандидатот утврдил дека во предиктивните модели кои ги развил, засновани на клиничко-патолошките карактеристики на туморите во максилофацијалната регија, оптималната комбинација на овие карактеристики овозможува најдобра предикција на метастазирањето. Дополнително, статистички докажал дека во предиктивните модели клиничко-патолошките карактеристики на малигните тумори во максилофацијалната регија имаат различна предиктивна моќ во однос на преживувањето. Со додавањето на карактеристиките на метастазите во регионалните лимфни јазли и хируршкиот третман на вратот во предиктивниот модел, кандидатот утврдил дека се подобрува предикцијата за преживување. Кандидатот го нагласува интегративниот пристап, нагласувајќи дека клиничко-патолошките карактеристики на малигните тумори во максилофацијалната регија, кои се идентификувани како статистички значајни предиктори во моделите за предикција на метастазирањето и преживувањето, не треба да се интерпретираат изолирано, туку интегрирано, во контекст на нивната меѓусебна поврзаност и интеракција со останатите предиктори вклучени во моделите.

Научна оправданост

Добиените резултати од докторската дисертација се одликуваат со висока актуелност, научна заснованост и значаен придонес кон унапредувањето на максилофацијалната хирургија како современа интердисциплинарна медицинска дисциплина. Нивното значење се огледува во потенцијалот за унапредување на клиничкото одлучување, оптимизација на дијагностичките и терапевтските пристапи, како и зајакнување на интеграцијата меѓу научноистражувачките сознанија и нивната практична имплементација во клиничката медицина. На тој начин, резултатите придонесуваат кон развојот на медицинската практика заснована на докази и создаваат основа за понатамошни научни истражувања во областа на максилофацијалната хирургија.

Со изборот и обработката на оваа комплексна, интердисциплинарна и клинички значајна проблематика, кандидатот д-р спец. Владимир Милошев покажува способност за научноистражувачка работа, критичка анализа на релевантните сознанија и согледување на можностите за нивна примена во современата клиничка практика од областа на современата максилофацијална хирургија. Најсилниот аргумент за оригиналноста на докторски труд е изборот на сложена, комплексна тема, која е голем предизвик, поради комплексноста и тежината од поголем број клиничко-патолошки карактеристики (параметри на малигните тумори) со сложени статистички анализи да изгради и развива предиктивни модели за метастазирање и преживување.

Извонредноста и оригиналноста на трудот се и во актуализирање на една стара-нова научна и клиничка тема, која во светот е маногу актуелна во академските и клинички трудови, а тоа е значењето на експертизата на хирургот во максилофацијалната хирургија, бидејќи еден од наодите во трудот е дека хируршкиот третман на вратот е независен предиктор за преживување.

Посебната научна вредност на трудот се состои во наодот клиничко-патолошките карактеристики на малигните тумори да се интегрираат во единствен предиктивен модел, со цел посистематска и пообјективна процена на ризикот од метастазирање, нешто ново и оригинално, што досега не го дале класичните класификации.

Со критичкото позиционирање на сопствените резултати во однос на современите меѓународни научни сознанија, кандидатот д-р спец. Владимир Милошев, ја истакнува релевантноста на истражувањето и неговото место во поширокиот контекст на современата онколошка практика во максилофацијалната хирургија. Трудот има потенцијал да претставува значајна референца за идните истражувања, особено во делот на предиктивната процена на метастатскиот потенцијал на малигните тумори во максилофацијалната регија, како и преживувањето на пациентите.

Клиничка оправданост

Посебна тежина на истражувањето му дава прогностичкиот аспект на истражувањето, кој преку анализата на можностите за предикција на преживувањето ја надополнува проценатa на метастатскиот потенцијал на малигните тумори и предикцијата за метастазирање. Со тоа, трудот добива дополнителна научна и клиничка димензија, насочена кон подобро разбирање на текот на заболувањето и поиндивидуализирана процена на прогнозата кај пациентите во максилофацијалната хирургија. Развиените предиктивни модели би можеле да овозможат можност за рана идентификација на пациенти со зголемен ризик за метастазирање и неповолен исход, ризик-стратификација на пациентите и да послужат како дополнителен ресурс при индивидуализирање на следењето, дијагностичкиот пристап и терапевтската стратегија. Овој аспект е во согласност со современите светски истражувачки тенденции во онколошката максилофацијална хирургија, каде што предиктивните модели засновани на клинички и патолошки параметри се истражуваат како дополнителни алатки за индивидуализирана процена на прогнозата и преживувањето.

Предиктивните модели ја нагласуваат транзицијата кон прецизна максилофацијална хирургија и онкологија, каде алгоритмите служат како

моќен сојузник на мултидисциплинарниот тим за навремено откривање на најагресивните форми на малигни тумори во максилофацијалната регија. Клиничкиот придонес на добиените научни резултати од дисертацијата во клиничката секојдневна пракса се огледа и во тоа што креираните предиктивни модели нудат нов метод за предоперативна проценка на лимфните јазли на вратот во однос на нивните метастатски промени, како и хируршки водич за изведување на дисекција на врат и која процедура за дисекција на врат да се користи. Не помалку важна придобивка е можноста врз основа на предиктивните модели за метастазирање и преживување да се овозможи персонализирано советување на пациентите, клинички одлуки и одржување на извонредност во клиничката пракса.

Користената литература вклучува 101 референци, современи и релевантни за темата и методологијата што се обработува во дисертацијата. Референцирани се научни трудови и референтни публикации од областа на максилофацијалната хирургија, онкологијата, дерматологијата, биостатистиката, со што д-р Милошев обезбедил солидна теоретска и методолошка основа на истражувањето. Важно е дека користел најнови публикации, современи класификации, како и референтни оригинални трудови, систематски и мета анализа прегледи, кои се соодветни на темата на докторската дисертација.

Во делот ***Прилози*** се поместени два дела. Во првиот дел се претставени табели, а во вториот дел кандидатот прикажува богат и добро систематизиран авторски фотодокументациски материјал од оперативните зафати кои ги извршил на Одделот за максилофацијална хирургија, ЈЗУ Клиничка болница - Штип.

Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација

1. *Evaluation of Outcomes from Lower Lip Defect Reconstruction after Wide Excision of Squamous Cell Carcinoma*, Lietuvos chirurgija, Vol. 25 No. 1 (2026)
   https://www.zurnalai.vu.lt/lietuvos-chirurgija/en/article/view/46828
   https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38893
2. *Evaluation of the clinical and histopathological characteristics of the tumor as factors for the occurrence of metastases in the cervical lymph nodes in squamous cell carcinoma of the head and neck,* (2025) International Medical Journal Medicus (IMJM), 30 (3). pp. 385-391. ISSN 1409-6366
   https://www.medalb.com/revista/medicus-dhjetor-2025.pdf
   https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38838
3. *Cervical Lymph Node Metastases from Unknown Primary Tumor,* SEEMEDJ 2024, Vol8, No2, pp.1-10
   https://ojs.srce.hr/seemedj/issue/view/1501/498
   https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/39115
4. *Salivary Gland Adenoid Cystic Carcinoma: Case Report, (2026) International Medical Journal Medicus (IMJM), ISSN 1409-6366*
   https://www.medalb.com/revista/medicus-gusht-2026.pdf
   https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/39119

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов *„Предиктивен модел на метастазирање на малигни тумори во максилофацијалната регија кој е базиран на нивните клиничко-патолошки карактеристики"*, пријавена и изработена од кандидатот прим. д-р спец. Владимир Милошев, и донесе заклучок дека истата претставува самостоен, оригинален, современо конципиран научен труд од областа на максилофацијална хирургија, со прецизна и систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати кои имаат значајна научна и клиничка апликативна релевантност во областа на максилофацијалната хирургија. Докторската дисертација се одликува со јасно поставени цели и хипотези, соодветен методолошки пристап, современа литература, применети сложени статистички анализи, како и со систематска анализа и интерпретација на добиените резултати.

Врз основа на актуелната тема, научниот квалитет, содржината, обемот, добиените резултати, научната и клиничко апликативна релевантност, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува сите услови предвидени за докторска дисертација и има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет за докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов *„Предиктивен модел на метастазирање на малигни тумори во максилофацијалната регија кој е базиран на нивните клиничко-патолошки карактеристики",* пријавена и изработена од докторандот прим. д-р спец. Владимир Милошев и да одобри јавна одбрана на истата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Даница Поповиќ-Моневска, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, претседател, с.р.

Проф. д-р Рубин Гулабоски, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, интерен ментор и член, с.р.

Проф. д-р Владимир Поповски, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, екстерен ментор и член, с.р.

Проф. д-р Андреј Петров, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, член, с.р.

Проф. д-р Антонио Глигориевски, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПРЕДИКТИВНА УЛОГА НА TNF-α ВО ПОЈАВА НА МАЈОРНИ НЕСАКАНИ СРЦЕВИ НАСТАНИ ПРИ ПАЦИЕНТИ СО АКУТЕН МИОКАРДЕН ИНФАРКТ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Со Одлука број 0206-617/3 од 28.9.2026 година, донесена на 118. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторска дисертација со наслов ***„Предиктивна улога на TNF-α во појава на мајорни несакани срцеви настани при пациенти со акутен миокарден инфаркт“****, односно на англиски јазик* ***“Predicative role of TNF-α in occurrence of major adverse cardiac events in patients with acute myocardial infarction“,*** пријавена и изработена од д-р Маријан Јовев, студент на трет циклус студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината, како редовен студент со број на индекс 31187, во следниов состав:

- проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова – претседател,
- проф. д-р Валентина Велкоска-Накова – член,
- проф. д-р Ивица Смоковски – интерен ментор, член,
- проф. д-р Анита Арсовска – екстерен ментор, член,
- проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска, член.

Комисијата го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација изработена од кандидатот д-р Маријан Јовев претставува обемен, систематски структуриран и научно заснован истражувачки труд, со јасна ориентација кон клиничкото испитување и следење на здравствената состојба на испитуваните пациенти, со почитување на сите етички и професионални насоки.

Дисертацијата е изработена на вкупно 117 страници, А4 формат, со вкупно 22 табели, 23 слика, 101 литературни цитати, што укажува на темелна обработка на истражуваната проблематика и широка консултација на релевантна научна и стручна литература. Структурата е јасна, логична и целосно усогласена со Правилникот за изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, при што се опфатени сите задолжителни целини: вовед, преглед на литература, цели на истражувањето, материјали и методи, резултати, дискусија и заклучок. Исто така, приложен е краток извадок (на македонски и англиски јазик) со соодветни клучни зборови, уреден список на користена литература, како и листа на кратенки и додатоци за информирање на пациентите и информирана согласност за учество во истражувањето.

Докторандот д-р Маријан Јовев на соодветен, стручен, разбирлив и терминолошки издржан начин ја напишал докторската дисертација, овозможувајќи следственост на сите делови, давајќи јасно и видливо образложување на истражувачката работа реализирана во дисертацијата.

Основниот концепт на своето истражување, кандидатот го базира врз база на литературните податоци и направени истражувања за сите аспекти на дијагностицирање, следење и лекување на акутниот коронарен синдром, со посебен акцент на можностите за рано откривање и предвидување на главните несакани срцеви настани кај пациенти по епизода на акутен коронарен синдром, третирани со перкутана коронарна интервенција.

Воведот на докторската дисертација е јасно структуриран, логички конзистентен и научно издржан. Во воведот докторандот се осврнува на проблемот на акутниот коронарен синдром, поточно акутниот миокарден инфаркт и ризиците по индивидуалното здравје. Во понатамошниот дел од воведот се осврнува на улогата на ризик факторите за појава на акутен миокарден инфаркт, клиничката презентација како и современите срцеви биомаркери кои се користат за проценка на ризикот за идни кардиоваскуларни настани и прогноза на кардиоваскуларниот ризик во општата популација и во ризичните групи, како оние кои имаат прележано миокарден инфаркт. Во последниот дел на воведот се поставува оправданоста за една прогностичка мултибиомаркерна студија кај пациенти со акутен миокарден инфаркт, кои биле подложени на успешна перкутана коронарна интервенција за одредување на краткорочниот ризик за појава на несакани срцеви настани.

Прегледот на литературата во докторската дисертација е изработен системски, методолошки уредно и со јасно дефинирана логичка структура. Кандидатот демонстрира темелно познавање на релевантната научна литература како и на современите насоки за дијагноза, лекување и следење на акутниот миокарден инфаркт. Литературниот поглед не е ограничен на описно изнесување на податоци, туку е насочен кон создавање на цврста теоретска и концептуална основа за експерименталниот дел на истражувањето. Детално се елаборираат темите: Акутен коронарен синдром (дефиниција, класификација, начин на дијагноза); Патофизиолошките механизми на атеросклерозата и коронарната артериска болест; Понатаму се поставува причинско – последичната врска помеѓу коронарната артериска болест и акутниот миокарден инфаркт и начинот на кој може да се предвиди ризикот од несакани срцеви настани, срцева слабост, срцева смрт кај пациентите со преживеан миокарден инфаркт. Конечно, акцентот е ставен на срцевите биомаркери, кои се користат во современата медицинска пракса и нивната улога во предвидување на кардиоваскуларните настани. Се анализира детално секој докажан срцев биомаркер, се даваат податоци за биохемиски варијабли и ехокардиографски параметри кои имаат улога за одредување на ризик од кардиоваскуларни настани, сето тоа поддржано со бројни цитации во широк временски распон. Оттука произлегува и *мотивот за истражувањето*, а тоа е дека во литературата се среќаваат резултати од голем број на студии за зголемените вредности на кардијалните биомаркери: срцев тропонин (cTn), натриуретичните пептиди, како и тумор некротизирачки фактор алфа, стрес гликемија, гликолизиран хемоглобин, еГФР, број на леукоцити и сл. при епизода на акутен коронарен синдром. Исто така, голем е бројот на студии со кои се докажува дека зголемените вредности на кардијалните биомаркери имаат прогностичка вредност за развој на срцева слабост, морбидитет и морталитет на пациенти по епизода на акутен миокарден инфаркт. Дополнителен мотив за едно вакво истражување е поврзаноста на нивоата на кардијалните

биомаркери кои се регистрираат во крвта при АМИ и ехокардиографските податоци за функцијата на лева комора (главно ЕФ) и ризикот од појава на срцева слабост, вклучително и срцева смрт.

Целите на истражувачката работа се јасно, прецизно и логично дефинирани и произлегуваат директно од поставената проблематика и од прегледот на релевантната литература. Јасно се дефинираните клучните примарни цели: докажување на срцевите биомаркери, вклучително и тумор некротизирачки фактор алфа како независни предиктори за појава на несакани срцеви настани по епизода на акутен миокарден инфаркт; дополнителни цели: идентификување на биохемиски варијабли и ехокардиографски податоци како независни предиктори за појава на несакани срцеви настани по епизода на акутен миокарден инфаркт.

Делот *Материјали и методи* е детално и прецизно структуриран, при што кандидатот обезбедува јасен и транспарентен опис на применетите научни постапки. Јасно е дефиниран дизајнот на истражувањето, критериумите за вклучување на испитаниците, следените обележја и методите за добивање на податоци за истите и статистичкиот метод.

Резултатите презентирани во докторската дисертација се обемни, систематски обработени и јасно поврзани со претходно дефинираните цели на истражувањето. Резултатите и *Дискусијата* се конципирани како една интегрална целина, каде после секоја групи резултати следува нивно коментирањето и споредувањето со податоците од литературата. Во овој дел повторно следиме богато референцирање од користената литература. Сето ова резултира со донесување на серија на јасни и концизни заклучоци.

Заклучоците на дисертацијата претставуваат јасно и научно издржано заокружување на истражувањето и истите логички произлегуваат од добиените резултати и дискусија и даваат одговор на поставените цели. Оттука произлегува и препораката за рано откривање на заболувањето и соодветното третирање на пациентите.

Научен и апликативен придонес

Оригиналниот придонес на оваа дисертација е во нејзината клиничка апликативна вредност. Ова истражување е прво од ваков тип во нашата земја и соседните региони, со кое се овозможува предвидување на појава на несакани срцеви настани со користење на комбинација од срцеви биомаркери, биохемиски обележја и ехокардиографски параметри, кај пациенти со прележан миокарден инфаркт, кои биле подложени на успешна перкутана коронарна интервенција.

Можноста за предвидување на настаните во периодот на клиничко следење на пациенти дозволува превентивно делување со цел да се намали ризикот од појава на несаканите срцеви настани.

Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација

Научната релевантност и валоризација на резултатите се потврдени и преку објавени рецензирани научни трудови во меѓународни списанија, како и преку учество на научни собири, што укажува на нивната препознаеност и прифатеност од поширокатa научна заедница.

Ова е во согласност со исполнетоста на законските услови за пристапување кон одбрана на докторска дисертација, имајќи предвид дека кандидатот има објавени трудови, кои тематски и методолошки се директно поврзани со предметот на истражување и претставуваат научна валоризација на дел од резултатите од докторскиот труд:

1. **Jovev, Marijan** and Smokovski, Ivica and Serafimov, Aleksandar and Simeonovska Joveva, Elena (2026) Association of TNF-α and Troponin in the occurrence of major adverse cardiac events in patients with acute coronary syndrome. MEDICUS –International Medical Journal, 31 (1). pp. 7-10. ISSN 1409-6366
2. **Jovev, Marijan** and Smokovski, Ivica and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar (2026) Association of tumor necrotisation factor alpha with multivessel coronary disease in patients with acute coronary syndrome. Knowledge -International Journal, Scientific Papers, 74 (4). pp. 387-393. ISSN 2545-4439

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „*Предиктивна улога на TNF-α во појава на мајорни несакани срцеви настани при пациенти со акутен миокарден инфаркт*“, *односно на англиски јазик “Predicative role of TNF-α in occurrence of major adverse cardiac events in patients with acute myocardial infarction*“, пријавена и изработена од кандидатот д-р Маријан Јовев. Врз основа на севкупната анализа може да се заклучи дека дисертацијата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран и јасно оформен научен труд со системски разработена проблематика и оригинални резултати.

Со оглед на научната оправданост на темата, квалитетот на применетата методологија, јасноста и релевантноста на добиените резултати, како и нивната практична применливост, докторската дисертација во целост ги исполнува условите за јавна одбрана. Според тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација на кандидатот д-р Маријан Јовев и да му дозволи пристапување кон јавна одбрана на истата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова – претседател, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, с.р.

Проф. д-р Валентина Велкоска-Накова – член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, с.р.

Проф. д-р Ивица Смоковски – интерен ментор, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, с.р.

Проф. д-р Анита Арсовска – екстерен ментор, член, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, с.р.

Проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска – член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „КЛИНИЧКА ВАЖНОСТ НА ELF-ТЕСТОТ (THE ENHANCED LIVER FIBROSIS BLOOD TEST) СПОРЕДБЕНО СО ФИБРОСКЕН ЗА РАНА ДИЈАГНОСТИКА И НЕИНВАЗИВНА ПРОЦЕНКА НА ФИБРОЗА НА ЦРН ДРОБ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.0206-702/12, донесена на 20.10.2026 година, на 120. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Клиничка важност на ELF-тестот (The Enhanced Liver Fibrosis Blood Test) споредбено со фиброскен за рана дијагностика и неинвазивна проценка на фиброза на црн дроб“** и на англиски јазик **„Clinical importance of the ELF test (Enhanced Liver Fibrosis Blood Test) compared with FibroScan for early diagnosis and non-invasive assessment of liver fibrosis“,** пријавена и изработена од кандидатката д-р спец. Џемиле Јусуфи, во состав:

- **проф. д-р Татјана Рушковска**, претседател,
- **проф. д-р Марија Даркова-Серафимовска**, член и интерен ментор,
- **вонреден.проф. Сефедин-Биљали**, член и екстерен ментор,
- **проф. д-р Милка Здравковска**, член,
- **проф. д-р Петраки Корнети**, член.

Комисијата во наведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Анализа на трудот

Докторската дисертација која е пријавена и доставена од страна на докторантката д-р Џемиле Јусуфи, специјалист по медицинска биохемија, претставува оригинален труд, кој е во согласност со програмата на третиот циклус на студии на студиската програма Базични и клинички науки во медицината. Истата е напишана на 109 станици, А4 формат, со 11 табели, илустрации и графички прикази, како и 146-тина литературни цитати, најголем дел од нив публикувани во последните десет години. Трудот е на македонски јазик, со наслов и резиме и на англиски јазик. Содржината е организирана во девет главни поглавја: *Вовед, Мотив, Цели, Материјал и методи, Статистичка обработка, Резултати, Дискусија, Заклучок и Референци.* Во понатамошниот тек од овој извештај е даден краток осврт за секое поглавје од докторската дисертација. Истражувањето е насочено кон споредба на лабораториските и еластографските резултати кај истите испитаници.

Во ***воведниот*** дел од трудот, докторантката д-р Џемиле Јусуфи го објаснува основниот мотив за ова истражување, недвосмислено ги наметнува целите на истражувањето и ја објаснува општествената и научната оправданост за изработка на оваа тема, како и клиничкото значење на резултатите кои произлегуваат од истата. Докторантката д-р Јусуфи елоквентно ги евалуира

и цитира досегашните истражувања и публикации поврзани со клиничката вредност на ELF-тестот во споредба со FibroScan при неинвазивна проценка на фиброзата на црниот дроб. Во ова поглавје се прикажани анатомијата и физиологијата на црниот дроб, настанувањето на фиброзата, нејзините причини, клинички манифестации и дијагностички методи. Имајќи предвид дека хроничното заболување на црниот дроб може да доведе до сериозни компликации, вклучувајќи прогресија на цирозата и развој на хепатоцелуларен карцином (HCC), раното откривање на промените на црниот дроб и степенот на фиброза во фаза кога интервенциите можат да ја променат прогресијата на болеста, се важен чекор за превенција на настанување на посериозни оштетувања на црниот дроб. Откривањето на неинвазивни тестови кои имаат за цел рана дијагностика на фиброза на црниот дроб со голема сензитивност и точност без потреба од биопсија се најбрзо растечки дијагностички процедури кои во последно време интензивно се испитуваат и користат во хепатологијата. Црнодробната фиброза претставува репаративен процес што се активира како одговор на оштетување на црниот дроб, кој се карактеризира со прекумерно таложење и нарушена дистрибуција на компонентите на екстрацелуларниот матрикс (ECM), како што се колагенот, гликопротеините и протеогликаните. Оваа состојба е тесно поврзана со значителен морбидитет и морталитет, што резултира со значителен товар на инвалидитет и зголемена употреба на здравствените ресурси. Заради оваа причина научните истражувања се фокусирани на евалуација на неинвазивни методи за проценка на фиброзата на црниот дроб. Посебно внимание е посветено на неинвазивната проценка со серумски биомаркери и транзиентна еластографија. Објаснети се компонентите на ELF-тестот: хијалуронска киселина (HA), аминотерминален пропептид од тип III колаген (PIIINP) и ткивен инхибитор на матриксните металопротеинази 1 (TIMP-1), кој се дел од екстрацелуларниот матрикс (ECM) и кој се важни за развој на хепаталната фиброза. Прикажан е и принципот на FibroScan, кој ја мери цврстината на црнодробното ткиво. Воведот ја поставува основата за споредување на двата метода. Освен на досегашниот литературен преглед поврзан со темата, д-р Јусуфи основниот концепт на истражувањето го базира и на своето досегашно професионално искуство и медицина базирана на докази.

Во поглавјето ***Мотив*** е образложена потребата од неинвазивна проценка и воведување современи биохемиски анализи во локалната клиничка практика. Кандидатката ја поврзува лабораториската проценка на процесите во екстрацелуларниот матрикс со мерењето на цврстината на црнодробното ткиво. Мотивот е поврзан со предметот на дисертацијата и ја истакнува потребата од споредба на двата метода кај исти испитаници. На тој начин е објаснета практичната причина за спроведување на истражувањето.

Во поглавјето ***Цели*** се дефинирани главната и конкретните цели на истражувањето. Тие опфаќаат споредба на ELF-вредностите меѓу групите определени со FibroScan, анализа на HA, PIIINP и TIMP-1, испитување на поврзаноста меѓу ELF-скорот и еластографската проценка и оцена на дијагностичката ефикасност на тестот. Целите овозможуваат да се разгледа дали лабораторискиот резултат може да помогне во препознавањето на поизразена фиброза и цироза.

Во поглавјето ***Материјал и методи*** е опишано проспективно клиничко истражување спроведено во 2024/2025 година, во соработка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија при УКЦ „Мајка Тереза“ – Скопје. Вклучени се 80 испитаници, распределени во четири групи со по 20 лица: контролна група, група F0–F1, група F2–F3 и група F4. Распределбата е извршена според проценката со FibroScan. Опишани се критериумите за вклучување и исклучување и постапката за земање и обработка на серумски примероци. HA, PIIINP и TIMP-1 се определени на автоматизираниот анализатор Atellica IM (Siemens), со имунохемиска методологија и директна хемилуминисцентна детекција. Од нивните вредности е пресметан ELF-скорот според формулата наведена во трудот. Кај испитаниците е извршена и транзиентна еластографија, со резултат изразен во kPa.

Во поглавјето ***Статистичка обработка*** се наведени применетите методи за анализа со SPSS, верзија 26.0. Користени се описни статистички показатели, тестови за распределба на податоците и соодветни тестови за споредба меѓу групите. Поврзаноста на нумеричките показатели е анализирана со Spearman-коефициент на ранг-корелација. Дијагностичката ефикасност е проценета со ROC-анализа и површина под кривата (AUC), со ниво на статистичка значајност $p<0,05$.

Во поглавјето ***Резултати*** се прикажани групите според FibroScan, демографските карактеристики, концентрациите на биомаркерите, ELF-скорот, корелациите и дијагностичката изведба. Просечните FibroScan-вредности изнесуваат 4,45±1,51 kPa кај контролите, 5,33±1,56 kPa кај F0–F1, 10,25±1,94 kPa кај F2–F3 и 29,18±15,95 kPa кај F4. Разликата меѓу четирите групи е статистички значајна, p=0,00001.

Просечните концентрации на HA изнесуваат 34,28±27,25 ng/mL кај контролите, 49,83±34,16 ng/mL кај F0–F1, 61,13±30,77 ng/mL кај F2–F3 и 212,41±273,42 ng/mL кај F4. Вкупната разлика е статистички значајна, p=0,00001. Големата варијабилност во групата F4 покажува дека групниот просек треба да се разгледува заедно со распонот и медијаната.

Просечните концентрации на PIIINP се 7,78±2,18; 8,46±3,12; 9,80±4,42 и 13,66±8,53 ng/mL, соодветно во контролната група, F0–F1, F2–F3 и F4. Разликата меѓу групите е статистички значајна, p=0,0439. За TIMP-1 соодветните вредности се 197,91±39,81; 205,00±48,40; 252,25±69,48 и 309,80±101,07 ng/mL, со статистички значајна разлика, p=0,00001.

Просечниот ELF-скор во целиот примерок е 9,40±1,12. По групи изнесува 8,67±0,63 кај контролите, 9,02±0,86 кај F0–F1, 9,44±0,75 кај F2–F3 и 10,49±1,26 кај F4. Вкупната разлика е статистички значајна: Kruskal–Wallis H=25,177; p=0,00001. Дополнителните споредби покажуваат пониски ELF-вредности кај контролите во споредба со F2–F3 (p=0,0497) и F4 (p=0,00001), без значајна разлика со F0–F1 (p=1,0000).

Корелацијата меѓу ELF и FibroScan е умерена и позитивна, ρ=0,564; p=0,00001. Корелациите на ELF со HA, PIIINP и TIMP-1 се 0,931; 0,707 и 0,646, соодветно, сите со p=0,00001. Бидејќи овие три маркери се вклучени во формулата за ELF, нивната поврзаност со скорот не е независна валидација на неговата дијагностичка точност.

ROC-анализата покажува AUC=0,820 за групата F4, со 95% интервал на доверба 0,714–0,926 и p=0,0001. При прикажаниот праг 10,59, чувствителноста е 45%, а специфичноста 100% во испитуваниот примерок. За F0–F1 е прикажана AUC=0,604 (p=0,165), а за F2–F3 AUC=0,554 (p=0,474). Овие резултати покажуваат подобро разликување на цирозата и ограничено разликување на двете други категории.

Резултатите се изложени систематски и се проследени со табеларни и графички прикази. Тие ја покажуваат поврзаноста меѓу ELF-скорот и еластографската проценка, како и разликите во дијагностичката изведба меѓу испитуваните категории.

Во поглавјето ***Дискусија*** добиените резултати се споредени со претходно објавени истражувања за ELF-тестот и транзиентната еластографија. Разгледани се наодите што се согласуваат со резултатите на студијата и оние што се разликуваат. Објаснето е дека поврзаноста меѓу двата метода не значи целосна согласност или нивна заменливост. Дискусијата ја нагласува потребата резултатите да се толкуваат заедно со клиничките податоци и ги разгледува ограничувањата на примерокот и потребата од дополнителна потврда на дијагностичките прагови.

Во поглавјето ***Заклучок*** се сумирани главните наоди во однос на поставените цели. ELF-тестот има најјасна дополнителна вредност при проценка на цироза, додека неговата самостојна примена за разграничување на пониските стадиуми е ограничена. Се истакнува значењето на заедничкото толкување на лабораториските, еластографските и клиничките резултати. Во поглавјето ***Референци*** се наведени изворите користени за теоретската основа и за споредбата на резултатите со објавените студии, најголем дел од нив публикувани во последните десетина година.

2. Научен придонес

Врз база на статистички обработените и прикажани резултати од истражувањето во оваа докторска дисертација, може да го истакнеме следниов научен придонес и препораки кои се резултат на претходно споменатите заклучоци од студијата: хроничното заболување на црниот дроб може да доведе до сериозни компликации, вклучувајќи прогресија на цирозата и развој на хепатоцелуларен карцином (HCC), раното откривање на промените на црниот дроб и степенот на фиброза во фаза кога интервенциите можат да ја променат прогресијата на болеста, се важен чекор за превенција на настанување на посериозни оштетувања на црниот дроб. Оваа состојба е тесно поврзана со значителен морбидитет и морталитет, што резултира со значителен товар на инвалидитет и зголемена употреба на здравствените ресурси. Заради оваа причина научните истражувања се фокусирани на евалуација на неинвазивни методи за проценка на фиброзата на црниот дроб.

Научниот придонес на дисертацијата е во споредбата на ELF-тестот и FibroScan кај исти испитаници во домашната клиничка средина. Истражувањето го прикажува зголемувањето на ELF-вредностите со повисок степен на фиброза и ја утврдува умерената позитивна поврзаност со еластографската проценка. Особено значаен е наодот за подобра дијагностичка ефикасност кај цирозата, заедно со утврдените ограничувања кај F0–F1 и F2–F3.

Практичната вредност на трудот се состои во поддршка на ELF-тестот како дополнителна лабораториска алатка. Резултатите придонесуваат за попрецизно определување на неговото место во проценката на пациентите со фиброза на црниот дроб.

Докторската дисертација е работена според Правилникот на трет циклус на студии и во неа постои конзистентност на деловите во рамките на целиот труд. Добиените резултати статистички се обработени и презентирани на ефективен, концизен и разбирлив начин. Заклучоците се конкретни и самите по себе можат да бидат мотив за понатамошни истражувања и претклинички и клинички студии.

3. Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот

Кандидатот д-р Јусуфи пред одбраната на докторската дисертација ги објавил следните рецензирани научни трудови:

Xhemile Jusufi, Sefedin Bilalli, Darko Serafimovski, Mimoza Bafqari-Bakiji, Fana Licoska Josifovic, Arzana Hasani Jusufi, Enfale Ismaili and Marija Darkovska Serafimovska (2026)

Non-Invasive Assessment of Liver Fibrosis - ELF test (Enhanced Liver Fibrosis Blood Test) Compared with FibroScan – публикуван на 05 Август 2026 Volume 10 Issue 9: 04-10. во Acta Scientific Medical Sciences (ASMS) (ISSN: 2582-0931)

https://actascientific.com/ASMS/pdf/ASMS-10-2278.pdf

Xhemile Jusufi, Mimoza Bafqari-Bakiji, Luzana Shabani, Fana Licoska Josifovic , Marija Darkovska Serafimovska (2026) The Role of the ELF Score in the Diagnosis of Liver Fibrosis - публикуван во MEDICUS International Medical Journal ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 31 (2) · 2026

https://www.medalb.com/revista/medicus-gusht-2026.pdf

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов **„ Клиничка важност на ELF-тестот (The Enhanced Liver Fibrosis Blood Test) споредбено со фиброскен за рана дијагностика и неинвазивна проценка на фиброза на црн дроб”** и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран и јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги исполнува условите потребни за понатамошна нејзина презентација и одбрана. Врз основа на тоа, комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов **„ Клиничка важност на ELF-тестот (The Enhanced Liver Fibrosis Blood Test) споредбено со фиброскен за рана дијагностика и неинвазивна проценка на фиброза на црн дроб“,** пријавена и изработена од докторантката д-р Џемиле Јусуфи и да и одобри јавна одбрана на истата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Татјана Рушковска, претседател, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

Проф. д-р Марија Даркова-Серафимовска, член и интерен ментор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

Вонр. проф. д-р Сефедин Биљали, член и екстерен ментор, Факултет за медицински науки при Универзитетот во Тетово, с.р.

Проф. д-р Милка Здравковска, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип с.р.

Проф. д-р Петраки Корнети, член, Факултет за медицински науки при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПРЕТКЛИНИЧКА ОРАЛНА ХИРУРГИЈА" ОД РЕДОВЕН ПРОФЕСОР Д-Р ЦЕНА ДИМОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-303/53 од 365. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 14.10.2026 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- ***проф. д-р Едвард Јанев***, редовен професор по орална хирургија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, специјалист по орална хирургија,
- ***проф. д-р Даниела Велеска-Стевковска***, редовен професор по орална хирургија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, специјалист по орална хирургија,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Претклиничка орална хирургија**", кој припаѓа во научната област орална хирургија (3.05.01.09), според меѓународната Фраскатиева класификација, од авторката редовен професор д-р Цена Димова, наменет за студентите на студиска програма Дентална медицина, интегрирани студии од прв и втор циклус, при Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Општи податоци за ракописот: Ракописот со наслов „Претклиничка орална хирургија" од проф. д-р Цена Димова е целосен материјал кој содејствува со наставниот план и содржините на предметот *Претклиничка орална хирургија,* кој на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип се изучува како задолжителен предмет на студиската програма Дентална медицина, интегриран студии на прв и втор циклус, во VI семестар, со фонд на часови 3+3+1 и се вреднува со 6 кредити.

Ракописот е наменет како основна литература во изучувањето на наставните содржини по предметот *Претклиничка орална хирургија*. Методските единици се презентирани прегледно, јасно и концизно со соодветни примери, слики и илустрации кои овозможуваат полесно разбирање и усвојување на материјата, така што студентите ќе имаат можност да добијат базични знаења потребни за совладување на предметната содржина.

Податоци за обемот на ракописот: Содржината на ракописот „*Претклиничка орална хирургија*" е претставена во текст на 315 страници. Учебникот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 12 методски единици - поглавја, со 280 нумерирани фотографии и 21 табела,

распоредени според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на неговиот теоретски дел. Приложениот ракопис е подготвен според стандардната методологија и во целост одговара според обемот на наставната програма и ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Потребата од создавање на вакво учебник е во релација со недостигот на соодветен наставен материјал за студентите од интегрирани студии на прв и втор циклус на студиската програма Дентална медицина. Имено, во нашата земја досега нема објавено учебник со иста или слична содржина, што го прави ракописот неопходен и значаен за студентите идни доктори на дентална медицина.

Краток опис на содржината: Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја е распределена во 12 поглавја.

Првото поглавје со наслов „*Вовед во предметот претклиничка орална хирургија*" е посветено на историскиот развој на оралната хирургија и нејзиниот развој коишто се во зависност со развитокот најпрво, на инструментите и нивна примена при екстракција на заби, а потоа и на изнаоѓањето на современи и индивидуални елеватори и клешти.

Во **второто поглавје** именувано како „*Анамнеза и предоперативна евалуација на пациент (медицинска историја)*" се придава особената важност на анамнезата и распитот по системи за присуството на можните некакви општи, интернистички или невролошки заболувања на коишто забната екстракција може да има влијание, како и запознавање со можните различни клинички дијагнози од аспект на денталната медицина.

Во **следното поглавје** „*Анатомски потсетник – применета анатомија на орофацијалната регија*" се опишуваат анатомо-морфолошки специфики на структурите во орофацијалната регија: коските, мускулите, лигаментите, крвните садови, нервите и лимфните јазли, како и анатомските и топографските аспекти на стоматогнатиот систем.

Во **поглавјето** „*Принципи на антисепса и асепса во дентална медицина и орална хирургија*" се опишани постапките за дезинфекција и стерилизација на орално хируршките инструменти, апарати за дезинфекција и стерилизација и контролата на стерилизација, подготовка на оперативното поле, како и подготовката на учесниците во оралнохируршките интервенции.

Во **поглавјето** „*Вадење на заби – екстракција*" опишани се индикации за вадење на заби, контраиндикации за вадење на заби кои може да бидат од најпрво од локален карактер, но потоа е опишан детален преглед на општите контраиндикации за вадење на заби, од аспект на пристап и третман на пациентите со интернистички, ендокринолошки, кардиолошки, невролошки и други заболување, кај кои треба да се има специфичен пристап при индицираните екстракција на заби.

Во следното **поглавје** со наслов „*Инструменти за вадење заби*" на јасен и разбирлив начин опишани се елеваторите и клештите со кои се вадат заби и корени во горната и долната вилица, со посебен осврт на принципот на дејство на истите.

Во **поглавје** именувано како „*Инструменти за оралнохируршки интервенции*“ опишани се стоматохируршките инструменти кои се употребуваат при оперативните оралнохируршки интервенции.

Поглавјето со наслов „*Екстракција, принципи на екстракција, став и позиција на докторот и пациентот при вадење на заби*“ е посветено на методите и техники за вадење на заби и корени, фазите на екстракција и начинот на екстракција и нивните специфики според групи на заби во горната и долната вилица, со посебен осврт на типичните екстракции, атипичните екстракции, оперативни и мултипни екстракции.

Во следното **десетто поглавје** „*Компликации и грешки во тек на екстракциии*“ се опишани можните несакани ситуации кои може да се случат во текот на екстракција и нивното превенирање, како и згрижување.

Понатаму во ракописот се надоврзува **единаесеттото поглавје** именувано како „*Компликации по екстракција на заби*“ при што се вклучени најчестите можни компликации како болка по екстракција, сува алвеола, продолжено крвавење, инфекција и др.

Во последното **дванаесетто поглавје** се обработуваат современите начини на вадење на заби како атрауматска вертикална екстракција и минимално инвазивна микрохирургија со примена на пиезохирургијата при вадење на забите, нивната предност и биомеханичките позитивни својства.

По последното поглавје е наведена цитираната *литература* која студентите може да ја користат како извор за продлабочување на знаењата во дадената област. Соодветно и правилно се цитирани 115 референци од дома и странство, повеќето од понов датум.

Текстот е напишан на литературен македонски јазик, во едноставен стил, употребувани се македонски термини секаде каде што е можно, без непотребни опширни објаснувања, со цел да биде прифатлив и интересен за читање.

Ракописот на учебникот **„Претклиничка орална хирургија”** покрај тоа што изобилува со голем број слики, илустрации, цртежи и шеми, на едноставниот начин ја презентира целокупната специфичната стручна материја, при што на лесен, јасен и разбирлив начин се приближени базичните елементи на теоретската предметна содржина.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на горенаведените факти, Рецензентската комисија констатира дека ракописот со наслов „**Претклиничка орална хирургија**” од проф. д-р Цена Димова е напишан според наставната содржина предвидена за предметот Локални анестезии во дентална медицина, на студиската програма Дентална медицина, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секое поглавје, пристапот кон проблематиката и стилот на кој е изложена материјата ќе обезбедат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет. Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на учебник според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Со содржините кои се опфатени во

него ќе се даде голем придонес во текот на едукацијата и студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал со најновите достигнувања од оваа област, за теоретска настава во соодветен обем на македонски јазик.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов **„Претклиничка орална хирургија"** од редовен професор д-р Цена Димова, да биде издаден како учебник за студентите во трета година, за студиската програма Дентална медицина.

РЕЦЕНЗЕНТИ
Проф. д-р Едвард Јанев, с.р.
Проф. д-р Даниела Велеска-Стевковска, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3

	Број и датум на Одлука за прифаќање на темата	Назив на темата		Име и презиме на ментори	Име и презиме на студент
		на македонски јазик	на англиски јазик		
ФМН	Бр.0206-702/4 од 27.10.2026 г.	Развојот на идентитетот и нивото на функционирање на личноста како предиктори за рано препознавање на гранична патологија на личноста кај адолесценти	Identity development and level of personality functioning as predictors for the early identification of Bordeline personality pathology in adolescents	Интерен ментор проф. д-р Марија Дарковска Серафимовска; екстерен ментор проф. д-р Славица Арсова Хаџи Анѓелковска	Биљана Аризанкоска Ефтимова
	Бр.0206-702/10 од 27.10.2026 г.	Клиничка ефикасност и безбедност на вкрстеното вмрежување на корнеалниот колаген во третманот на прогресивен кератоконус во Република Северна Македонија	Clinical Efficacy and Safety of Corneal Collagen Cross-Linking in the Treatment of Progressive Keratoconus in the Republic of North Macedonia	Интерен ментор проф. д-р Страхил Газепов; екстерен ментор вонр. проф.д-р Африм М Шабани	Иљаз Исмаили

П Р Е Г Л Е Д
НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА

Билтен 2.11.2026 година				
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА	1. Стандардизацијата на процесите во ресторaните како основа за унапредување на квалитетот на услугите	2102-148/14 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Душица Попова	Антонио Данев
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ	2. Рехабилитација и третман на деца со Даунов синдром	2002-330/39 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Тоше Крстев	Надица Џампалова
	3.Варикозни вени на долни екстремитети, дијагностика и третман	2002-330/40 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Ѓордана Камчева-Михаилова	Бранкица Костовска
	4.Анализа на хемиски и микробиолошки ризици кај избрани козметички производи – проценка на потенцијална токсичност	2002-330/41 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова	Јована Јаневска
	5.Електрофоретски методи во анализата на ликворни протеини и нивното значење во дијагностиката на мултипла склероза	2002-330/42 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска	Јорданчо Ѓоргиев
	6.Значењето на лабораториското одредување на инсулин во дијагностиката на инсулинската резистенција	2002-330/43 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска	Минивере Амети
	7.Избор и начин на фиксирање на протетска изработка врз дентални импланти-статистичка анализа на подрачјето на PCM	2002-330/49 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Киро Папакоча	Сања Давчев
	8.Улогата на патронажната сестра при ран скрининг, едукација и третман на пациенти до Diabetes mellitus во Општина Кратово	2002-330/44 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Валентина Велкоска-Накова	Наташа Максимовска
	9.Улога на патронажната сестра при ран скрининг, третман и едукација кај лица со Diabetes Melitus во Општина Гази Баба	2002-330/45 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Валентина Велкоска-Накова	Лина Стојанова
	10.Улога на медицинската сестра во поддршка и едукација кај онколошки болни	2002-330/46 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова	Ирена Радевска

ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ	11.Задачите на патронажната сестра при ран скрининг на деца со проблеми во развојот	2002-330/47 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Марија Димитровска-Иванова	Камелија Чаушка
	12.Медицински третман на пациенти со изгореници во домашни услови	2002-330/48 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова	Јасмина Живановска
	13.Рана детекција на потенцијални ризици во бременост, едукација и третман	2002-330/50 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова	Катерина Веселинов
	14.Работните задачи на семејната медицинска сестра при нега, третман и едукација кај постоперативни болни во Општина Велес	2002-330/51 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова	Благојка Наневска
	15.Задачите на патронажната сестра при ран скрининг на деца со проблеми во развојот	2002-330/52 од 14.10.2026 год.	Проф. д-р Марија Димитровска-Иванова	Јована Димковска
ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА	16.Инклузивно танцово образование: Стратегии за предавање на современ танц на разновидни групи и студенти со различно танцово искуство	2502-79/3 од 20.10.2026 год.	Проф. д-р Рисима Матевска Мијановиќ	Викторија Коцева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ
Бр. 2005-290/2
22.10 2026 год.
Ш Т И П

Исправка на техничка грешка

Се врши исправка на техничка грешка во Рецензија на ракопис „Практикум по висцерална анатомија" од авторот насл. доц. д-р Шенол Тахир, Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, објавен на страна 41 во Универзитетски билтен бр. 396 од 15 септември 2026 година и тоа секаде низ текстот каде се среќава зборот „учебник" истиот се брише и се дополнува со зборот „практикум".

Рецензенти

1. Насл. проф. д-р Александар Митевски
2. Доц. д-р Маја Софрониевска Главинов

